# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Број 22 Год. LXVI Понеделник, 15 февруари 2010 Цена на овој број е 330 денари**

**www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk**


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 393. | **Закон** за јавно здравје............ | 2 |
| 394. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба............ | 16 |
| 395. | **Одлука** за изменување на Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан………… | 36 |
| 396. | **Просторен план** на Охридско-преспанскиот регион 2005 – 2020............ | 37 |
| 397. | **Правилник** за основите на прогностичкиот систем и постапките за прогноза на квалитетот на воздухот, водите и почвата............ | 181 |
| 398. | **Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата............ | 183 |
| 399. | **Објава** за движење на цените на мало во Република Македонија за месец јануари 2010 година............ | 184 |
| | **Огласен дел............** | **1-40** |

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**393.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

Се прогласува Законот за јавно здравје,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 февруари 2010 година.

Бр. 07- 717/1
11 февруари 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

### I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Предмет на Законот**

Член 1

Со овој закон се уредуваат спроведувањето на основните функции и задачи на јавното здравје, системот на јавното здравје, јавно-здравствените вонредни околности и финансирањето на јавното здравје.

**Цел на Законот**

Член 2

Целта на овој закон е:

1) да се зачувува и унапредува здравјето на населението;

2) да се овозможи спроведување на основните функции и задачи на јавното здравје преку организирани мерки и активности што ги преземаат државните органи, институции, единиците на локалната самоуправа и други правни и физички лица во соработка со здравствените установи;

3) да се унапредува и јакне меѓуресорската соработка во спроведувањето на основните функции на јавното здравје;

4) да се унапредува и јакне соработка меѓу надлежните министерства и единиците на локалната самоуправа и јавниот и приватниот сектор и граѓаните во зачувувањето и унапредувањето на здравјето на населението;

5) да се обезбеди соодветен одговор во случај на јавно-здравствена потреба и итност и појава на јавноздравствена вонредна околност;

6) да се обезбеди спроведување на меѓународните здравствени правила и

7) да се уредат специфични прашања од јавното здравје кои не се уредени со друг закон.

**Поими**

Член 3

Одредени поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. “Јавното здравје“ е систем од знаења и вештини за спречување на болести, продолжување на животот и унапредување на здравјето преку организирани напори на општеството. Преку системот на јавно здравје се следи и анализира здравствената состојба на населението со цел за истата да се подобри преку влијанието врз факторите на ризик по здравјето како што се факторите од животната средина, причинителите на болести, начинот на живеење и социо-економските фактори;

2. “Основни функции на јавното здравје" се група на основни активности со кои се третираат детерминантите на здравјето, се заштитува и чува здравјето на населението и се превенираат болести од јавно-здравствено значење;

3. “Јавно-здравствена вонредна околност" е појава на реална закана од ситуација која може да предизвика зголемена смртност или заболувања во услови на природни катастрофи, појава на причинители на заразни болести, биолошки, хемиски, физички или радиолошки закани;

4. “Јавно-здравствена вонредна и/или итна околност од меѓународно значење" е вонреден настан кој може да претставува јавно-здравствен ризик и за други држави преку меѓународно ширење на болест за која е потребна координирана меѓународна акција;

5. “Епидемија на заразна болест" е пораст на заболувања од одредена заразна болест кој по време и место го надминува вообичаениот број на случаи во претходниот период, како и невообичаено зголемување на бројот на заболените со компликации или смртен исход;

6. "Превенција" е активност со која се спречува појавата на болест, намалување на последиците од болеста, како и елиминирање и искоренување на болеста;

7. "Примарна превенција" е намалување на појава на болест со отстранување или намалување на изложеноста кон причината до сигурно и безбедно ниво;

8. "Секундарна превенција" е откривање на раните промени од заболувањето со цел за преземање на активности за спречување на натамошниот развој на заболувањето;

9. "Унапредување (промоција) на здравјето" е процес на планирање и поттикнување на активности за подобрување на здравствената состојба на населението;

10. "Заразна болест" е заболување предизвикано од биолошки агенс (бактерии, вируси, паразити, габи) или нивни токсини кое може на директен или индиректен начин да се пренесе на луѓето;

11. "Референтна лабораторија" е лабораторија која врши контрола врз квалитетот на услугите на други лаборатории;

12. “Национална годишна програма за јавно здравје“ е стандарден пакет на мерки и активности кои ги спроведуваат Иститутот за јавно здравје на Република Македонија и центрите за јавно здравје;

13. "Скрининг" е систематско тестирање или испитување за да се откријат поединците со претпоставен ризик од специфично нарушување, заради натамошно истражување или преземање на директна превентивна активност;

14. "Нееднаквости" се нарушена рамнотежа во распределување на ресурсите или достапноста на услугите меѓу различни групи на население, без оглед дали разликите потекнуваат од местото на живеење или различно национално и социјално потекло или имотна положба и

15. "Меѓународен здравствен правилник" е документ донесен од Генералното собрание на Светската здравствена организација со кој земјите членки на СЗО се обврзуваат да преземат мерки во однос на превенцијата, заштитата и контролата, како и да обезбедат јавно-здравствен одговор на меѓународното ширење на болест на начин соодветен на јавно-здравствените ризици преку кој се одбегнува влијанието врз меѓународниот сообраќај и трговија, со потполно почитување на достоинството, човековите права и основните слободи на лицата.

**Начела**

Член 4

Јавното здравје се заснова на следниве начела:

1) одговорност за здравјето на населението и водечката улога на државата во зачувување и унапредување на здравјето на населението;

2) сеопфатност на мерки и активности насочени кон целото население и кон социо-економските детерминанти на здравјето и најзначајните фактори на ризик;

3) мултидисциплинарна основа и меѓусекторска соработка;

4) сеопфатност во собирањето на податоци преку квантитативни и квалитативни методи и

5) партнерство со населението.

**Однос со други закони**

Член 5

На јавното здравје се применуваат одредбите на законите со кои се уредуваат заштитата од заразни болести, безбедноста на храната, безбедноста на здравјето при работа, заштитата на животната средина, како и други прашања од интерес за јавното здравје утврдени со овој и друг закон.

II. ОСНОВНИ ФУНКЦИИ И ЗАДАЧИ НА ЈАВНОТО ЗДРАВЈЕ

**Основни функции на јавното здравје**

Член 6

(1) Основни функции на јавното здравје се:

1) следење и процена на здравјето и добросостојбата на населението;

2) идентификување, предвидување, испитување и ублажување на здравствените проблеми и здравствените опасности во заедницата;

3) заштита на здравјето, процена на потребите и активностите потребни да се обезбеди заштита на здравјето;

4) превенирање на болести преку мерки на примарна и секундарна превенција;

5) унапредување на здравјето и здравствената едукација;

6) предлагање на донесување и спроведување на закони и други прописи со кои се обезбедува заштита на здравјето, особено преку безбедноста на храната, водата, воздухот, работното место и земјиштето;

7) обезбедување на компетентен мултидисциплинарен јавно-здравствен кадар;

8) поддршка и спроведување на истражувања за здравјето;

9) развој и планирање на јавно-здравствени политики;

10) подготовка и управување со јавно-здравствени вонредни околности, вклучително и превенција, реакција и ублажување на последиците и

11) обезбедување на меѓусекторско партнерство и учество на заедницата за унапредување на здравјето и намалување на нееднаквостите.

(2) Основните јавно-здравствени функции од ставот (1) на овој член се основа за спроведување на сите јавно-здравствени активности од надлежните органи, институции и други правни и физички лица.

**Задачи на јавното здравје**

Член 7

Република Македонија е одговорна за јавното здравје преку следниве задачи:

1) обезбедување политика и стратегија за јавното здравје;

2) следење на здравствената состојба на населението и идентификација на здравствените проблеми на населението;

3) планирање, поставување на приоритети, донесување на посебни програми и акциони планови за унапредување на јавното здравје, за скрининг, како и прописи за оваа област;

4) имплементација на даночни, економски и други политики кои стимулираат здрави стилови на живеење;

5) обезбедување услови за здравствена едукација и поттикнување на населението да се грижи за сопственото здравје;

6) обезбедување на систем за брзо реагирање во вонредни состојби (епидемии, физички и хемиски несреќи, природни катастрофи и друго);

7) развој на интегриран и единствен здравствен информатички систем;

8) создавање на меѓусекторска соработка во решавањето на здравствените проблеми;

9) евалуација на ефективноста, квалитетот, достапноста и ефикасноста на здравствените услуги и програмите ориентирани кон поединците и популацијата;

10) утврдување на мерки за заштита на здравјето на населението во законите и прописите;

11) обезбедување на компетентни човечки ресурси во јавното здравје преку обука и континуирано образование;

12) истражување нови пристапи и иновации во мерките за решавање на здравствените проблеми на населението и

13) создавање услови за рационална и стандардизирана мрежа на центри на јавно здравје.

III. СИСТЕМ НА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

**Организација на системот на јавното здравство**

Член 8

(1) Системот на јавното здравје кој обезбедува услови за зачувување и унапредување на здравјето на населението е мрежа составена од граѓаните, семејствата, здруженијата на работодавачите, работодавачите, синдикатите и вработените, здравствените установи, образовните, социјалните, културните и други установи, средствата за јавно информирање, хуманитарни, верски, спортски и други организации, здруженија, фондови за здравствено осигурување, единиците на локалната самоуправа, како и државни органи и здруженија на граѓани и фондации, кои учествуваат во спроведувањето на основните функции на јавното здравје од членот 6 на овој закон.

(2) Министерствата надлежни за работите од областа здравството, образованието и науката, заштитата на животната средина и просторното планирање, културата, сообраќајот, транспортот и врските, земјоделството, економијата, трудот и социјалната политика и други државни органи и органите на единиците на локалната самоуправа во согласност со овој и друг закон ги обезбедуваат и спроведуваат основните функции на јавното здравје.

(3) Институтот за јавно здравје на Република Македонија и центрите за јавно здравје преку вршењето на работите од членовите 10 и 11 на овој закон обезведуваат спроведување на основните функции на јавното здравје од членот 6 на овој закон.

**Спроведување на задачите на јавното здравје**

Член 9

Министерството за здравство и министерствата надлежни за работите од областа на образованието и науката, заштитата на животната средина и просторно планирање, културата, сообраќајот, транспорт и врски, земјоделството, економијата, трудот и социјалната политика и други државни органи и институции, во меѓусебна координација и соработка, ги спроведуваат задачите од членот 7 на овој закон.

**Институт за јавно здравје на Република Македонија**

Член 10

(1) Институт за јавно здравје на Република Македонија (во натамошниот текст: Институтот) ги врши следниве работи:

1) дава стручна помош на Министерството за здравство во изготвувањето на среднорочни и долгорочни планови за јавно здравје, вклучително и на програми за јавно здравје во областа на заштитата на здравјето, унапредување на здравјето, скринингот на населението и следењето и контролата на заразните и незаразните болести;

2) изградува и спроведува стручни доктринарни ставови во областа на јавното здравје;

3) изготвува годишни национални извештаи за релевантните аспекти на здравјето на популацијата за потребите на Министерството за здравство и предлага мерки за надминување на јавно-здравствените проблеми;

4) изготвува стандарди за дејноста и ја координира, следи и проценува стручната работа на центрите за јавно здравје ;

5) прибира, подготвува и анализира и води збирки на податоци согласно со Законот за евиденции во областа на здравството;

6) подготвува и обезбедува програми за континуирано професионално усовршување во областа на јавното здравје за вработените во Институтот и во центрите, како и за други целни групи, во соработка со центрите и други образовни институции;

7) го координира и следи спроведувањето на јавноздравствените активности кои произлегуваат од националната програма за јавно здравје заедно со центрите;

8) спроведува и координира мерки на јавно здравје во случај на епидемии и други вонредни околности на територијата на Република Македонија, во соработка со други институции;

9) остварува меѓународна соработка со сродни институции во полето на јавното здравје и обезбедува податоци за здравјето до меѓународни организации согласно со закон;

10) организира и спроведува истражувања во областа на јавното здравје;

11) лабораториска контрола на лекови и лековити супстанции;

12) мониторинг и процена на ризиците предизвикани од физички, хемиски, биолошки и радиолошки агенси во животната средина, со посебен осврт на јонизирачко и нејонизирачко зрачење;

13) врши работи на референтна лабораторија и

14) врши други работи на барање на Министерството за здравство согласно со закон.

(2) Работите од ставот (1) на овој член се вршат со анализање, планирање и процена, унапредување на здравјето и превенција на болестите, истражувања во областа на јавното здравје вклучително и здравјето на мајките и децата, заразни и незаразни болести, давање на експертско-консултативна и методолошка помош, обука и едукација во областа на јавното здравје, процена на здравствениот ризик од влијание на факторите на животната средина и факторите на ризик поврзани со однесувањето и начинот на живот и со учество во спроведување на јавно-здравствени мерки во вонредни околности.

(3) Институтот поднесува годишен извештај за работењето до Министерството за здравство.

**Центри за јавно здравје**

Член 11

(1) Центрите за јавно здравје (во натамошниот текст: центар), за потребите на државата и на општините за чие подрачје се основани, ги вршат следниве работи:

1) утврдување и изготвување на среднорочни и долгорочни работни планови за спроведување на активностите на јавното здравје, вклучително и унапредување на здравјето, скрининг на населението, следење и контрола на заразните и незаразните болести на подрачјето што го покрива центарот. Основата на годишните работни планови за секој центар е Националната годишна програма за јавно здравје;

2) изготвување на годишни извештаи за евалуација на здравјето на населението и предлагање мерки за надминување на јавно-здравствените проблеми на подрачјето што го покрива центарот;

3) прибирање, обработка и анализа на евиденции и збирки на податоци утврдени со закон;

4) следење, анализа и евалуација на здравственоеколошките и санитарните услови со процена на ризик, како и предлагање на мерки за надминување на јавноздравствените проблеми;

5) проучување и следење на хигиенските и здравствено-еколошките услови во поглед на заштитата на воздухот, безбедноста на храната и предметите за општа употреба, водата за пиење, површинските води, отпадните води и цврстите отпадни материи и друго;

6) следење на исхраната на населението, како и заболувањата и состојбите кои се последица на несоодветната исхрана и предлагање на мерки за нивно отстранување;

7) микробиолошки и физичко-хемиски лабораториски услуги, анализа и евалуација на лабораториските податоци и предлагање на мерки за надминување на јавно-здравствените проблеми;

8) следење, анализа, спроведување и евалуација на мерките за заштита на населението во услови на појава на заразни и други заболувања, епидемии и други вонредни состојби и вршење на активна и пасивна имунизација;

9) дефинирање и спроведување на здравствена едукација за целни групи на подрачјето што го покрива;

10) спроведување на превентивни мерки на дезинфекција, дезинсекција и дератизација од јавно-здравствен интерес;

11) изготвување на оперативни планови за своето подрачје во рамките на националната стратегија за заштита на населението во случај на јавно-здравствени вонредни околности;

12) спроведување на истражувања на јавно-здравствени појави и проблеми и

13) спроведување на јавно-здравствени активности на барање на Министерството за здравство.

(2) Работите од ставот (1) на овој член се вршат преку анализа, планирање, евалуација, унапредување на здравјето, контрола и превенција на болести (заразни и незаразни болести), подготвеност за одговор при јавно-здравствени вонредни околности, процена на влијанието на животната средина врз здравјето и микробиолошки и физичко-хемиски анализи.

(3) Центарот, врз основа на одобрение од министерот за здравство, може да врши определени специјализирани активности во рамките на дејноста од ставот (1) на овој член.

(4) Центарот поднесува годишен извештај за работењето до Министерството за здравство.

**Критериуми за основање на центри**

Член 12

(1) Работите од членот 11 на овој закон за подрачјето на една или повеќе општини се обезбедуваат и координираат од страна на центрите.

(2) Центар може да се основа за подрачјето на една или повеќе општини со најмалку 70.000 жители, а за подрачјето на градот Скопје се основа еден центар.

**Национална годишна програма за јавно здравје**

Член 13

(1) Работите од членовите 10 и 11 на овој закон, Институтот и центарот ги спроведуваат и согласно со Законот за здравствената заштита и Националната годишна програма за јавно здравје (во натамошниот текст: Програмата).

(2) Програмата од ставот (1) на овој член, на предлог на Министерството за здравство, ја донесува Владата на Република Македонија.

**Обезбедување на квалитет**

Член 14

(1) Обезбедување на квалитетот во вршењето на работите од членовите 10 и 11 на овој закон во Институтот и центарот се врши преку изготвување и почитување на усогласени професионални стандарди и упатства, континуиран професионален развој на кадарот, акредитација на лабораториите и внатрешен надзор над стручната работа.

(2) Институтот и центрите се одговорни за обезбедување на квалитет на услугите кои ги даваат согласно со заеднички изготвени упатства. Во годишните извештаи се опишуват постигнатите резултати за претходната година и плановите за наредната година.

(3) Институтот ги следи и проценува активностите на центрите кои се однесуваат на јавно-здравствените функции согласно со заеднички изготвен протокол од Иститутот во соработка со центрите, на кој согласност дава министерот за здравство.

(4) Институтот обезбедува референтни лабораториски услуги за лабораториите на центрите за потребите на центрите.

(5) Институтот и центарот обезбедуваат услови за заеднички професионален развој за вработените за да се одржи потребното ниво на експертиза. Институтот, по потреба, учествува во спроведувањето на обуката и едукацијата во центрите.

(6) Лабораториите во Институтот и центарот се акредитираат согласно со прописите за акредитација.

**Соработка со државните органи**

Член 15

(1) При одговор на јавно-здравствени потреби и итности, Институтот и центрите обезбедуваат техничка и стручна помош и доставуваат податоци и информации до Државниот санитарен и здравствен инспекторат и Дирекцијата за храна, потребни за одредување на мерки на правните и физичките лица, согласно со овој и друг закон.

(2) За спроведување на мерки утврдени со овој и друг закон, можат да се формираат тимови составени од претставници на Институтот и центрите, како и од Државниот санитарен и здравствен инспекторат и Дирекцијата за храна.

**Принципи за вршење на работите на Институтот и центрите**

Член 16

Институтот и центрите вршењето на работите од членовите 10 и 11 на овој закон го засноваат врз принципите на:

1) јасно дефинирана цел на јавното здравје;

2) постапки базирани на модерни, научно проверени начела и докази;

3) добро насочени интервенции со вклучување на неопходниот број на лица во согласност со јавно-здравствените стандарди;

4) преземање на интервенции со најмало ограничување на правата и интересите на поединците во процесот на заштита на јавното здравје;

5) преземање на интервенции кои нема да ги дискриминираат поединците по основ на раса, пол или различно национално и социјално потекло или имотна положба, верско уверување, пол, сексуална ориентација или статус на лице со посебни потреби и

6) почитување на личноста на секој поединец при преземање на интервенциите.

## IV. КООРДИНАЦИЈА И СОРАБОТКА

**Национален совет за јавно здравје**

Член 17

(1) Владата на Република Македонија формира Национален совет за јавно здравје (во натамошниот текст: Националниот совет) како советодавно тело за прашања од областа на јавното здравје, кои се однесуваат на надлежностите на две или повеќе министерства.

(2) Националниот совет ги проучува прашањата и политиките во областа на јавното здравје, а особено безбедноста на храната, водата, воздухот и земјиштето, изготвува мислења, иницијативи и/или предлози до надлежните субјекти за спроведување на овој и друг закон.

(3) Националниот совет го сочинуваат претседател и 14 члена претставници од Министерството за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за локална самоуправа, Институтот и независни експерти од областа на јавното здравје.

(4) При именувањето на членовите на Националниот совет треба да се има предвид начелото за правична и соодветна застапеност на сите заедници во Република Македонија.

(5) Со Националниот советот претседава министерот за здравство.

(6) Националниот совет донесува деловник за работа.

**Совети за јавно здравје**

Член 18

(1) Единиците на локалната самоуправа на своето подрачје формираат совет за јавно здравје.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, две или повеќе единици на локалната самоуправа можат да формираат совет за јавно здравје, при што секоја единица ќе биде застапена со по еден член.

(3) Советот од ставот (1) на овој член се состои од пет члена од кои четири члена се претставници на општината и еден член претставник од центарот кој го покрива подрачјето на општината од областа на јавното здравје.

(4) Во случаите од ставот (2) на овој член вкупниот број на членови на советот може да биде поголем од пет, зависно од бројот на општините кои го формираат и во состав од непарен број на членови.

(5) За подрачјето на градот Скопје се формира Совет за јавно здравје на градот Скопје составен од 13 члена од кои по еден претставник од општините кои влегуваат во составот на градот Скопје, два члена од Центарот за јавно здравје на градот Скопје и три члена независни експерти од областа на јавното здравје.

(6) Советите за јавно здравје ги проучуваат прашањата и политиките во областа на јавното здравје, изготвуваат мислења, даваат иницијативи и/или предлози до органите на единиците на локалната самоуправа.

(7) Членовите на советите од ставовите (2) и (3) на овој член од редот на членовите избираат претседател.

(8) Советите донесуваат деловник за својата работа.

**Меѓуопштинска соработка**

Член 19

(1) Единиците на локалната самоуправа можат на своето подрачје да остваруваат дополнителни активности од интерес за јавното здравје во соработка со центрите за што обезбедуваат финансиски средства од сопствени извори.

(2) Единиците на локалната самоуправа, во рамките на меѓуопштинската соработка можат да формираат заедничко работно тело, комисија, координативно или друго стручно тело заради размена на информации, искуства и координирање на соработката за определени прашања од интерес за јавното здравје за подрачјето на нивните општини, во согласност со закон.

## V. ЈАВНО-ЗДРАВСТВЕНИ ВОНРЕДНИ ОКОЛНОСТИ

**Јавно-здравствени вонредни околности на ниво на држава**

Член 20

Во случај на јавно-здравствени вонредни околности Министерството за здравство, Институтот и центрите во соработка со другите надлежни органи и институции постапуваат согласно со овој и друг закон.

**Јавно-здравствени вонредни и/или итни околности од меѓународно значење**

Член 21

(1) Во случај на сомнение за појава на јавно-здравствени вонредни и/или итни околности од меѓународно значење пропишани со Меѓународниот здравствен правилник, центрите ќе го информираат Министерството за здравство и Институтот.

(2) Министерството за здравство одлучува дали јавно-здравствената вонредна и/или итна околност е од меѓународно значење, согласно со инструментите за одлучување за процена пропишани со Меѓународниот здравствен правилник, за што националната контактна точка ќе го информира Контактниот центар при Светската здравствена организација според инструментот за пријавување пропишан со Меѓународниот здравствен правилник во рок од 24 часа од извршената процена.

**Национална контактна точка**

Член 22

Институтот ги врши работите на национална контактна точка во функција на спроведување на здравствените мерки од Меѓународниот здравствен правилник.

**Постапување во случај кога постои сомнеж за заразно заболување во авион**

Член 23

(1) Капетанот на авион во меѓународен лет кој сака да слета на аеродромот, а знае или се сомнева дека еден или повеќе патници во авионот имаат знаци на заразно заболување кое може да го доведе во опасност јавното здравје, е должен да го информира контролорот на летање или операторот на аеродромот веднаш по дознавањето, а пред слетувањето.

(2) Контролорот на летање е должен веднаш да го информира операторот на аеродромот, кој го информира одговорното лице на медицинскиот тим на аеродромот.

(3) Одговорното лице на медицинскиот тим на аеродромот веднаш ги информира Државниот санитарен и здравствен инспекторат и Институтот.

**Општа декларација на леталото и други информации**

Член 24

(1) По барање на Државниот санитарен и здравствен инспекторат капетанот на авионот кој управува со меѓународниот лет е должен да го подготви и да му го предаде здравствениот дел од Општата декларација на леталото изготвен согласно со Меѓународниот здравствен правилник.

(2) Покрај здравствениот дел од ставот (1) на овој член Државниот санитарен и здравствен инспекторат може да побара од капетанот на авионот и дополнителни информации за здравствената ситуација на лицата во авионот.

**Точка на влез**

Член 25

(1) Во случај на прием на известувањето од членот 23 став (1) на овој закон или пак ако на друг начин се покрене сомнеж за потенцијална опасност по јавното здравје во авионот, министерот за транспорт и врски во соработка со министерот за здравство определува на кој аеродром авионот треба да слета согласно со Меѓународниот здравствен правилник.

(2) Министерот за транспорт и врски по претходно мислење на министерот за здравство го определува аеродромот кој ќе претставува точка на влез во случаите од членот 23 на овој закон.

(3) Операторот на аеродромот од ставот (1) на овој член е должен да ги обезбеди капацитетите пропишани со Меѓународниот здравствен правилник.

**Постапување на Државниот санитарен и здравствен инспекторат**

Член 26

(1) Во случајот од членот 23 на овој закон, Државниот санитарен и здравствен инспекторат наредува мерки што треба да се преземат по слетувањето на авионот на аеродромот.

(2) Ако постои директна закана од епидемија на заразна болест, Државниот санитарен и здравствен инспекторат ги определува мерките што треба да се преземат во поглед на пропуштањето на екипажот и патниците од авионот.

(3) Во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член капетанот на авионот е должен по пристигањето да не дозволи влез или излез од авионот и/или утовар и истовар на стока, додека не се добие дозвола од Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

(4) Капетанот на авионот, по потреба, доставува листа со имиња, адреси, пол, возраст и дестинација на патниците до Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

Член 27

Државниот санитарен и здравствен инспекторат може да нареди на операторот на аеродромот да:

1) им даде информации на патниците да преземат мерки за спречување на инфекцијата или контаминација на багажот;

2) им помогне на Институтот или на Државниот санитарен и здравствен инспекторат со истрагата на појдовни или дојдовни патници и присуството на заразна болест со ризик на сериозна опасност по јавното здравје;

3) спроведе техничко-хигиенски мерки за спречување на контаминација, ако веќе постои востановен ризик на контаминација и

4) затвори згради или локации или делови од згради или локации, заради контрола на контаминацијата.

Член 28

Државниот санитарен и здравствен инспекторат може да му нареди на операторот на леталото:

1) да им даде информации на патниците за да преземат мерки за спречување на инфекцијата или контаминацијата на багажот;

2) да спроведе техничко-хигиенски мерки на леталото и неговиот товар за спречување на контаминација, ако веќе постои констатиран ризик на контаминација;

3) да го провери леталото и товарот за присуство на контаминација и

4) да го дезинфицира летало и товарот, вклучувајќи и уништување на вектори.

**Патни гранични премини**

Член 29

Определувањето на патни гранични премини во функција на спроведување на здравствените мерки ќе се изврши согласно со Меѓународниот здравствен правилник.

**Активна и пасивна имунизација и профилакса**

Член 30

(1) Активна или пасивна имунизација на лица или употребата на профилакса за добивање на меѓународно важечки сертификат согласно со Меѓународниот здравствен правилник се врши согласно со прописите за заштита на населението од заразни болести.

(2) Министерот за здравство ќе овласти здравствени установи кои можат да спроведат активна или пасивна имунизација и хемиопрофилакса за лица кои одат на меѓународни патувања.

**Трошоци на операторите на аеродромите**

Член 31

Операторите на аеродромите и операторите на леталата ги покриваат трошоците за спроведување на мерките од овој закон и Меѓународниот здравствен правилник.

**Меѓународен здравствен правилник**

Член 32

Меѓународниот здравствен правилник се објавува на веб страницата на Министерството за здравство .

VI. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

**Традиционална и комплементарна медицина, тетовирање, пирсинг, трајна шминка, акупунктура и активности за нега и разубавување**

Член 33

(1) Правно или физичко лице може да врши работи поврзани со традиционална и комплементарна медицина активности на кожа (користење на солариуми, трајно отстранување на влакна и други активности, за нега и разубавување) или активности со кои се продира во кожата (тетовирање, пирсинг, трајна шминка и акупунктура, употреба користење на ботокс, нехируршка липосукција и користење на ласер) само ако има дозвола од Министерството за здравство.

(2) Дозволата од ставот (1) на овој член се издава ако се исполнети условите по однос на простор, опрема и стручен кадар.

(3) Забрането е правење на тетоважа или пирсинг, освен на уво, на лица помлади од 16 години.

(4) За лицата постари од 16, а помлади од 18 години можат да се прават тетоважи и пирсинг само со писмена согласност на родителот, односно старателот.

(5) Лицата на кои им се даваат услугите од ставот (1) на овој член задолжително претходно се информираат за можните последици.

(6) Поблиските услови и критериуми во однос на просторот, опремата и стручниот кадар за вршење на работите од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за здравство.

**Одземање на дозвола за работа**

Член 34

Дозволата за работа од членот 33 на овој закон може да се одземе доколку настанат промени поради кои битно се отстапува од условите утврдени во членот 35 на овој закон.

**Информации за здравствените ефекти д козметичките услуги**

Член 35

Министерот за здравство ги пропишува видот на информациите по однос на здравствените ефекти од услугите и начинот на давање на информациите на лицата кои ги користат услугите од членот 33 на овој закон, а имаат ризик по здравјето на корисникот на услугата.

## VII. ФИНАНСИРАЊЕ НА ЈАВНОТО ЗДРАВЈЕ

**Извори на средства**

Член 36

Средства за финансирање на јавното здравје се обезбедуваат од:

1) Буџетот на Република Македонија;
2) буџетите на единиците за локалната самоуправа;
3) сопствени извори на приходи;
4) донации и
5) други извори на приходи утврдени со друг закон.

**Распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија**

Член 37

(1) Финансирањето на дејностите од јавно здравје на Институтот и центрите се врши врз основа на програмата од членот 13 на овој закон.

(2) Средствата потребни за реализација на програмата од ставот (1) на овој член се утврдуваат врз основа на критериумите по однос на потребниот простор, опрема и кадар за вршење на овие дејности, бројот на жителите, територијата, односно подрачјето кое го покрива Институтот, односно центарот и обемот на активностите што треба да се спроведат во зависност од утврдените јавно-здравствени потреби.

(3) Врз основа на критериумите од ставот (2) на овој член Владата на Република Македонија ќе ја утврди формулата за распределба на средствата за вршење на дејностите од јавно здравје за Институтот и центарот.

**Контрола над наменското користење на средствата од Буџетот на Република Македонија**

Член 38

Министерството за здравство го контролира наменското користење на средствата кои се распределуваат од Буџетот на Република Македонија.

**Сопствени извори на приходи**

Член 39

(1) Институтот може да остварува приходи од давање на услуги на физички и правни лица, доколку таквите услуги не може да се обезбедат од центрите.

(2) Центрите можат да остваруваат приходи од давање на услуги на физички и правни лица во рамките на работите од членот 11 на овој закон.

(3) Центрите на услугите од ставот (1) на овој член се утврдуваат од Институтот, односно центрите, а согласност дава министерот за здравство.

**Средства од единиците на локалната самоуправа**

Член 40

Средствата за финансирање на дополнителните активности од интерес за јавното здравје на подрачјата на единиците на локалната самоуправа се обезбедуваат од буџетите на единиците на локалната самоуправа.

**Средства од Фондот за здравствено осигурување на Македонија**

Член 41

Во случај кога Институтот и центрите вршат дијагностичко-лабораториски услуги на осигурени лица врз основа на упат, трошоците на таквите услуги ги покрива Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија.

## VIII.НАДЗОР

**Надзор**

Член 42

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон врши Министерството за здравство.

(2) Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон врши Државниот санитарен и здравствен инспекторат согласно со закон.

## IX. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 43

(1) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:

1) не ги обезбеди капацитетите пропишани со овој закон (член 25 став (3));

2) не постапи по наредбата согласно со членовите 27 и 28 од овој закон;

3) врши активна или пасивна имунизација на лица или употреба на профилакса без овластување (член 30);

4) врши дејност спротивно на членот 33 од овој закон и

5) прави тетоважа или пирсинг, освен на уво, на лица помлади од 16 години и/или врши тетоважи на главата, вратот, зглобовите или рацете, пирсинг на гениталиите (кај машки и женски) и пирсинг на брадавици (само кај женски) на лица постари од 16, а помлади од 18 години без писмена согласност и на родителот, односно старателот (член 33 ставови (3) и (4)).

(2) За прекршокот од ставот (1) на овој член глоба во износ од 500 до 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

Член 44

Глоба во износ од 500 до 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице, ако:

1) не постапува согласно со членот 23 од овој закон;

2) не го подготви и предаде здравствениот дел од Општата декларација на леталото изготвен согласно со Меѓународниот здравствен правилник или не достави дополнителни информации за здравствената ситуација на лицата во авионот на барање на Државниот санитарен и здравствен инспекторат (член 24);

3) дозволи влез или излез од авионот и/или утовар и истовар на стока, пред да добие дозвола од Државниот санитарен и здравствен инспекторат (член 26 став (3));

4) врши дејност спротивно на членот 33 од овој закон и

5) прави тетоважа или пирсинг, освен на уво, на лица помлади од 16 години и/или врши тетоважи на главата, вратот, зглобовите или рацете, пирсинг на гениталиите (кај машки и женски) и пирсинг на брадавици (само кај женски) на лица постари од 16, а помлади од 18 години без писмена согласност и на родителот, односно старателот (член 33 ставови (3) и (4)).

Член 45

Надлежен орган за изрекување на прекршочните санции од членовите 43 и 44 на овој закон е надлежниот суд.

Член 46

Пред поднесување на барање за прекршочна постапка, за прекршоците утврдени во овој закон, Министерството за здравство води постапка за порамнување, согласно со Законот за прекршоците.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 47

Со денот на влегувањето во сила на овој закон Институтот од ЈЗУ Здравствен дом Скопје-Скопје од делот на РЕ Завод за здравствена заштита на мајки и деца ги презема вработените кои вршат јавно здравствени работи и задачи, недвижниот и подвижниот имот и други средства.

Член 48

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 49

Постојните правни и физички лица кои вршат работи од членот 33 став (1) на овој закон ќе ја усогласат својата работа со одредбите од овој закон во рок од 18 месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 50

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат одредбите од членот 110 ставови 2 и 3 на Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија" број 38/91, 46/93, 55/95, 10/2004, 84/2005, 111/2005, 65/2006, 5/2007, 77/2008 и 67/2009).

Член 51

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а одредбата од членот 13 на овој закон која се однесува на програмата ќе започне да се применува од 1 јануари 2011 година.

# L I G J
# PËR SHËNDETIN PUBLIK

## I. DISPOZITA TË PËRGJITHSHME

**Lënda e ligjit**

Neni 1

Me këtë ligj rregullohen zbatimi i funksioneve dhe detyrave themelore të shëndetit publik, sistemi i shëndetit publik, rrethanat e jashtëzakonshme publike shëndetësore dhe financimi i shëndetit publik.

**Qëllimi i ligjit**

Neni 2

Qëllimi i këtij ligji është:

1) të ruhet dhe të përparohet shëndeti i popullatës;

2) të mundësohet zbatimi i funksioneve dhe detyrave themelore të shëndetit publik nëpërmjet masave dhe aktiviteteve të organizuara që i ndërmarrin organet shtetërore, institucionet, njësitë e vetadministrimit lokal dhe personat tjerë juridikë dhe fizikë, në bashkëpunim me institucionet shëndetësore;

3) të përparohet dhe përforcohet bashkëpunimi ndërmjet resorëve, në zbatimin e funksioneve themelore të shëndetit publik;

4) të përparohet dhe përforcohet bashkëpunimi ndërmjet ministrive kompetente dhe njësive të vetadministrimit lokal dhe sektorit publik dhe privat dhe qytetarëve, në ruajtjen dhe përparimin e shëndetit të popullatës;

5) të sigurohet përgjigje adekuate në rast të nevojës shëndetësore publike dhe urgjencës dhe paraqitjes së rrethanave të jashtëzakonshme publike shëndetësore;

6) të sigurohet zbatimi i rregullave shëndetësore ndërkombëtare dhe

7) të rregullohen çështjet specifike të shëndetit publik të cilat nuk janë rregulluar me ligj tjetër.

**Nocionet**

Neni 3

Nocione të veçanta të përdorura në këtë ligj, e kanë kuptimin si vijojnë:

1. "Shëndet publik" është sistemi i njohurive dhe shkathtësive për parandalimin e sëmundjeve, vazhdimin e jetës dhe përparimin e shëndetit nëpërmjet përpjekjeve të organizuara të shoqërisë. Nëpërmjet sistemit të shëndetit publik përcillet dhe analizohet gjendja shëndetësore e popullatës me qëllim që e njëjta të përmirësohet nëpërmjet ndikimit mbi faktorët e rrezikut për shëndetin, siç janë faktorët e mjedisit jetësor, shkaktuesit e sëmundjeve, mënyra e jetës dhe faktorët socialë ekonomikë;

2. "Funksione themelore të shëndetit publik" janë grupi i aktiviteteve themelore me të cilat trajtohen përcaktuesit e shëndetit, mbrohet dhe ruhet shëndeti i popullatës dhe parandalohen sëmundje me rëndësi shëndetësore publike;

3. "Rrethana të jashtëzakonshme publike shëndetësore" janë paraqitja e kërcënimit real të situatës e cila mund të shkaktojë vdekshmëri të zmadhuar ose sëmundje në kushte të katastrofave natyrore, paraqitjes së shkaktuesve të sëmundjeve ngjitëse, kërcënimeve biologjike, kimike, fizike ose radiologjike;

4. "Rrethanë shëndetësore publike e jashtëzakonshme dhe/ose urgjente me rëndësi ndërkombëtare" është ngjarja e jashtëzakonshme e cila mund të paraqesë rrezik

shëndetësor publik edhe për shtete të tjera nëpërmjet përhapjes ndërkombëtare të sëmundjes, për të cilën është i nevojshëm aksion i koordinuar ndërkombëtar;

5. "Epidemi e sëmundjes ngjitëse" është rritja e sëmundjeve nga një sëmundje e caktuar ngjitëse e cila sipas kohës dhe vendit e tejkalon numrin e zakonshëm të rasteve në periudhën paraprake, si dhe rritja e jashtëzakonshme e numrit të të sëmurëve me komplikime ose që përfundojnë me vdekje;

6. "Preventivë" është aktiviteti me të cilin parandalohet paraqitja e sëmundjes, zvogëlimi i pasojave të sëmundjes, si dhe eliminimi dhe çrrënjosja e sëmundjes;

7. "Preventivë primare" është zvogëlimi i paraqitjes së sëmundjes me mënjanimin ose zvogëlimin e ekspozimit ndaj shkakut, deri në një nivel të sigurt dhe të qëndrueshëm;

8. "Preventivë sekondare" është zbulimi i ndryshimeve të hershme të sëmundjes me qëllim të ndërmarrjes së aktiviteteve për parandalimin e zhvillimit të mëtejmë të sëmundjes.

9. "Përparim (promocion) i shëndetit" është procesi i planifikimit dhe nxitjes së aktiviteteve për përmirësimin e gjendjes shëndetësore të popullatës.

10. "Sëmundje ngjitëse" është sëmundja e shkaktuar nga agjenti biologjik (baktere, viruse, parazitë, kërpudha) ose toksine të tyre, e cila në mënyrë të drejtpërdrejtë ose të tërthortë mund të bartet te njerëzit.

11. "Laborator referimi" është laboratori i cili e kryen kontrollin e cilësisë së shërbimeve të laboratorëve të tjerë.

12. "Program nacional vjetor për shëndetin publik" është pakoja standarde e masave dhe aktiviteteve të cilat i zbatojnë Instituti i Shëndetit Publik i Republikës së Maqedonisë dhe qendrat e shëndetit publik.

13. "Skrining" është testimi ose kontrolli sistematik që të zbulohen individët me rrezik të supozuar të çrregullimit specifik, për shkak të hulumtimit të mëtejmë ose ndërmarrjes së aktivitetit preventiv të drejtpërdrejtë.

14. "Pabarazi" janë baraspesha e çrregulluar në shpërndarjen e resurseve ose arritjen e shërbimeve ndërmjet grupeve të ndryshme të popullatës, pa marrë parasysh nëse dallimet rrjedhin nga vendbanimi ose nga prejardhja e ndryshme nacionale dhe sociale ose gjendja pronësore.

15. "Rregullore shëndetësore ndërkombëtare" është dokumenti i miratuar nga Kuvendi i Përgjithshëm i Organizatës Botërore Shëndetësore me të cilin vendet anëtare të OBSH-së, obligohen që të ndërmarrin masa në lidhje me parandalimin, mbrojtjen dhe kontrollin, si dhe të sigurojnë përgjigje shëndetësore publike ndaj përhapjes ndërkombëtare të sëmundjes, në mënyrë përkatëse me rreziqet shëndetësore publike nëpërmjet së cilës anashkalohet ndikimi mbi qarkullimin dhe tregun ndërkombëtar, me respektimin e plotë të dinjitetit, të drejtave të njeriut dhe lirive themelore të personave.

### Parimet

Neni 4

Shëndeti publik, bazohet në parimet si vijojnë:

1) përgjegjësia për shëndetin e popullatës dhe roli udhëheqës i shtetit në ruajtjen dhe përparimin e shëndetit të popullatës;

2) gjithëpërfshirja e masave dhe aktiviteteve të orientuara ndaj gjithë popullatës dhe përcaktuesve socio-ekonomikë të shëndetit dhe faktorëve më të rëndësishëm të rrezikut;

3) baza multidisiplinore dhe bashkëpunimi ndërmjet sektorëve;

4) gjithëpërfshirja në grumbullimin e të dhënave nëpërmjet metodave sasiore dhe cilësore dhe

5) partneritet me popullatën.

### Raporti me ligjet tjera

Neni 5

Ndaj shëndetit publik zbatohen dispozitat e ligjeve me të cilat rregullohen mbrojtja nga sëmundjet ngjitëse, siguria e ushqimit, siguria e shëndetit gjatë punës, mbrojtja e mjedisit jetësor si dhe çështje të tjera me interes për shëndetin publik, të përcaktuara me këtë ligj dhe me ligj tjetër.

## II. FUNKSIONET DHE DETYRAT THEMELORE TË SHËNDETIT PUBLIK

### Funksionet themelore të shëndetit publik

Neni 6

(1) Funksionet themelore të shëndetit publik, janë:

1) Përcjellja dhe vlerësimi i shëndetit dhe mirëqenies së popullatës;

2) Identifikimi, parashikimi, hulumtimi dhe zbutja e problemeve shëndetësore dhe rreziqeve shëndetësore në bashkësi;

3) Mbrojtja e shëndetit: vlerësimi i nevojave dhe aktiviteteve të nevojshme, për sigurimin e mbrojtjes së shëndetit;

4) Parandalimi i sëmundjeve nëpërmjet masave të preventivës primare dhe sekondare;

5) Përparimi i shëndetit dhe edukimit shëndetësor;

6) Propozimi, miratimi dhe zbatimi i ligjeve dhe dispozitave të tjera me të cilat sigurohet mbrojtja e shëndetit, veçanërisht nëpërmjet sigurisë së ushqimit, ujit, ajrit, vendit të punës dhe tokës;

7) Sigurimi i kuadrit kompetent multidisiplinor të shëndetit publik;

8) Mbështetja dhe zbatimi i hulumtimeve për shëndetin;

9) Zhvillimi dhe planifikimi i politikave të shëndetit publik;

10) Përgatitja dhe menaxhimi me rrethanat e jashtëzakonshme të shëndetit publik, duke i përfshirë edhe preventivën, reagimin dhe zbutjen e pasojave dhe

11) Sigurimi i partneritetit ndërmjet sektorëve dhe pjesëmarrja e bashkësisë për përparimin e shëndetit dhe zvogëlimin e pabarazive.

(2) Funksionet themelore të shëndetit publik nga paragrafi (1) i këtij neni, janë bazë për zbatimin e të gjitha aktiviteteve shëndetësore publike nga organet kompetente, institucionet dhe personat tjerë juridikë dhe fizikë.

### Detyrat e shëndetit publik

Neni 7

Republika e Maqedonisë është përgjegjëse për shëndetin publik, nëpërmjet detyrave si vijojnë:

1) sigurimit të politikës dhe strategjisë për shëndetin publik;

2) përcjelljes së gjendjes shëndetësore të popullatës dhe identifikimit të problemeve shëndetësore të popullatës;

3) planifikimit, vendosjes së prioriteteve, miratimit të programeve të veçanta dhe planeve aksionare për përparimin e shëndetit publik, për skrining si dhe dispozitave për këtë sferë;

4) implementimit të politikave tatimore, ekonomike dhe të tjera të cilat stimulojnë stile të shëndetshme të jetës;

5) sigurimit të kushteve për edukimin shëndetësor dhe nxitjen e popullatës që të kujdeset për shëndetin personal;

6) sigurimit të sistemit për reagim të shpejtë në gjendje të jashtëzakonshme (epidemi, fatkeqësi fizike dhe kimike, katastrofa natyrore etj.);

7) zhvillimit të sistemit informativ të integruar dhe unik shëndetësor;

8) krijimit të bashkëpunimit ndërmjet sektorëve, në zgjidhjen e problemeve shëndetësore;

9) evaluimit të efektivitetit, kualitetit, qasjes dhe efikasitetit, të shërbimeve shëndetësore dhe programeve të orientuara ndaj individëve dhe popullatës;

10) përcaktimit të masave për mbrojtjen e shëndetit të popullatës në ligje dhe dispozita;

11) sigurimit të resurseve kompetente njerëzore në shëndetin publik, nëpërmjet trajnimit dhe arsimit të vazhdueshëm;

12) hulumtimit të qasjeve dhe risive të reja në masat për zgjidhjen e problemeve shëndetësore të popullatës dhe

13) krijimit të kushteve për rrjetin racional dhe të standardizuar, të qendrave të shëndetit publik.

III. SISTEMI I SHËNDETIT PUBLIK

## Organizimi i sistemit të shëndetit publik

Neni 8

(1) Sistemi i shëndetit publik i cili siguron kushte për ruajtjen dhe përparimin e shëndetit të popullatës, është rrjet i përbërë nga: qytetarët, familjet, shoqatat e punëdhënësve, punëdhënësit, sindikatat dhe të punësuarit, institucionet shëndetësore, institucionet arsimore, sociale, kulturore dhe të tjera, mjetet e informimit publik, organizatat humanitare, fetare, sportive dhe të tjera, shoqatat, fondet për sigurim shëndetësor, njësitë e vetadministrimit lokal si dhe organet shtetërore dhe shoqatat e qytetarëve dhe fondacionet, të cilat marrin pjesë në realizimin e funksioneve themelore të shëndetit publik nga neni 6 i këtij ligji.

(2) Ministritë kompetente për punët nga sfera e shëndetësisë, arsimit dhe shkencës, mbrojtjes së mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor, kulturës, komunikacionit, transportit dhe lidhjeve, bujqësisë, ekonomisë, punës dhe politikës sociale dhe organet tjera shtetërore dhe organet e njësive të vetadministrimit lokal në pajtim me këtë ligj dhe ligj tjetër, i sigurojnë dhe zbatojnë funksionet themelore të shëndetit publik.

- заштита на Регионот како светско културно наследство (градот Охрид и неговото крајбрежје на потегот од манастирот Св. Наум до селото Радожда ставени се под заштита на УНЕСКО како светско природно и културно наследство);

- зачувување на еколошките вредности, функции и биолошкиот диверзитет во областа на Преспа Парк;

- интегрална заштита на природната просторна целина на националните паркови и спомениците на природата (Јабланица, Охридско Езеро, Галичица, Преспанско Езеро, Пелистер);

- утврдување на плански претпоставки за донесување на инвестиционите одлуки и избор на локации за нови стопански објекти;

- создавање предуслови (техничко-технолошки, просторно-функционални и др.) за усогласено функционирање на сите инфраструктурни и други системи;

- дефинирање на насоки за развој на населбите и нивното комунално опремување;

- концептуална рамка за изработка на нови и ревизија на постојните просторни и урбанистички планови на предметното подрачје, како и за изработка на други планови, програми и техничка документација;

- дефинирање на субјектите кои ќе ги реализираат решенијата на Планот по одредени области и

- дефинирање на рационален и оптимален модел за организирање на Регионот.

Вака дефинираните цели и задачи на Просторниот план го определуваат и предметниот опфат на истражувањето и планирањето, при што од посебна важност е што на ваков начин е овозможено сите елементи и насоки од Просторниот план на Р. Македонија да бидат вклучени во него. Од друга страна, Планот ќе даде доволно елементи за изработка на планови на пониско ниво, а особено за населените места.

**1.2. Методолошки пристап**

Методологијата претставува збир на сознанија, средства и начини на водење на истражувачкиот процес. Општата методолошка матрица ја сочинуваат интердисциплинарноста во планирањето, диференцијалниот третман, во зависност од сферите на истражувањето, системскиот пристап и комбинација од различни методи, техники и постапки на работа.

Основни методолошки принципи на кои се базира просторниот план се:

а) интердисциплинарност,
б) интегралност,
ц) долгорочност,
д) комплексност,
е) партиципативност,
ф) динамичност и
г) демократичност.

Дефинирањето на методолошки пристап има за цел обезбедување на увид во пристапот кон оваа комплексна, динамична и мултидисциплинарна проблематика, како и оценување на објективноста, ефикасноста и целисходноста во начинот на планирање и експликација на планерските поставки и решенија. Во основа на методолошкиот пристап се критериумите на просторен развој, организација, користење и заштита на просторот, базирани на принципите на одржлив развој. Ваквиот метод подразбира учество на голем број експерти, стручни и научни институции, структури на локалната самоуправа, стопански, политички и други субјекти, невладини организации и сл.

Со оглед на природата и карактерот на просторното планирање, кој условува интердисциплинарен начин на обработка, се наметнува потреба од примена на методи и процедури од различни домени на истражувањето и нивно прилагодување и

комбинирање, согласно со дефинираните општи и поединечни цели на планот. Овие методски основи претставуваат концептуална рамка и проспекција на временскиот, просторниот и содржинскиот опфат на планот, во зависност од системот на планирање, целите и задачите, големината и карактерот на предметната и расположлива документација и база на податоци.

Согласно со методолошката матрица која се применува во планирање на одржливиот развој, планската постапка е организирана преку четири основни димензии: природна, општествена, економска и институционална. Додека првите три во своите меѓузависности го градат моделот на интегралното планирање, четвртата претставува институционално-организациона рамка за имплементација и контрола на реализацијата на планот.

Постапката на изработка на планскиот документ се одвива преку:

- анализа на елементите во структурата на системите и потсистемите во просторот на Регионот, кои базираат на податоци од следните извори:

1) статистички,
2) геодетски,
3) картографски,
4) планска документација и
5) научно-истражувачка документација;

- синтеза, суперпонирање и вкрстување на податоци од различни извори, со различни карактери и создавање на единствена информативна матрица за структурата на Регионот;

- регистрирање, дијагностицирање и предвидување на процесите и промените во просторот преку ндуктивно-дедуктивен пристап;

- планирање на просторот на Регионот со примена на методи на:

1) екстраполација на тенденции,
2) конструкција на развојот како вид на планско изразување,
3) симулација и
4) планификационо предвидување и

- дефинирање на рационални форми на користење и намена на земјиштето и разместеноста на функциите и содр-жините во просторот преку плани-фикациони методи и методи на моделирање.

При изработката на планската документација, обработката на просторните податоци, просторните анализи и моделирања, користена е современа ГИС компјутерска технологија, односно аналитички алатки кои дозволуваат идентификација на просторните односи меѓу елементите претставени на картите. На тој начин во обработката на Планот е искористена можноста за ефикасна визуелизација, полесно разбирање на тоа што се случува во просторот, моделирање на ресурсите, односите и процесите, односно влијанието на одделни настани, анализа на различните типови податоци, планирање и конечно одлука за курсот на акции.

Податочниот модел е комбинација од растерски и векторски податоци што содржат атрибутна база на просторни информации, кои дополнително го опишуваат и ги дообјаснуваат карактеристиките на просторниот елемент. Растерските податоци се обработени со методот на геореференцирање, со квалитет и точност според дозволените стандарди и отстапувања дефинирани за конкретниот размер на обработка (1:100.000, 1:50.000 и 1:25.000). Вака обработениот растерски податок претставуваше основа за креирање на векторските тематски нивоа. Векторските податоци се добиени со методот на дигитализација, односно трансформација на растерските модели во векторски облик и со методот на конверзија на нумерички податоци добиени од геодетски мерења и GPS. Само дел од нив, кои се однесуваат на намената на земјиштето, се набавени од Европската агенција за заштита на животната средина EEA и дообработени во делот на атрибутната база на податоци согласно со планските критериуми.

При креирањето на податочниот модел, просторните анализи и во процесот на дефинирање на логичките решенија користени се следниве ГИС софтверски алатки:

- Арц Виењ;
- 3Д Аналѕст;
- Спатиал Аналѕст;
- Нетњорк Аналѕст;
- Аутоцад Мап и
- Ердас Имагине.

**1.3. Процес на изработка и усвојување**

Процесот на изработка на Планот тргнува од концептот на тимска работа и интердисциплинарниот пристап, што подразбира синхронизирано водење на повеќе истражувачки постапки од страна на работниот тим составен од експерти од различни специјалности, врз основа на заедничка методолошка платформа, целите кои треба да се остварат и единствената координација.

Стручната работа на Просторниот план опфаќа истражувачко-аналитичка работа која се одвива по различни тематски области и стручно планерска работа од синтезен карактер. Процесот на истражување и планирање е синхронизиран и координиран на начин кој овозможува користење на заедничката информативна база, размена на информации и резултати на истражувањата во одделни фази од работата, синхронизација на работните активности и нивно насочување според усвоената методологија на работа.

Работата на ваков проект претставува сложена и специфична задача, па за негова реализација е неопходен работен тим од интердисциплинарен состав. Работниот тим претставува конзистентна целина која може организационо, методолошки и концептуално ефикасно да се координира. Работниот тим има своја функционална структура според основните групи на активности:

- раководител на проектот,
- координатор на проектот,
- поширок работен тим,
- надворешни соработници,
- надворешни консултанти,
- синтезен тим и
- работни групи на експертските елаборати.

Изработката на просторниот план, базирана на основните принципи, со посебен акцент на принципот на партиципативност, демократичност и транспарентност, наметна внесување на една новина во приодот. Имено, во рамките на вкупните активности врзани за изработка на Планот и во сите фази на изработка се вклучува и т.н. партиципативно тело, формирано во секоја од ЕЛС на просторниот опфат на планот. Партиципативните тела ги сочинуваат: претставници на локалната администрација од соодветната ЕЛС, претставници на бизнис секторот, јавните претпријатија, институциите од областите на општествениот стандард и јавни функции, заштита на животната средина, природното и културно-историскотото наследство, НВО и др. институции и субјекти релевантни за областите кои се предмет на истражување и обработка на Планот. Задачата на партиципативното тело е да учествува во подготовка на информативно-документационата основа на Планот, во креирање на планските решенија, како и во маркетинг и популаризација на истите со цел за објективно информирање на јавноста и граѓаните за активностите кои се реализираат. Обврската за учество на партиципативното тело во изработка на просторните и урбанистичките планови има и законска основа во членот 17 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

За реализација на вака поставениот плански документ, односно за дефинирање на планските концепции, планерскиот процес е организиран преку следниве фази:

- фаза на нацрт на план и
- фаза на предлог на план.

По нацртот на просторниот план се организира стручна расправа со учество на претставници на стручната јавност, органите на државната управа, ЕЛС и други стручни и научни институции, органите и организациите од подрачјето опфатено со планот.

Собранието на Република Македонија го утврдува нацртот на планот, односно го донесува предлогот на просторниот план.

**1.4. Положба на регионот во Република Македонија и поврзаност со опкружувањето**

*Просторен опфат на Планот*

Просторен опфат на Планот е територијата на Охридско-преспанскиот регион, кој ги опфаќа сливните подрачја на Охридското и Преспанското Езеро и дел од сливот на реката Црн Дрим (од истекот на реката од Охридското Езеро до ХЕ "Глобочица"). Вкупната површина на Охридско-преспанскиот регион (сливните површини и површините на езерата) изнесува 2.318,59 км$^{2}$.

Езерата, како и нивните сливни подрачја, не припаѓаат целосно на Р. Македонија. Охридското Езеро припаѓа на две држави. Со еден свој дел од 105,83 км$^2$ (30%) припаѓа на Р. Албанија, а останатиот дел од 248,08 км$^2$ припаѓа на Р. Македонија. Сливната површина на Езерото изнесува 973,85 км$^2$, од кои на Р. Албанија припаѓаат 291,16 км$^2$, а на Р. Македонија 682,69 км$^2$.

Преспанското Езеро зафаќа површина од 319,9 км$^2$ од кои на Р. Македонија припаѓаат 189,20 км$^2$, а останатиот дел од 130,79 км$^2$ припаѓаат на Р. Албанија и Р. Грција. Од вкупната сливна површина од 1.374,93 км$^2$ на Р. Македонија и припаѓаат 763,33 км$^2$ (56%).

Вака дефинираниот просторен опфат на Планот се совпаѓа со територијата утврдена со административните граници на пет општини: Охрид, Струга, Ресен, Дебарца и Вевчани, согласно со актуелната административно-територијална рганизација на Република Македонија.

*Сообраќајно-географска положба*

Охридско-преспанскиот регион се простира во југозападниот дел од Републикава и зафаќа површина од 2.318,59 км$^2$ или 9% од вкупната површина на државава. Овој Регион претставува една природна целина, која кон исток е одвоена од Пелагонија со хорстови, била и гребени кои почнуваат со Баба Планина, преку Бигла, Плакенска Планина до Илинска Планина. На север границата се протега преку возвишенијата Старец и Опалениќ и превалецот Пресека до Бабин Срт на Караорман. Потоа границата води преку возвишенијата Дурлар и Гаганеш за да се спушти до долината на Црн Дрим кај Хидроелектраната "Глобочица". На запад се високите планини Беличка и Јабланица. Оваа јасно обележана територија на југ се затвора со басените на Охридското и Преспанското Езеро меѓу кои се наоѓа планината Галичица.

Охридско-преспанскиот регион лежи на просторот меѓу 40$^0$51´30´´ и 41$^0$26´35´´ северна географска широчина и меѓу 21$^0$15´45´´ и 20$^0$29´45´´ источна географска должина. Правецот на протегање на Регионот е северозапад југоисток со должина од 80 км, а широчина 35 км.

Регионот на југ се граничи со Р. Грција и Р. Албанија, на запад со Р. Албанија, на север со општините Другово, Дебар и Центар Жупа и на исток со општините Другово, Демир Хисар и Битола.

Вкупната должина на границата на Регионот изнесува 281 км, од кои 26,4 км отпаѓа на границата кон Р. Грција и 124,8 км кон Р. Албанија, додека останатите 129,8 км граница на Регионот се во континенталниот дел на Републиката.

Поврзаноста меѓу Охридскиот и Преспанскиот регион е преку превојот Буково (1.207 м.н.в.). Во однос на опкружувањето, просторот со соседните региони е поврзан преку природни премини. Преку превојот Гавато е поврзан со Битолскиот регион, преку превојот Пресека со Кичевскиот регион, а со Дебарскиот регион е поврзан по течението на реката Црн Дрим.

Сообраќајното поврзување на регионот со останатите простори во Република Македонија и соседните држави со кои се граничи, се остварува преку магистралната патна мрежа, односно коридорите:

М4: Миладиновци, Тетово, Кичево, Ќафасан (граница со Република Албанија) и

М5: Подмоље, Битола, Велес, М. Каменица, Делчево, Црна Скала (граница со Република Бугарија), како и со регионалната патна мрежа која се надоврзува на магистралната: Р417, Р418, Р419,Р420, Р422, Р501, Р502, Р503, Р504 и Р505.

*Природни карактеристики на Регионот*

Во Охридско-преспанскиот регион преовладува ридско-планинскиот релјеф со површина од 1.553 км$^2$, или 67% од Регионот, рамничарскиот терен зафаќа 325 км$^2$, или 14%, а под езера потпаѓаат 437,28 км$^2$, или 19% од Регионот.

Охридско-преспанскиот регион припаѓа на Западно-македонската зона која влегува во Динарскиот систем.

Од сеизмички аспект, целиот терен на Охридското-струшката потолина и Преспанскиот ободен дел на планината Галичица и Пелистер, спаѓаат во зоната на $8^0$ МЦС по максимален сеизмичен интензитет, приобални делови во зона од $9^0$ МЦС, а останатиот дел од регионот во зона од $7^0$ МЦС.

Особеностите на почвите и нивниот распоред се од големо значење за избор и лоцирање на земјоделските и шумските култури, како и за оцена на нивната валоризација.

Охридско-преспанскиот регион има умерено континентална клима со модифицирано влијание во басенот на езерата и типичен плувиометриски режим.

На климата влијаат близината на Јадранското Море чие влијание продира по долината на реката Дрим, големите водни басени на Охридското и Преспанското Езеро, како и високите планини Баба, Плакенска, Илинска, Галичица, Караџица и Јабланица.

Охридското и Преспанското Езеро спаѓаат во редот на Десаретските езера и се едни од поголемите езера во Европа. Овие две езера, од сите стари западнобалкански езера, успеаја да го одржат целосниот континуитет на сопствената егзистенција од времето на нивното формирање па се до денес.

Врз основа на досегашните проучувања, најголемо значење за билансот на водата на Охридското Езеро имаат површинските и сублакустриските извори. Бројот на овие извори е мошне голем.

За билансот на водата во Езерото од значење се бројните рекички што се влеваат директно во него. Се смета дека нивниот број е 40-тина и внесуваат годишно околу 283 милиони $м^3$ вода. Од реките позначајни се Сатеска, Коселска, Черава и Грашница, додека другите се мали, со непостојан тек и суводолици.

## 2. ОРГАНИЗАЦИЈА, КОРИСТЕЊЕ И ЗАШТИТА НА ПРОСТОРОТ

### 2.1. Општостопански развој

*Појдовни основи*

Со осамостојувањето на државата и воспоставувањето на пазарната економија започнаа реформи за изградба на систем иманентен на демократски и економски развиените земји, особено земјите членки на Европската унија, коишто се основа за планските определби на економските основи на Регионалниот просторен план, согласно со присутните тенденции во оваа област во Европа и пошироко.

Во услови на глобализација и процес на економско интегрирање, неопходно е долгорочно согледување на последиците од преземањето на човековите активности особено производните. Планскиот концепт за стопански развој поставува приоритетни определби за рационално користење на постојните делумно искористени или неискористени стопански, односно индустриски зони кои имаат просторни резерви за развој. Планските проекции се прилагодуваат на новите развојни интереси и иницијативи. Тоа особено се однесува на атрактивните простори за стопански развој лоцирани на клучните сообраќајни и трговски правци, стопанските зони, малите стопански единици интегрирани во структурата на населбите или надвор од урбаниот простор, а во согласност со тоа се дефинираат планските одредби и мерките за спроведување на Планот.

Просторната компонента на стопанскиот развој поставена врз моделот на концентрирана дисперзија се надополнува со определбите за поттикнување на просторниот развој на стопанството со современа технологија и разместување на капацитетите прилагодени на природните и создадените вредности како на урбаните, така и на руралните подрачја во Регионот.

Во просторно-планерскиот процес според методологијата и практиката, релевантна е просторната димензија на развојот на стопанството. Регионалниот просторен план содржи концепт на планиран просторен економски развој поставен врз валоризација на основните фактори на развој, особено поттикнувачките развојни фактори (човечкиот капитал и технолошкиот прогрес) кои објективно

претставуваат значаен сегмент на одржливиот развој на просторот и негово активирање и уредување во функција на идниот просперитет на регионалната и националната економија.

Генеративниот ефект на овој пристап е создавање пооперативен плански концепт кој дава насоки и определби кои ќе се преточат во приоритети и акции на развојната политика на локалната самоуправа, како клучен субјект во остварувањето на целите утврдени со Просторниот план на Регионот и секако во синергија со мерките и инструментите на економската политика на ниво на државата.

Во услови на процес на децентрализација, со посредничка улога на локалната самоуправа, треба да се создадат предуслови за подобра организација и координација во спрегата на сите заинтересирани актери во процесот на информирање, обезбедување средства, насочување и давање упатства за поактивно користење на расположливите потенцијали и унапредување на инвестициите на локално ниво. Пресудна е улогата на локалната самоуправа во преземањето иницијативи на својот простор за максимално координирање на активностите на сите заинтересирани субјекти во процесот на поттикнување на економскиот развој и обезбедување благостојба на граѓаните.

Значаен услов кој ќе го детерминира стопанскиот развој и разместеност на стопанските капацитети, претставува ефикасното заокружување и финализирање на реформските процеси што треба да се извршат во политичкиот систем и создавањето политички стабилни услови во земјата, реализацијата на радикалните зафати во стопанскиот систем, зголемувањето на акумулативната и репродуктивната способност на стопанството, преструктуирањето на стопанството, повисоката економска ефикасност, подобрувањето на финансиската состојба во Републиката, обезбедувањето дополнителна акумулација и др. Успешното приспособување на овие промени ќе овозможи максимизирање на позитивните економски ефекти како на национално, така и на регионално, односно локално ниво. Исто така, прилагодувањето на стопанството на Републиката на европскиот пазар е неодминлив услов со оглед дека Европската унија е значаен надворешен трговски партнер, а интеграциските процеси во Европа ќе имаат далекусежни економски и други последици врз натамошната соработка. Вклучувањето на стопанството од Републиката, односно Регионот во интегративните текови во Европа е условено од започнувањето на процесот на преструктуирање на стопанството, воведувањето на современите техничко-технолошки решенија и меѓународните стандарди.

***Цели***

Целите на просторниот економски развој се насочени кон обезбедување развојни импулси усогласени со постојниот и иден економски амбиент и опкружување. Развојот на Регионот во наредниот период ќе се базира на оние дејности кои и досега имале најголем удел во структурата на стопанството, индустријата, земјоделството, трговијата, туризмот преку унапредувањето на просторните содржини, особено инфраструктурните, со цел за зголемување на вработеноста и обемот на производство и услуги.

Целите на економскиот развој на Регионот се непосредно условени од развојната парадигма на одржливиот развој, која претставува неодминлив пристап во дефинирањето и согледувањето на економијата на Регионот во наредната деценија ипол.

Цели на идниот економски просторен развој на Регионот се:

- разместување на производните и услужните дејности во просторот врз принципот на рационално користење, организирање и уредување на земјиш-тето;

- унапредување и подобрување на патната поврзаност со поблиските и подалечните простори од Регионот со локални, регионални и меѓународни патни правци;

- квалитативни структурни промени на стопанските сектори;

- зголемување на обемот на суровини од земјоделството и шумарството во функција на зголемување на преработувачката индустрија со повисоки фази на преработка;

- насочување кон технолошкиот прогрес и интензивирање на процесот на вклучување на стопанството во меѓународните економски односи и во меѓународната поделба на трудот;

- поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја како детерминанта на позабрзан и порамномерен стопански развој и

- алокација на производните и услужните дејности со примена на системска, материјална, едукативна и друга поддршка за зачувување, заштита и унапредување на природната и создадената средина.

***Плански определби***

*Планска концепција на вкупниот просторен стопански развој*

Просторниот план е основа за обезбедување информации, насоки и определби за долгорочно проектираната глобална намена на просторот за лоцирање на производни и услужни дејности од која ќе произлезат конкретни инструменти на локално и национално ниво за реализација на таквата намена.

Насочувањето на организацијата, намената и функциите во одреден простор се темели на новиот пристап на планскиот развој поставен врз принципите на одржлив развој со што примарен станува квалитетот на животното опкружување, односно повнимателен однос спрема природните, културните и создадените ресурси. Врз овие основи, поттикнување на стопанскиот и севкупен развој на Регионот може да се постигне со селективна алокација на инвестициите, подобра сообраќајна поврзаност, со комунално опремување и изградба на објекти на општествен стандард, со даночната и кредитната политика, со политика на зголемување на инвестициите итн. Приматот во планираниот развој на вкупната економија на Регионот треба да добие и разместеноста на стопанските дејности во насока на порамномерен развој и алокација на стопанските активности со цел за поттикнување на развојот на недоволно развиените подрачја и пограничните населени простори.

Структурните промени треба да се темелат на постојните трендови и прецеси на производни реформи на стопанството, развојот на малите и средни претпријатија во сите стопански области, оптимизација на големината на претпријатијата, бројот на вработените, промена на организационата и управувачка функција во фирмите, можностите за поинтензивни инвестиции и примена на новите научно-технолошки сознанија и искуства итн.

Основа на преструктуирањето треба да бидат проектите кои остваруваат поголема економска стапка на развој, остваруваат финализација на примарното производство и поголем девизен ефект, ја подобруваат техничко-технолошката структура, штедат суровини и репроматеријали, особено енергија, придонесуваат за поефикасна заштита на човековата околина, овозможуваат поголемо ангажирање на работоспособното население и кадрите, овозможуваат порамномерен развој на Регионот и др.

Постојните материјални фондови остануваат потенцијал врз којшто ќе се надградува и развива стопанската структура во согласност со принципите на одржлив развој и заштита на квалитетот на водите на сливот на Охридското и Преспанското Езеро.

Со процесот на децентрализација забележителна е улогата на локалната власт во сферата на унапредување и поттикнување на условите за подинамичен развој на општината. Како приоритетна активност се издвојува изработката на програми за економски развој на ниво на општини со мерки и инструменти за реализација на овој план.

Во структурата на стопанството на Регионот носечка стопанска дејност и во наредниот плански период останува индустријата која ќе се темели на постојните капацитети и видови на индустрија, со натамошен развој на нови чисти технологии со кои ќе се запази животната средина и ќе се намалат сите видови ризици на повредливост на просторот.

Значајна стопанска дејност која отвора перспектива за овој Регион претставува земјоделството со натамошен развој на овоштарството, производството на градинарски култури и развој на сточарството.

Во таа насока се потребни дополнителни мерки за поддршка и поттикнување на производството на земјоделски производи и храна на овие простори. Како компаративна предност и приоритет во развојот на ова подрачје се поставува стимулирање на производството на здрава храна. Сето тоа ќе придонесе за одржување на населението во селските населби и претпоставка за развој на руралната економија.

Како приоритет на економскиот развој на Регионот останува определбата за поттикнување и искористување на можноста за прифаќање на нови пропулзивни индустриски гранки, засновани на новите научно-технички достигнувања со максимално почитување на принципите на одржлив развој и заштита на животната средина.

Развојот на градежништвото, сообраќајот и врските се значајни стопански области кои остваруваат забележително учество во создавањето на бруто домашниот производ на Регионот и идниот развој треба да се темели и на овие стопански области.

Туризмот и угостителството во економската структура на Регионот заземаат значајно место заради што оваа област е разработена во посебно поглавје "Развој на туризмот и организацијата на туристичките простори во Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион".

За остварување на овие определби потребни се акции со кои ќе се постави ефикасна база за развој во соработка и координација на соодветните владини ресори, на локалните авторитети и разни организации од трговскиот, финансискиот и кооперативно-организираниот бизнис сектор, вклучително и невладините организации.

*Просторна организација на стопанските дејности*

Разместеноста на стопанските капацитети во просторот, според објективните фактори, се врши на два начина:

- спонтано, со избор на локации на стопанските субјекти (претпријатија, капацитети, погони) според одлуките на одделните сопственици или менаџери и

- програмирано, со изградбата според предвидувањата и одлуките на државните органи и на органите во локалната самоуправа.

Со овие методи се дефинира просторната организација на стопанството која со текот на времето се остварува како дисперзија во просторот и концентрација на стопанството на одделни места. При доминацијата на пазарот и приватната сопственост во економскиот систем, оптимално решение претставува комбинацијата на концентрацијата и дисперзијата, како комплементарни приоди во развојот и просторната разместеност на стопанството во Регионот, што претставува и основна определба во Просторниот план на Р. Македонија во дистрибуцијата на производните и други комплементарни дејности.

Со спонтаното разместување на стопанските капацитети и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центриполови на развојот во кои според тековните услови стопанските активности се развиваат сé повеќе концентрирани во одделни "точки" од територијата на регионите и тие места стануваат стожери околу кои "ротира" и стопанисувањето од околниот широк простор. Оттаму потребата просторното планирање да обрнува посебно внимание на овие полови на развојот.

Во Охридско-преспанскиот регион постојат просторно и развојно интегрирани економски центри кои дејствуваат како полови на развој. При сегашното ниво на развиеност на државата и Регионот, градовите се носители на стопанската активност и на нестопанските дејности, речиси, според сите показатели.

Како доминантни полови на развој во Регионот се издвојуваат градовите Охрид, Струга и Ресен, додека постојните општински центри Белчишта и Вевчани носат атрибут на зачетоци на полови на развој.

Развојните полови, како поврзани единици во некаква "линија", ги формираат оските на развојот кои во минатото се формирале во зависност од географските карактеристики на просторите, т.е. според релјефот, течењата на реките и слично. Во денешно време доминантно значење имаат деловните односи меѓучовечките комуникации, географските белези, како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Оските на развојот ги повлекуваат линиите на инфраструктурните, посебно на сообраќајните системи, кои меѓусебно крстосувани, ја формираат целата мрежа на функции и намени во просторот.

На просторот на Охридско-преспанскиот регион присутни се две развојни оски дефинирани со Просторниот план на Р. Македонија: "Северната" и "Јужната развојна оска". "Северната" оска се формирала по Втората светска војна во северниот и западниот дел на државата и ги

поврзува градовите: Струга, Охрид, Кичево, Гостивар, Тетово, Скопје, Куманово и Крива Паланка. Оваа оска продолжува на исток кон Ќустендил - Р. Бугарија и на запад кон Елбасан - Р. Албанија.

Во Македонија постои и оската која би можела да се нарече "Јужна", макар што како таква досега е ретко споменувана. Таа ги поврзува градовите: Струга, Охрид, Ресен, Битола, Прилеп, Кавадарци, Неготино, Штип, Кочани и Делчево и продолжува кон Благоевград во Р. Бугарија. На запад продолжува кон Елбасан Р. Албанија. Нема големи изгледи да стане меѓународна, но внатре во земјата таа поврзува значајни полови на развој.

Овие оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизацијата на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на државата.

Општиот став во однос на планирањето на потребните површини за индустрија и сервиси во Регионот е дека треба да се уважува постојната просторно-планска документација со која веќе се резервирани површини за индустрија и услуги.

Со насоките и определбите за организација и уредување на просторот со работна функција и алокација на производните и други капацитети, треба да се обезбеди економски просперитет на населението и населбите како во урбаните, така и во руралните подрачја на Регионот. Развојот на стопанството се насочува кон алоцирање на производни технологии коишто не се во конфликт со режимот на заштита на овие простори. Со цел да се оствари поголема рационалност во користењето на просторот и избор на најоптималната локација за производните дејности потребно е со физибилити студија да се утврди економската оправданост за изборот на простор наменет за стопански дејности.

Во однос на формирањето на специфични производни целини во кои се издвојуваат по важност технолошките индустриски развојни зони, потребно е најпрво да се преиспитаат можностите што ги нудат постојните локации за стопанска намена, па дури потоа да се разгледува можноста за избор на нови простори со таа намена, детерминирани со Законот за технолошки индустриски развојни зони и со останатите фактори кои ја условуваат локацијата како што се зоните за заштита, заштитата на природните вредности, развиеноста и снабденоста со инфраструктура, поединечните и општи интереси на инвеститорот, развојните економски програми на градовите и општините, развојните интереси на национално ниво и слично.

## 2.2. Користење на земјоделското земјиште

***Појдовни основи***

Охридско-преспанскиот регион располага со 69.842 ха земјоделски површини (5,52% од вкупните во РМ) од кои 30.995 ха (5,53%) се обработливи површини.

Во рамките на Регионот, најголем дел од земјоделските и обработливите површини (39,05%), припаѓаат на општината Ресен, потоа следуваат општината Дебарца со 29,18%, Струга со 16,74%, Охрид со 13,77% и општината Вевчани со само 1,51% од вкупната обработлива површина на Регионот.

Климатските услови кои го карактеризираат овој регион се најповолни за одгледување на јаболкото, крушата, сливата, оревот и ситното (јагодесто) овошје.

Доминантна земјоделска гранка е овоштарството, со посебен акцент на јаболкопроизводството. Овоштарството е на високо светско ниво како по технологијата на одгледување, така и по добиените приноси по единица површина (над 40 т/ха). Производството на јаболко е најдоминатно во Преспа со повеќе од 75% од вкупното производство во Р.Македонија.

Графикон 1. Производство на овошје во 2005 г.




И покрај поволните природни услови за развој, состојбата во сточарството е незадоволителна во однос на расовата структура на добитокот, производството на добиточна храна и начинот на одгледуваање на добитокот (традиционален), поради што приносите се ниски, а производите скапи и неконкурентни на пазарот.

Како релативно "нова" сточарска гранка, пред неколку децении почна да се развива (реактивира) козарството, но резултатите сé уште се незначителни. Релативно задоволителни резултати во однос на продуктивноста се постигнати во живинарството (кокошки и бројлери).

Рибарството како земјоделска гранка се карактеризира со улов од отворени води (езерски и речни), во кој доминираат видовите: охридската пастрмка, јагулата, плашицата, крапот, преспанската белвица, кленот скобуст, крапот, писата и др. и улов од рибнички капацитети (калифорниска пастрмка и крап).

***Цели:***

- усогласување на обемот и начинот на користење на земјоделското земјиште со природните и почвените услови на соодветниот реон;

- запирање на тенденциите на стихијна пренамена на земјоделските површини во непродуктивни, особено во приградските опкружувања и заштита на земјоделското земјиште како главен предуслов за ефикасно остварување на производните функции;

- зголемување на економската ефикасност на аграрниот сектор и натамошно интензивирање на овоштарството со посебен акцент на јаболкопроизводството како доми-нантна земјоделска гранка;

- искористување на компаративните предности на Регионот и одделните микрореони за поголем степен на финализација и рестартирање на преработувачките капацитети и нивно задоволување со суровини и ориентација кон извоз;

- обезбедување на материјални и други услови за дефинирање на програмата за макро и микрореонирање на земјоделското производство за рационално искористување на природните ресурси;

- спречување на деградацијата на педолошкиот слој и подобрување на неговите производни својства, зголе-мување на обработливите површини на терените кадешто постојат услови, како и максимално можно интензивирање на земјоделското производство и

- иницирање на широка кампања за едукација, маркетинг и мотивација на земјоделските производители за примена на биотехнологии и еколошки ѓубрива.

***Плански определби***

*Полјоделство*

Доминантна земјоделска гранка во периодот до 2020 година во Регионот ќе биде овоштарството, односно производството на јаболко, првенствено од сортата ајдаред. Ќе се подигаат и нови сорти, барани на европскиот пазар, од групата на црвениот делишес, сортата ред чиф, од групата на

златниот делишес клонот Б, бребрн, обоени мутанти на јонаголд, чадел, муцу и други.

Јаболкото ќе биде најзастапено во општината Ресен. Од останатите овошни видови ќе бидат застапени крушата, сливите потоа црешата, оревот, јагодата и малината.

**Табела 1. Производство на овошје до 2020 год.**

| Култура | ОПШТИНА | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Охрид | Струга | Ресен | Дебарца | Вевчани |
| јаболко | 10200 | 8955 | 105000 | 1200 | 60 |
| круша | 2115 | 3972 | 4375 | 600 | 75 |
| дуњa | 150 | / | 17 | / | / |
| праска | 340 | 100 | 20 | / | / |
| кајсија | 48 | / | / | / | / |
| слива | 1230 | 1635 | 420 | 1200 | 160 |
| цреша | 600 | 192 | 195 | 45 | 15 |
| вишна | 12 | 50 | 130 | / | / |
| орев | 208 | 520 | 132 | 200 | 40 |
| јагода | 200 | 120 | / | 100 | 12 |
| малина | 20 | 80 | / | 50 | 10 |
| капина | 20 | 30 | / | / | 12 |
| ВКУПНО: | 15143 | 15654 | 110289 | 3395 | 384 |

За реализација на овие предвидувања, неопходно е обезбедување на следниве предуслови:

1) активирање на преработувачките капацитети во општините Ресен и Охрид;

2) изградба на современи капацитети за прием и смрзнување на јагоди со капацитет од 8.001.000 тони и

3) стимулирање на изградба на ладилници со контролирана атмосфера во општината Ресен за 5.060.000 тони, а во општините Охрид и Струга за по 8.000 тони квалитетно и контролирано чување на зимските сорти на круша, наменети за европскиот пазар.

Полјоделските култури до 2020 година ќе доминираат во општината Струга, потоа Дебарца и Ресен, фуражните култури во општината Дебарца, а градинарските во општините Дебарца и Струга.

**Графикон 2. Застапеност на земјоделските култури (ха)**




Производството на јаболка до 2020 година ќе биде најзастапено *во општината Ресен*, кадешто за таа намена се предвидува подигање на уште 600 ха високоинтензивни насади со сортименти првенствено наменети за европскиот пазар. Од останатите култури во општината Ресен се предвидува производство на круша, слива, цреша и вишна, како и орев, која дава високи приноси

и одличен квалитет, а има многу едноставен начин на одгледување.

Од полјоделските култури се предвидува пченицата со 1.000 ха, претежно како култура за извршување на плодоредот, потоа ´ржта со 20 ха, јачменот со 100 ха и пченката со 50 ха.

Од градинарските култури, најперспективен е компирот, бидејќи дава добри резултати на повисока надморска височина и има одличен вкус.

Од фуражните култури ќе преовладуваат луцерката и детелината.

И *во општината Охрид* до 2020 година во структурата на земјоделското производство, значајно место ќе му припаѓа на овоштарството со акцент на производството на јаболко, круша, цреша, праска, слива, орев и ситно овошје (јагода, малина и капина). Производството на винова лоза ќе се задржи во постојните рамки, со тоа што се предвидува обновување на старите насади со посовремени сортименти од вински и асталски сорти.

Од полјоделските култури ќе доминира пченицата и пченката, додека ´ржта и овесот ќе бидат застапени на симболични површини.

Од градинарските култури ќе се одгледуваат пиперот и доматите, компирот, кромидот, грашокот и зелката, а од фуражните детелината, луцерката, граорот, добиточниот грашок и добиточната репка.

Во производството на овошје до 2020 година *во општината Струга* ќе бидат застапени: јаболкото, крушата, сливата, јагодата црешата и праската, од кои најдобри резултати дава оревот. За овие простори и малината е перспективна култура, бидејќи бара повисоки места "богати" со воздушна влага.

Поради малите површини на обработливо земјиште, полјоделските култури ќе бидат застапени во помал обем, и тоа: пченица, ´рж и овес и пченка.

Од градинарските култури се предвидуваат: компирот, доматот, кромидот, грашокот, зелката, краставицата и бостанот.

Од фуражните култури, се предвидува одгледување на луцерка, детелина и добиточен грашок, добиточна репка и граор.

Во планскиот период во *општината Дебарца* од овошните култури ќе се одгледува: јаболкото, крушата, сливите, оревот, јагодите, малините и црешите. Од поледелските култури ќе бидат застапени пченицата и јачменот, а најдоминантна ќе биде пченката.

Од градинарските култури ќе доминира компирот како чист посев, потоа грашокот и пиперот, кромидот, лукот, краставицата, зелката и доматот.

Развојот на овоштарството во *општината Вевчани* во планскиот период ќе базира на одгледување на јаболко, круша, орев и јагодесто овошје.

Од полјоделските култури ќе се одгледува пченката, пченицата, јачменот и компирот.

Градинарските култури ќе бидат застапени со грав како меѓупосев, домат и пипер.

*Пчеларство*

Како перспективна земјоделска гранка, која обезбедува здрава храна, пчеларството ќе претставува дополнителна дејност за дел од населението во Регионот. Најинтензивно ќе се развива во општините со најмногу овошни насади.

Во планскиот период треба да се зголемат пчелните семејства за да се задоволи потребата од покриенот на секој ха насад со најмалку едно пчелно семејство.

**Табела 2. Развој на пчеларството до 2020 год.**

| Пчелни семејства до 2020 год. | | |
|---|---|---|
| Ред. Бр. | Општина | Семејства |
| 1 | ДЕБАРЦА | 500 |
| 2 | ОХРИД | 1600 |
| 3 | РЕСЕН | 3500 |
| 4 | СТРУГА | 1500 |
| 5 | ВЕВЧАНИ | 100 |

*Сточарство*

Во планскиот период во сточарството се очекува подобрување на расовата структура, условите за одгледување, односно спроведување на потребните зоотехнички мерки за сите видови добиток (соодветна селекција, здравствена заштита, подобрување на исхраната и сместувањето), со цел да се зголеми производството од грло на добиток. Еден од основните услови за развој на сточарството во планскиот период е вложување во производството на добиточна храна, односно обезбедување доволни количества квалитетна и евтина храна за добитокот.

За остварување на предвиденото сточарско производство, потребно е да се формираат силни сточарски здруженија за меѓусебна соработка на сточарите, едукација и организирано настапување на пазарите за пласман на своите производи. За зголемување на производството, подобрување на квалитетот и конкурентноста на производите, потребно е и воведување на економски мерки за поддршка на здруженијата и стимулација на сточарското производство. Во *говедарството* се предвидува минимално зголемување (1,9%) на бројот на говеда, а акцентот ќе биде врз обновување на стадата и промена во расовата структура на говедата, односно поголема застапеност на благородните раси и нивните мелези. Во *овчарството,* исто така, се предвидува минимално зголемување (за 2,7%), но битна промена во расовата структура на овците, со тоа што во рамничарскиот дел повеќе ќе се одгледуваат овци со производна насока млеко-месо, а во повисокиот дел со насока месо-волна. Во *свињарството* се предвидува незначително зголемување од 1,5%, како и селекција и подобрувањето на производните способности за да се искористи нивниот генетски потенцијал, воведување на вештачко осеменување со семе од висококвалитетни машки расплодни грла. Во живинарството, каде што постојат недоволно искористени капацитети, се предвидува и воведување на бројлерско производство во сите општини.

**Табела 3. Развој на сточарството до 2020 година**

| Општина | говеда | овци | свињи | живина |
|---|---|---|---|---|
| РЕСЕН | 1660 | 2800 | 960 | 133500 |
| ОХРИД | 1800 | 3900 | 1250 | 111000 |
| СТРУГА | 7700 | 9600 | 4460 | 119000 |
| ВЕВЧАНИ | 140 | 1650 | 460 | 6400 |
| ДЕБАРЦА | 1170 | 5900 | 1860 | 195000 |
| ВКУПНО | 12470 | 23850 | 8990 | 564900 |

Во планскиот период производството на кравјо млеко ќе се зголеми за 15,6% и ќе достигне 7.360 тони годишно, по пат на зголемување на млечноста на кравите и промената во расовата структура. Производството на овчото млеко ќе се зголеми за 6,4%, со зголемување на бројот на молзни овци.

Производството на јајца се предвидува да се зголеми за 34,2 %, односно да достигне 44, 3 милиони јајца годишно. Зголемувањето на производството базира на зголемување на бројот на несилки и годишниот број на јајца од несилка.

Исто така, се предвидува и зголемување на прирастот и тоа:

- кај говедата за 4,9%, односно вкупниот прираст да се зголеми за 17% и до 2020 година да достигне вредност од 996 тони на ниво на Регионот;
- кај овците за 2,9%;
- кај свињите за 6,8% по пат на подобрување на условите за одгледување и спроведување на селекција, односно подобрување на плодноста на свињите и
- во живинарството зголемување на прирастот од кокошки за 11,4% и прирастот од бројлери за 20,7% во општината Дебарца, односно за 22,2% во општината Струга. До 2020 година се предвидува воведување на бројлерско производство и во другите општини од Регионот, така што би се постигнал вкупен прираст од бројлери на ниво на Регионот од 38,4%, сметајќи на 1,3 кг месо од еден бројлер.

Планските мерки предвидуваат и зголемување на производството на добиточна храна во Регионот од 36.240 на 39.928 тони крмни единици (за 10%), кое се базира врз зголемување на приносот од

единица површина, затоа што површините под фуражни култури се ограничени. Вкупниот биланс на добиточна храна на ниво на регион укажува на недостиг на добиточна храна која ќе треба да се обезбеди од други извори.

*Рибарство*

Во периодот до 2020 година рибното производство ќе доминира во општините Струга, Ресен и Охрид.

Речното производство поради ограничениот капацитет на водите нема значајно да се зголеми во планскиот период.

Вкупното производство на риба во планскиот период се проценува на 1.850 тони.

**Табела 4. Проекција на рибарството до 2020 год.**

| Општина | Предвидувања до 2020 година | | |
|---|---|---|---|
| | Вкупно | Од природни езера и вештачки акумулации | Од рибници |
| Ресен | 500 | 200 | 300 |
| Охрид | 300 | 300 | / |
| Струга | 850 | 550 | 300 |
| Вевчани | 100 | / | 100 |
| Дебарца | 100 | 50 | 50 |
| ВКУПНО | 1850 | 1100 | 750 |

Предвидениот пораст на улов во општината Ресен ќе се реализира преку зголемување на уловот од Преспанското Езеро (нивичка и крап), активирање на топловодниот рибник Асамати за производство на крап, главаш (тостолобик), бел амур и сом, рибниците во с. Крушје (крап) и постојните и идни акумулации и помали рибници првенствено за производство на пастрмка.

Во општината Охрид, по стабилизирање на сегашната неповолна состојба со рибниот фонд, се очекува пораст на уловот од Охридското Езеро и помалите крајбрежни рибници.

Општината Струга има најголем потенцијал за рибно производство, кој за планскиот период се оценува на 850 тони од Охридското Езеро, акумулацијата Глобочица (пастрмка), рибниците Луково и Модрич за пастрмка и идни нови рибнички капацитети.

Во општината Вевчани очекуваниот улов на риба се предвидува да се обезбеди со изградба на рибник со користење на вода од Вевчанските извори.

Општината Дебарца може да оствари производство од 50 тони риба (крап) во планскиот период од Слатинската акумулација. Исто така, постојат добри можности за оформување на мрестилиште за автохтони видови на риби и природен резерват на флората и фауната во Белчишкото поле.

*Мерки за одржливо земјоделство*

Воведувањето на интензивното овоштарско производство доведе до се поголема употреба на вештачките ѓубриња, што доведува до деградација на почвата и загадување на проточните, а преку нив и на езерските води, особено со фосфор кој е најголем деструктор на почвата и водата. Природните ѓубриња се користат за градинарските култури, а во овоштарството само при подигнување на овошните насади.

Спречување на натамошното деградирање на почвата и водата од земјоделското производство може да се постигне со примена на мерки за одржлив развој, кои подразбираат:

1) поголема употреба на природни ѓубриња, компостирање на разни тревни смески, засејување со легуминозни култури меѓу редовите на овошните насади, заорување и затревување со култивирани треви и перманентно косење во целиот вегетативен процес;

2) контролирана употребува на вештачки ѓубриња во согласност со потребата на растенијата, односно врз основа на анализи во почвата и лисјата, за одредување на количеството на макро или микроелементи кои недостасуваат. Во таа насока од особено значење е работата на лабораторијата за почвени и агрохемиски анализи во Ресен и

"прогнозерите" кои даваат податоци за времето и начинот на третирање на овошните растенија против болести и штетници;

3) потреба на т.н. еколошки ѓубрива компонирани со природни елементи кои се додаваат преку системите за наводнување, а најповеќе преку системот капка по капка и

4) примената на т.н. систем капка по капка кој ги дава следниве ефекти:

- намалување на преголемата употреба на вода за наводнување;

- сведување на деградацијата на почвата на минимум;

- обезбедување на елементите кои се неопходни за одредена култура;

- заштеда во работна рака и енергија и

- намалување на цената на чинење на одреден производ.

## 2.3. Шуми и шумско земјиште

***Појдовни основи***

Во Охридско-преспанскиот регион се сконцентрирани 10,97% од шумите во државата. Од вкупната површина на Регионот шумите и шумското земјиште се застапени на 47,23% од површината (109.510,93 ха).

Според формата на одгледување доминираат високостеблестите шуми кои се застапени на површина од 22.458 ха, нискостеблестите шуми и шикарите се застапени на површина од 80.030 ха, а шикарите се застапени на површина од 5.156 ха.

Во однос на видовиот состав, преовладуват лисјарските дрвни видови и грмушки коишто покриваат 95,84% од површините под шуми и шикари. Најзастапен дрвен вид во Регионот е дабот на површина од 42.457 ха, односно 38,61%, потоа буката на 35.254 ха, односно 29,33 %. Иглолисните видови се застапени на површина од 4.576 ха, односно 4,16%, а доминантни дрвни видови се црниот бор (1.200 ха) и елата (1.120 ха).

Сите шуми во Регионот се уредени, односно шумите за економско-стопанска намена се опфатени со планови за стопанисување со шумите, а шумите во националните планови и програми за управување.

Според намената, во рамките на Регионот, егзистират повеќе категории на шуми:

- шуми за стопанска намена (економски шуми) кои се застапени на површина од 81.617,10 ха, односно 84,9% од вкупната површина под шуми и шикари;

- шуми во национални паркови, застапени на површина од 15.445,08 ха, односно 15,91% (Националниот парк "Галичица" Охрид 14.458,60 ха и Националниот парк "Пелистер Вртеш-ка" 986,48 ха);

- шуми за заштита од ерозија и поројни надоаѓања, кои не се издвоени како посебна категорија, но се значително застапени и опфатени во категоријата на стопанско-економски шуми и

- шуми за спорт, рекреација, туризам и др. кои егзистираат на помали површини, но и тие не се издвоени како шуми со посебна намена.

Според формата на одгледување, шумите се поделени на:

- високостеблести (од генеративно потекло семе) застапени на површина од 29.152 ха, односно 26,51% кои доминираат во планинскиот појас, од 10001100 до 16001700 м.н.в.;

- нискостеблести изданкови (од вегетативно потекло изданци) застапени на површина од 74.874 ха, односно 68,10% и доминираат во ридскиот и претпланинскиот појас, до 10001100 м.н.в. и

- шикари (крајно деградирани шуми од вегетативно потекло изданци) заста-пени на површина од 5.156 ха, односно 4,69% во најниските шумски појаси во Регионот.

Вкупната дрвна маса на шумите во Охридско-преспанскиот регион изнесува 9.762.005 $м^3$, што е 11,2 % од вкупната дрвна маса во Републиката.

Од вкупното количество на дрвна маса во Регионот, најголема дрвна маса е концентрирана во општините Охрид 4.056.284 $м^3$ или 41,09%, следува Струга со 3.193.571 $м^3$ или 32,35% и Ресен со 2.319.501 $м^3$ или 23,50%. Значаен дел од шумите за стопанска намена вршат и специјални функции - намени: заштита на земјиштето од ерозија, заштита од поројни надоаѓања и поплави, заштита на инфраструктурни објекти и системи и друго.

Вкупниот годишен прираст на шумите во Регионот изнесува 264.418 $м^3$, односно 13,68 % од прирастот на шумите во РМ.

Прирастот е најголем на подрачјето на општините Охрид 159.022 $м^3$ или 60,14% (од прирастот на шумите во Регионот), во Струга 62.946 $м^3$ или 28,9% и во Ресен 61.773 $м^3$, односно 28,4%.

Вкупниот годишен сечив етат во Регионот изнесува 156.778 $м^3$ и тој е распределен на подрачјето на општините Охрид со 62.342 $м^3$, Струга со 40.605 $м^3$ и Ресен со 49.529 $м^3$.

По дрвни видови најголем етат има буката 96.194 $м^3$, а потоа дабот горун 34.151 м3, дабот плоскач 8.126 $м^3$ итн. Од иглолисните дрвни видови, најголем етат има елата 2.811 $м^3$ и црниот бор 629 $м^3$.

Во Охридско-преспанскиот регион во сортиментната структура на шумите доминира огревното дрво.

Во 2003 година основната сортиментна структура била:

- техничко дрво 3.519 $м^3$ и
- огревно дрво 65.430 $м^3$.

Охридско-преспанскиот регион се карактеризира со најдобра просечна отвореност на шумите од 13,23 км/$км^2$ која е скоро двојно подобра од републичкиот просек.

Во Охридско-преспанскиот регион се застапени 20 шумски растителни заедници. Климатогените растителни заедници се одраз на влијанието на климата и се најдобар индикатор на климатските зони - појаси.

Од стопански и еколошки аспект, најраспространети и најзначајни се следниве шумски растителни заедници на:

- дабот благун и белиот: As. Querco Carpinetum orientalis Rud. Apud. Ht (1946);
- дабот плоскач и церот: As. Quercetum frainetto (confertae) Cerris Oberd (1948) et Ht (1959);
- горунови шуми: Ас. ОрноЉуерцетум петраеае;
- подгорска букова шума: As. Festuco heterophyllae Fagetum Em (1965);
- горска (планинска) букова шума: As. Calimintho grandiflorae Fagetum Em (1965) и
- субалпска букова шума: Fagetum subalpinum scardopindicum Em (1961).

***Цели***

Целите на идното управување со шумите во Охридско-преспанскиот регион произлегуваат, односно се во согласност со стратешките проекти во врска со оваа проблематика, а пред сé со Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Р. Македонија до 2025 година, Просторниот план на Р. Македонија до 2020 година и посебните плановите за стопанисување (одгледување и заштита) со шумите во регионот и пошироко.

Со горе наведените стратешки и други проекти, приоритет се дава на следниве цели:

- одржливо користење, проширување и унапредување на шумскиот фонд;
- поголема застапеност на лисјарските и автохтоните дрвни видови;
- подобрување на сортиментната структура;
- рационално и економично користење на дрвото и отпадот од дрвото;
- проширување и стандардизирање на асортиманот на производство;
- подобрување на условите и можностите за користење на потенцијалите на другите шумски производи;
- збогатување и проширување на биодиверзитетот, особено фауната;
- постигнување на одржлива и развојна рамнотежа во користењето на природните ресурси (шуми, вода, почва, биодиверзитет и сл);
- валоризација на општокорисните - еколошките функци на шумите;
- подобрување и унапредување на системот за заштита на шумите и сл. и
- интегрирање на аспектите на управување со антропогената ерозија и пороите во релевантните секторски политики во Регионот и државата.

***Плански определби***

*Користење и заштита на шумите и шумското земјиште*

Проекцијата за унапредување на шумарството во планскиот период е направена врз основа на постојните природни и социо-економските услови во Регионот и државата, а согласно планските определби во Просторниот план на Р. Македонија и Стратегијата за одржлив развој на шумарството.

Од досегашното искуство при изработката на главните плански документи, а особено нивната имплементација, се констатира дека истите се предимензионирани и нивната имплементација е само

делумна. За овој Регион се изработени и усвоени низа плански документи (дури и на ниво на основен главен проект, но до денес, за жал, не се реализирни).

*Пошумувања и подобрување на квалитетот на насадите*

Зголемувањето на површините под шуми треба да е согласно со глобалната реорганизација и категоризација на просторот.

Пошумувањето треба да се изведе:

- на терени на кои е извршено разграничување на земјиштето бонитирање,
- на терени каде што се добиваат најголеми ефекти (зголемен прираст, подобрување на животната средина, туристичко-рекреативни цели и др.) и
- на терени каде што постои и друга намена (регулирање на водниот режим, ерозивни подрачја, заштита на населби, патишта, воени, комунални и други објекти, хигиенски и санитарни функции и сл.).

До 2020 година во Охридско-преспанскиот регион треба да се пошумат 6.700 ха голини и ерозивно земјиште со просечна годишна динамика од 323 ха. По општини распределбата е следнава: Охрид 3.250 ха, Струга 1.000 ха и Ресен 3.200 ха.

Подобрувањето на квалитетот на шумите треба да се изведе преку подобрување на видовиот состав и преведување на нискостеблестите во високостеблести, реконструкција на деградираните шуми и нивно преведување во попродуктивни шуми, а потребно е и преземање на одгледувачки мерки во сите развојни фази, посебно кај развојот на младите шуми, како и спроведување на обновителни сечи со интродукција (директна конверзија) во многу деградираните насади.

Со помош на планираните пошумувачки и одгледувачки зафати значително ќе се подобри квалитетната структура на шумите.

**Табела 5. Проекција на шумскиот фонд до 2020 год.**

| Ред. бр. | Подрачје | Површина ха | Дрвна маса | | Прираст | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 000 м3 | м3/ха | 000 м3 | м3/ха |
| 1 | Ресен | 25.800 | 4.860 | 188,4 | 98 | 3,80 |
| 2 | Охрид | 49.100 | 5.320 | 108,4 | 135 | 2,75 |
| 3 | Струга | 25.300 | 3.800 | 150,2 | 59 | 2,33 |
| | Вкупно | 100.200 | 13.980 | 139.5 | 292 | 2.91 |

*Заштита на шумите*

Од аспект на заштита на шумите од штетници и болести, може да се констатира дека воспоставениот систем на заштита добро функционира, а потребно е негово техничко-технолошко доопремување. Особен осврт треба да се даде на заштитата од пожари поради опасноста од зголемување на пожарите со оглед на предвидените климатски промени.

Заштитата од бесправни дејства, бесправни сечи, бесправно користење на минерални суровини, шумски производи и друго, заслужува посебно внимание. Во изминатите години тие имаа тренд на енормно зголемување што, пред сé, се должи на непочитувањето на законската регулатива, слабости во системот македонски шуми, инертноста на судството. митото и курупцијата. Состојбата во врска со бесправните сечи во Регионот е значително поповолна споредено со другите региони на државата. Приоритетни мерки и активности за ублажување и санирање на ваквата состојба се следниве: доекипирање и опремување на шумската полиција, реформирање на судскиот систем, реформи во системот ЈП Македонски шуми и др.

*Унапредување на производството*

Планираниот сечив етат е во директна корелација со зголемувањето на прирастот и дрвната маса. Ако се зголемат овие елементи, реално е да се очекува зголемување на планираниот сечив етат до 195.000 $м^3$ при што би се очекувало производство на 177.000 $м^3$ дрвни сортимети и 18.000 $м^3$ отпадок при сеча.

**Табела 6. Сортиментна структура во планскиот период**

| Подрачје | Проекција до 2010 | | | Проекција до 2020 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | техничко дрво | огревно дрво | вкупно | техничко дрво | огревно дрво | вкупно |
| Ресен | 8000 | 26000 | 34000 | 17000 | 23000 | 40000 |
| Охрид | 14000 | 69000 | 83000 | 30000 | 67000 | 97000 |
| Струга | 11000 | 39000 | 50000 | 13000 | 45000 | 58000 |
| регион | 33000 | 134000 | 167000 | 60000 | 135000 | 195000 |

Планирана е модернизација на постојните погони за преработка на дрвото.

Врз основа на отпадоците, освен постојните капацитети, до 2020 година се предвидува подигање на погони за производство на брикети и тоа врз основа на суровината која се добива од:

- отпадоци кои се создаваат во преработката и обработката на дрвото во Струга,

- отпадоци кои се создаваат при сеча во шумите во општините Охрид и Ресен, Струга и

- отпадоци кои се создаваат како нус производ во земјоделството во Охрид, Ресен и Струга.

Површини погодни за одгледување на недрвни шумски производи, во границите на шумата, има доволно. Според процените, за застапеноста на останатите шумски производи (лековити и други индустриски билки, шумски плодови, габи и сл.) на површина од околу 40.000 ха шуми и шумско земјиште секоја година се продуцира околу 6.000 тони свежа биомаса на недрвни шумски производи, односно околу 2.000 тони корисна биомаса во сува (пазарна) состојба.

Заради заинтересираност и учество на локалното население во ридскиот и ридско-планинскиот регион треба да се направат обиди со насади од шумски овошки.

Оптималната густина на патната мрежа претставува техничко-економски показател за степенот на отвореноста на шумата со шумски патишта, изразен во метри должни на еден хектар шумска површина, кој обезбедува минимални вкупни транспортни трошоци. Таа е променлива големина и зависи од конкретните услови. Заради оптимизација на транспортот потребно е да се изработат т.н. генерални планови за отворање. Густината и квалитетот на патната мрежа во овој Регион може и треба да се зголеми. Покрај ова потребно е задолжително да се изработуваат основни проекти за шумските патишта.

**Табела 7. Отвореност на шумите во планскиот период**

| Подрачје | Проекција до 2010 | | | | Проекција до 2020 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | тврди км | меки км | вкупно км | густина м/ха | тврди км | меки км | вкупно км | густина м/ха |
| Ресен | 57 | 251 | 308 | 11.8 | 68 | 297 | 365 | 13.2 |
| Охрид | 191 | 594 | 785 | 12 | 228 | 760 | 988 | 14.3 |
| Струга | 55 | 236 | 291 | 11 | 66 | 284 | 350 | 12.5 |
| регион | 303 | 1081 | 1384 | | 362 | 1341 | 1703 | |

***Ловство***

*Унапредување на ловството*

За унапредување на ловството во Регионот, неопходни се следниве мерки и активности:

- подобрување на државната политика во врска со ловството;

- заострување на казнената политика (судскиот систем);

-развој на репроцентри за крупен и ситен дивеч преку враќање на дел од средствата кои концесионерите ги уплаќаат во Буџетот на РМ и

- активности за уредување на ловиштата т.е. изградба на заседи, набљудувачници, хранилишта, солишта и сл.

Врз основа на капацитетот е одреден и можниот годишен застрел во одреденото подрачје од Охридско-преспанскиот регион.

**Табела 8. Нормална бројна состојба на дивечот (капацитет и годишен застрел)**

| Подрачје | КАПАЦИТЕТ И МОЖЕН ГОДИШЕН ЗАСТРЕЛ НА ДИВЕЧОТ | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | дивокоза | | дива свиња | | див зајак | | полска еребица | | еребиц. камењ. | | ловен фазан | |
| | Кап. | Зас | Кап. | Зас | Кап. | Зас | Кап. | Зас | Кап. | За | Кап. | Зас |
| Ресен | 240 | 24 | 450 | 200 | 750 | 270 | 1137 | 523 | 58 | 20 | 300 | 131 |
| Охрид | | | 868 | 391 | 1131 | 407 | 1959 | 901 | 96 | 32 | 480 | 210 |
| Струга | 118 | 16 | 666 | 300 | 1322 | 476 | 3948 | 1216 | 135 | 45 | 2174 | 950 |

Кап.капацитет; Зас. застрел

## 2.4. Водни ресурси и водостопанска инфраструктура

***Појдовни основи***

Согласно со Просторниот план на Р. Македонија територијата на државата е поделена на 15 водостопански подрачја. Охридско-преспанскиот регион ги опфаќа ВП "Охридско-струшко" и ВП "Преспа". ВП "Охридско-струшко" го опфаќа сливот на Охридското Езеро од македонска страна и сливот на реката Црн Дрим од истекот од Охридското Езеро до профилот на ХЕ "Глобочица".

ВП "Преспа" го опфаќа сливот на Преспанското Езеро од македонска страна.

*Водоснабдување*

Во Охридско-преспанскиот регион само градовите и околните села имаат организирано водоснабдување преку регионални водоснабдителни системи.

Во општината Охрид водоснабдувањето на градот и блиските села (8 од вкупно 32) се врши од Охридскиот водоснабдителен систем.

Во општината Струга градот Струга и уште 21 село (од вкупно 54 села) се снабдуваат преку Струшкиот водоснабдителен систем.

Градот Ресен се снабдува со вода преку регионалниот водоснабдителен систем Крушје-Ресен-Сирхан и алтернативниот изворник бунарското подрачје Царев Двор.

Во општина Дебарца за регионалниот водовод "Радомирово" преку кој се водоснабуваат четири села се зафаќаат води од извори во близина на ХЕЦ "Песочанка".

Во Вевчани водоснабдувањето се врши од изворите Црвено Кладенче, Мурџја Ливада и Вевчанските извори.

Водоснабдувањето на индустриските капацитети претежно е преку сопствени водоснабдителни системи, се користи вода од бунари, извори или проточни речни води. Мал дел се снабдуваат од водоснабдителните мрежи на населените места.

*Наводнување*

Во Охридско-преспанскиот регион се наводнуваат 7.645 ха обработлива површина за кои е потребно да се обезбеди 45.589 $x10^3m^3$/год вода.

**Табела 9. Потребна количина на вода и изворници за наводнување**

| водостопанско подрачје | површина за наводнување | просечна норма за наводнување | потребна количина на вода | изворник на вода |
|---|---|---|---|---|
| | ха | $m^3$/ха | $m^3x10^3$ | |
| Охридско Струшко | 4010 | 5948 | 26236 | р. Коселска, Сатеска, Црн Дрим, Охридско Езеро, акумулација Шум |
| Преспа | 3635 | 4840 | 19353 | Преспанско Езеро |
| се вкупно | 7645 | | 45589 | |

*Брани и акумулации*

Во Охридско-преспанскиот регион се изградени акумулациите "Глобочица" на Црн Дрим и "Слатино" на реката Слатина.

**Табела 10. Акумулации во Охридско-преспанскиот регион**

| | ВП | акумулација | водотек | Волумен м$^3$х $10^6$ | | кота на нормално ниво | намена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | бруто | корисен | м.н.в | |
| 1 | Охридско | Глобочица | Црн Дрим | 58 | 13 | 691 | е,з,ом,кп |
| 2 | Струшко | Слатина | Слатина | | 2 | | н |

*е енергетика; н наводнување; з задржување на наноси; ом оплеменување на мали води; кп контрола на поплави*

*Енергетика*

Во Охридско-преспанскиот регион се наоѓа хидроцентралата "Глобочица" која е дел од системот на Црнодримски хидроцентрали заедно со ХЕЦ "Шпиље".

*Заштитата на водите од загадување*

Во 1988 година започната е изградбата на системот за заштита на Охридското Езеро од комунални отпадни води, примарниот колектор сé уште не е целосно изграден. Пречистителната станица со капацитет од 120.000 ЕЖ се наоѓа во селото Ложани. Пречистените отпадни води се испуштаат во реката Црн Дрим.

За заштита на Преспанското Езеро во функција е пречистителна станица со капацитет од 12.000 ЕЖ кај селото Езерани. Изградена е во 1989 година. Пречистените отпадни води се испуштаат во Преспанското Езеро.

Во Охридско-преспанскиот регион индустриските капацитети не вршат пречистување на отпадните води, водите ги испуштаат водите директно во реципиент или во градската канализациона мрежа.

*Заштита од поплави*

За заштита од поплави на Струшко Поле е извршена:

- регулација на Црн Дрим во Струга во должина од 0,85 км и низ Струшкото Поле во должина од 10 км;
- префрлување на реката Сатеска во Охридското Езеро;
- изграден е времен регулационен објект при излезот на Црн Дрим од Охридското Езеро и
- изграден е систем за одводнување.

Во Преспанскиот регион се преземени активности за ревитализација на коритото на Голема Река.

*Системи за одводнување*

Главен реципиент за прифаќање на водите и одводнување на Струшкото подрачје е реката Црн Дрим.

Системот за одводнување на Преспанското Поле ги зафаќа двете крајбрежја на Голема Река, која е и главен реципиент.

**Табела 11. Системи за одводнување во Охридско-преспанскиот регион**

| ВП | систем за одводнување | површина за одводнување /ха/ | основна каналска мрежа /км/ | детална каналска мрежа /км/ |
|---|---|---|---|---|
| Охридско-струшко | Струшко Поле | 2.680 | 16,9 | 70,1 |
| Преспа | Преспанско Поле | 1.800 | | 45,0 |
| вкупно | | 4.480 | 16,9 | 115,1 |

*Заштита од ерозија и порои*

*Слив на Охридскто Езеро*

Просечниот коефициент на ерозија за охридскиот слив изнесува $Z_{ср}$= 0,19, со што се вбројува во подрачје со V категорија на разорност.

**Графикон 3. Распределба на ерозијата според категоријата на разорност**




Поголемиот дел од сливот (42%) е под послаби процеси на ерозијата. Во категоријата најтешки облици на ерозија (I и II) спаѓаат само 6% од сливот, но тие претставуваат огромни изворишта на нанос.

Притоките на Охридското Езеро имаат изразито пороен карактер. Посебен проблем претставува реката Сатеска која со своето природно корито е десна притока на р. Црн Дрим. Таа има најголем пренос на нанос (112.907 $м^3$/год.). Покрај механичко загадување со нанос, р. Сатеска предизвикува и хемиско загадување.

Други поројни реки во сливот на Охридското Езеро се Коселска Река со притоките Скребатска, Вапилска, Сирулска и Летничка Река.

Сливното подрачје на реката Црн Дрим до профилот на браната Глобочица, изразен преку коефициент на ерозија изнесува Z= 0,24, спаѓа во IV категорија на разорност.

*Слив на Преспанското Езеро*

Сливното подрачје на Преспанското Езеро се вбројува во IV категорија на разорност изразено преку просечниот коефициент на ерозија $Z_{ср}$= 0,33.

**Графикон 4. Распределба на ерозијата според категоријата на разорност**




Поголемиот дел од сливот (69%) е под послаби процеси на ерозијата. Во категоријата најтешки облици на ерозија (I и II) спаѓаат 13% од целиот слив.

Во општината Ресен поројни реки се Брајчинска, Кранска, Манастирска, Курбинска, Грнчарска и Мелничка кои извираат од планината Баба. Од падините на планината Бигла дотекуваат реките Крива Река (Голема Река) и Сопотска, потоа Болнска, Источка и Стипонска кои во горниот слив се поројни, а во долниот имаат карактеристики на рамничарски реки.

Директни загадувачи на Преспанското Езеро кои носат големи количини на нанос се: Брајчинска, Кранска, Манастирска и Сучка.

*Цели:*

- долгорочно дефинирање на потребите и приоритетите во обезбедувањето и начинот на користење на водите;
- утврдување на спротивностите на интересите во однос на користењето на водите и предлог-мерки за нивно разрешување;
- дефинирање на водостопанскиот развој во согласност со пошироките општествени развојни цели;
- планска резервација на просторот (коридори) потребен за идниот развој на

водостопанската инфра-структура во Регионот;

- максимално зафаќање на можните изворишта во регионални системи со што ќе се овозможи поголем број корисници да се снабдуваат со вода со потребниот квалитет и количина;

- перманентно истражување на подземните води во обем што ќе ги дефинира потенцијалните ресурси и

- ефикасно спречување на пороите и ерозијата преку согледување на проблемот во целиот слив на водотекот, односно избегнување на парцијално решавање на проблемите во ерозивните подрачја.

***Плански определби***

*Водоснабдување*

Потребните количини од вода во Охридско-преспанскиот регион до 2020 година пресметани се врз основа на усвоени норми за водоснабдување (л/ден/жител), соглсно со Просторниот план на Р. Македонија, во кои се земени предвид демографскиот развој, развојот на стопанството и индустријата, потребите од вода за занаетчиството, за поливање на зеленилото, за одржување на комуналната хигиена, загубите кои се јавуваат во водоснабдителната мрежа и др.

Вкупните потреби од вода за водоснабдување на населението во Охридско-преспанскиот регион ќе изнесуваат 20.173x$10^6$м$^3$/год.

**Табела 12. Идни потреби од вода за водоснабдување на населението**

| општина | | бр. на население | вод. норма л/д/ж | $Q_{ср/ден}$ м$^3$/ден x $10^3$ | $Q_{год}$ м$^3$/год x $10^3$ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Охридопштински центар | 45.000 | 500 | 22,5 | 8212 |
| 2 | Охрид општина | 15.000 | 300 | 4,5 | 1642 |
| | вкупно | 60.000 | | 27,0 | 7854 |
| 3 | Белчишта општ. центар | 600 | 300 | 0,2 | 66 |
| 4 | Дебарца општина | 5.400 | 300 | 1,6 | 591 |
| | вкупно | 6.000 | | 1,8 | 657 |
| 5 | Струга општински центар | 19.000 | 500 | 9,5 | 3468 |
| 6 | Струга општина | 50.000 | 300 | 15,0 | 5475 |
| | вкупно | 69.000 | | 24,5 | 8943 |
| 7 | Вевчани | 3.500 | 300 | 1,1 | 383 |
| | вкупно | 3.500 | | 1,1 | 383 |
| 8 | Ресен општински центар | 10.000 | 400 | 4,0 | 1460 |
| 9 | Ресен општина | 8.000 | 300 | 2,4 | 876 |
| | вкупно | 18.000 | | 6,4 | 2336 |
| | | 156.000 | | 60,8 | 20.173 |

Во **градот Охрид** во летниот период кога има поголема потрошувачка на вода се чувствува недостиг на вода поради што е потребно проширување на постојните изворници. За таа цел се предвидува проширување на капацитетот на Охридскиот водоснабдителен систем со зафаќање на нови количини вода 2x35 л/сек од бунарите Орман и 15 л/сек од Бејбунар.

Во **општината Ресен** за решавање на проблемот со квалитетно водоснабдување на градот Ресен и околните села се правени анализи за дополнителни изворници:

Преспанско Езеро;

- изворски води во сливните подрачја на Лева Река, Голема Река, Источка и Болнска Река;

- подземни води во близина на Царев Двор на длабина од 2.040 м со издашност од 70 л/сек и подземни води во близина на Голема Река со издашност, исто така, од 70 л/сек и

- изградба на акумулација на Лева Река.

Деталната анализа покажува дека со изградба на акумулацијата Лева Река водоснабдувањето во Преспанскиот регион ќе биде решено за подолг период.

За одредување на потребните количини на вода за туристи се смета дека во Охридско-струшко, капацитетите целосно ќе

бидат искористени 180 дена во текот на годината, додека во Преспанско 150 дена.

За идниот период се очекува дека во Охридско-преспанскиот регион бројот на легла ќе изнесува 80.000. Потребите од вода ќе изнесуваат 7.715 x10$^3$ м$^3$.

**Табела 13. Идни потреби од вода за водоснабдување на туристи**

| водостопанско подрачје | | бр. на легла | вод. норма л/д/тур | $Q_{/ден}$ м$^3$/ден x 10$^3$ | $Q_{год}$ м$^3$/год x 10$^3$ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Охридско-струшки | 68.700 | 550 | 38 | 6.791 |
| 2 | Преспа | 11.300 | 550 | 6 | 924 |
| | Вкупно | 80.000 | | 44 | 7.715 |

Последните години индустриското производство бележи значителен пад, голем дел од индустриските капацитети згаснуваат или работат со намален капацитет, се отвораат нови со нова технологија, па идните потреби од вода не може реално да се согледаат.

Со Просторниот план на Р. Македонија дефинирано е дека потребите од вода во планираниот период до 2020 година ќе бидат еднакви со потребите од вода кога индустриското производство во Р. Македонија бележело најголем подем и кога и потребите од вода биле најголеми, односно меродавна ќе биде 1987 година.

**Табела 14. Идни потреби од вода за индустријата**

| водостопанско подрачје | | идни потреби Qx10$^3$м$^3$/год |
|---|---|---|
| 1 | Охридско-струшко | 5.740 |
| 2 | Преспа | 1.435 |
| | вкупно | 7.175 |

*Наводнување*

Под системи за наводнување во Охридско-преспанскиот регион се наоѓаат 7.645 ха обработлива површина за кои е потребно да се обезбеди 45.589 x10$^3$ м$^3$/год. вода.

За периодот до 2020 година се предвидува под системи за наводнување во Охридско-преспанскиот регион да бидат вкупно 15.205 ха обработливи површини за кои треба да се обезбедат 89.369 x10$^3$м$^3$ вода.

Во Охридско-преспанскиот регион постојат можности за наводнување на вкупно 23.580 ха обработлива површина, за кои ќе бидат потребни 141.134x10$^3$ м$^3$ вода.

**Табела 15. Потреби од вода за наводнување на вкупните обработливи површини во Охридско-преспанскиот регион (за период и по 2020)**

| ВП | систем | сега може да се наводнува | наводнување во идниот период | вкупна површина | вкупни потреби од вода | изворници |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ха | ха | ха | 10$^3$м$^3$ | |
| Охридско Струшко | Охридско Поле | 2150 | / | 2150 | 14067 | Охридско Езеро, р. Коселска |
| | Љубанишко Поле | 140 | / | 140 | 916 | Охридско Езеро |
| | Добовјани | 460 | 2620 | 3080 | 20152 | Црн Дрим |
| | Издеглавје | 700 | / | 700 | 4580 | ак Мраморец |
| | Клиште | 560 | 3270 | 3830 | 25059 | Охридско Езеро |
| | Велмешко | / | 680 | 680 | 4449 | р. Сатеска |
| | Белчишки | / | 780 | 780 | 5103 | р. Сатеска |
| | Подмоље | / | 2850 | 2850 | 18647 | Охридско Езеро |

| ВП | систем | сега може да се наводнува | наводнување во идниот период | вкупна површина | вкупни потреби од вода | изворници |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ха | ха | ха | $10^3м^3$ | |
| | Мали акумулации | / | 1050 | 1050 | 4042 | |
| вкупно | | 4010 | 11250 | 15260 | 97015 | |
| Преспа | Преспанско Поле | 3635 | 4565 | 8200 | 43657 | Преспанско Езеро, ак. Лева Река |
| | Мали акумулации | | 120 | 120 | 462 | |
| вкупно | | 3635 | 4685 | 8320 | 44119 | |
| се вкупно | | 7645 | 15935 | 23580 | 141134 | |

**Табела 16. Вкупни потреби од вода во Охридско-преспанскиот регион (до 2020)**

| ВП | население | туристи | индустрија | наводнување | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | $10^3м^3$ | $10^3м^3$ | $10^3м^3$ | $10^3м^3$ | $10^3м^3$ |
| Охридско-струшко | 17.837 | 6.791 | 5.740 | 58.480 | 83.682 |
| Преспа | 2.336 | 924 | 1.435 | 30.889 | 35.584 |
| вкупно | 20.173 | 7.715 | 7.175 | 89.369 | 119.266 |

*Акумулации*

Во Охридско-преспанскиот регион изградена е една позначајна акумулација "Глобочица" на реката Црн Дрим со основна намена производство на електрична енергија. Во планскиот период предвидени се за изградба уште три акумулации со основна намена за наводнување на обработливите површини.

**Табела 17. Планирани акумулации во Охридско-преспанскиот регион**

| р. бр | брана | водотек | волумен x $10^6м^3$ | | намена |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | бруто | корисен | |
| 1 | Издеглавје | Сатеска | 2,5 | 2,0 | н,з,ом,кп |
| 2 | Вапила | Вапилица | 1,1 | 1,0 | н,з,ом,кп |
| 3 | Лева Река | Голема Река | 14,0 | 13,0 | в,н,з,ом,кп |

*н наводнување; з задржување на наноси; ом оплеменување на мали води; кп контрола на поплави*

*Енергетика*

Водата како обновлив ресурс има посебно значење во производство на електрична енергија, но техничките решенија за користење на хидроенергетскиот потенцијал на водите мора да бидат усогласени со потребите на останатите корисници на водоснабдувањето и наводнувањето кои секогаш имаат приоритет во користењето на водите.

До 2020 год. се предвидува изградба на 19 мали и мини хидроелектрани во сливот на Црн Дрим со вкупно можно годишно производство од 38,8 GWh. По 2020 год. се предвидуваат уште четири мали хидроелектрани на реките Песочанка, Јабланица, Збашка и Брајчинска со вкупно годишно производство од 52 GWh.

*Заштита на водите од загадување*

Примарниот колектор од системот за заштита на Охридското Езеро не е целосно изграден. Остануваат за реализација потезите на источна страна од с. Пештани до Лагадин и од западна страна од с. Радожда до Елен Камен. Исто така, за целосно функционирање на Системот за заштита на Охридското Езеро треба да се изградат канализациони мрежи во населените места кои гравитираат кон Системот.

За целосна заштита на Охридското Езеро од отпадните води во планскиот период е предвидено приклучување на уште 37 села на примарниот колектор и проширување на капацитетот на пречистителната станица од 120.000 на 180.000 ЕЖ.

- од општината Охрид се предвидува да се приклучат 15 села: Пештани, Елшани, Елешец, Коњско, Шипокно, Св. Стефан, Велестово, Велгошти, Рамне, Лескоец, Косел, Горно Лакочереј, Долно Лакочереј, Орман и Подмоље;

- од општината Струга ќе се приклучат 17 села: Дрслајца, Ложани, Велешта, Октиси, Долна Белица, Враништа, Заграчани, Шум, Франгово, Радожда, Ливада, Ново Село, Биџево, Радолишта, Калишта, Мислешево и Мороишта;

- општината Вевчани Вевчани и

- од општината Дебарца се предвидува да се приклучат шест села: Оровник, Горенци, Требеништа, Волино, Климештани и Мешеишта.

За селата Трпејца и Љубаништа предвидено е изградба на канализациони мрежи со локални пречистителни станици.

Во градот Струга потребно е да се доизгради фекалната канализациона мрежа. Исто така, останува да се доизградат фекалните канализациони мрежи во селата Радолишта, Калишта, Мислешево и Мороишта.

За селата Вишни и Мали Влај предвидено е изградба на канализациони мрежи со локални пречистителни станици.

Останатите села во општините Охрид и Струга проблемот со отпадните води ќе го решаваат локално, со сопствена канализациона мрежа и пречистителна станица, за што е потребно изработка на соодветна студиа и техничка документација.

Во општината Дебарца изработена е техничка документација за изградба на канализациони мрежи со локални пречистителни станици за селата: Ботун, Велмеј, Злести, Лешани и Слатино. Селото Белчишта има изградено фекална канализација со пречистителна станица.

За заштита на Преспанското Езеро предвиден е канализационен систем од три колектори, и тоа: источен, западен и северен колектор, преку кои ќе се одведуваат отпадните води во пречистителната станица во Езерани. Изграден е само северниот колектор кој ги одведува отпадните води од градот Ресен, селата Јанкоец, Царев Двор и Езерани.

Потребно е продолжување на веќе започнатите активности за согледување на состојбата и планираните активности за заштита на водите, со што ќе се дефинира вистинското решение за заштита на Преспанското Езеро доизградба на источниот и западниот колектор со заедничка пречистителна станица или мали пречистителни станици во кои ќе се пречистуваат отпадните води од селата.

Во планскиот период развојот на индустријата ќе се темели на веќе постоечките капацитети со посебен акцент на нивно осовремување, примена на нови чисти технологии со кои ќе се запази квалитетот на животната средина и ќе се намалат сите видови ризици на загадување на површинските и подземните води. Индустриските капацитети кои испуштаат води загадени од технолошкиот процес мора да извршат пречистување на водите во кругот на фабриката пред да ги испуштат во канализационата мрежа на населеното место или во најблискиот реципиент.

*Заштита од поплави*

Регулираното корито на реката Црн Дрим овозможува голем степен на заштита од поплави на Струшкото Поле. Подобрувањето на заштитата од поплави може да се постигне со комбинирани активности што подразбира:

- одржување на речните корита во исправна состојба и санација на деградираните речни делници и
- уредување на поројните водотеци по ободот на Струшкото Поле.

*Заштита од порои и ерозија*

*Слив на Охридското Езеро*

Во изминатиот период праксата покажа дека преземените антиерозивни активности во сливот на р. Сатеска не се доволни за спречување на внесување на големи количини нанос во Охридското Езеро.

За намалување на наносот се предвидува покрај биолошко шумско мелиоративни мерки и изведба на регулациони работи со кои водите од реката Сатеска делумно ќе се вратат по старото корито во р. Црн Дрим, а делумно ќе се пуштат во Езерото.

За регулација на коритото на р. Сатеска предвидено е изведба на хидротехнички зафати за проток од 178 $м^3$/сек до с. Волино. На потегот од с. Волино до вливот во р. Црн Дрим ќе бидат насочени Q=100 $м^3$/сек, а останатите 78 $м^3$/сек со разделна градба кај селото Волино, ќе се насочат кон Езерото.

Префрлувањето на Сатеска во Црн Дрим е прифатливо решение и за р. Црн Дрим и за Струшкото Поле бидејќи:

- суспендираните и влечните наноси би се задржувале во таложницата кај с. Волино, а влечниот нанос би се задржувал во таложници кои се предвидени на потегот возводно од Волино до вливот на Песочанска Река.

- високите водостои на Црн Дрим не траат повеќе од 24 часа, па издигањето на нивото на подземните води во Струшкото Поле е со кратко времетраење и без поголеми последици.

- реперкусиите за акумулацијата "Глабочица" се, исто така, занемарливи бидејки прогнозите за заполнување на акумулацијата со нанос се пресметани за подолг период;

- намалувањето на производниот капацитет на ХЕЦ "Глабочица" со свртување на Сатеска во Црн Дрим е просечно од 0,59 до 1%.

За подобрување на режимот на течење на водите и задржување на наносот во сливот на р. Сатеска предвидена е изградба и на 8 мали акумулации првенствено во зоните на жариштата на ерозивните процеси:

**Табела 18. Акумулации во сливот на р. Сатеска**

| р.бр | акумулација | река | Слив км$^2$ | волумен на акумулацијата$10^6$м$^3$ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Песочани | Песочанска | 46,59 | 0,23 |
| 2 | Годивје | Годивска | 2,56 | 1,05 |
| 3 | Сливово | Вапилица | 6,17 | 0,48 |
| 4 | Мраморец | Мраморска | 24,79 | 1,20 |
| 5 | Издеглавје | Сатеска | 69,03 | 1,80 |
| 6 | Злести | Злеска | 15,38 | 1,4 |
| 7 | Лешани | Српница | 4,85 | 0,65 |
| 8 | Арбиново | Сатеска | 65,65 | 0,86 |

При изборот на можните профили за мали акумулации и утврдениот критериум за висината на браната и големината на акумулациониот простор, е векот на траење на браната да не биде помал од 15 години.

Земајќи ја предвид моменталната состојба во сливот приоритет во изградбата имаат акумулациите Песочани на р. Песочанка и Арабиново или Издеглавје на р. Сатеска, со кои ќе се покрие околу 1/3 од сливот на р. Сатеска.

Предвидените акумулации покрај основната намена за задржување на наносот може да се користат и за наводнување на обработливите површини, со што би се добиле и дополнителни позитивни економски ефекти.

*Слив на Преспанското Езеро*

Во Преспанскиот регион за регулирање на поројните протеци преземени се соодветни мерки од поодамна и регулацијата денес е делумно или целосно уништена. Наносот што го носат реките Брајчинска, Кранска, Манастирска и Сучка во Езерото, водата го исфрла на крајбрежјето, поради што се јавува потреба од преземање на соодветни активности за санација на крајбрежниот појас.

Во општината Ресен има изработена техничка документација (основни проекти) за уредување на коритата и реконструкција на градежните објекти на пороите која треба да се реализира.

Заштитата од штетното дејство од ерозијата и пороите е од висок интерес за Републиката бидејќи се штитат урбаните и земјоделските површини и објектите од инфраструктурата.

Планирано е институционално зајакнување во борбата против ерозија и порои. За да може активноста да се развива, согласно со развојните потреби на Републиката, неопходно е да се озакони заштитата на просторот од ерозија и да се регулира спроведувањето на заштитата во рамките на целокупната заштита на животната средина, посебно во делот за заштита од природни непогоди.

Максимален придонес кон заштитата од ерозија и порои кои настануваат во шумските подрачја ќе има воведувањето на т.н. мултифункционално управување со шумите (согласно со Стратегијата за одржлив развој на шумарството во РМ).

## 2.5. Минерални суровини и нивна експлоатација

### *Појдовни основи*

Подрачјето на Охридско-преспанскиот регион геотектонски припаѓа на Западно-македонската единица.

Врз основа на досегашните истражувања, констатирани се мали или незначителни појави на метални оруднувања без позначајни економски перспективи. Од металните рудни појави констатирани се појави на: бакар (поширокиот регион на Ресен), молибден (Првце, Стрелци, Евла, Вруток и др.), олово (Опеница, Лакочереј, Бериково и др.), железо со хематитско шамозитски оруднувања на повеќе локалитети (Куратица, Лешани, Грко Поле, Велмеј, Скребатно, Болно, Опеница и др.) и други метали.

Неметаличните минерални суровини, заземаат значајни простори во поширокиот простор на Западно-македонската зона, а со тоа и во овој Регион. Од нив позначајни се наоѓалиштата и лежиштата на мермери кај Милетино, Миокази, Пласница, Цер и други, потоа глините кај Велгошти, Јанковец, Ботун, Теарце, Врбен, Златари и др. Потоа следуваат доломитите кај Чајле, Лутовец, Шаро, Барбарос и други помали лежишта. Во оваа група на неметали, припаѓаат и травертините кај Велмеј, сулфурот кај Косел и Косоврасти, гипсот кај Косоврасти, пигментните бои кај Норово и Липа и многу други суровини и појави.

Енергетските суровини, исто така, претставуваат значаен потенцијал на минерални ресурси. Секако од најголемо значење е хидропотенцијалот кој го сочинуваат дренажите на Црн Дрим. Овој богат хидропотенцијал на површински и подземни води ја овозможи градбата на браните Шпиље и Глобочица. Јагленот секако зазема свое место во енергетскиот потенцијал со позначајното лежиште Пискупштина. Карактеристично за голем број од лежиштата, наоѓалиштата и појавите во оваа структурно тектонско литолошка единица е тоа што тие генетски припаѓаат на седиментно метаморфниот тип на лежишта.

Валоризацијата и експлоатацијата на минералните суровини има стратешки карактер и многу битно значење за развојот на повеќе стопански гранки, како: индустријата, градежништвото, електростопанството, водостопанството и др. Начинот и интензитетот на користењето на необновливите и делумно обновливите минерални суровини претставува едно од основните проблемски прашања на одрживиот развој на средината.

Експлоатацијата и користењето на минералните ресурси треба да се реализира низ интегрална планскоразвојна постапка со застапен екосистемски пристап со цел да се овозможи оптимално функционирање на пределот, но и умерена експлоатација на рудните лежишта.

### *Цели*

За рационално искористување на минералните суровини се дефинираат следниве цели:

- утврдување на одржливи критериуми за избор на приоритети во доменот на идните геолошки истражувања и експлоатација на минералните ресурси;

- подигнување на нивото на истраженост на вкупните минерални суровини во Регионот;

- примена на современи технологии и техники во капацитетите за експлоа-тација на суровините, особено во користењето на варовникот;

- намалување на деградацијата на средината во процесот на експлоатација на површинските копови;

- заштита на зоните, ревирите и рудните лежишта од непланска изградба на времени и трајни градежни објекти;

- рационално користење на рудите во лежиштата и оптимална заштита на другите ресурси во окружувањето;

- истражување на нови и пошироки примени на украсниот камен во градежништвото и индустријата и

- заштита на подземните води во Дебарца, Охридско и Струшко Поле како минерален ресурс.

### *Плански определби*

Заштитата на минерални цврсти метални и неметални минерални суровини е третирана во Правилникот за класификација и категоризација на рудни

резерви и водење на нивна евиденција. Во Правилникот не се препорачува експлоатација на високо содржајни делови од руда до исцрпување, во однос на просечната содржина или т.н. "раубување" на рудникот.

Заштита на минерални цврсти метанични, енергетски и неметалични суровини е мултидисциплинарен процес, кој треба да се води во повеќе насоки и низ повеќе активности:

- експлоатација и користење на категоризирани рудни резерви одредени и документирани во Елаборат за пресметка на рудни резерви;
- вадење на одредени количини на руда/камен согласно со Рударскиот проект за експлоатација и метода за откопување;
- експлоатација (вадење) на руда, систематски без запоставување на ободните или слободните делови, како и оставање на предимензио-нирани заштитни столбови со што трајно се заробува "билансната руда";
- изработка на адекватен коп со прекривање на јаловина на билансна руда и
- примена на адекватна техника при експлоатација, транспорт и преработ-ка за да не доаѓа до разблажување, загуба и намалување на содржината на основната суровинска компонента.

*Користење на минералните суровини*

За оптимализација во изборот и рангирањето по приоритет на одделни региони и различни минерални суровини, разработени се критериуми за избор на:

- приоритети во истражувањето и
- приоритети во експлоатацијата на минералните суровини.

Притоа, како критериуми при изборот на приоритетите за *истражување* се усвоени:

1) геолошката предиспозиција,

2) бројноста на досега експлоатираните и истражуваните рудни лежишта, наоѓалишта и рудни појави во Регионот,

3) степенот на истраженост на наоѓалиштето,

4) пресметаните потенцијални рудни резерви,

5) стратегиското значение на минералната суровина и

6) потребните финансиски сретства за детални геолошки истражувања како негативен (пропорционално-реципрочен) критериум.

Основни критериуми за изборот на приоритетите *за експлоатација* се:

1) расположивите билансни резерви,

2) техничкотехнолошките оцени на експлоатабилноста и преработката на суровината,

3) стратегиското значење на минералната суровина,

4) социјалнополитичкото значение на суровината,

5) конјуктурата на странскиот пазар и

6) висината на потребните инвестиции, вложувања во експлоатационо-преработувачкиот капацитет.

Применувајќи ги критериумите, низ специфична методологија на нивното вреднување, избрани се приоритетите во доменот на идните геолошки истражувања и експлоатацијата на минералните суровини, сметајќи ги како суровински ресурси и позитивна природна предиспозиција во организирањето на расположливиот простор за човековото живеење.

*Приоритетни суровини за геолошко истражување*

Во Охридско-преспанскиот регион како приоритети за геолошки истражувања избрани се следните минерални суровини:

Кај ***металите*** како приоритетни се сметаат наоѓалиштата и појавите на железо, железноманганови и манганови руди, додека втор приоритет имаат молибденовите и оловоцинковите руди, а како трет приоритет се издвојуваат индикациите на волфрамот и бакарномолибденовите руди.

***Неметалите*** како доминантни во овој регион, ги имаат следниве приоритети за истражување: прв приоритет доломитите, варовниците, мермерите, гипсот и травертините и втор приоритет сијенитите и кварцитот.

***Водите*** за пиење од карстните извори имаат и приоритет за хидрогеолошки истражувања, во рамките на идните концепции за водоснабдување на населението и искористувањето на геотермалната енергија.

*Приоритетни суровини за експлоатација*

Изборот (по приоритет) на конкретни лежишта за експлоатација, се смета за динамична променлива категорија и зависи од повеќе променливи фактори со пазарен, стратегиски, развоен (техничко-

технолошки) и финансиско-инвестиционен карактер.

Од ***металите*** во овој регион, реални можности од прв приоритет немаат резервите на регистрираните појави на метали.

***Неметалите***, според расположливите рудни резерви доминантни минерални суровини имаат апсолутен прв приоритет, а тоа се доломитите, варовниците, мермерите, сијенитите и кварцитите.

***Водите*** вода за пиење и термоминерални води се со значајни потенцијални можности за експлоатација.

## 2.6. Енергетски извори и енергетска инфраструктура

***Појдовни основи***

Во Охридско-преспанскиот регион има мал број на активни енергетски објекти, рудникот за јаглен Дримкол Лигнит и хидроелектраните Глабочица и Песочани. Рудникот за јаглен Лавци припаѓа на групата меки кафеави јаглени со ниска калорична вредност (долна топлотна вредност 5.737 кЈ/кг). Како потенцијален енергетски објект во планскиот период се јавува со $20.1*10^6$ тони геолошки резерви. Производството на хидроелектраните учествува со 34% - 74% во вкупната потрошувачка на електрична енергија во овој Регион, во зависност од хидрометереолошката состојба.

Потрошувачката на ел. енергија во изминатите години во трите подружници (Охрид, Струга и Ресен) кои вршат дистрибуција на ел. енергија во овој регион, е во постојан пораст, при што просечна годишна стапка на пораст во Охрид и Струга изнесува 2%, а во Ресен 0,5%. По категории најголемо е учеството на потрошувачката во домаќинствата.

Од преносната и дистрибутивна мрежа низ овој Регион минуваат 110 kV водови со вкупна должина од 86 км и 35 kV водови со должина од 106,5 км, има четири 110 kV и девет на 35 kV трафостаници, со вкупна инсталирана моќност од 180 MVA, односно 54 MVA.

*Цели:*

- усогласување на стопанскиот развој со планираниот развој на производството на енергија, врз основа на реалните енергетски и финансиски можности на Регионот и Републи-ката;

- рационална експлоатација на домашните енергетски извори, оптимално искористување на расположивата енергија и намалување на увозната зависност;

- урамнотежување на потрошувачка-та, производството и преносот на енергија во сите делови од Регионот и

- зголемување на искористувањето на алтернативните извори во производ-ството на енергија.

***Плански определби***

*Енергетски извори*

Развојот на енергетиката во Регионот треба да биде во согласност со реалните можности, особености и потенцијали. Овој Регион својот потенцијал го има во експлоатацијата на јагленот и хидроенергијата. И во наредниот период се очекува да продолжи со работа рудникот за јаглен "Дримкол Лигнит" со производство на лигнит за потребите во индустријата и широката потрошувачка.

Во планскиот период се предвидува и експлоатација на вкупно $17.0*10^6$ тони јаглен во рудникот Лавци, кој располага со вкупни билансни геолошки резерви од $20.1*10^6$ тони. Намената на јагленот е за потребите на термоелектраните и општа потрошувачка.

Искористувањето на водите од сливот на Црн Дрим ќе продолжи со работата на хидроелектраните Глабочица и Песочани. Хидроенергијата, која е најзначаен обновлив извор за производство на електрична енергија, во Македонија недоволно е искористена. Неопходно е да се интензивираат активностите за изградба на нови производни капацитети. Во таа насока, со овој план се потенцира можноста за искористувањето на останатите реки, со помали водни количини како што се: Селечка, Модричка, Беличка, Песочинска, Брајчинска река и др. кои се погодни за изградба на мали и мини хидроелектрани на 19 локации.

**Табела 19. Мали и мини хидроелектрани до 2020 год.**

| р.б. | Река | Слив | Снага W | производство MWh |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Селечка | Црн Дрим | 387 | 1670 |
| 2 | Модричка | Црн Дрим | 484 | 2088 |
| 3 | Голема Река | Црн Дрим | 1090 | 4704 |
| 4 | Ресичка | Црн Дрим | 158 | 681 |
| 5 | Есенца | Црн Дрим | 284 | 1225 |
| 6 | Беличка | Црн Дрим | 703 | 3034 |
| 7 | Беличка | Црн Дрим | 491 | 2119 |
| 8 | Беличка | Црн Дрим | 199 | 859 |
| 9 | Скребатска | Црн Дрим | 301 | 1298 |
| 10 | Грмешмица | Црн Дрим | 578 | 2494 |
| 11 | Зли Дол | Црн Дрим | 569 | 2456 |
| 12 | Катуништа | Црна Река | 177 | 712 |
| 13 | Висанска | Црн Дрим | 407 | 1756 |
| 14 | Слатинска | Црн Дрим | 719 | 3104 |
| 15 | Мраморачка | Црн Дрим | 252 | 1088 |
| 16 | Песочанска | Црн Дрим | 590 | 2546 |
| 17 | Песочанска | Црн Дрим | 312 | 1347 |
| 18 | Кранска | Црн Дрим | 478 | 1923 |
| 20 | Брајчинска | Црн Дрим | 921 | 3706 |
| | Вкупно | | 9100 | 38810 |

Освен наведените со Просторниот план на Република Македонија во овој регион евидентирани се четири можни хидроелектрани планирани за изградба во постпланскиот период по 2020 година.

**Табела 20. Можни хидроелектрани по 2020 год.**

| р.б. | Хидроцентрала | Водотек | Снага W | производство MWh |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Љубојно | р. Брајчинска | 2.800 | 15.000 |
| 2 | Радомирово | р. Песочанка | 1.400 | 8.000 |
| 3 | Јабланица | р. Јабланица | 2.000 | 11.000 |
| 4 | Збажди | р. Збашка | 3.500 | 18.000 |
| | Вкупно | | 9.700 | 52.000 |

Малите хидроелектрани претставуваат значајно природно богатство, со низа предности во однос на другите видови електрани. Предноста на овие хидроелектраните е во ниските производни трошоци, брзиот поврат на вложените средства, повисоката продажна цена на произведената електрична енергија која е флексибилна во текот на експлоатацијата.

*Алтернативни извори на енергија*

Заради зависноста и високата цена на нафтата, истражувањата и употребата на алтернативните горива станаа многу значајни. Во Европската унија и светот има се поголем интерес за инвестирање во обновливи извори на енергија.

Зголемената употреба на обновливите енергии, секако со соодветни олеснувања и со економски поттикнувања од страна на државата, претставува голем потенцијал во стратегијата на механизмот за чист развој во Македонија. Стратегијата на механизмот на чист развој се залага за замена на фосилните горива со природен гас во когенеративните постројки, замена на гориво за транспорт (моторен бензин со пропанбутан) и третирање на општинскиот и на индустрискиот отпад.

Сончевата енергија може да се користи со помош на фотонапонски елементи, со кои се добива електрична енергија и со термални сончеви системи за топла санитарна вода и за загревање. Во Р. Македонија сончевата енергија најмногу се користи во домаќинствата за таканаречените "големи потрошувачи" на струја, како што се бојлерите и машините за перење,

електрични уреди кои трошат и до 80% од дневните количини на ел. енергија во едно просечно семејство.

Сончевата енергија интензивно може да се користи од 15 февруари до 15 ноември, при што просечен број на сончеви часови во текот на годината изнесува 2.400. Во Охрид измерената просечна средна дневна вредност на енергијата на сончевото зрачење на хоризонтална површина изнесува 4,2 $kWh/m^2$ што е во границите на просекот во Р. Македонија.

*Природен гас*

Постојниот гасовод завршува во Скопје каде што се изградени две главни мернорегулациони станици: Скопјесевер и Скопјејуг. Предвидено е гасоводниот систем да продолжи кон Грција и Албанија и да се спои со нивните гасоводни системи. Поврзувањето со соседите ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето, урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година и подобрување на рентабилноста во работењето на гасоводниот систем.

Со проширувањето на гасоводниот систем на Македонија се планира воведување на природниот гас како енергетско гориво и во Охридско-преспанскиот регион. Така, се планира изградба на магистралниот гасовод Клечовце-Неготино-Прилеп-Битола, со крак кон Ресен-Охрид-Струга.

Кога во Македонија се допремија првите количини на природниот гас, изградбата на гасоводот беше прогласена за приоритет, меѓутоа нерешените сопственички односи меѓу приватните компании и државата го успорија влезот на природниот гас кој требаше да ја олесни и поефтини енергетската иднина во Македонија. Во светот одамна се користат привилегиите на гасификацијата, во домаќинствата гасот е решение за просторното затоплување и за постојано користење топла вода. Во наредните години се очекува многу поголемо учество на природниот гас во вкупната потрошувачка на енергија.

*Нафтовод АМБО*

Во изминатите години забележан е голем интерес за искористување на богатите наоѓалишта на нафта од Каспискиот регион и Русија. За оваа намена, предвиден е трансбалканскиот нафтоводот АМБО, кој треба да овозможи транспорт на големи количини на нафта кон големите потрошувачите на запад.

Нафтоводот АМБО започнува од црноморското пристаниште Бургас, минува низ Македонија и завршува во албанското пристаниште Валона. Вкупната должина на нафтоводот низ Охридско-преспанскиот регион, според овој предлог коридор, изнесува 46 км. Новата траса на нафтоводот АМБО е усвоена на седница на Владата на РМ на 24.05.2004 год., а презентирана во годишниот извештај за спроведување на Просторниот план на Република Македонија во 2005 год.

Доминантно прашање во економијата денес е енергетската безбедност. Европската унија увезува 50% од енергијата којашто ја троши, а се очекува увозот во наредните години да се зголеми. Преносот на енергија е се потежок и се бараат решенија со кои ќе се обезбедат сигурни патишта. Притоа, акцент се става на изградбата на гасоводи и нафтоводи кои треба да ги транспортираат енергенсите до европскиот пазар. Република Македонија, со својата местоположба е важна раскрсница на енергетските патишта, од земјите производувачи до крајните купувачи. Иднината на сите мали земји кои не располагаат со големи рудни богатства е во интелектуалниот капитал и развојот на услужниот сектор. Во таа насока, Македонија треба да ја дефинира својата стратегија која ќе гарантира сигурно и квалитетно снабдување со енергија до сите потрошувачи на подолг рок и ќе биде добар фундамент на економскиот развој.

*Потрошувачка на електрична енергија*

Потрошувачката на ел. енергија во Регионот бележи континуиран тренд на пораст. По транзициониот период во последните десет години, конзумот веќе има добиено стационарен тек на постојан пораст, особено на дистрибутивната потрошувачка. Вкупната потрошувачка на ел.енергија во 2020 год. во Охрид се планира да изнесува 236.000 MWh, во Струга 159.000 MWh, а во Ресен 62.000 MWh. Корисниците од општината Дебарца припаѓаат на подружница Охрид, а од општината Вевчани на подружницата Струга.

Годишната потрошувачка на ел.енергија по жител во 2020 год. ќе изнесува 4.150 kWh во Охрид, 2.600 kWh во Струга и 3.500 kWh во Ресен.

Порастот на просечната потрошувачка се очекува поради зголемениот животен стандард на населението, подобрата опременост со електрични апарати на домаќинствата, но и поради очекуваната подобрена наплата на потрошената ел. енергија.

Со зголемување на потрошувачката на електрична енергија ќе се зголемат и максималните моќности во напојните трансформаторски станици кои заедно со електромрежата треба да го примат врз себе зголемениот товар и да обезбедат квалитетно, сигурно и континуирано снабдување на потрошувачите со електрична енергија во овој регион. Се очекува до 2020 год. максималните моќности на 110 kV трафостаници да достигне вредност од 140.5 MVA, а кај 35 kV трафостаниците 71.8 MVA.

Со ова очекувано зголемување на оптеретувањето (максималните моќности) во 110 kV трафостаници, за да можат да го примат на себе зголемениот товар покрај постојните Струга, Ресен, Охрид1 и Охрид2 ќе треба да се изгради нова трафостаница Охрид3, која ќе биде лоцирана кај с. Мешеишта и ќе биде приклучена со двосистемски 110 kV вод на водот Струга-Охрид1.

Во сите 35 kVни трафостаници максималните моќности во 2020 год. ќе ги надминат сегашните инсталирани вредности. Заради тоа ќе биде потребно да се доизградат овие постројки со потребната опрема за да може да се постави уште една трафо единица или доколку е можно да се замени трансформаторот со поголем. За растеретување на електромрежата, дел од потрошувачите кои се приклучени во ТС Лескајца ќе се префрлат во новата ТС Охрид3.

*Конективни водови*

Прогнозата покажува дека понудата на електрична енергија во поширокото опкружување на Р. Македонија ќе опаѓа, а цената ќе расте. Размената на електрична енергија меѓу балканските електро-енергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значаен фактор за натамошниот развој. Соседните електро-енергетски системи треба да бидат поврзани со конективните 400 kV водови кои нема да претставуваат тесно грло во трансмисијата на потребните количини на електрична моќност. Македонија досега има 400 kV водови, со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (КосовоБ), во изградба е водот кон Бугарија (кон Црвена Могила), а во план е градбата на водови кон Србија и Албанија.

Планираниот 400 kV вод кон Албанија започнува од ТС Битола2 и минува низ Битолскиот, Ресенскиот, Охридскиот и Струшкиот регион сечејќи ја планината Јабланица во две варијанти. Конечното решение, за тоа која од варијантите ќе биде прифатена и изградена ќе биде донесено по дефинирање на приклучната точка во Албанија. За овој вод се приготвува физибилити студија во која учествуваат и стручни лица од АД МЕПСО.

Во размената на електрична енергија со Албанија, но од локален карактер, предвиден е 110 kV вод Охрид2-Подградец (Албанија). Водот од ТС Охрид2 преку Галичица минува источно од Охридското Езеро.

*Електромрежа*

Развојот на електромрежата подразбира вградување на нови елементи (трансформаторски станици, далноводи и сл.) и обезбедување на функционална работа на истите. Елементите од електро-енергетскиот систем се скапи и неопходно е долго време да бидат во соодветна употреба за да се исплати инвестицијата во нив. Затоа е потребно да се исцрпат ресурсите на сите расположливи елементи во системот, со цел да се подобрат карактеристиките на системот, а дури потоа да се прибегне кон исталирање на нови.

За урамнотежување на вкупниот развој, потрошувачката, производството и преносот на енергија во сите делови од регионот потребно е да се доизгради 110 kV, 35 kV и 10 kV мрежа со нови водови и трафостаници. Со тоа ќе се намалат и загубите кои се во голема мера последица на застареноста на електромрежата.

Состојбата на ел.енергетската мрежа во многу е зависна од амортизацијата на мрежата. Освен водот Охрид1-Градиште кој е ревитилизиран, потребно е да се изврши ревитализација и на водот Ресен-Охрид1, бидејќи тој е на крајот од својот работен век.

## 2.7. Развој и разместеност на индустријата

***Појдовни основи***

Економскиот просперитет на Охридско-преспанскиот регион е во директна спрега и условеност од развојот и разместеноста на индустријата и заштитата на животната средина на овој простор. Индустријата е значајна стопанска дејност и двигател на развојот на вкупното стопанство во Регионот која го поттикнува и динамизира развојот на другите стопански дејности: земјоделството, шумарството, трговијата, градежништвото, сообраќајот итн. Индустријата се јавува како потрошувач на производите и услугите на овие дејности во фазата на производство и преработка на индустриските производи и истовремено како главен производител кој ги снабдува со производи за остварување на нивната дејност.

Во економската развојна структура на Регионот и одделните општини, индустријата е еден од клучните сегменти кој треба да биде насочен кон модернизација, висока технологија и поврзаност со другите области на стопанството. Од аспект на просторното уредување во планскиот период неопходни се организациски и структурни промени насочени кон воспоставување поголема рационалност во користењето на расположливиот простор за стопанска намена, набавка на модерна технологија, воведување на ефективна организација и раководење, освојување нови пазари и стимулирање на незагадувачки индустрии со компаративни предности во Регионот: природни ресурси, положба, инфраструктурна опременост, способни работници, пазар, капитал и традиција кои се препознатливи во вкупната физиономија на подрачјето.

Врз основа на валоризација на постојните фактори за развој, локациони и развојни, и постојните показатели и параметри за ангажиран простор за стопански дејности, предложени се насоки за просторна разместеност на идните производни и други комплементарни дејности на одредени простори во Регионот, организирани како поголеми површини во индустриски зони и простор за помали стопански комплекси.

***Цели***

Индустријата е стопанска дејност со основна функција производство на производи за финална и интермедијарна потрошувачка. Истовремено таа е еден од најсериозните извори на загрозување на квалитетот на животната средина преку процесот на користење на природните ресурси (суровини, енергија, вода), емисијата на загадувачки материи во еколошките медиуми (воздух, вода, земјиште) и продукцијата на отпад. Концепцијата на развој и разместеност на индустријата ги респектира овие актуелни состојби и трендови врз основа на кои се поставени и основните цели и задачи на развојот и просторната разместеност на индустријата во планскиот период:

- поттикнување на селективниот развој на индустријата во малите центри, посебно во недоволно развиените подрачја;
- развој на индустријата во насока кон поефикасно управување и технолошка модернизација;
- вклучување на еколошките преференци во развојот на индустријата и нејзина алокација и разместување;
- интензивирање на напорите за остварување на производствено-технолошка, како и менаџерска, кредитнофинансиска и други видови на соработка со странски партнери, поголема примена на научно-технолошкиот прогрес и иновации во технолошките процеси;
- зголемување на обемот на инвестициите насочени кон повисока финализација на производството и остварување на пазарно компетитивно производство;
- извозот да претставува клучен фактор за локација на нови капацитети и заземање на нови површини за стопанска намена со цел подобрување на надворешната ликвидност и
- утврдување на приоритетни развојни простори (индустриски зони и помали стопански комплекси).

***Плански определби***

*Плански концепт на развој и разместеност на индустријата*

Разновидните облици на организирање на производството, неговата просторна и развојна компонента, пазарното вреднување на капиталот, трудот, знаењата, иновациите и менаџерските и претприемачките способности треба да овозможат динамичен индустриски развој и повисок степен на материјална развиеност со цел отварање на нов развоен циклус во Охридско-преспанскиот регион врз здрави економски основи.

Определбите за подинамичен развој на индустриските дејности се објективно детерминирани и од расположивиот простор за организација и работење на производните капацитети. Со постојните методи на просторна организација на производните дејности и обезбедување простор за алокација се поставува рамката на идната просторна структура на индустријата на локално и регионално ниво со цел за остварување на основната определба поставена со Просторниот план на Р. Македонија, рамномерен развој на целиот простор на државата.

Во методскиот пристап на утврдување на планскиот концепт на развој и разместеноста на индустријата применети се поставките на одржливиот развој респектирајќи го достигнатото ниво на економскиот развој, социо-економските, материјалните, суровинските, институционалните, техничко-технолошките и други ограничувања.

За планирање на одржлив индустриски развој, од аспект на заштита на животната средина, неопходно е да се почитува принципот на меѓугенерациска еднаквост и права, посебно во користењето на природните ресурси: земјиште, вода, енергенти, суровини и др. Овој принцип треба да се спроведе во сите фази од инвестициониот циклус на индустрискиот проект: од планирање на процесот на производство и дистрибуција на производот, изградбата на капацитетите, транспортот, складирање на производството, одложување на отпадот па до постинвестиционата контрола и еколошката контрола и мониторинг.

*Претпоставки на идниот развој*

Надминувањето на тековните состојби на незадоволителното ниво на стопанска развиеност на Регионот и создавање можности за динамизирање на стопанскиот развој претпоставува активирање на расположливите фактори за развој на производните дејности, меѓу кои се издвојуваат: техничко-технолошкиот прогрес и знаењето, постојните производни капацитети и потребата од нивна ревитализација, обемот и ефикасноста на инвестициите, извозната насоченост и увозната зависност на производството, обемот и квалитетот на работната сила, природниот ресурс и дефинирање на простори за нивна алокација.

Најдинамичен фактор на општествениот прогрес и битен предуслов за натамошен економски и вкупен општествен развој претставува техничко-технолошкиот прогрес. Повисоко и порационално користење на светските технолошки достигнувања и развојот на научната мисла и домашните достигнувања во оваа сфера се стожерен фактор на идниот индустриски развој. Нивото на техничко технолошка развиеност на земјата покажува не само стагнација, туку и забележително заостанување во споредба со технолошката развиеност на другите земји во Европа. Увезените технологии во најголем дел, заради долгогодишната употреба, се економски и физички застарени и истрошени.

Сегашното ниво на технолошка развиеност укажува дека без покрупни зафати за обновување на постојната техника и технологија во иднина не може да се очекува побрза динамика на индустриски развој. Потребата за брзи промени наложува неопходност за брзо прилагодување на домашната индустрија со тенденциите во светот со цел компатибилност на индустриската структура со развиениот свет.

Инвестициите со своите компоненти, обем, структура и ефикасност се силна детерминанта на индустрискиот развој и негово преструктуирање. Изразито високата лимитираност на средствата за инвестиции бара нивно вложување во пазарно ефикасни и флексибилни мали и средни капацитети со мала капитало-интензивност кои се извозно ориентирани и брзо даваат ефекти.

Искуството од развиените земји, како и научните сознанија кажуваат дека кадрите со нивото и квалитетот на знаењата, нивната применливост во процесот на производство и способноста за создавање нови производи и технологии сé повеќе стануваат основен фактор на производството и иницијатори на развојот. Остварувањето на зацртаните цели на општостопанскиот развој и посебно развојот на индустријата неминовно е поврзано со едукативниот процес и поголемото потпирање на тој развој врз знаењата и умешноста на работната сила.

*Одржлив развој на индустријата*

Одржливиот развој поставува посебни правила во сите сегменти на производниот процес во кои се потребни радикални измени во размислувањата и организацијата на работење на менаџерскиот и производен кадар од аспект на затворање на процесните циклуси (сите материјали да останат во затворен круг), минимална набавка на суровински материјали во споредба со постојната што ќе биде компензирано со подобрување на инфраструктурата за рециклажа, која ќе обезбеди собирање, сортирање и преработка на фрлени материјали; намалување на количините на употреба на фосилните горива за енергија што може да се постигне со максимална употреба на потенцијалните алтернативни видови енергија, како и намалување на енергетски интензивните сектори или запирање на нивната експанзија; обезбедување на максималната трајност на производите, одбегнување на користењето на тешки и опасни производи и развивање на производството на артикли кои можат лесно да се поправат, преправат и повторно користат.

Намалувањето или елиминирањето на негативните влијанија на индустријата врз животната средина подразбира развој на нови процеси и технологија на производство и модификација на еколошките перформанси на готовите производи. На тоа обврзува и поттикнува сé построгата законска регулатива во областа на животната средина, постојаниот притисок за воведување на еколошкиот квалитет на производот, притисокот на јавноста за смалување на емисијата на загадувачки материи и рационализацијата на потрошувачката на енергија.

Расположливите показатели за развојот и разместеноста на индустриските капацитети во Регионот кој се карактеризира со богата хидрографија на сливното подрачје и обележје на туристички простор со национално и меѓународно значење, упатуваат на потребата од воспоставување превентивен пристап во заштитата на животната средина, особено поголем степен на заштита на квалитетот на водите во Регионот. Превенцијата ќе биде насочена кон изборот на видот на индустрискиот капацитет согласно со законската регулатива за влијанијата врз животната средина и воведување перманентен мониторинг за еколошките влијанија на постојните производно-технолошки процеси на индустриските капацитети лоцирани во Регионот.

*Насоки на развој на индустрискиот сектор*

Развојот на индустријата во наредниот период треба да се потпира врз поцелосно и поефикасно користење на постојните капацитети и нивна ревитализација, со цел за преориентација на производството согласно со барањата на пазарот и најновите достигнувања на науката и технологијата и врз преструктуирање преку проширување на производството со нови производи со повисок степен на доработка врз основа на што ќе се обезбеди зголемување на доходот, акумулацијата и извозот.

Во наредниот период индустрискиот развој се насочува кон градба на мали и средни капацитети кои имаат висока флексибилност, овозможуваат повеќенаменско користење на технологијата, производни искуства и знаења, даваат голем придинес во вработувањето, односно решавањето на технолошките вишоци, имаат помали трошоци на работење, а со тоа и поголема конкурентност на производите.

Напорите за стопански развој на Регионот треба да бидат насочени кон создавање поефикасен и одржлив раст и развој на агроиндустрискиот сектор.

Врз овие основи за наредниот плански период се предвидува застапеност на следната структура на индустриски дејности со воспоставување на постојан мониторинг на влијанијата врз животната средина и преземање на превентивни мерки за спречување на потенцијалниот ризик:

- задржување на постојните индустриски гранки и нивна ревитализација: енергетика, електро-метална, машино-преработувачка, дрвна, прехранбена, тутунска, индустрија за градежни материјали, текстилна и производство на производи од кожа и гума.

Развојот и унапредувањето на структурата на индустриски гранки, со соодветна политика и мерки треба да бидат насочени кон:

- воведување на комплементарни производни линии, кои ќе се надоврзуваат на постојните производни процеси;

- комплементарна индустрија која ќе ги користи нуспроизводите од другите производни капацитети;

- проширување на постојните капацитети и нивно преструктуирање со повисок степен на модернизација и воведување на нови производни асортименти со цел за задоволување на вкусот на современиот потрошувач и на потребите на пазарот;

- повисок степен на финализација на суровините и полупроизводите;

- проширување на производството на млечни производи;

- преработувачки капацитети за мед и производи од медот;

- изградба на производни и преработувачки капацитети од областа на рибарството - капацитет за производ-ство на палетирана храна за исхрана на рибите и капацитет за преработка на свежа риба;

- обработка и конзервирање на земјоделските производи од руралните населби со примена на стандардите за производство на здрава храна;

- производство и преработка на шумски плодови, печурки и лековити растенија и

- промена на стопанската структура во насока на поттикнување на нови пропулзивни гранки, локационо неут-рални, профитабилни и извозно ориентирани.

*Просторна разместеност на индустријата*

Оптимизацијата и насочувањето на оваа дејност во просторот треба да се одвива во согласност со идентификацијата и вреднување на локационоразвојните потенцијали и еколошкото влијанија врз просторот.

Според современиот пристап, водечки локациони фактори на индустријата се: високостручниот кадар, научно-истражувачките и високообразовните институции, универзитетите, пазарот, крупната регионална инфраструктура, урбаната иновативна инфраструктура (урбаните и локационите економии, производните фондови, урбаните сервиси, инфраструктурата, квалитетот на живеење, естетските квалитети на градот итн.).

Развојните и локационите прашања на индустријата се интегрално поврзани и со еколошките критериуми и усвоените принципи на одржливост, низ категоријата енвајронментален простор. Тргнувајќи од тоа и од основните парадигми во просторното планирање оптимизација на користењето на ресурсите и ефикасноста на организацијата на просторот, нужно е да се прилагоди и пристапот на локационите и еколошки аспекти во планирањето на одржливиот развој.

Во услови на пазарна алокација на инвестициите, менаџерските одлуки имаат решавачко значење во одредувањето на потребите и можностите за заокружување или за дисперзијата на постојните капацитети, но и за изградба на нови. Додека државата со плански и организиран начин на ширење на инфраструктурата и на други услови за локација на производни капацитети во просторот околу градовите и општо во поширокиот рурален простор, обезбедува основи врз кои може да се очекува во периодот до 2020 г. во Регионот да се остварува дисперзија на индустријата.

При ова се има предвид моделот на концентрираната дисперзија како во макроекономскиот простор на државата, така и во микроекономскиот простор во одделни региони, полови и оски на развојот и индустриските зони во градските и руралните центри. Во современите услови и конкретно во условите на Републиката, индустријата е речиси локационо неутрална, односно само дел од индустријата е поврзан со суровинската база, а најголемиот дел е слободна во просторот и во конкретните локации.

Од локационен аспект, индустријата по својот карактер е дејност која претпоставува концентрација во определени точки (полови, оски и зони) на повеќе гранки кои користат заедничка инфраструктура и други заеднички служби и сервиси, што позитивно влијае врз економските ефекти. Ваквата концентрација на индустријата со комплементарен карактер, едновремено е и

најпогодниот облик за зачувување и унапредување на животната средина.

Во рамките на предвидените индустриски зони дефинирани со постојните урбанистички планови и документации на населените места од ова подрачје, се препорачува лоцирање на чисти технологии на производство без да се загрозува квалитетот на водата, воздухот и почвата. Основен критериум за видот на производството ќе биде квалитетот и структурата на користените горива и видот на предложената технологија.

Според направената валоризација за потребата да се обезбеди простор за сместување и алокација на стопански капацитети со производна и комплементарна дејност, како определба со овој концепт се предлага следната структура на идната просторна дистрибуција на стопанските, односно индустриските капацитети:

1) алокација на индустриските објекти во рамки на постојните и идни простори предвидени со планска урбанистичка документација (генерални урбанистички планови, урбанистички планови за населени места, урбанистички планови за стопански комплекси вон населени места итн.). Во оваа категорија спаѓаат просторите со стопанска намена во градските урбани и рурални центри: Охрид, Струга, Ресен, Вевчани, Белчишта и сите населби за кои постои или ќе се донесе валидна урбанистичка документација со дефиниран простор за стопанска намена и

2) дистрибуција на стопанските активности, пред сé, индустриските и на нив комплементарните со проширување на постојните индустриски зони или оформување на нови простори за стопанска намена со помали површини за локација на дисперзирани погони или мали стопански комплекси:

- во општината Охрид, атарот на село Косел со проширување на постојната зона за стопанска намена и на подрачјето меѓу населбите Завој и Свиниште;

- во општината Струга, како дополнителен простор за лоцирање на дисперзирани индустриски погони се предлага атарот на населбите Радолишта, Делогожди и Луково;

- во општината Ресен можни простори за лоцирање на дисперзирани индустриски погони се атарите на населените места Љубојно, Крани Подмочани, Царев Двор и Стење;

- во општината Дебарца локации со ваква намена се планираат на атарот на населеното место Мешеишта и Издеглавје и на подрачјето на атарите на селата Ботун, Белчиште и Ново Село и

- во општината Вевчани вакви капацитети се предвидува да се лоцираат на атарот на самата општина која претставува единствено населено место во општината.

Предложените локации се алтернативни решенија за простори со работна функција за обавување на производни и на нив комплементарни активности. Конкретните локации (со прецизирање на чиј атар од населените места во рамки на предложениот плански простор и со колкава површина) ќе бидат утврдени со соодветна планска урбанистичка документација од пониско ниво и во согласност со неопходната законска регулатива и определбите зацртани со Просторен план на Охридско-преспанскиот регион.

Општиот став во однос на планирањето на потребните површини за индустрија и сервиси е дека треба да се уважува постојната просторно-планска документација со која веќе се резервирани површини за индустрија и услуги. При утврдувањето на идните нови површини со стопанска намена, со урбанистичката документација од пониско ниво, треба да се земат предвид и сите останати фактори кои ја условуваат локацијата на индустријата и сервисите како што се зоните за заштита, заштитата на природните вредности, развиеноста и снабденоста со инфраструктура, поединеч-ните и општи интереси на инвеститорот, развојните стопански програми на градовите и општините и сл.

## 2.8. Терцијарни дејности

*Појдовни основи*

Промените во развојот и организацијата на терцијарните дејности детерминирани со измените и трансформацијата на општествено-економскиот систем поставен врз механизмот на дејствување на пазарните законитости, услови промена во начинот на живеење и деловно работење на населението. Овие промени се рефлектираат и во структурата на стопанските дејности, каде што покрај материјално-производните, се издвојуваат дејностите во терцијарниот и квартарниот сектор чиешто заедничко обележје е вршењето на прометот и давање на услуги. Развојот на терцијарниот сектор условен е од развојот и динамиката на материјалното производство, степенот на урбанизираноста од начинот на живеењето и нивото на стандардот на населението. Со порастот на животниот стандард се зголемува и побарувачката на услугите, а со подобрувањето на квалитетот на живеењето сé повеќе се вреднуваат нематеријалните услуги со што се стимулира побрзиот развој на терцијарниот, односно квартарниот сектор.

**Трговијата** е услужна дејност која е комплементарна и го следи развојот на производните дејности.

Основен фактор на развојот и разместеноста на трговската дејност е концентрацијата и интензитетот на побарувачката. Според постојната просторна дистрибуција на продажниот простор, скоро сто процентно учество во вршењето на трговската дејност остваруваат градовите Охрид, Струга и Ресен, потоа со минимален процент следат општините Вевчани и Дебарца.

Врз интензитетот и обемот на прометот во туристичките места значајно е влијанието на зголемената побарувачка во текот на летните месеци заради присуството на туристичките посетители, домашни и странски.

Идниот развој на трговијата треба да се базира на квалитативни промени во насока на специјализација, окрупнување и соодветна разместеност на дејноста на трговијата на мало и големо, со цел за задоволување на потребите на купувачите на просторот на Регионот, како и примена на европските стандарди за квалитетно извршување на услугите.

Осовременувањето на оваа услужна дејност во планскиот период треба да се насочи кон транспортирање на купената стока до корисникот, кредитирање на продажбата и друго со што ќе се поспеши развојот и ќе се подигне нивото на задоволување на современите потреби на купувачот во корелација со порастот на стандардот на населението и менувањето на неговите навики, а истовремено и задоволување на потребите на туристите кои се значајни фактори во развојот на оваа дејност во Регионот.

Развојот на трговијата на големо е неопходен предуслов во заокружувањето на процесот на репродукција. Оваа дејност е комплементарна како на развојот на индустријата, така и на развојот на земјоделството особено во сферата на организирање откуп и пласман на земјоделските производи. Недоволната развиеност на трговијата на големо на просторот на Регионот негативно се одразува на перспективниот развој на повеќе видови дејности.

**Занаетчиството** во рамките на стопанските активности е дејност во која се втшат разни видови услуги за подмирување на одредени потреби на населението, како и услуги за нормално функционирање и развој на некои гранки на стопанството. Занаетчиството се јавува и како производител на разни стоки за широка потрошувачка во помали серии и поширок асортиман. Развојот на занаетчиството не е автономен, тој е во корелација со развојот на вкупното стопанство, посебно индустријата и градежништвото кои се неговите главни консументи. Исто така, значајна е улогата и влијанието на занаетчиската дејност особено во зголемувањето на понудата и асортиманот на разни сувенири и други занаетчиски производи присутни традиционално на туристичкиот пазар во Охридско-преспанскиот регион.

На подрачјето на Охридско-преспанскиот регион, занаетчиството како и другите

дејности од терцијарниот сектор бележи стагнација па дури и заостанување во стопанисувањето. Бројот на вработените бележи постојано намалување во периодот на структурното прилагодување на стопанството и реформските промени.

Во областа на занаетчиството во планскиот период се очекува, пред сé, сегашната недоволна организираност квалитативно да се подобри со понагласено преструктуирање во делот на личните услуги во домаќинствата, поголема специјализација во делот на производното занаетчиство, натамошен продлабочен развој на традиционалните занаети и едновремено негова рамномерна дистрибуција во просторот на целиот Регион. Значајни потенцијали постојат во обновување и унапредување на старите занаети карактеристични за овој простор и развивање на занаетчиското производство на специфични сувенирски производи со атрибути препознатливи за културата на народите и природните убавини на овој крај (филигранството, охридските бисери, копаничарството, ткајачкиот занает, грнчарството и друго).

***Цели***

Поставувањето на целите на идниот развој и разместеност на трговските и занаетчиските активности во Регионот се базира на претпоставките и можностите за подобрување на условите за стопанисување, динамизирање на обемот и структурата на економски развој и пораст на личниот и животен стандард на населението. Врз овие претпоставки и можности, се поставуваат следните цели на идниот развој на овие дејности:

- порамномерна и порационална просторна разместеност;
- модернизација на технологијата на работа на трговските субјекти и осовременување на продажните простори;
- задоволување на потребите на корисниците на услуги и нивно ефектуирање за пократко време и на помали дистанци до крајните корисници;
- иновирање на организацијата на работа со примена на маркетингот и менаџментот во работењето;
- поголема креативност во одржување-то и развојот на старите традиционал-ни занаети карактеристични за Регионот и
- стимулирање на развојот на овие дејности со одредени економски мерки на државата за вклучување на локалното население во отворање на нови мали бизниси во овие стопански области.

***Плански определби***

Развојот на трговијата и занаетчиството е во интерактивна спрега со динамиката на развој на вкупното стопанство и процесот на урбанизација како на градските средини така и на руралните населби. Пазарот преку законитостите на понудата и побарувачката истотака има силно влијание врз обемот и структурата на промет на производите и услугите во овие дејности и нивното просторно разместување. Со зголемување на економската моќ на државата и стандардот на населението овие дејности остваруваат генеративни ефекти во прогресот и позитивни промени на стопанската структура на локално, регионално и национално ниво и приближување до нивото на развиеност на современите развиени земји.

Со процесот на трансформација на стопанскиот систем врз пазарни основи остварен е подем на приватното претприемништво. Се отвораат нови приватни фирми во областа на трговијата и занаетчиството, кои според карактерот на дејноста претставуваат потенцијал за поефикасно вршење на услугите и задоволување на потребите на корисниците на услуги.

Економскиот развој, стопанската и инвестициона активност во производниот сектор и повисокото ниво на животниот стандард на населението во наредниот период ќе претставува предуслов за развој на овие услужни дејности, нивна надградба и повисок стандард и квалитет на услугите што ги нудат.

**Трговијата** како комплементарна дејност на материјалното производство бележи постојани промени под влијание на дејствувањето на пазарните економски законитости. Просторната разместеност на трговската мрежа е условена од концентрацијата на побарувачката која е доминантна во најголемите урбани центри: Охрид, Струга, Ресен итн. Потребата за задоволување на основните потреби на населнието од овој вид на дејност при развој на приватната иницијатива врз пазарни основи придонесе за отварање на повеќе

мали колонијални продавници и друг услужен простор и во другите населени места во Регионот, кои се карактеризираат со низок стандард па дури и минимални услови за остварување на дејноста. Во наредниот период развојот на идната мрежа на објектите на трговијата на големо и мало, ќе се темели врз квалитативни промени во специјализацијата и окрупнувањето на трговскита мрежа со цел за адекватно задоволување на потребите на корисниците на услуги на целиот простор на Регионот.

Во иднина неопходно е да настане процесот на хоризонтална и вертикална интеграција на трговските претпријатија и нивна специјализација. Трговските претпријатија на големо треба да го следат развојот на индустриските дејности и особено да помогнат во решавањето на основните проблеми во земјоделството пласманот на земјоделските производи. Имено недоволната развиеност на трговијата на големо на просторот на Регионот во досегашниот период негативно се одразуваше на перспективниот развој на земјоделското производство и можеби тоа е една од причините што недоволно или воопшто не се користат некои од природните потенцијали за квалитетно производство на одредени видови земјоделски производи.

Преземањето на пласманот од трговските претпријатија на големо со изградени ладилници и складишни сместувачки капацитети ќе придонесе за надминување на овој проблем. Вакви дистрибутивни центри треба да се лоцираат во периферијата на поголемите населени места (градските населби), да бидат во близината на главните магистрални патишта и со нив да се поврзани со локални патишта или железници, заради забрзување на протокот на стоките од отворените површини, складиштата и до дистрибутивните центри.

Иницијатива за ваков центар - берза за земјоделски производи веќе постои во градот Ресен и реализацијата на оваа идеја ќе даде придонес за подобра организација на пласманот на земјоделските производи (конкретно јаболката), а со тоа и унапредување на работата на производниот и трговски сектор како клучен фактор за поттикнување на економскиот развој на општините и Регионот.

Перспективи за развој на трговската дејност се отвораат со преземање и проширување на нејзините активности во доменот на чувањето, сортирањето и оплеменување на производите, размерување, конфекционирање, пакување и слично. Овие активности може да се применат при откупот и продажбата на земјоделските производи карактеристични за овој Регион - јаболката, но и други производи за кои постои перспектива со преземање на соодветни мерки и активности како крушите, оревите и шумските плодови за кои во овој крај постојат поволни услови за развој.

На просторот на Охридско-преспанскиот регион постои потреба за формирање на најмалку еден стоковно-дистрибутивен центар кој би овозможил претовар, складиштење и рационална дистрибуција на широк асортиман на стока. Центарот би ги обединил сите битни логистички активности во дистрибицијата и транспортот на стоката. Локацијата треба да се избира на простор каде што се вкрстуваат воздушниот, патниот и железничкиот сообраќај. Најповолни услови постојат во близина на Аеродромот "Св. Апостол Павле".

Во областа на трговијата на мало, неопходно е иновирање на организацијата и технологијата на работа и воведување на нови форми на продажба преку каталог и амбулантната трговија со цел за зголемување на продажбата во сите средини, особено во селските населби каде што обемот на промет е релативно мал. Развојот на оваа услужна дејност во насока на транспортирање на купената стока до корисникот, кредитирање на продажбата и др. ќе влијае на зголемување на прометот во трговијата и подигање на стандардот на задоволување на современите потребите на купувачот.

Трговијата во наредниот период освен извршувањето на посредничка функција ќе се комплетира со дополнителни функции кои се составен дел на современото работење на оваа дејност.

Така во извршувањето на прометно-комерцијалната активност освен трговски претпријатија учествуваат и:

- претпријатија коишто на трговските и производствените организации им даваат услуги за вршење на промет и

- посебни форми на прометни организации.

Во првата група се вбројуваат претпријатија коишто во потесна смисла вршат услуги во прометот, а тоа се: трговски агенции, посреднички претпријатија, комисиони, шпедиции, претпријатија за контрола на квалитетот, претпријатија за маркетинг, услуги и др.

Втората група ја сочинуваат претпријатијата кои обезбедуваат концентрација на понудата и побарувачката на пазарот, со што се овозможуваат рационализации во прометната цена, пред сé, преку пореално формирање на цените. Во ваквите специфични претпријатија спаѓаат аукциите, саемите, стопански изложби и пазарите на големо и мало.

Во развојот на малопродажната мрежа треба да се користи трансферот "knowhow" од развиените земји, кој овозможува трансфер на современи методи на работењето врз принципите на модерниот маркетинг, дистрибутивни техники, менаџментот итн.

Развојот на **занаетчиството** е неделиво врзан со вкупниот развој на стопанството. Со своите производни и услужни активности, занаетчиството е дејност комплементарна на повеќе стопански дејности и истовремено непосреден фактор во задоволувањето на одредени потреби на населението. Во досегашниот период не се обрнуваше доволно внимание на развојот и организацијата на оваа терцијарна дејност. Во наредниот период, со адекватни мерки на економската и особено урбаната политика потребно е да се стимулира развојот со понагласено преструктуирање во делот на личните услуги во домаќинствата и поголема специјализација во делот на производното занаетчиство.

Со заживување на стопанската активност и создавање услови за развој на индустријата, градежништвото и туризмот и земјоделството ќе се поттикне развојот на производното занаетчиство кое треба брзо да се прилагодува на потребите на корисниците со поцелосно и квалитетно задоволување на барањата за видот и структурата на производите и услугите што ги нуди.

Значајно внимание во развојот на знаетчиството во наредниот период треба да се посвети на зачувување и развивање на старите занаети карактеристични за овој крај: филигранството, копаничарството, ткајачките дејности, охридските бисери, фреско-сликарството, домашното ракотворење и сл. кои сведочат за креативноста и традицијата за развој на овие дејности во Регионот. Истотака треба да се поттикне занаетчиското производство на специфични сувенирски производи кои ќе ги носат атрибутите на културата и традицијата на народите и на природните убавини на овој крај, со обезбедување соодветен простор на ниво на секоја населба.

Традиционалното и уметничко занаетчиство (копаничарството, изработка на икони, ткаење и друго) треба посебно да се развива и стимулира, со обезбедување адекватен простор за работа, изложување и продажба под поволни услови и на локации кои се достапни особено на туристите. Со нивно лоцирање и групирање на едно место ќе се овозможи создавање на посебно атрактивни пунктови во градовите, кои ќе бидат привлечни за туристите.

Идната просторна структура на трговската и занаетчиската дејност ќе биде детерминирана од постојната мрежа на системот на населби која во услови на подинамичен економски развој во наредниот период ќе придонесе за позабрзан растеж на прометот и побрз технолошки развој со отварање на поголеми, модерно уредени продажни и складишни капацитетии, поголем обем и структура на артикли и услуги.

Основни принципи на организација на дејностите претставуваат:

- оптимизирање на просторната дисперзија на продажниот простор и просторот на другите услужни дејности преку просторна редис-трибуција на капацитетите со цел да се обезбедат најповолни дистанци до местото на живеење на корисниците;

- проширување на понудата на стоките и услугите;

- концентрација и специјализација на објектите (производни и услужни);

- примена на современите методи во организацијата на продажбата и давање на услугите;

- подигање на стандардот на услугите во областа на трговијата и занаетчиството и

- задржување на локацијата и автентичноста на традиционалните стари занаетчиски дуќани.

Концепцијата за развој и разместеност на трговската и занаетчиска дејност предвидува лоцирање на трговски и услужни центри и помали објекти во урбаните средини, на главните влезни и излезни правци од градовите Охрид, Струга и Ресен, по должината на главните градски трговски улици, во близина на атрактивните туристичко-рекреативни локалитети придружени со комплементарни содржини и особено промовирањето на традиционалните занаети карактеристични за руралните средини.

Во стопанските зони предвидени со генералните урбанистички планови се очекува поголем интерес за изградба на складишта и дистрибутивни центри.

Развојот на овие стопански дејности според концептот на овој просторен план ќе биде насочен кон сите простори со комплементарни функции каде што постојат можности за нивно лоцирање во согласност со основните принципи на пазарно работење, одржлив развој и заштита на животната средина.

При изборот на конкретни локации за организација на терцијарните дејности основен принцип е доближување на продажниот простор и други услуги до местото на живеење на населението, концентрација и специјализација на објектите (трговски и услужни), проширување на асортиманот на стоките и услугите и современа технологија во организација на пласманот и продажбата.

## 2.9. Население

***Појдовни основи***

Населението спаѓа меѓу основните елементи на кои базира предвидувањето на идната организација на просторот и претставува најбитен фактор на идниот развој. Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Регионот зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на населението.

Врз обемот, динамиката, структурата и просторната разместеност на населението влијаат повеќе фактори. Во основа, нивото на стопанската и социјална развиеност создава и специфични услови за развојот и интензитетот на движењето на населението. Истовремено влијае врз неговата активност, просторна мобилност и др. и на тој начин создава услови и можности за различна демографска и економска структура кај соодветното население, од една страна, а од друга, можности за различна концентрација, односно дистрибуција на населението во дадениот простор.

Просторната разместеност, пак, на населението, од своја страна ја наметнува потребата од соодветна организација на различни активности кои претставуваат неопходни предуслови за нормално одвивање на животот на определена територија. Во тој контекст, проучувањето на населението, неговата динамика и структурните промени, треба да укаже на спецификите во демографскиот развој и нивното значење од аспект на организирање на просторот.

Според Пописот на населението, домаќинствата, становите и земјоделски стопанства во Република Македонија во 2002 год. и според административно-територијалната организација на локалната самоуправа од 2004 год., во Охридско-преспанскиот регион, живеат 143.890 жители. Динамиката на порастот на населението во периодот 1971-2002 година изнесува индексно изразена 113,5 т.е. 0,4% просечно годишно.

Природното движење на населението, анализирано преку показателите на наталитетот, морталитетот и природниот прираст, покажува тенденција кон постојано намалување на стапките, што резултира со релативно побавен процес на репродукција на населението и во подрачја кои имаат високи стапки на наталитет и природен прираст. Миграционото салдо во 2002 год. е позитивно во сите општини, освен во Вевчани, а зголемено е на ниво на регионот во однос на 1994 год.

Според Пописот од 2002 год., во Регионот структурата на населението по пол во сите општини е речиси урамнотежена (49,7% мажи и 50,3% жени). Природните и миграциските движења на населението

придонеле за негова нерамномерна територијална разместеност и концентрација. Најголемо учество во вкупното население на Регионот има општината Струга (44,0%), потоа следат Охрид (38,7%), Ресен (11,6%), Дебарца (3,8%) и Вевчани (1,9%). Според структурата по национална припадност, во општините Охрид, Вевчани, Дебарца и Ресен доминира македонската популација, додека Албанците имаат најголемо учество во Струга.

Просечната густина на населеност на ниво на Регионот изнесува околу 80 ж/км$^2$.

Во однос на културолошките белези на населението, карактеристично е високо учество на категоријата лица со основно образование, додека процентот на неписмени лица изнесува 3,1.

***Цели***

Од аспект на организација, користење, уредување и заштита на просторот на Регионот, долгорочни и приоритетни цели на демографскиот развој се следниве:

- стимулирање на пораст на населението со низок наталитет и создавање услови за одржлив демографски развој;

- натамошно намалување на смртноста, особено кај доенчињата, и продолжување на траењето на животот;

- подобрување на структурите и територијалната разместеност на населението;

- зголемување на степенот на економската активност на работно-способното население;

- севкупна ревитализација на демографски најзагрозените и стратешки значајните подрачја (ридско-планински и погранични подрачја) и

-перманентно подобрување на структурните и други белези на населението.

***Плански определби***

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Регионот зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на населението.

Врз основа на извршената прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект. Меѓутоа, овој аспект е мошне стохастичен и тешко е да се дојде до фиксни елементи кои одредуваат стабилни услови на идното разместување и подвижност на населението.

Единствената активна популациона политика треба да придонесе за свесно и сакано родителство, за подобрување на животните и работните услови на населението и за усогласен демографски, социјален и стопански развој на Регионот.

Анализата и проекцијата на демографските карактеристики се базира врз расположивата статистичка документација, во најголем дел врз резултатите од пописите на населението, досегашните парцијални проучувања на одделни подрачја и нивните белези, расположливата литература од оваа област која се однесува на предметното подрачје, како и врз соодветна литература за некои начелни карактеристики, методолошки решенија и др.

Врз основа на наведените премиси се предвидува дека во 2020 год. вкупното население во Регионот ќе изнесува како што следи во табелата:

**Табела 21. Демографска проекција по општини и просечна годишна стапка на пораст**

| Општина | 2002 г. | 2020 г. | Просечна стапка на пораст (во %) |
|---|---|---|---|
| Охрид | 55.749 | 60.000 | 0,4 |
| Дебарца | 5.507 | 6.000 | 0,4 |
| Струга | 63.376 | 69.000 | 0,5 |
| Вевчани | 2.433 | 3.500 | 2,0 |
| Ресен | 16.825 | 18.000 | 0,4 |
| Регион | 143.890 | 156.500 | 0,5 |

*Домаќинства*

Согласно со порастот на бројот на вкупното население и промените на неговите структури, се очекуваат промени и во структурата на домаќинствата.Тие промени, пред се, ќе произлезат од планирањето на домаќинствата и други економски и

социјални фактори. Ваквите претпоставки имплицираат релативно побрз пораст на бројот на домаќинствата, од една страна, а од друга, тренд кон постојано намалување на просечниот број членови по едно домаќинство.

**Табела 22. Проекција на домаќинства и просечна големина на домаќинството до 2020 г.**

| Општина | Број на домаќинства | Просечна големина на едно домаќинство |
|---|---|---|
| Охрид | 17.647 | 3,4 |
| Ресен | 5.454 | 3,3 |
| Струга | 16.428 | 4,2 |
| Вевчани | 875 | 4,0 |
| Дебарца | 2.142 | 2,8 |
| Регион | 42.546 | 3,6 |

*Работноспособно население*

Промените во старосната структура предизвикуваат промени во работноспособниот контингент на населението. Како демографска рамка на вкупната расположлива понуда на работната сила, тој е значајна категорија која треба да се има предвид при апроксимација на потенцијалните работни ресурси. Од обемот и интензитетот на приливот на новите генерации зависи и потребата од поголем степен на активирање на работноспособни лица.

**Табела 23. Проекција на работноспособно население до 2020 година учество во вкупното население**

| Општина | Работноспособно (% од вкупно) |
|---|---|
| Охрид | 58,0 |
| Дебарца | 47,0 |
| Струга | 54,0 |
| Вевчани | 60,0 |
| Ресен | 53,0 |
| Регион | 54,4 |

*Основни културолошки белези*

Почитувајќи ги досегашните движења кај основните културолошки белези на населението, можат да се очекуваат поинтензивни промени во однос на поголем опфат на децата во основни училишта. Тоа претпоставува поголема активност на тој план во наредниот период, имајќи ја предвид и претпоставката за потребата од повисоко ниво на образование и во областа на земјоделската дејност. Исто така, се наметнува и потребата за комплетно опфаќање на идните генерации во средните училишта (согласно со новиот Закон за средното образование), со соодветно планско насочување од аспект на потребите на стопанството. Со тоа би се одбегнала опасност од суфицитарност на расположливите кадри, која денес претставува сериозен проблем, особено во помалите општини, при решавањето на прашање на вработувањето.

Идентични напори треба да се прават и во однос на факултетски образованите кадри, бидејќи наредниот период ќе бара поголема организираност во планирањето на потребните кадри во соодветната општина, а за некои профили ќе биде потребна и меѓуопштинска соработка.

*Можности за редистрибуција на населението според општите стопански движења*

Територијалната мобилност на населението во Регионот и неговите подрачја општините, во изминатиот период се одвивала зависно од степенот на развиеност, односно можностите за активирање на работноспособното население. На тоа во голема мерка влијаеле традицијата на иселување, потоа поголемата професионална мобилност и др. Меѓутоа, земјоделската активност дејствувала смирувачки на интензивните емиграциони процеси.

Тргнувајќи од досегашните движења, со сигурност може да се претпостави уште поголемо смирување на територијалната

мобилност надвор од општинските граници, односно надвор од границите на Регионот.

Притоа, не се исклучува можноста за продолжување на миграцијата село-град, за постигнување на повисок степен на урбанизација по пат на оптимален број жителите во градовите, особено во средните и помалите градски центри.

*Модели за просторна организација на населението*

Просторната разместеност на населението секогаш може да создаде јасна слика за неговата географска распределба на одредена територија во одредено време. Таа слика брзо се менува и треба да се набљудува во повеќе етапи. Затоа, таа е нагласена историска категорија и треба еволутивно да се познава за да се сфати сегашноста, но и да може да се предвиди она што ќе се случи во иднина. Многу од веќе познатите тенденции имаат позитивен карактер - пораст на степенот на урбанизација, трансформација на земјоделското население и друго, но некои имаат и негативни последици. Имено, многу подрачја поради популацискиот раст остварија суперконцентрација на население, додека пак други се интензивно испразнети. Сето тоа предизвикува и мноштво на економски и социјални проблеми. Затоа, постојано се наметнува потребата од рационална и рамномерна просторна распределба на населението, која пак мора да се заснова на модели на развојот на техничката инфраструктура, модели на системот на населби, модели на локација на секундарните дејности, модели за искористување на земјиштето и друго.

*Популациска политика*

Досегашните истражувања укажуваат на постоење на неповолни трендови на некои демографски карактеристики, врз кои единствено може да се интервенира преку активната популациона политика, како што се природниот прираст на населението повисок во однос на поразвиените региони, нето стапката на репродукција на вкупното население различна кај недоволно развиените социо-економски и други структури и др.

Тргнувајќи од определбата дека популациската политика преку систем на мерки и активности треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност, се наметнува водење активна популациска политика во согласност со можностите за социо-економски развој на Регионот. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне оптимализација во користењето на просторот и ресурсите, хуманизација на условите за семејниот и општествен живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен развој на Регионот.

Во прв ред населението треба да ја прифати неопходноста за менување на репродуктивното однесување и потребата од преземање мерки како предуслов за остварување на позначајни ефекти во наредниот период. Усогласувањето на природниот прираст со одржливиот демографски развој на Регионот, треба да овозможи натамошни позитивни промени во семејството и подобрување на положбата на жената и децата.

Со цел за биолошката репродукција на населението во Регионот да стане рационална, мерките на популационата политика треба да бидат комплексни и регионално диференцирани, да се вклопуваат во развојните документи и да се сообразуваат со регионалните разлики на демографски, економски и социјален план.

Менувањето на сегашните однесувања на обновување на населението и потребата од создавање модел на современо семејство со просечен број од околу 2,2 деца, претставува долгорочен и сложен процес на усогласување на личните и заеднички потреби и интереси на граѓаните.

Според тоа, на Регионот му е потребна комплексна, долгорочна, активна и ефикасна популациона политика.

Една од основните долгорочни насоки во врска со популационата политика треба да биде поголемо користење на човечкиот капитал во економскиот развој. Тоа може да се оствари со забрзан економски развој и зголемување на степенот на економската активност на работоспособното население. Таков развој резултира со подигање на животниот стандард и менување на сфаќањата на луѓето за сопствената репродукција.

Изнесените демографски состојби налагаат потреба во рамките на долгорочните насоки на популациска политика да се вклучат и активности за планирање на семејството. Со планирањето на семејството се настојува индивидуалниот однос спрема правото на раѓање, како едно од основните човекови права, да се доведе во склад со можностите и развојните потреби на земјата, со цел да се подобрува квалитетот на животот.

## 2.10. Урбанизација и систем на населби

### *Појдовни основи*

Процесот на урбанизација е еден од доминантните процеси на вкупниот општествено-економскиот развој.

Во својата комплексност, детерминиран со атрибутите и рамките на општествено-економскиот развој, процесот на урбанизација претставува непосреден влијателен фактор и основна рамка во која се одвива развојот на населените места. Во повратна смисла, преку идентификацијата на основните параметри на урбанизацијата, се детерминира и нивото на развиеност на населбите, како и вкупниот општествен развој.

Актуелниот период на транзиција со значајни структурни општествени промени, има непосреден одраз врз процесот на урбанизацијата и неговите основни компоненти: демографска, функционална и просторнофизичка.

Карактерот и интензитетот на настанатите промени имаат непосредно влијание врз целокупната структура на населените места. Всушност, најзначајните промени во доменот на урбанизацијата непосредно се манифестираат преку промените во центрите со висока популациска концентрација и функционална и инфраструктурна екипираност.

Анализата на процесите и тенденциите во изминатиот период во Охридско-преспанскиот регион покажува дискрепанција меѓу порастот на нивото на урбанизираност (искажано преку високо ниво на популациска концентрација во урбаните центри) и динамиката на стопанскиот развој и достигнатото ниво на економска развиеност (изразено преку висината на бруто домашниот производ по жител). Постојниот расчекор претставува основна причина поради која и на ова, регионално ниво, како и на национално, процесот на урбанизација не претставува, во сите сегменти, позитивен влијателен фактор на вкупниот развој на регионот.

Периодот од 2000 г. наваму веќе укажува на стабилизација на овие односи, како резултат на трансформација на договорната во пазарна економија и вкупната пазарна ориентација на стопанството.

**Графикон 5. Градско и селско население во регионот**




Во рамки на Охридско-преспанскиот регион порастот на градското население во периодот од 1961 до 2002 год. е нешто помал во однос на оној на ниво на Републиката, но сепак пораснал од 25,7% на 47,0%. Евидентно е смирувањето на овие процеси во последните години, кога веќе се јавуваат и обратни миграциони процеси град - село, како резултат на промените и новите ориентации во стопанскиот развој.

Графикон 6. Ниво на урбанизираност




Периодот 1953-1961г. се одликува со интензивно менување на структурата на населението во регионот во корист на неземјоделското население (од 61% во 1953 год., вкупното аграрно население се намалило на 44,8%). Во периодот 1961-1971 г. оваа тенденцијата е со посмирено темпо (35,45%, односно само 9,4 процентни поени).

**Графикон 7. Однос помеѓу вкупно и земјоделско население во регионот**




Промените во структурата на населението како последица на процесот на деаграризација во периодот после 1971 год. не даваат основа за објективно согледување поради промените во методологијата на пописите на население, како и поради настанатите промени во административните граници и структури на општините со административни организации на Републиката во 1996 и 2004 г.

Охридско-преспанскиот регион во целина претставува емиграционо подрачје. Интензитетот на иселувања од регионот е најголем во периодот 1953-1961 год., додека во периодот 1961-1971 год. е со посмирено темпо.

На ниво на регионот во периодот до 1970 год. се иселиле 2,1% од вкупниот број на жители. Највисок процент на иселеност има општината Ресен (5,5%), потоа општината Охрид (1,8%) и на крајот општината Струга (0,8%).

Периодот 1981-1994 г., а посебно по 1991 год. се карактеризира со тенденција на смирување со постапна супституција на трајните со дневни миграциски движења. Миграциите од траен карактер се насочени кон периурбаните зони, односно руралните населби лоцирани во периферните зони на гравитација на урбаните центри. Како резултат на тоа, на глобален план, е регистрирано забавување на процесот на популациска концентрација во урбаните населби и релативно умерено зголемување на степенот на урбанизација.

Критериумите за степенот на урбанизација и урбан развој на една населба во современи услови подразбираат и обезбедување на соодветна планска документација за организација и уредување на просторот, квалитетна инфра и супра структура, квалитетен стандард на домување, јавни, услужни и управно-административни функции и сл. Ова е особено значајно поради новите општествени промени, кои влијаат врз урбанизација на одделни рурални населби и простори, кои располагаат со квалитетни ресурси за развој.

*Населби*

**Табела 24. Население и населби во регионот**

| година | населби | население | градски населби | селски населби | градско население | селско население | градско население % од вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1961 | 151 | 113 442 | 3 | 148 | 29173 | 84269 | 25.72 |
| 1971 | 148 | 126 697 | 3 | 145 | 44986 | 81711 | 35.52 |
| 1981 | 148 | 146 041 | 3 | 145 | 61681 | 84360 | 42.24 |
| 1994 | 159 | 141123 | 3 | 156 | 65867 | 75256 | 46.67 |
| 2002 | 155 | 143 890 | 3 | 152 | 67644 | 76550 | 46.91 |

Извор: Податоци од статистичките пописи на население, домаќинства и станови 1961,1971,1994 и 2002 год.

Во Регионот има вкупно 155 населени места. Просечниот број на населени места во регионот изнесува 6,7 населени места на 100 км$^2$, со просечна големина од 928 жители.

**Графикон 8. Просторна распределба на населението во населбите класифицирани по големина**




Приказот ја илустрира нерамномерноста во дистрибуцијата на населението. Иако населбите со големина до 100 жители се најбројни во Регионот (вкупно 60), во нив живее едвај 1% од вкупното население, додека 30% од населението е сконцентрирано во само една населба со големина 20.000-30.000 жители. Најрамномерна дистрибуција има во населбите со големина 2.000-5.000 жители (16%), 5.000-10.000 жители (15%) и оние со 10.000-20.000 жители (12%). Околу половина (47%) од вкупниот контингент на населението во регионот е поларизиран во три градски населби.

Според надморската висина, населените места се распоредени од 695 м.н.в. до 1.600 м.н.в.

*Градски населби*

Во структурата на населените места, градските населби кои апсорбираат најголем дел од популацискиот и создаден материјален потенцијал, претставуваат сегмент во просторот врз кој најнепосредно влијаат промените на социо-економскиот развој на земјата.

Значително побогатата функционална содржина, поголемата виталност на стопанството и поквалитетната инфраструктурна поврзаност со центрите од повисоко ниво претставуваат, без сомнение, акцеле-

ратори на развојот на градските населби. Значаен стимулативен фактор на развојот претставува и положбата во просторот, посебно геопрометната.

Природните карактеристики на градските населби Охрид и Струга главно се однесуваат на нивната поволна географска положба, клима и хидрографски ресурси. Двата града лежат во богата котлина, со поволни услови за развој на земјоделството. За поволната положба придонесуваат и добрите можности за сообраќајно поврзување со непосредното окружување. Поволната географска положба, надморската висина и близината на Преспанското Езеро се поволности кои за Ресен се од исклучително значење за развој на туризмот.

Главните урбани центри се поврзани со магистрална патна мрежа која делумно се поклопува со меѓународниот коридор Е65 кој спаѓа во мрежата на патишта со "Е" ознака.

Регионот е делумно поврзан и со железничка линија, како и со локални патни правци за поврзување на одделни населени места.

*Рурални населби*

Поголем дел од селата во Регионот се сместени во котлините или на ободот меѓу котлините и ридско-планинските предели и располагаат со плодно земјиште погодно за развој на земјоделството и сточарството. Планинските населени места, поради поограничените можности за стопански развој, во голем дел се под влијание на процесот на депопулација, а неколку се и расселени. Меѓутоа, богатството со привлечни шумовити локалитети и пасишта нуди други можности за развој, првенствено од аспект на туризмот, особено селскиот и екотуризмот кои се особено атрактивни и перспективни.

Котлинските села кои се наоѓаат покрај езерата имаат особени погодности за развој на сите видови летен туризам поради близината на езерата и богатството со песочни плажи.

Тенденциите во развојот на населбите последните неколку години укажуваат на манифестирање на се посилни врски помеѓу руралните и урбаните населби. Линиските поврзувања на селата од периурбаните простори со градските населби доведуваат до трансформација на класичните градски населби во нови форми на агломерации. Ваквите појави во регионот кои засега се евидентни само во окружувањето на Охрид и Струга можат да одиграат значајна улога во трансформација на мрежата на населби и процесот на урбанизација во идниот период.

*Покриеност на населбите со планска документација*

Степенот на урбанизација на населбите во голем обем зависи и од покриеноста на просторот со урбанистичко-планска документација како основа за плански развој. Охридскиот регион има долга традиција во просторното и урбанистичко планирање. Меѓутоа, голем дел од планската документација е со изминат рок, а бројните и длабоки општествени и економски промени кои во меѓувреме настанаа наметнуваат потреба од преиспитување на планските решенија.

Регионот има усвоен Просторен план за периодот 1971-1990 год., како и просторни планови на општините Охрид, Струга и Ресен (1988-2000)

Во општината Охрид, од вкупно 29 населени места, за 15 населби од рурален карактер нема планска документација. Тоа се во најголем дел малите населби со големина до 100, односно 100.500 жители. Од останатите рурални населби за 8 постои усвоена урбанистичка документација за населено место со плански хоризонт до 2003, односно 2004 година, останатите рурални населби се опфатени со основни, односно генерални урбанистички планови изготвени за одделни потези од крајбрежното подрачје. Градот Охрид има нов Генерален урбанистички план , усвоен во 2006 год.

Во општината Струга од вкупно 51 населба, за 27 населби има усвоено општи акти со кои се утврдува градежното подрачје во населбите, 19 населби имаат усвоени урбанистички документации за населено место (УДНМ), една населба има основен урбанистички план, додека градот Струга и трите поранешни седишта на општини, инаку рурални населби Лабуништа, Велешта и Делогожди имаат генерални урбанистички планови. Може да се констатира дека општината Струга има најдобра покриеност со планска документација, бидејќи практично не постои населба за која нема никаков вид на документација.

Општината Ресен во својот состав има вкупно 44 населени места. За 15 населени места има усвоени општи акти со кои се одредуваат насоки за уредување на населбите и урбан опфат на истите, 13 населби имаат усвоени УДНМ и градот Ресен има Генерален урбанистички план со плански хоризонт 2000-2010 година. За реализација на овие документи изготвени и усвоени се 9 детални урбанистички планови и 5 планови за реализација на станбени и туристички населби.

Општината Дебарца е новоформирана општина во рамките на која има 30 рурални населби. За 7 населени места има усвоено УДНМ, за 2 општи акти и за седиштето на општината Белчишта има Генерален урбанистички план (1997-2007)

Општината Вевчани има едно населено место село Вевчани за кое има изготвено ГУП донесен во 1999 година, со плански период 1997- 2007.

***Цели***

Концептот на урбанизацијата ќе се заснива на следниве генерални цели:

- перспективниот развој на урбанизацијата треба да се одвива во форма на децентрализиран, сложен и динамичен процес;
- почитување и примена на принципите на полицентричност во воспоставувањето на избалансиран, динамичен, хиерархиски конципиран систем на населби;
- поумерен интензитет на процесот на просторна прераспределба на населе-нието, односно повисок степен на негово усогласување со елементите на стопанскиот развој, што ќе резултира со постепено смирување на процесот на поларизацијата на населението во урбаните центри;
- развој на населбите во рамките на утврдените урбани опфати, преку рационално искористување на градежното земјиште и
- воспоставување на ефикасен систем на мониторинг на урбаниот развој, преку континуирано следење на плански селектиран и систематизиран систем на индикатори.

***Плански определби***

*Очекувани промени на урбаниот стандард*

Промените кои во рамките на процесот на урбанизацијата во доменот на урбаниот стандард би настапиле во наредниот период се однесуваат на функцијата домување, јавни функции со услужни дејности и функции на општествената надградба (образование, здравство, култура, социјална заштита), комунално уредување и екипирање на населените места.

Очекуваните промени ќе се манифес-тираат преку интензивирање на влијанието на градските и општинските центри врз развојот на пошироките простори во опфатот на гравитацијата по пат на примена на стратешките принципи на урбана обнова.

Очекуваните специфики во идниот развој на регионот, треба да се базираат на развој на туризмот како една од фундаменталните и најдоходовни стопански гранки за овој простор. Во тој контекст станбената политика треба да биде ориентирана и кон задоволување на потребите за секундарно домување како дополнителни туристички капацитети во урбаните, а особено во руралните населби како особено атрактивни за развој на селски и екотуризам.

Просторната дисперзија и концентрација на јавните функции во системот на населените места е усогласена со положбата на населбите во хиеархиската мрежа и прилагодена на потребите на системот на населбите. Предложената функционална содржина претставува неопходен минимум на функции со кои ќе бидат екипирани населбите во планскиот период согласно дефинираното ниво на централитет.

Екипирање на населените места со елементи на комунална инфраструктура и супраструктура претставува важен елемент на организацијата и уредувањето на просторот во населените места и фактор кој непосредно влијае врз животниот стандард на населението и е во функција на создавање на здрава животна средина.

*Перспективен развој на урбанизацијата*

Интезитетот и длабината на идните промени кои императивно се наметнуваат и секако ќе претставуваат значаен фактор во процесот на транзиција, подразбираат иницирање на суштински промени во системот на населените места и примена на селективни мерки во развојот на системот на централните градски населби.

Согласно со насоките во Просторниот план на Република Македонија, посебно внимание ќе биде насочено кон категоријата средни и мали градови. Оваа категорија на градски центри чија улога во претходниот период беше неоправдано запоставена се очекува, во наредниот период, да биде основен носител на развојот на мезорегионално и микрорегионално ниво. Тоа значи дека во рамките на Охридско-преспанскиот регион каде што сите урбани населби спаѓаат во оваа категорија, тие ќе бидат фактори на идниот развој кој ќе го диригира и насочува развојот на целиот регион. Процесот на интензивирање на индустрискиот развој во наредниот долгорочен период ќе се одвива со примена на принципите на пазарната економија со доминантна улога на приватната иницијатива.

Методот на селективен пристап кој отвара можности за стимулирање на функционален и посебно, стопански развој на недоволно развиените и депресивните подрачја, подразбира примена на мерки за валоризација и оптимално искористување, пред сé, на локалните потенцијали и ресурси. Реализацијата на концептот подразбира и примена на конкретни мерки за квалитативно подобрување на неповолните состојби на средните и мали населби преку нивна обнова и реконструкција и дооформување на функционалната содржина во квантитативна и квалитативна смисла.

Развојниот концепт, со кој се предвидува трансформација на мрежата на населбите во организиран, динамичен систем на населени места, во рамките на стратегијата на просторниот развој на државата, (Просторен план на РМ) предвидува премин во повисоко ниво на урбанизација, забавена популациска поларизација во градовите, степен на урбанизација околу 60%, супституција на трајни со дневни и периодични миграции, учество на аграрното во вкупното население приближно 10% и формирање на систем на центри. Основа врз која непосредно ќе се потпира развојот на урбанизацијата претставува соодветен модел на систем на населби со дефинирана:

- хиерархиска структура на системот на централните населби;

- рамномерна дисперзија на центрите во просторот;

- зони на гравитационо влијание;

- зони на интензивно меѓусебно поврзување и

- стратешки рамки за реализација на моделот.

Во класификацијата на централните населби, респектирајки ги постојните регионални разлики и диспропорции во степенот на развиеност, моделот се потпира врз критериумска основа која се однесува на:

- положба во просторот, големина и функционална опременост на постој-ната мрежа на урбани населби;

- зони на гравитациско влијание на урбаните населби големина, капацитет, број на населби и население во опфатот;

- положба на градските центри во однос на постојни и планирани зони на интензивен развој и планиран развој на населените места;

- положба во просторот на руралните населби, функција, популациска големина, економска (стопанска) развиеност, услови за перспективен развој и функционална опременост и

- планирањето на перспективниот развој на системот на населби со дефинирање на моделот на централните населби ќе претставува резултат на примената на критериумската основа и принципот на полицентричност и хиерархичност.

Основни принципи со чија примена ќе биде конципиран моделот претставуваат:

- принцип на полицентричностсистем составен од повеќе центри и

- принцип на хиерархично-стхиерархиски поставена структура на централни населби.

*Развој на урбаните населби*

Согласно со усвоениот систем на централитет на ниво на Републиката во Просторниот план на Република Македонија, во рамките на Охридско-преспанскиот регион, системот на центри ќе го сочинуваат урбани населби со следниве категории на централитет:

- Центар на мезорегион и
- Центар на микрорегион.

Системот на центрите, конципиран согласно со критериумската основа и категоризациона структура ќе биде составен од населби со претежно оформена содржина на функции и активности, соодветна популациска големина и зона на гравитациско влијание. Основната структура на системот на центри во Охридско-

преспанскиот регион во 2020 година ќе ја сочинуваат населените места:

-Центар на мезорегион-урбаната населба Охрид: популациска големина 30.000 жители и поголема; значителна застапеност на централни функции од јавен карактер, функции на општествен стандард и услуги на регионално ниво; висока концентрација на производни стопански капацитети; во опфатот на гравитациско влијание пет и повеќе општини, односно целиот Регион и пошироко. Поради специфичните природни и создадени вредности кои имаат посебно, специфично влијание и можности во идниот развој, Охрид е потенциран во системот на центри како центар на мезорегион со специфични функции и

- Центри на микрорегиони (2) урбани населби Струга и Ресен, со популациската големина под 30.000 жители; застапеност на јавни функции, функции на општествен стандард и услуги; застапеност на производни стопански капацитети; гравитациско влијание врз минимум една до две општини.

Важна улога во просторниот развој ќе имаат населбите лоцирани во или покрај просторите од посебно значење за регионот (населби со природни, историски и културни вредности, туристичко-рекреативни, погранични и ридско-планински депопулациони подрачја). Развојот на населбите во овие подрачја посебно ќе биде стимулиран со цел да се создадат оптимални услови за перспективен динамичен економски и демографски развој, што подразбира предвидување и развој на одредени функции кои се предвидени за населби со повисоко ниво на централитет. Ваквиот пристап, со потенцирање на компаративните предности и ресурси на одделни, особено рурални населби и нивна експлоатација во рамките на стопанскиот, културниот и особено развојот на туризмот, ќе резултира со вкупни, позитивни ефекти врз урбаниот развој на целиот регион.

Влијанието на развојот на процесот на урбанизацијата непосредно искажано преку моделот на централните населби ќе се одвива во следниве насоки:

- урбаните населби во услови на умерен популациски развој, зајакната и квалитативно подобрена функци-оналната структура ќе го интензивираат своето влијание врз просторите и населбите во окружувањето наметнувајки потреба за интегрално планирање на развојот на поширокиот простор;

- процесот на поинтензивно двонасоч-но функционално поврзување (во доменот на услугите, стопанството, вработувањето), ќе биде присутен и кај останатите населби;

- развојот на урбаните населби, а посебно населбите со големина до 5.000 жители и неразвиените општински центри ќе биде поттикнат преку плански насочен просторно-физички и функционален развој со цел да се овозможи рамномерно усогласен развој на мрежата на населбите;

- поволната геопрометна положба, посебно положбата на главните комуникациски правци, ќе претставува поттикнувачки фактор за развој на населбите во пограничните простори со соседните земји;

- просторно-физичкиот развој на градските населби и населбите во нивното непосредно окружување, ќе биде интегрално третиран и плански насочуван со цел да се намали и ограничи процесот на населување и

- процесот на проширувањето на зоната на изградено земјиште, односно урбаните опфати на градските населби ќе се одвива во забавена форма, а перспективниот просторно-физички развој ќе биде насочен кон поефикасно користење на постојното градежно земјиште во постојните граници, во согласност со важечките стандарди и нормативи.

*Развој на руралните населби*

Планскиот концепт на развојот и уредувањето на селските подрачја претставува интегрален дел на глобалниот концепт на просторниот развој на Регионот.

Концептот на долгорочниот развој со кој се предвидува суштинско подобрување на условите за живеење и стопанисување како неопходен мотив за запирање на негативните тенденции, ревитализација и економски подем на руралните населби, заснован е врз принципите на моделот на интегрален развој кој подразбира комплексен, напореден и координиран развој на:

- земјоделство и производно стопанство (мали и средни погони);

- терцијарни дејности (услуги, занает-чиство, трговија, угостителство);

- комунална и сообраќајна инфраструктура како предуслов за уредување и опремување и ефикасно комуникациско поврзување со најблиските урбани населби - функционални центри и населбите во окружувањето и

- оптимално задоволување на потре-бите од доменот на функциите на општествениот стандард, согласно со утврдените потреби на корисниците.

Реализацијата на моделот на интегрален развој на селските подрачја подразбира примена на соодветна долгорочна развојна стратегија и непосредна примена на практични чекори со кои се обезбедува:

- интегрален пристап во планирањето на развојот на селските населби и организација, уредување и користење на севкупниот простор во границите на атарот во согласност со современите планерски принципи и стандарди;
- ефикасно сообраќајно и воопшто комуникациско поврзување;
- селективна стратегија за одделни типолошки категории на селски населби;
- зголемена мотивираност на селското население за активно учество во развојот на селските подрачја;
- стимулирање на развојот на недоволно развиените рурални општински центри и
- стимулирање на развојот на руралните населби и подрачја кои располагаат со атрактивни и специфични ресурси за развој на туризмот со сите комплементарни и пратечки функции.

Развојната стратегија на руралните простори и, посебно, руралните населби во перспектива би требало да произлезе како резултат на опстојно комплексно проучување на актуелната состојба и развојните процеси. За таа цел неопходно е да се пристапи кон изработка на научно фундирана интердисциплинарна студија која ќе ги дефинира најважните стратешки правци на перспективниот долгорочен просторен развој на селото.

*Просторно функционални единици*

Во Стратегијата за просторен развој на Република Македонија (Просторен план на РМ) е предложена организациона поделба на просторот на Републиката на просторнофункционални единици со цел за обезбедување на оптимална усогласеност на релација функции потреби на населението.

Основа за детерминирање на просторно-функционалните единици претставува системот на населените места и интензитетот на меѓусебните функционални врски со примена на соодветна критериумска основа. Притоа, појдовна основа претставува стратешката определба на Планот со која се нагласува неопходноста за обезбедување на повисоко ниво на воедначеност на просторниот развој во услови на рамномерна просторна дисперзија на функциите и населението.

Најважните очекувани ефекти од формирањето на просторно-функционалните единици се однесуваат на зголемување на интегративниот фактор во функционирањето на системот на населените места искажан преку ефикасна организација во доменот на основните функции и активности (стопанство, домување, услуги, рекреација, управување) и поголема ефикасност во користењето и планирањето на развојотот на инфраструктурните системи.

Развојниот концепт, врз основа на примената на критериумската основа, предвидува формирање на 15 просторно-функционални единици на територијата на Републиката. Просторот на Охридско-преспанскиот регион според оваа организација припаѓа на две просторно-функционални единици: Охрид, која ги опфаќа општините Охрид, Струга, Дебарца и Вевчани според актуелната територијална организација и Битола во рамките на која спаѓа просторот на општината Ресен.

Формирањето на помали просторно-функционалните единици може да се реализира врз основа на критериумската основа со доразработка и вградување на критериуми и индикатори на пониско, локално ниво за поефикасна интеграција на просторот. На тој начин се создава можност за поефикасно организирање на просторните сегменти врз основа на однапред дефинирани заеднички интереси и цели под непосредно влијание на централна урбана населба. Просторниот опфат на функционалните единици се идентификува со опфатот на гравитација на урбана населба. Разликите во бројот на населбите и

населението претставуваат резултат на големината, нивото на функционална екипираност, природните погодности и ограничувања на просторот и комуникациската поврзаност.

*Очекувани трендови во планскиот период*

Демографската проекција за 2020 година укажува на очекуван натамошен пораст на населението во градските населби, како резултат на природниот прираст и, посебно, континуираниот процес на миграција на населението и концентрација во центрите со повисока атрактивност и поповолни животни и работни услови. Ваквиот тренд логично ќе се одрази врз пораст на степенот на урбанизација, така да во планскиот период и на ниво на регионот процентот на градското население ќе се приближува кон републичкиот просек (60%).

**Табела 25. Планиран број на жители во централните градски населби во Регионот до 2020 г.**

| Р.б. | Населба | Година | |
|---|---|---|---|
| | | 1994 | 2020 |
| 1 | Охрид | 41.146 | 45.000 |
| 2 | Струга | 16.037 | 20.700 |
| 3 | Ресен | 8.684 | 10.700 |

Процеси на просторно функционална трансформација во форма на интензивна изградба и уредување на ниво на регион може да се очекуваат во атрактивниот туристички регион на Охридското Езеро на потегот меѓу градовите Охрид и Струга и целиот крајбрежен простор. Со овие процеси и трендови туристичкиот регион постепено ќе поприма карактеристики на специфично метрополитенско подрачје со доминантни туристички карактеристики.

*Мониторинг на урбаниот развој*

Отсуството на единствена методологија, базирана на дефинирани урбани индикатори кои треба да ги опфатат сите клучни сегменти оваа област, како и надлежна институција за систематизирање и обработка на податоците не дава можност за континуирано следење на урбаниот развој во Република Македонија. Промените во урбаниот развој многу полесно и поконкретно се следат на пониско ниво. Со процесот на децентрализација на функциите од централно на локално ниво се отвора можност за мониторинг на локално ниво, што треба да биде и обврска на секоја општина. Редовното следење на состојбата е најдобар начин за воспоставување база на податоци и нејзино перманентно ажурирање. На тој начин, локалната самоуправа како најзначаен субјект во развојот на локално и битен на регионално и национално ниво, развој може објективно да ги согледа своите развојни потреби и можности и врз основа на тоа да донесува реални, објективни, економски изводливи и исплатливи и еколошки одржливи програми за својот иден развој.

Воспоставувањето и функционирањето на ефикасен систем на мониторинг на урбаниот развој е условено од утврдување на систем на соодветни урбани индикатори. Имајќи ја предвид комплексноста на урбаниот развој и специфичните карактеристики на овие процеси во Република Македонија, може да се дефинираат следниве групи на индикатори, класифицирани по области, односно сегменти од развојот:

1) индикатори за мониторинг на процесот на донесување на планска документација;

2) ндикатори за мониторинг на процесот на спроведување на планската документација и

3) индикатори за мониторинг на вкупниот урбан развој

Воспоставување на системот за евалуација и мониторинг на урбаниот развој е процес кој бара доста време, енергија, иницијатива и упорност на сите фактори кои во тој процес треба да учествуваат. Основните фази во процесот се:

- дефинирање на цели на локално ниво;
- поставување на клучни резултати кои локалните служби сакаат да ги постигнат;
- селектирање на индикатори за постигнување на саканите резултати и
- организација на систем на прибирање, селектирање и обработување на индикаторите.

Успешноста на мониторингот на состојбите во наведените области, непосредно зависи од квалитетот и ажурноста на неопходните податоци за следење на промените дефинирани со индикаторите, како и од активното учество на релевантни институции кои може да ги обезбедат потребните податоци.

Основната улога во активностите за воспоставување мониторинг на урбаниот развој, треба да ја има локалната власт со своите служби и сервиси.

*Концепт на одржлив урбан развој*

Одржлив урбан развој подразбира интегралност и комплементарност на развојните процеси, принципи, институции и политики, како на релација човек природа така и во односот човек - човек и човек - општество, без загрозување на можностите, потребите и интересите на идните генерации.

Тој подразбира општествена процена на применетите технологии, развој на нови процеси, внесување на нови производи и услуги во согласност со принципите на економската ефикасност, социјална правда, политичка демократија, културен диверзитет и еколошка заштита.

Едновремено, одржливиот урбан развој претставува рамка за развој на основните градски функции. Усогласување на принципите на пазарната економија и одржливиот развој претставуваат рамка за пристапот дефиниран на конференцијата на ОН за развој и заштита на животната средина одржана 1992 година во Рио де Жанеиро во акционата програма наречена "Агенда 21".

Обврската за воспоставување одржливи урбани населби произлегува од усвојување на програмата Хабитат II. Оваа програма налага развој и унапредување на населбите и ефикасно користење на ресурсите, согласно со можностите на екосистемите. Основните цели на програмата Хабитат II се фокусирани на планирање на населби кое обезбедува заштита и унапредување на културното и природното наследство, унапредување на социјалниот интегритет на населбите, рационална експлоатација и заштита на природните ресурси, особено необновливите итн.

Во т.н. "Зелен документ за урбаната средина" се налагаат активности кои имаат за цел амелиорирање на квалитетот на урбаната средина:

- урбанистичко и просторно планирање;
- оптимално управување со индустрискиот и економскиот подем, потрошувачката на енергија и отпад;
- рационализација на градскиот сообраќај, вклучувајќи јавен градски сообраќај и
- заштита на историските вредности и зелените простори.

Пазарниот модел на стопанисување и признавање на статусот на активна сопственост во развојните процеси ќе претставуваат една од најбитните насочувачки опции во плановите за организација и уредување на просторот. Од тие причини принципите за "одржливост" мора да бидат експлицитно вградени во сите нивоа на урбанистичка, архитектонска и друга просторно планска и инвестициона документација. Од посебно значење во планските концепти е да се вградат мерки за санација на главните извори и локации на загадување и мерки за урбана, агломерациска, индустриска и пејсажна ревитализација и рехабилитација.

*Основни принципи во планирањето на одржливиот урбан развој*

Основните елементи кои влијаат врз дефинирањето на принципите во планирањето на одржлив урбан развој, базираат врз:

- изборот и процената на локација на населбата и идентификација на регионалните карактеристики;
- големината и густината на населеност, изграденост на територијата;
- морфологијата на населбата (височина на објекти, широчина на улици, ориентација спрема инсолација, можности за проветрување), врската со природното окружување и процентот на зеленило (создадено и автохтоно) во населбата;
- типологијата на архитектонските објекти, употребата на материјали, енергетската ефикасност и чувањето на локалниот - регионалниот идентитет, како и врските со споменичкото богатство;
- односот меѓу распоредот на урбаните функции и енергетскиот трошок за комуницирање и инфраструктурно сервисирање, процентот и дистрибуцијата на зелени и рекреативни површини во урбаниот

модел, како и воведувањето на нова категорија, т.н. "урбано земјоделство";

- избалансираноста на демографската и професионалната структура на населението остварена со развој на мултифункционални, производни можности, но и можности за брза и соодветна преквалификација;

- оцената на микро и мезометереолошките услови, кои можат да се моделираат, т.е. рехабилитираат со помош на соодветна урбана реконструкција (промена на шемата на улици, височината на објекти, релокација, или ревитализација на индустријата, планирање на заштитни зелени појаси, биокоридори; подобрување на парковското и т.н. "мало" зеленило во централните зони, озеленување со "вертикалното зеленило" и изградба на "градежни озеленети бариери" на критичните точки кај сообраќајници и сл.);

- вградувањето на еколошките принципи на природните науки и урбаната метеорологија при дефини-рањето на врските на градот со неговото природно-ресурсно окружување;

- зачувувањето на идентитетот на населбата изразен преку истакнување на неговите специјални топографски карактеристики, како и преку чување на урбаната меморија поврзана со споменичното богатство и типологијата на традиционалната регионална архитектура и

обврска на планерите и урбаните менаџери да ги следат сите урбани циклуси, да го рационализираат прашањето на ресурсите и енергијата по прагови на развојот (кои во урбаниот модел се изразито асинхрони) и да ја оптимизираат рециклажата на секундарните суровини.

## 2.11. Јавни функции

***Појдовни основи***

Просторната дистрибуција и функционалната организација на јавните функции (образование, здравство, социјални грижи, наука, култура и физичка култура) е директна последица на разместеноста и големината на населбите, односно агломерациониот систем. Развојот на овие дејности условен од низа фактори од економската, социјалната и другите сфери.

Организацијата на јавните функции во Охридско-преспанскиот регион, во поглед на нивната просторна разместеност и степенот на задоволување на потребите на граѓаните се карактеризира со нивна неприлагоденост во однос на типот на населбата, положба во системот на населбите, сообраќајната поврзаност и социо-економските и демографски карактеристики на населението. Ова е последица на досегашниот единствен модел на организација и финансирање на овие дејности, како и на непостоењето на организирана соработка меѓу локалните заедници и јавните дејности во формирање на програми за организирање на нивните активности.

Можностите за задоволување на основните потреби на граѓаните од областа на јавните функции и квалитетот на пружените услуги во Регионот се нагласено нееднакви. Овие разлики се најизразени во односот градски - селски населби. Селските и приградските населби имаат само рудиментирана мрежа на на јавни функции.

Градежната состојба на објектите, нивната опременост и квалитетот на пружените услуги, исто така, се разликуваат во зависност од типот на населбата, посебно во односот на градските и селските населби.

Во организацијата на јавните дејности запоставени се оние видови на активности кои обезбедуваат поголема достапност на населението од помалите или помалку развиените населби (организиран превоз со школски автобуси, мобилна здравствена служба, организиран јавен меѓуселски сообраќај и др.).

Во областа на *образованието* на територијата на Охридско-преспанскиот регион евидентирани се вкупно 86 основни училишта (со 19.174 ученици), 5 средни училишта (со 6.516 ученици), 2 факултета (со 3.044 студенти) и 2 дома за сметување на ученици. Училиштата се соочуваат со бројни суштински проблеми: неадекватна разместеност на објектите во просторот, висока концентрација во развојните центри, недоволна опременост на објектите со потребните содржини, објекти и терени од областа на спортот и физичката култура и сл.

Мрежата на евидентирани *здравствени организации* на ниво на регион изнесува вкупно 34 организации распоредни во

примарно и секундарно ниво, со 1.075 болнички постели и 1.751 вработени. Здравствените дејности се соочуваат со бројни проблеми во развојот, како изградба и опремување на современи капацитети во многу селски населби, како и приватизација во прва фаза која го опфаќа примарното здравство, а понатаму и сите фази на здравствената дејност.

Дејноста на *општествената и социјална заштита* се врши преку организации за социјална заштита и 25 организации за згрижување и воспитување на 21.590 деца од предучилишна возраст.

*Културата* како комплексна дејност се одвива низ 24 разни организации: 2 национални установи во чиј состав се одвива музејската дејност, 4 библиотеки, 1 дом на култура, 3 центри на културата како комбинирани установи, 12 фестивали и манифестации, 1 ликовна колонија, 1 керамичка колонија.

*Физичката култура* во регионот се одвива во објекти за физичко воспитување во воспитно-образовните установи и објекти за спорт и рекреација и тоа во 13 сали за изведување на наставата по физичко воспитувањс, 2 спортски сали, 23 фудбалски игралишта, 4 базени, 11 игралишта за мал фудбал, 23 терени за ракомет, одбојка, 2 кајакарски клубови итн.

Основните програмски определби за развој на физичката култура се насочени во правец на проширување на мрежата на објекти и капацитети, работа врз измена на наставните планови и програми за физичката култура, подобрување на опременоста на постојните објекти и изградба на нови.

***Цели***

Целите во развојот на јавните функции се следниве:

- намалување на разликите во квалитетот на живеење на населбите од различен тип;
- активирање на локалните заедници и самоиницијативи на граѓаните низ различни институционални и вон-институционални аранжмани;
- зголемување на искористеноста на изградените фондови за потребите на работата на јавните функции;
- понагласен развој на мрежата на институции за предучилишно вос-питување и образование поради нивното значење во психофизичкиот развој на младата личност, по пат на опфаќање на што поголем број корисници;
- развивање на порамномерна мрежа на основни и средни училишта со целосен опфат на децата и младината на соодветна возраст и одвивање на наставата во една смена;
- порамномерен развој на здравствена-та заштита и подобрување на квалитетот на пружените услуги со подобрување на просторната организација и кадровската екипираност на здравствените служби;
- натамошен забрзан развој на културата низ повисоки форми на културно живеење, со посебен акцент на руралните подрачја и центрите на новоформираните општини и
- проширување на мрежата на објекти и капацитети од областа на физичката култура за постигнување порамномерна и порационална просторна разместеност.

***Плански определби***

*Организација на јавните функции во системот на населби*

Развојот на стопанството и системот на населби во регионот, економскиот развој и зголемувањето на степенот на вработеноста како и севкупната урбанизација на просторот, го условува и развојот на јавните функции, како потреба за поголем избор на занимања, потреба од соодветно образование и сé поразновидни потреби од областа на културата. Урбаниот развој условува и развој на современа здравствена и социјална заштита на населението, преку развиена мрежа на институции од оваа област.

Организирање на мрежата на јавните функции во одделни подрачја и нивното ускладување во планираната мрежа на населби се базира на следните принципи:

- достапноста на услугите за граѓаните (сообраќајна, информатичка, територијално мобилни служби);
- развој на комплементарни содржини за одделни дејности (домови, пансиони, стационари, кујни и сл.);
- усогласено работно време на одделни јавни дејности според потребите на граѓаните;
- задржување на традиционалните функционални специфичности на одделни населби во однос на одделни јавни дејности;

- примена на различни критериуми во организирањето на јавните дејности: демографски карактеристики, социо-економски состојби и потенцијали, големина на гравитационото подрачје, сообраќајна положба и поврзаност, културна развиеност и потенцијали, заинтересираност на инвеститорите и оправданост на програмите во однос на инвестициите и др.;

- утврдување на обврзувачки стан-дарди и норми за одделни јавни дејности, со цел да се обезбедат минимални услови за задоволување на потребите и

- развој на посебни програми сообр-азени со особеностите на руралните подрачја.

Препораката за организација на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, поаѓа од постојната мрежа на јавните функции под претпоставка дека идниот развој на овие функции ќе се развива во согласност со економските, институ-ционалните и други промени.

**Табела 26. Организација на јавните функции согласно со хиерархиската мрежа на населбите**

| | Јавни функции | Мезорегионален центар | Општински центар (микрорегионален) | Рурален општински центар | Населба (локална заедница) | Радиус на гравитација | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | *Социјална заштита и предучилишно воспитание и образование* | | | | | | |
| | 1. Домови за сместување на деца без родителско старателство | Н$^{0}$ | Н Н$^{*0}$ | | | | |
| | 2. Домови за лица со функционални и ментални пречки | Н$^{0}$ | Н$^{*0}$ | | | | |
| | 3.Центри (комплекси) за стари лица | Н$^{0}$ | Н$^{*0}$ | | | | |
| | Предучилишно образование | Н | Н | Н | Н | 600 1.000м. | Опфаќа околу 6% од бројот на жителите, а се усогласуваат со локалните и социоекономскит е особености |
| II | *Образование* | | | | | | |
| | 1. Основно образование I IV одд. | Н | Н | Н | НН | 1.500 м. | |
| | 2. Основно образование V VIII одд. | Н | Н | Н | НН | 21.500 м. | Подрачно основно училиште се организира на 20.003.000 жители. Централно основно училиште на 30.0010.000 жители. Обврска за организирање на превоз (школски автобус или јавен превоз) за дистанци преку 2.500 м. |
| | 3. Средно образование | Н К | Н К* | Н К$^{*0}$ | | | |

| | Јавни функции | Мезорегионален центар | Општински центар (микрорегионален) | Рурален општински центар | Населба (локална заедница) | Радиус на гравитација | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 4. Вишо и високо образование | Н К | Н* $К^{0}$ | | | | |
| | 5. Ученички и студентски домови | Н | Н* | Н* | | Ако опфатот на студенти и ученици кој се школуваат надвор од местото на живеење 50% локацијата да е блиску до училиштето или факултетот | |
| III | *Здравствена заштита* | | | | | | |
| А. | Примарна здравствена заштита | | | | | | |
| | 1. Здравствени станици и мобилна здравствена служба | Н | Н | Н | Н | | Гравитационо подрачје до 1.000 жители (селски зони) |
| | 2. Здравствени домови | Н | Н | НН | | | До 10.000 жители во зависност од густина на населеност |
| | 3. Медицински центар | Н | Н | Н* | | | |
| | 5. Аптеки + | Н | Н | Н | | | |
| | 6.Вонболнички стационари | Н | Н | | | | |
| Б. | Секундарна здравствена заштита | | | | | | |
| | 1. Општи болници | Н | Н | Н* | | | |
| | 2. Специјални болници | Н | $Н^{*0}$ | $Н^{*0}$ | | | |
| | 3. Заводи за медицинска рехабилитација | Н | Н* | Н* | | | |
| IV | *Култура* | | | | | | |
| | 1. Музеи | Н | Н | Н* | Н* | | |
| | 2. Библиотеки | Н | Н | Н | Н | | На ниво на Регионален центар установа од национално значење со можност и во други центри |
| | 3. Домови на културата | Н | Н | Н | Н | | |
| | Центри на културата | Н | Н | | | | |
| | 4. Галерии и изложбени простори | Н | Н | Н* | Н* | | |
| | 5. Сценскомузички дејности | Н | Н | Н* | Н* | | |
| V | *Физичка култура* | | | | | | |

| | Јавни функции | Мезорегионален центар | Општински центар (микрорегионален) | Рурален општински центар | Населба (локална заедница) | Радиус на гравитација | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1. Отворени, уредени простори погодни за различни видови спортски активности, со минимални барања за одржување | Н | Н | Н | Н | | |
| | 2. Отворени, уредени простори погодни за различни видови спортски активности, со уредени санитарни простории, режими на користење и сл. | Н | Н | Н | Н | | |
| | 3. Покриени објекти за физичка култура со соодветни санитарни и останати пропратни простории, режими на одржување и користење (базени, тениски игралишта, вежбалници и сали за гимнастика) | Н | Н | Н* | Н* | | |
| | 4. Помали спортскорекреативни центри со мултинаменски карактер | Н | Н* | Н* | | | |
| | 5. Спортско-рекреативни центри кои ќе ги задоволуваат стандардите за сојузни и меѓународни натпревари | Н | Н | Н* | | | |

Н неопходно;
НН до колку не може да се организира во населбата, во непосредна близина;
* Пожелно доколку постои интерес и економска основа за организирање на содржината (во јавен или приватен сектор);
К неопходно организирање на комплементарна пропратна содржина (ученички или студентски домови и сл.);
\+ определено е нај ниското ниво на неопходна организираност на содржината;
⁰ Во централната населба или друга населба на подрачјето на територијалната целина.

*Организација на јавните функции*

Планскиот концепт на организација на јавните функции е усогласен со промените во политичко-институционалниот систем на државата, како и со новите тенденции и праксата на организирање и финансирање на овие дејности во развиените земји со

нагласена димезија на социјалниот развој. Просторната разместеност на јавните функции, овозможува:

- усогласеност со системот на населби во Регионот;
- достапност на функциите до сите граѓани на Регионот;
- воедначен квалитет на пружените услуги;
- поттикнување на локална самоиницијатива, активно учество на граѓаните и
- можност на избор на вид и модалитет на услуги и прилагоденост на програмата на јавните служби на локалните карактеристики.

*Основното образование* е обврзувачко за сите деца на 6-15-годишна возраст, а минимални обврзувачки стандарди се 7 $м^2$/ученик за површина на објектот и 20 $м^2$/ученик за комплексот на училиштето. Основни училишта треба да постојат во сите населби. Доколку не постојат услови за организирање во населбата, (потенцијален број на корисници, градежен фонд и сл.), истата се организира во соседната населба, со задолжително обезбеден превоз. Радиусот на гравитација за основни четиригодишни училишта е 1.500 м, а за осумгодишни училишта 2.500 м. За дистанци поголеми од овие, задолжитено е обезбедување на превоз со школски автобуси или јавен превоз.

*Средното образование* е задолжително за секој граѓанин во Републиката и ја опфаќа младината на возраст од 15 - 19 години (член 1 од Закон за измена и дополнување на Законот за средно образование "Сл. весник на РМ " бр. 49/2007). Во планскиот период образовни институции од средно образование се предвидуваат во градските општински центри, а по потреба и во руралните општински центри, односно доколку постои интерес и економска основа. Овие содржини може да се организираат во рамките на јавниот или приватниот сектор со организирање на комплементарни содржини кои овозможуваат целосно задоволување на потребите (ученички домови, ресторани, библиотеки со читални и простории за учење и сл.). Норматив за одредување на потребната површина е 8 - 10 $м^2$/ученик, односно 25 $м^2$ по ученик за комплексот на училиштето.

*Вишо и високо образование* е организирано во постојните институции. Мрежата на капацитетите во рамките на постојните институции и профилите на кадрите кои ќе се продуцираат, ќе се дефинираат согласно со потребите на стопанството и нестопанските дејности, во таа смисла што развојот треба да се одвива во правец на обезбедување на високостручни кадри за специфични области и гранки на развојот. Развојот на високото образование треба да ја иницира и следи социјалната, економската, научната, културната и друга развојна тенденција на Регионот во поширока смисла.

Норматив за одредување на потребната површина е 30 $м^2$ по студент за високообразовна институција.

*Здравството,* актуелниот транзициски период во кој се наоѓаат сите дејности меѓу кои и здравството, се карактеризира и со донесување на низа закони од областа на здравствената дејност, преструктуирање и дефинирање на обврзувачка здравствена заштита за целокупното население, порационално организирање и создавање на можности за развој на комплементарно приватно здравство. Регионот располага со мрежа на здравствени организации која ја сочинува Медицински центар во Охрид и здравствени домови во Струга, Ресен и Вевчани. Во планскиот период потребно е зајакнување на капацитетите на мобилните здравствени служби кои се предвидени за опслужување на овој простор.

Основни нормативи за организација на здравствената дејност согласно со мрежата на здравствените организации распределени во примарно, секундарно и терцијално ниво на заштита се:

- во *примарната здравствена заштита* 0,050,2 $м^2$/жител, односно по 0,020,5 ха површина на комплексот за здравствен дом додека за здравствена станица 0,020,05 м2/жител, односно по 0,050,1 ха површина на комплексот и

- во *секундарната здравствена заштита* 8 постели/1.000 жители, и големина на комплексот од 24 ха за општи болници со капацитет 200.400 легла, односно 0,050,1 ха површина на комплексот за заводи за здравствена заштита.

*Социјална заштита*: организациите за згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст обавуваат дејност од

посебен општествен интерес, бидејќи тука започнува формирањето на карактерот на детската личност. Поради нивното значење во психофизичкиот развој на децата, нивно поуспешно подготвување за училиште и се поголем степен на вработеност на жените, се предвидува и очекува натамошен нагласен развој на мрежата на овие институции. Со предучилишните установи треба да бидат опфатени 70% од децата на предучилишна возраст (или околу 6% од населението), со целодневно или полудневно боравење. Основни стандарди при проектирање на овие организации се 9 м$^2$ бруто површина по дете, односно 20 м$^2$/дете за отворени простори (зеленило, игралишта, пристапи). Вакви институции би требало да се организираат *во сите населби*, под претпоставка дека ќе се извлечат од демографската стагнација и староење. Радиус на гравитација за овие институции е 600 - 1.000 м.

Во однос на социјалните установи за објектите од социјален карактер за деца без родители и за стари лица се планираат по 3 места на 1.000 жители со мин. 15 м$^2$ на површина на објектот по корисник и мин 30 м$^2$ на комплексот по корисник. За детски јасли и градинки потребно е да се обезбеди 3.035 м$^2$од комплексот и истите би требало да се организираат *во сите населби*, под претпоставка дека ќе се извлечат од демографската стагнација и староење. Радиус на гравитација за овие институции е 600-1.000 м.

*Култура:* во планскиот период *секоја од населбите* треба да има и *библиотека, кино и дом на културата*, а ако постои интерес и економска основа во некои од населбите и музеј, галерија, театар и дом за деца и млади. Нормативи за предвидување на овие дејности се: за библиотека на 1.000 жители се предвидува мин. 100 м$^2$, за кино, на 1.000 жители мин. 50 места, за театар на 1.000 жители 20 места. За едно место се предвидува 7 м$^2$ површина за објект.

*Физичка култура*: сите населби во регионот во планскиот период треба да имаат отворени, уредени простори, погодни за различни видови спортски активности со минимални барања за одржување. Поголемите населби, општинските центри и туристичките центри (Охрид, Струга, Ресен) во согласност со економските можности постепено треба да се опремат и со покриени објекти за физичка култура, со соодветни санитарни и други придружни простории (базен, тениски игралишта, вежбалници и сали за гимнастика).

Подолгорочно гледано, а во зависност од демографскиот и стопански развој на овој простор, во населбите и нивните околини кои ќе прераснат во туристички центри треба да се организираат и спортско рекреативни центри со мултинаменски каратер.

Сé понагласените потреби за развој на физичката култура во планскиот период ќе се одвиваат преку државните, локалните и приватни иницијативи. Со подобрување на постојните капацитети и градба на нови, во идниот развој се планира задоволување на просторните потреби со норматив од 2,00 м$^2$/жител.

## 2.12. Домување

### *Појдовни основи*

Домувањето како една од основните урбани функции, претставува битна компонента на севкупниот општествено-економски развој, организација и уредување на просторот, па оттука и еден од основните елементи на просторното и урбанистичкото планирање.

Една од основните цели на просторното и урбанистичко планирање е обезбедување хумани услови за живот и работа на луѓето, што се остварува само преку успешно планирање на станови и станбени населби.

Вкупниот број на станови во Охридско-преспанскиот регион, според пописот од 2002 г., изнесува 60.574 станови што во однос на 1994 г. е зголемување за околу 19,5%.

Вкупната површина на становите според пописот во 2002 год. изнесува (5.095.093м$^2$) што во однос на 1994 год. е зголемување за 79,74%.

Во однос *на начинот на користење*, најголем дел (70%) од станбените објекти се користат исклучиво за живеење, додека 14,6% станови за одмор и рекреација, а 14% се ненаселени станови.

Индивидуалните станбени згради застапени се со 83% додека преостанатите

17% се колективни станбени згради. Анализата на катноста на зградите укажува на најголемо присуство на приземни згради (79%).

Во однос на *бројот на станови во зградите*, доминираат згради со 1 стан (78%) и згради со два стана (17%), што е типично за регион со доминантно индивидуално домување.

Во однос на материјалот на градба, 95% се изградени во носив систем каде доминираат цврсти градежни материјали (бетон, тула, камен).

Во староснатата структура на станбениот фонд доминираат објекти изградени во периодот 1971-1980 г. (28%), како и објекти изградени во периодот 1981-1990 г. (24%).

Прегледот на големинската структура на станбениот фонд укажува на тренд на изградба на трособни и двособни станови, кој е евидентен во сите општини, што е воедно и показател за солиден стандард на домување.

Во однос на опременост на станбениот фонд со основните инсталации (водовод, канализација и електрична енергија.), може да се установи квалитетен стандард на домување, односно 99% опременост со ел. енергија и 95% со водовод, канализација и ел. енергија, така што само 0,37% од вкупниот станбен фонд се објекти без инсталации. Процентот на опременост со парно греење е низок и е сосема очекуван со оглед на доминацијата на индивидуални станбени објекти на ниво на целиот регион и отсуство на систем за централно греење.

**Основните показатели на стандардот на домување** се повисоки од републичките односно просечната големина на становите изнесува 84.11м$^2$, просечната станбена површина по жител 35,41 м$^2$, додека просечниот број жители на еден стан 2,4. Во однос на бројот на домаќинства најзастапени се станови во кои живее по едно домаќинство околу(61,55%).

Во сите општини има појава на станбен суфицит, односно *вишок станбен фонд,* кој на ниво на регионот изнесува 22.460 станови, а најголем е во општината Охрид поради големиот број на ненаселени станови и станови наменети за одмор и рекреација.

И покрај утврдениот релативно висок стандард на домување, сепак во вкупниот станбен фонд постои дел кој е субстандарден и кој во проектниот период треба да се замени со нов. Врз основа на комплексна анализа на станбениот фонд во Регионот се проценува дека околу 9% од вкупниот станбен фонд, односно 5.611 станови се субстандардни и во планскиот период треба да се заменат со нови.

Становите за одмор и рекреација, односно станови кои се користат повремено во текот на годината регистрирани се во сите општини во регионот и нивниот вкупен број изнесува изнесува 8.867 станови, или околу 14,63% од вкупниот број станови во Регионот. Становите за одмор и рекреација се најзастапени во Охрид, Дебарца и Ресен.

***Цели***

Основните цели на станбената политика на овој простор во планскиот период се:

- обезбедување стан за секое семејство;
- подигнување на стандардот на домување во поглед на површина, број на соби, градежни карактеристики и комунална опременост на становите;
- изградба на адекватна инфраструктура во функција на поквалитетен стандард на домување;
- асеизмичка градба на станови;
- обнова, реконструкција и ревитализација на амортизираниот и субстандарден станбен фонд, заради подобрување на условите за домување и подигнување на квалитетот на станбениот фонд;
- постигнување порамномерна станбе-на изградба;
- либерализација на станбениот пазар;
- изградба на социјални станови;
- обезбедување поволни финансиски услови за решавање на станбениот проблем, преку одобрување на повол-ни кредитни услови за станбена изградба и
- дефинирање на критериуми за надминување на појавата на бесправ-на градба.

***Плански определби***

Основна определба во политиката на станбената изградба во планираниот период е реализација на зацртаните цели на концепцијата на домувањето во зависност од потребите и економските можности.

Основните цели на овој плански документ се во функција на оптимална проекција на станбениот простор.

Промените во политичко-економскиот систем неминовно доведуваат и до промени во *политиката на станбената изградба* во рамките на која се појавуваат и нови моменти, како што се напуштање на општествената изградба и воведување на *рентиерство* како нов момент во станбената политика, внесување на нова категорија *социјални станови* и политика за нивна реализација, нов начин на вреднување на станбената изградба и инвестирање во неа, анализирање и почитување на законската регулатива.

Правилното креирање на станбената политика и дефинирање на издржана концепција на домување во идниот период зависат од низа фактори, како:

- развојот на стопанството;
- развојот на општествениот стандард и културата на домувањето;
- обезбедување потребни сретства за станбена изградба;
- движење на природниот и механичкиот прираст на населението и
- станбен дефицит и други.

Потребите од нов станбен фонд произлегуваат од:

- потребата за нов станбен фонд по основ на порастот на бројот на жителите и намалување на просечниот број членови на домаќинства,
- потребата за замена на субстандардниот станбен фонд и
- потребите кои произлегуваат од станбениот стандард и културата на домувањето и друго.

Проекцијата на потребниот станбен простор поаѓа од стандардите 2.025 $м^2$/жител, во зависност од типот на населбата, 4.080 $м^2$/стан (оптимална големина) и 100% опременост на станот со инсталации (особено во градските населби) и потполно елиминирање, односно замена на субстандардниот станбен фонд. Иако просечниот станбен простор на ниво на регион е повисок од усвоениот стандард, сепак генерално овој флексибилен стандард се применува во насока на изедначување на условите на ниво на целиот регион, особено поради тоа што истиот претставува насока од Просторниот план на Републиката.

Според тоа, проекцијата на станбените потреби на ниво на Охридско-преспански регион значи:

| | |
|---|---|
| Број на жители во 2002 година | 143.890 |
| Број на жители во 2020 година | 156.500 |
| Број на домаќинства во 2002 година | 37.934 |
| Број на домаќинства во 2020 година | 42.546 |
| Постојни станови во 2002 година | 60.574 |
| Постојни станови кои се задржувааат | 54.963 |
| Нови станови по основ на замена на субстандардни станови | 5611 |
| Нови станови по основ на пораст на население | 4612 |
| Вкупно нови станови за градба | 10223 |
| Вкупно станови во 2020 година | 65186 |

Разликата меѓу вкупниот број станови предвиден за 2020 год. и прогнозираниот број на домаќинства за 2020 год. се должи на постојниот станбен суфицит, евидентиран на ниво на целиот Регион.

Значи вкупните станбени потреби се проценуваат на околу 10.223 нови станови. Реализацијата на станбената изградба ќе се одвива етапно, односно до 2010 година ќе се изгради околу 40% од предвидениот станбен фонд, а останатите 60% до 2020 година.

**Табела 27. Проекција на станбени потреби на ниво на општини**

| општина | домаќинства во 2002г. | домаќинства 2020 | станови во 2002г. | станбен суфицит | субстандардни станови | станови кои се задржуваат | нови станови по основ пораст на население | нови станови за отклонување на ст. дефицит | вкупно нови станови во 2020г. | вкупно станови во 2020г. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Охрид | 16012 | 17.647 | 28437 | 12425 | 1653 | 26784 | 1635 | 0 | 3288 | 30.072 |
| Дебарца | 1995 | 2142 | 4355 | 2360 | 974 | 3381 | 147 | 0 | 1121 | 4502 |
| Струга | 14485 | 16.428 | 18834 | 4349 | 1446 | 17388 | 1943 | 0 | 3389 | 20777 |
| Вевчани | 593 | 875 | 715 | 122 | 126 | 589 | 282 | 0 | 408 | 997 |
| Ресен | 4849 | 5454 | 8233 | 3384 | 1412 | 6821 | 605 | 0 | 2017 | 8838 |
| ВКУПНО: | 37934 | 42.546 | 60574 | 22640 | 5611 | 54963 | 4612 | 0 | 10223 | 65186 |

Идните станбени потреби се најголеми во општината Охрид (46,10%од вкупните станбени потреби), потоа во Струга, Ресен итн. Станбените потреби до 2020 година се најмали во општините Дебарца и Вевчани. Новите станови кои ќе се градат треба да бидат комплетно опремени со инсталации. Исто така, неопходна е и целосна замена, односно елиминирање на субстандардниот станбен фонд.

Во планскиот период треба да се обезбеди порационално искористување на становите за одмор и рекреација и водење на издржана локална политика за изградба на нови. Особено внимание треба да се посвети на одржувањето на становите. Во таа смисла, се предлага поефикасната реализација на даночните обврски и наменско користење на сретствата обезбедени од таа активност во одржување на становите за одмор и рекреација (партерно уредување, одржување на заедничките и јавните површини), изградба и реконструкција на инфраструктура и други содржини за афирмација на туристичката понуда.

За реализација на прогнозираните станбени потреби во Регионот ќе биде потребна следната просечна корисна станбена површина:

10.223х (4.860) = 490.704м$^2$ 613.380м$^2$

Просторниот план ги дава основните решенија за користење на просторот, а конкретната реализација на предвидената станбена изградба се остварува преку плановите од пониско ниво, односно урбанистичките планови и проекти, во рамките на кои сите поставки ќе бидат повторно проверувани и разработувани со цел да се постигнат значајни ефекти во стандардот на домување и да се подобрат станбените услови во согласност со постигнатиот општествено-економски развој. Со правилно планирање на општествено-економскиот развој, многу поадекватно и порационално се планира и домувањето.

Домувањето во градовите треба да се насочува во правец на задоволување на хуманите и еколошките барања, а во селата да се вградуваат позитивните карактеристики на урбано домување.

Станот отсекогаш бил врзан за основната клетка "домаќинството" кое во него си обезбедува сигурност, остварување на своите потреби и соништа и изолирање од надворешниот свет.

Функционалните барања на домаќинството за живеење, образование, воспитување, култура и друго неминовно доведуваат до трансформација на традиционалниот тип на домување и проширување на неговата основна функција за задоволување на егзистенцијалните потреби на домаќинството. Паралелно со сопствената надградба човекот го менува и станот, опремувајќи го со нови вредности и изнаоѓајќи нови можности за адекватно користење и организирање на просторот.

Современата технологија, автоматизација и модернизација предизвикува битни трансформации и во станот, кои квалитативно го менуваат традиционалниот тип на домување и станот. Човекот го опремува станот со нови, посовремени содржини и вредности изнаоѓајќи нови можности за користење и адекватно организирање на просторот.

Структурата и физичкиот модел на станбената единица мора да биде во корелација со општествената организација на луѓето кои живеат во станбената единица.

Организацијата на станбените заедници е позитивен фактор за културни, економски, и општествени активности на нивните жители. Овој однос се манифестира и со повратна спрега на јавните функции врз домувањето, бидејќи од нивното успешно функционирање зависи и големината и бројот на станбените заедници.

Затоа, домувањето општо, а станбената изградба посебно претставува важна компонента на социјалниот и општостопанскиот развој, организација и уредување на просторот и подигнување на животниот стандард на населението.

Поимот домување опфаќа значително поширока функција од онаа што ја има самиот стан. Домувањето на современ, културен начин не значи само боравење во затворен стан, туку и во отворените простори околу станот, можност за користење на спортски содржини, остварување блиски врски со јавните функции, културниот живот, можност за одмор и освежување во природата околу станот.

Станот со својата околина претставува животна средина, која по должината на траење и користење во човековиот живот и по непосредното дејствување на човекот, врши пресудно влијание на неговата физиолошка сфера, неговата психа и неговиот емоцио-нален живот.

Поради тоа, во просторното планирање домувањето, во зависност од просторните рамки во кои се одвива се дефинира во потесна смисла како биолошко-физиолошка функција, а во поширока како еколошко-социјална функција. За решавање на конкретни станбени проблеми неопходно е да се истакне интегралниот карактер на поимот домување, односно да се сфати корелацијата и нераскинливата поврзаност помеѓу потесниот и поширокиот поим на домувањето.

Во таа смисла во просторното планирање, домувањето треба да се согледува како комплексно, низ неговите три димензии:

- техничка димензија (површина, двор, микроклиматски услови);
- социјална димензија (начинот на живеење во станот и надвор од него, социјалните контакти меѓу поединци и семејства и сл.);
- економска димензија (куповната моќ, начин на стопанисување на семејството и сл.)

## 2.13. Комунална опременост на населбите

### *Појдовни основи*

Комуналната инфра и супраструктура на населбите обработува неколку сегменти од оваа област (водоснабдувањето, отпадните води, цврстиот отпад, надворешното осветлување и внатрешни улици), како и други активностите во рамките на комуналните ејности.

*Водоснабдување*

Водата е добро од општ интерес со посебна заштита утврдена со законски решенија и е во државна сопственост.

И покрај релативно богатите ресурси се јавува недостаток на вода, од причина што истата е нерамномерно распоредена во простор и време.

За водоснабдување се користат извори, подземни води, водотеци и акумулации.

Во Охридско-преспанскиот регион со вкупно 143.890 жители од кои 53,1% е селско и 46,9% градско население, односно 155 села и 4 туристички населби, градското население е скоро целосно обезбедено со водоснабдување преку централни градски водоводи, а водоснабдување во селата е претежно локално со сопствени водоснабдителен системи, обично со мал капацитет кои не ги задоволуваат потребите. Грижата за одржувањето на изворникот и мрежата е недоволна, па се јавуваат и проблеми во редовното водоснабдување.

Но има и селски населби кои се поврзани на поголеми системи, посебно во општина Ресен и делумно во општина Охрид.

**Табела 28. Водоснабдување на ниво на општини**

| | општина | број на населби | бр. на населби со вод. мрежа | % покриеност на Општината со вод. мрежа |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Охрид | 33 | 11 | 33 |
| 2 | Струга | 51 | 25 | 50 |
| 3 | Вевчани | 1 | 1 | 100 |
| 4 | Ресен | 44 | 21 | 48 |
| 5 | Дебарца | 30 | 22 | 73 |

**Графикон 9. Покриеност на општините со водоводна мрежа во %**




*Отпадни води*

Анализираните комунални отпадни води кои потекнуваат од градските населби преку канализационите системи се одведуваат во реципиентите, додека од руралните населби се испуштаат слободно во отворени канали.

Анализата на постојната состојба укажува на делумно постоење на сепарциона канализациона мрежа во градските населби, што претставува голем проблем при зголемено количество на врнежи, додека во најголем број од селата нема ни фекална, ни атмосферска канализациона мрежа.

Само за градовите Охрид Струга и Ресен има изградено пречистителна станица. Од населените места пречистителни станици имаат Вевчани и Белчиште.

Од 1988 год. во функција е системот за заштита на Охридското Езеро од отпадни води кој се состои од: секундарни фекални канализациони мрежи во населените места, примарен колектор и пречистителна станица. Пречистителната станица со капациет од 120.000 ЕЖ се наоѓа во село Ложани, а пречистените отпадни води се испуштаат во реката Црн Дрим.

**Графикон 10. Опременост на седиштата на Општините со фекална и атмосферска канализациона мрежа (во %)**




*Цврст отпад*

Цврстиот отпад потекнува генерално од урбаните средини и нема карактер на опасен отпад, освен медицинскиот цврст отпад. Собирањето на отпадот во градовите се врши на одредени места, во контејнери, додека интерниот индустриски отпад, градежен шут и секундарните суровини се собираат на посебни места и се пренесуваат на одредени локации за таа намена. Во селата главно нема организирано собирање на отпадот и истиот се депонира по патиштата надвор од селата или на неорганизирани депонии.

Со "Концепт и физибилити студија за управување со цврст отпад во Југозападниот дел на Република Македонија", финансиран од Германската банка за обнова и развој (KfW), предложени се и прифатени технички мерки и опции во поглед на институционалната организација што треба да овозможи имплементација на интегралниот концепт за управување со цврст отпад во проектниот регион на југозападниот дел на Македонија.

Согласно со таа студија овој Регион би припаднал кон сервисниот регион Битола (Битола и Ресен) и сервисниот регион Охридско Езеро (Охрид и Струга, Лабуништа, Велешта и Вевчани).

**Графикон 11. Покриеност со системи за одведување на цврст отпад на ниво на Општина**



*Јавно осветлување*

Јавното осветлување ги опфаќа: уличното и парковното осветлување, фасадното и монументалното осветлување, осветлувањето на паркинзи и пешачки премини.

Основна задача на уличното осветлување е да осигура удобен и сигурен проток на сообраќајот во ноќни услови сличен на оној во дневни услови.

**Табела 29. Потрошувачка на електрична енергија за улично осветлуање (MWh)**

| | 1995 | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Охрид | 1473 | 1886 | 2097 | 2488 | 2489 | 2867 | 2886 | 3575 | 2970 | 3423 |
| Струга | 1403 | 1558 | 1825 | 2076 | 2009 | 2208 | 2661 | 2906 | 3017 | 3181 |
| Ресен | 750 | 692 | 659 | 861 | 900 | 905 | 1016 | 985 | 1103 | 1100 |
| Вевчани | | | | | | | | 400 | 400 | 400 |
| Дебарца | | | | | | | | 421 | 551 | 629 |

*Опременост на населбите со улична мрежа*

Опременоста со сообраќајната инфраструктура е еден од клучните фактори за развој на општествениот, социјалниот и просторниот развој на еден регион, па и на државата.

Во поглед на геопрометното значење кое го обележува овој регион, се истакнува добрата положба во однос на главните државни и европски сообраќајни текови.

Општо земено целата улична мрежа во населените места е без назначени профили со недефиниран коловоз и тротоари, но бидејќи во поголем дел постојат просторни можности, во планскиот период ќе бидат дефинирани профилите според карактерот, согласно со законските прописи.

***Цели***

Досегашниот некоординиран развој на комуналната дејност во градските населби доведе до нејзино сепаратно решавање согласно со зголемените потреби на населението.

Досегашните добиени податоци, нивната презентација и валоризација, како и натамошното следење и анализирање на комуналните инфраструктурни системи и нивната обработка во натамошниот процес на планирање, ќе придонесат кон утврдување на неопходните елементи за планирање на оваа дејност во неколку појдовни правци:

- развој на комуналната дејност согласно со долгорочниот севкупен развој на регионот и пошироко, со дефинирање на потребите и приоритетите во оваа област;

- планска резервација на просторите за иден развој на комунална инфра и супраструктура и

- подигнување на квалитетот на комунална опременост во функција на приближување на стандардот на постојните рурални населби со тој во градските.

***Плански определби***

*Водоснабдување*

Согласно со проекциите дадени во посебниот експертен елаборат "Заштита и користење на водите и водостопанската инфраструктура на Р. Македонија" за комуналниот инфраструктурен систем, основниот стандард за водоснабдување на градските населби е 97%. Долгорочните планирања на комуналните јавни претпријатија, врз основа на порастот на населението до 2020 год., предвидуваат целосна покриеност на населбите, односно обезбедување на санитарно-хигиенски исправна вода за пиење за секој жител.

Потребните количини на вода се базираат на расположливите ресурси како извори, површински води, подземни води и изградба на нови акумулации и воведување на поекономични активности како што е намалување на загубите на вода, рационално користење, зголемување на цената на водата, автоматизирање на управувањето со водоснабдителните системи и сл.

Се предвидува изградба на:

- регионален водовод "Белички извори",
- за Ресен потребна е изградба на акумулација на Лева Река и
- зфаќање на подземни води од Царев Двор и од сливот на Голема Река.

*Отпадни води*

Согласно со прирастот на населението до 2020 год., се предвидува целосна покриеност на градското население како и поголем дел на селското, со системи за евакуација на отпадните води.

За целосна заштита на Охридското Езеро од отпадните води во планскиот период предвидено е приклучување на уште 37 села на примарниот колектор од Системот за заштита на Охридското Езеро и проширување на капацитетот на пречистителната станица од 120.000 на 180.000 ЕЖ.

Од општина Охрид се предвидува да се приклучат 15 села: Пештани, Елшани, Коњско, Шипокно, Велестово, Велгошти, Рамне, Лескоец, Косел, Горно Лакочереј, Долно Лакочереј, Орман и Подмоље и туристичките населби: Елешец и Св. Стефан.

Од општина Струга ќе се приклучат 17 села: Дрслајца, Ложани, Велешта, Октиси, Долна Белица, Враништа, Заграчани, Шум, Франгово, Радожда, Ливада, Ново Село, Бицево, Радолишта, Калишта, Мислешево и Мороишта

Од општина Вевчани Вевчани, од општина Дебарца се предвидува да се приклучат 4 села: Оровник, Горенци, Требеништа, Волино, Мешеишта и Климештани.

*Цврст отпад*

Проекцијата на покриеноста на градското и голем дел од селското население (посебно поголемите селски населби) со систем за собирање, транспорт и депонирање на цврст комунален отпад до 2020 год., предвидува негово целосно покривање при што се предвидуваат 1,3 кг/ж/д. цврст отпад да биде депониран на санитарните депонии.

Согласно со Законот за комуналните дејнсти предвидена е изградба на неколку регио-нални депонии за цврст комунален отпад и за опасни материи кои ќе влијаат и врз заштитата на животната средина.

Соодветно на изборот на локацијата треба да се изработи проект за технолошкиот процес врз основа на претходни испитувања на локацијата со имплементација на сите неопходни услови за заштита на животната средина.

*Јавно осветлување*

Концепцијата на јавното осветлување е поделена на два дела: осветлување за моторен и пешачки сообраќај. Оваа поделба е преземена од "Меѓународната комисија за осветлување

ЦИЕ" која изработува предлози со советодавен, но не и обврзувачки карактер. Повеќето држави со своите стандарди, преку националните комитети, се вклучуваат во предлозите на ЦИЕ.

*Јавно осветлување на сообраќајници со моторен сообраќај*

Јавното осветлување на сообраќајниците со моторен сообраќај треба да овозможи такви услови на видливост, кои ќе обезбедат возење во текот на ноќта со максимална можна сигурност и удобност. Со осветлувањето треба да се намалат ноќните сообраќајни несреќи и да се зголеми брзината на движењето на моторните возила со што ќе се зголеми искористувањето на сообраќајната мрежа во текот на ноќните часови.

*Јавно осветлување на пешачки сообраќајници*

Во јавното осветлување за пешачки сообраќај, се препорачува да се користат нови системи на рефлектирана светлина кои со еден извор на светлина осветлуваат многу поголема површина во споредба со сегашните системи.

Бројот на видовите на светилки треба да се смали, со што ќе се намалат трошоците за одржување на јавното осветлување.

Се планира и вградување на приемници за управување со јавното осветлување кое далечински може да се програмира и синхронизира.

**Табела 30. Доградба на опременоста на инфраструктурните системи по број на жители до 2020 год.**

| Снабдувана општина | Проекција за доградба на водоводна мрежа во (%) | Проекција за доградба на канализ. мрежа во (%) | Проекција за доградба на систем за цврст отпад во (%) | Проекција за доградба на јавно осветлување во (%) |
|---|---|---|---|---|
| Охрид | 5 | 39 | 69 | 20 |
| Струга | 1,4 | 70 | 35 | 25 |
| Вевчани | | | 20 | |
| Ресен | 23 | 46 | 20 | 10 |
| Дебарца | 3 | 90 | 67 | |

*Улична мрежа*

Проекцијата на покриеноста на градското и селското население со улична мрежа, се предвидува во планскиот период да достигне максимално ниво.

За таа цел се предвидува изградба на пристапен пат до секое населено место, изградба на внатрешна улична мрежа, посебно во поголемите населени места, во населените места и туристички локалитети во крајбежните појаси на Охридското и Преспанското Езеро.

## 2.14. Сообраќајна инфраструктура

***Појдовни основи***

Во контекст на планирањето и развојот на европската транспортна инфраструктура, од особено значење за Република Македонија се Паневропските коридори VIII и X коишто минуваат низ Република Македонија.

Паневропскиот коридор X, кој го поврзува европскиот север и југ минува низ територијата на Република Македонија со дел од меѓународниот пат Е 75. Огранокот „D" на истиот коридор кој ги поврзува Велес Битола Флорина Виа Игнација, иако не поминува низ Охридско-преспанскиот регион, се наоѓа во негова непосредна близина од источната страна и преку патниот правец Ресен Битола, овозможува поврзување на регионот со овој коридор.

Паневропскиот коридор VIII, исток - запад Е65, кој ги поврзува Паневропските транспортни подрачја на Јадранско-Јонското и Црното море, поминува низ Охридско-преспанскиот регион.

*Патна мрежа во подрачјето на регионот*

Во подрачјето на регионот поминуваат делови од следните магистралните патни правци:

- М4: Миладиновци Тетово - Кичево - Ќафасан (граница со Република Албанија) и
- М5: Подмоље - Битола - Велес М. Каменица - Делчево - Црна Скала (граница со Република Бугарија).

Кон магистралниот патен правец М4 се надоврзуваат регионалните патишта:

- Р418: Дебар Ташмаруниште со должина од 41,4 км и Ташмаруниште - Струга со должина од 9,8 км,
- Р419: Струга (сп. со Р418) - Селце
- Р420: Радожда - Охрид со должина од 27 км,
- Р422: Крак од 418 - граница со Албанија со должина од 7км и
- Р417: Белчишта - Лешани - Велмеј со вкупна должина од 16,2 км.

Кон магистралниот патен правец М5 се приклучуваат регионалните патишта:

- Р501: Охрид - Пештани со должина од 11,0 км и Пештани Св.Наум со должина од 17,3 км,
- Р502: Ресен - Царев Двор,
- Р503: Царев Двор - Царина со должина од 14,5 км,
- Р504: Царина - Трпејца со должина од 27,6 км кој се приклучува на Р501 и
- Р505: Макази - Љубојно со должина од 22 км.

*Воздушен сообраќај*

Аеродромот "Св. Апостол Павле" Охрид се наоѓа на 9 км од градот, на магистралниот пат Струга-Кичево-Скопје. Капацитетот на Аеродромот е 300 патници/h.

Опслужното подрачје на аеродромот го покрива целиот регион, со добри можности за покриеност и на општините Битола, Прилеп, Кичево, Дебар, Македонски Брод и Демир Хисар.

Во текот на една година се искористуваат приближно 40% од расположливите сообраќајни капацитети на аеродромот.

*Воден сообраќај*

Организиран воден сообраќај во регионот постои на Охридското Езеро каде се врши два вида превоз на патници: линиски и вонлиниски превоз по пат на спогодба меѓу бродарот и корисниците на превозот, додека на Преспанското Езеро постои исклучително како индивидуален приватен превоз. Поголеми пловила за групен превоз не постојат.

Езерскиот сообраќај на Охридското Езеро се однесува на превоз на туристи до одредени локалитети на брегот на езерото.

Пристаништа и пристани што се користат за вршење на јавен превоз на патници во езерската пловидба, има на Охридското и Преспанското Езеро, но состојбата во која се наоѓаат е мошне неповолна.

***Цели***

Основната стратешка определба за развој на сообраќајната инфраструктура е концептот на одржлив развој на транспортниот систем" како основа врз која ќе се гради транспортната политика на регионот.

Големите инвестициски потреби се резултат на нерамнотежата меѓу понудата и побарувачката на инфраструктурата во најголемиот дел на транспортните потсектори. Кај одделни потсектори неопходни се инвестиции во нови капацитети, додека во оние потсектори каде постојната инфраструктура е соодветна, новите инвестиции во најголем дел ќе бидат насочени кон подобрување на квалитетот на услугите, подигнување на безбедносните стандарди и разрешување на проблемите поврзани со животната средина.

Главните цели во однос на транспортната инфраструктура се:

- овозможување сигурни и ефикасни транспортни услуги кои ќе гаран-тираат безбедност на сите учесници во сообраќајот;
- рационално користење на енергијата;
- поттикнување на регионалниот развој и заштита на животната средина;
- реализирање на институционални реформи во областа на патната инфраструктура, железницата и ци-вилната воздушна пловидба;
- воведување на современи транспорт-ни технологии во сите сообраќајни гранки, како предуслов за оствару-вање на очекуваните ефекти на заштита на околината и заштеда на енергијата;
- вклучување на сообраќајните правци и превозници во системот на веќе воспоставениот комбиниран превоз, кој сѐ повеќе станува услов за пристап на сообраќајната мрежа на оддеилни западноевропски земји.

Во рамките на активностите насочени кон реализација на дел од овие цели, Република Македонија се обврза на меѓународно ниво да го воведе и развива комбинираниот транспорт со Договорот за транспорт меѓу Република Македонија и Европската заедница кој влезе во сила на 28. 11. 1997 година.

***Плански определби***

*Патна мрежа во подрачјето на регионот*

'Рбетот на патната мрежа на Република Македонија и во иднина ќе го сочинуваат двата Паневропски коридори, значајни за развојот на транспортната мрежа на Југоисточна Европа, Коридорот VIII и Коридорот X, додека основата на мрежата на патни сообраќајници во предметниот регион ќе бидат делниците од магистралните патни правци М4 и М5.

Развојот на автопатската и магистралната мрежа треба да биде насочен кон:

- продолжување на автопатското решение на делниците Гостивар - Кичево - Ботун - Струга граница со Албанија со крак од Подмоље до Охрид;
- реконструкција на делницата Косел Ливоишта Требеништа, која, како дел од М5, ќе претставува обиколница на Охрид;
- изградба на обиколница на градот Ресен;
- реконструкција на делницата Охрид Ресен и

- рехабилитација и реконструкција на одредени делници од двата магистрални патни правци.

Развојот на регионалната патна мрежа се врши преку изградба на новите патни правци:

- Р417: Куратица - Брежани - Големо Илино и
- Косел - Ливоишта - Требеништа.

*Железнички сообраќај*

Во рамките на Коридорот VIII, од голема важност е да се реализира железничкиот правец од Кичево кон Ќафасан, Р. Албанија со што ќе се создадат многу добри услови за развој на овој регион кој би бил на трасата исток – запад и по неговата целосна реализација, би ги поврзал и отворил стопанствата на Бугарија, Македонија и Албанија. Во рамките на овој коридор, треба да се изгради крак кон Охрид, заради поврзување на овој град со железница, како колосек до предвидениот стоково-транспортен центар во Мешеишта, како и станица и колосек до аеродромот во Охрид.

Препораката за развој на железничкиот сообраќај во регионот е да се насочат сите напори кон реализација на Коридорот VIII, додека трасата Охрид - Ресен - Битола да остане како долгорочна визија за евентуална реализација на овој правец.

*Езерски сообраќај*

Анализата на состојбата денес, како и планираните насоки на развој во сите области (туризам, производство, услуги, енергетика, итн.) покажуваат дека езерскиот сообраќај мора да биде соодветно планиран, при што треба да се создадат услови за негов успешен развој.

За да се остварат целите на развој на езерскиот сообраќај на Охридското Езеро, се препорачуваат следниве мерки што треба да се преземат:

1) воведување линии на јавен линиски превоз со пловила;
2) набавка на нови пловила;
3) Реконструкција на постојните и изградба на нови пристаништа на утврдените линии;
4) воведување на меѓународна езерска линија до Подградец, Р. Албанија, со возен ред според побарувачката на превоз и
5) постепена замена на бензинските со незагадувачки електромотори на пловилата.

Езерскиот сообраќај на Преспанското Езеро може да се развива во две фази: во првата фаза како туристички, со пловила кои ќе овозможуваат туристички прошетки по езерото, пред сé, до островот Голем Град. Во туристичката сезона може да се организираат и меѓународни патувања до Р. Грција и Албанија.

Втората фаза, со остварување на понтензивен развој на туристичките места во крајбрежјето, може да понуди езерски линиски превоз, кој би ги поврзувал плажите од Стење, преку Отешево, па сé до Претор и Крани. За реализиција на оваа цел, потребна е изградба на пристанишни места и набавка на бродови за превоз на патници.

Заради заштита на природните вредности и екосистемите на двете езера (Охрид и Преспа) од прекумерно загадување, потребно е да се регулира и ограничи употребата на индивидуални моторни пловила (глисери, чамци, скутери).

*Воздушен сообраќај*

Анализата на постојната состојба покажа дека сообраќајните, техничките и инфраструктурните аеродромски капацитети на аеродромот во Охрид, овозможуваат прифаќање и испраќање на околу 200 илјади патници и 2.500 операции на воздухоплови на годишно ниво. Со оглед на реалните прогнози за зголемување на физичкиот обем на сообраќајот на аеродромот во наредниот период, аеродромските капацитети со кои моментално располага Аеродромот "Св. Апостол Павле", се доволни да ги задоволат потребите во наредните 20 години. Меѓутоа, за да бидат задоволени меѓународните стандарди и препораки од областа на безбедноста на воздушниот и патниот сообраќај, во наредниот период е неопходно преземање на одделни мерки за проширување и подобрување на објектите.

Аеродромот "Св. Апостол Павле", освен за развој на комерцијалната авијација, со постојната аеродромска инфраструктура нуди можности за развој на спортска, школска и земјоделска авијација.

Во врска со развојот на туризмот во регионот, потребно е да се предвиди локација за хидродром на брегот на Охридското Езеро, кој ќе се користи за

изведување на панорамски туристички летови со хидроавиони.

Потребно е да се предвидат локации за проектирање и изградба на хелиодроми, за безбедно оперирање на хеликоптери (за потребите на МВР, АРМ и другите државни органи).

*Товарен сообраќај*

Структурата на стоките коишто се транспортираат низ патните правци од транспортниот систем на овој регион е дефинирана од побарувањето на пазарите во земјата и во непосредната околина. Домашните транспортни побарувања се иницирани од гравитирачките стопански субјекти, но и од значајната туристичка активност. Овој регион, пред сé, е развиен туристички регион со свои специфични стоковотранспортни побарувања и карактер на транспортните текови. Меѓународниот стоков транспорт од завршен, но и од транзитен карактер, го иницира но и апсорбира Р. Албанија, земајќи ја предвид нејзината стопанска активност, но и географската поставеност и поврзаност со морските патишта.

Во рамките на овој регион постои значителна транспортна активност која се огледа во бројот на транспортни единици и количеството на стока коишто биле предмет на царинска постапка.

*Стоковно-транспортни и логистички центри*

Ако се земе предвид дека коридорот Исток-Запад ќе претставува главен носител на транспортната активност на Регионот, тогаш интеракцијата текови на стока и транспортен коридор укажува на тоа дека развојот на коридорот не е можен без постоењето на важни текови на стока кои гравитираат кон него. Транспортниот коридор не може да привлече ниту да генерира текови на стока доколку истиот нема достигнато одредено ниво на развој на сообраќајната инфраструктура и повисоко ниво на квалитет на транспортните услуги во Регионот.

**Урбаните дистрибутивни центри** и терминали би овозможиле претовар на стоката од големи во помали транспортни садови, намалување на бројот на големи и зголемување на бројот на мали транспортни средства, намалување на празните возења, стимулирање на кружното возење и дистрибуција на стоката и сл.

Во Регионот е можно формирање на најмалку еден стоковно транспортен центар. Основната карактеристика и цел на овој центар е можноста од обединување на сите битни логистички активности во дистрибуцијата и транспортот. Локациите кои се претходно внимателно избрани би овозможиле вкрстување на транспортните системи (воздушен, патен и железнички). Една идејна локација за ваков центар е во близината на Аеродромот "Св. Апостол Павле". Ако тука се формира ваков стоковно-транспортен центар, тој би можел да прерасне и во логистички центар, со што би се зголемил бројот на содржините што тој би ги нудел. Големината на гравитационата зона на опслужување на овој логистички центар, според светските искуства, би се движела во полупречник со опсег од 40100 км.

Сличен стоковно-транспортен центар би можел да се оформи и во Преспанскиот дел од Регионот. Тој би имал повеќенаменска содржина и би ги третирал превозите од земјоделски и овоштарски карактер. Двата центра гравитациски, во одредени сегменти, би се поклопувале, но би се водело сметка да не се удвојуваат содржините и намената.

*Гранични премини*

Во согласност со предлозите за осовременување на патните правци кон Ќафасан и Св. Наум (граница со Р. Албанија), како и изградба на железничка пруга кон Ќафасан, потребно е да се доизградат и соодветно опремат овие гранични премини.

Исто така, во Преспанскиот регион, покрај постојниот граничен премин кај Стење кон Р. Албанија, се предлага отворање на нов граничен премин Маркова Нога (граница со Р. Грција), кој ќе овозможи проток на луѓе и стока меѓу Преспа од наша страна и Мала Преспа од страна на Р. Грција.

Во функција на предвидувањето на меѓународна езерска линија до Подградец, Р. Албанија, се предвидува и езерски граничен премин во пристанишната зона.

## 2.15. Комуникациски системи

***Појдовни основи***

*Телефонска мрежа*

АД"THome" за своите корисници обезбедува широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до интернет, мобилни електронски комуникациски услуги, јавни говорници и др. Во овој регион електронско-комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспос-тавената комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии преку примарните централи во Охрид, Струга и Ресен.

Овој туристички регион има добра поврзаност во комуникацискиот сообраќај. Со просечно инсталираните 30,8 приклучоци на 100 жители е над просекот на активниот капацитет на телефонски приклучоци во Република Македонија.

*Мобилна телефонија*

Од 2007 година во Република Македонија работат три мобилни оператори Т-Мобиле, Космофон и ВИП оператор што директно влијаеше врз намалување на цените во мобилната телефонија за околу 50%. Операторите во своите работни активности преземаат чекори за квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на: региони, општини, населени места, подрачја од јавен интерес (културно-историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.) како и на сообраќајната и транспортната инфраструктура.

Во Охридско-преспанскиот регион заради неговото стопанско, културно-историско значење и големиот број на туристичките локалитети, поставени се голем број на базни станици, со кои процентот на покриеност со сигнал на територијата на регионот изнесува 89%, а на населението во регионот 96% (податоци од 2005 год.). Единствено високите и непристапни планински врвови на плинините Илинска, Плакенска, Славеј и Мазатар не се покриени со сигнал на мобилните оператори.

*Радио и телевизиска мрежа*

Основна дејност на Ј.П. Македонска радиодифузија е развој, изградба и одржување на јавните радиодифузни мрежи во Македонија со кои се врши пренос, емитирање и дистрибуција на радио и телевизиските програми на Македонската радио-телевизија, локалните јавни радиодифузери и комерцијалните радиоди-фузери за национално и локално покривање.

Своите програми Македонската радио-телевизија ги емитира преку три телевизиски мрежи, три радиомрежи во ВХФ/ФМ подрачјето и среднобрановата радиомрежа. Македонската радиодифузија во Охридско-преспанскиот регион има инсталирано репетиторски пунктови во: Глобочица, Луково, Дебарца, Октиси, Горенци, Мали Влај 1 и 2, Коњско, Томорос, Брајчино, Слатино, Велмеј, Охрид Кале, Охрид Стопанска Банка, Локов, Мраморец, Отешево и Ресен Стопанска Банка.

Овој регион е покриен со радиопрограма емитувана од предавателот Овче Поле кој работи на фреквенција во среднобрановото подрачје.

Покрај програмите на МРД во Охридско-преспанскиот регион работат повеќе комерцијални телевизиски дифузери: А1, Сител, Телма како и: Орбис, М, Спектра, НТВ, Морис, Калтрина, Меди, АРТ и Тера. Освен МРД радиопрограма емитираат и комерцијалните радиодифузери: Супер Радио, Антена 5 и Канал 77, како и радијата: Рос, Делфин, Актуел, Б97, Ресен, Охрид, Бисер, ДиЦеј, Рапи и Д.Хисар.

Во Охридско-преспанскиот регион, повеќе комерцијални дифузери имаат поставено репетиторски пунктови (радиоди-фузни објекти) на иста локација, а можат да се следат и програми од комерцијални дифузери емитирани од репетиторски пунктови поставени надвор од овој регион.

*Поштенски сообраќај*

За непречено функционирање и развој, ЈП "Македонска пошта" на подрачјето на Охридско-преспанскиот регион е организирана преку две подружници за регионален сообраќај, Охрид и Битола, кои поштенските услуги ги вршат преку своите организациони единици за давање на услуги на корисниците, единици на поштенска мрежа и поштенски ковчежиња, достапни точки до корисниците на услугата на "Македонска пошта".

Според бројот на жители на поштенска единица, во најповолна состојба е населението од општина Дебарца со 1377 жители на поштенска единица, а во најнеповолна во општина Струга каде од една поштенска единица услуги добиваат 9054 жители, што е резултат на разликата во бројот на жители на квадратен километар во овие општини.

Одделни населени места се на големи растојанија од доставната пошта. Така жителите од населеното место Р̀жаново се оддалечени 25 км, а жителите од Стење и Збажди се на 18 км од доставната пошта.

***Цели***

*Телефонска мрежа*

- зголемување на преносот на податоци во комуникациската мрежа;
- зголемена примена на широкопојасните услуги и
- зголемување на пропусната моќ, ефикасно, флексибилно и економично работење на телефонската мрежа.

*Мобилна телефонија*

- достапност на теснопојасните и широкопојасните услуги до сите корисници во земјата (резиденцијални и бизнис) и
- целосно (100%) покривање на населението и (95%) покриеност на територија со сигнал на мобилна телефонија.

*Радио и телевизиска мрежа*

- изградба на нови пунктови во радиодифузната мрежа за целосно покривање на населението со телевизиски и радиопрограми;
- систем за далечинско управување и контрола на емитувани радио и телевизиски сигнали на пунктови од радиодифузната мрежа и
- дигитализација на микробрановите врски.

*Поштенски сообраќај*

- отворање на разни организациони облици на нови поштенски единици;
- модернизација и опремување на целокупната поштенска мрежа за квалитетно и рационално вршење на технолошкиот процес и
- развивање на нови видови на услуги.

***Плански определби***

*Телефонска мрежа*

Поттикнати од сé позабрзаниот развој на технологијата, потребите на корисниците и барањето на пазарот, комуникациите стануваат клучен елемент во развојот на информатичкото општество.

За подобрување на комуникациските врски, во населените места каде се очекува поголема концентрација на корисници: Свети Стефан и Опеница потребно е да се инсталираат нови комутациски точки. Исто така потребно е да се зголеми и бројот на телефонски приклучоци во централите и месната телефонска мрежа. Со планот за развој до 2020 год. бројот на телефонски корисници во регионот ќе достигне 41 на 100 жители.

Интернетот во Македонија има се поголем број на корисници, зголемен е квалитетот и брзината, а има намалување на цената за користење. Електронско комуникациската мрежа ќе ги следи најновите техничко-технолошки трендови во светот, согласно со условите и потребите на пазарот. Натамошниот развој на интернет мрежата ќе биде фокусиран кон развој на широкопојасните услуги, зголемување на протоците кон корисниците, развој на пристапна мрежа, инсталирање на оптички кабли и примена на нови технолошки решенија, како и развој на Wimax безжичениот пренос на интернет сигналот.

*Мобилна телефонија*

Мобилните оператори имаат обврска да создаваат висококвалитетен сигнал, достапен за сите корисници, во секое време и на секое место во Република Македонија.

Со своите развојни решенија операторите се трудат да се создадат поволни предуслови за сестран и рамномерен развој на територијата на

целата држава. При одредување на новите локации за инфраструктурните објекти за поставување на опремата се настојува да се зафаќаат мали површини, лоцирани на земјиште од пониска категорија (необработливо, со постојни пристапни патишта и непошумено). Мобилните оператори ги усогласуваат своите развојни планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.). Во планскиот период покрај постојните 47 базни станици, за подобрување на покриеноста на регионот планирани се 7 нови, кои ќе бидат лоцирани во близина на патните правци Кичево-Подмоље, Струга-Дебар, Охрид-Ресен и Трпејца-Лескоец.

*Радио и телевизиска мрежа*

Развојните програми на Македонската радио-телевизија предвидуваат изградба на сателитска станица, краткобранов центар, мрежа за сателитска дистрибуција на радио и телевизиски сигнали, реализација на двата система, воведување на дигитален пренос на сигнали.

За комплетно покривање на населените места од регионот со ТВ програми предвидено е поставување на репетиторски пунктови во: Франгово (општина Струга), Турје и Брежани (општина Дебарца), Куратица и Свиниште (општина Охрид) и во Турје и Свиниште за ФМ сигнал.

Во последната деценија драматично се променија технолошките, економските и регулативните услови за постоење на јавните радиодифузни сервиси. Тие се наоѓаат под притисок на сé поголем број комерцијални радиодифузери, како новата радиодифузна регулатива која ја оневозможува конкурентноста на пазарот.

Поради сето ова, јавните радиодифузни сервиси развиваат нови стратегии за опстанок, кои се разликуваат од држава до држава зависно од специфичните услови на секоја поединечна земја, како што се на пр. големината на пазарот и законската регулатива. Македонската радиодифузија (МРД) сé уште е од исклучително значење за јавниот и културниот живот во Македонија. Оттука, опстанокот на МРД, како водечки радиодифузер во Македонија, зависи од можностите за прилагодување на новите пазарни услови и искористување на новите можности кои ги нуди развоот на новите комуникациски и медиумски технологии.

*Поштенски сообраќај*

При отворање на новите поштенски единици во функција се критериумите поставени со Генералниот план за развој на поштенската мрежа кои се зависни од големината, односно бројот на жители на населеното место, обемот на услугите, инфраструктурната опременост на соодветното подрачје, туристичката развиеност, државните и локалните интереси. За непречено одвивање на внатрешниот и меѓународниот поштенски сообраќај до 2020 година се планира вкупниот број на поштенски единици во регионот да ја достигне бројката 44, односно отворање на нови 16 единици, со што ќе се постигне односот 3560 жители / единица. Нови поштенски единици се планира да се отворат во општините: Струга (7), Дебарца (4), Ресен (3) и Охрид (2).

Организацискиот облик на новите поштенски единици ќе биде одреден врз основа на потребите на соодветното населено место како и во согласност со економската анализа на "Македонска пошта". Во согласност со овие анализи, покрај отворањето на нови единици, во идниот период можно е и затворање на непродуктивните единици, отворање на истурени шалтери, трансформација на постојните единици во договорни пошти.

## 2.16. Туризам

***Појдовни основи***

Туризмот претставува отворена можност за учество на фактори кои имаат заеднички интереси и интеракциски односи. Туризмот во Охридско-преспанскиот регион претставува дејност од посебен интерес.

Ваквиот приод подразбира дека општата интегративна заложба во креирањето на туристичкиот развој и организацијата на туристичките простори во рамките на Охридско-преспанскиот регион ќе се темели и на усвоените просторни решенија во

сферите кои се во непосредна врска со туристичкиот развој.

Појдовна основа на концептот за развој на туризмот и организација на туристичките простори претставува значењето на природното и антропогено наследство. Туризмот има битна улога во унапредувањето и витализацијата на просторните ресурси. Положбата на регионот ги отвора можностите во поглед на контактноста, транзитноста и поливалентноста. Важна појдовна основа е и недоволната застапеност на туристичките потенцијали на туристичкиот пазар, како и конјуктурата на туристичката посетеност.

Најголемата посетеност на Охридско-преспанскиот регион се остварува од туристите кои потекнуваат од земјите на Балканскиот Полуостров. Традиционални емитивни сфери претставуваат и земјите од Западна Европа (Германија и Холандија). Меѓутоа, бројот на туристи забележително опаѓа. Вкупниот број на легла се намалува во однос на максималните од 60164 (кои се постигнати во 1990 год.) и изнесува околу 50 000. Во структурата на туристичката понуда доминантно учество има домашното сместување (49,5%), додека хотелските капацитети учествуваат со 15,3%. Остатокот од понудата отпаѓа на камповите, одморалиштата и мотелите. Во однос на застапеноста на туристичките капацитети, доминира општина Охрид со 58,2%, Струга со 25,5% и Ресен со 16,3%. Туристичката посетеност, исто така, бележи опаѓање и тоа кај домашните туристи со индекс 84 во однос на 1990 год, а кај странските со индекс 41. Стагнантноста во структурата на сместувачките капацитети и намалувањето на бројот на туристи и нивниот престој, е основна причина за слабата искористеност на сместувачките капацитети која изнесува од 4,4% до 9%.

Остварените девизни приходи од туризмот во последните пет години се проценуваат просечно на 8,8 милиони американски долари.

***Цели***

Планските предвидувања треба да бидат насочени кон две определби. Првата се однесува на стабилизирање и интензивирање на емитивни карактеристики на граничните земји, кои евидентно гравитираат кон овој регион. Втората определба се однесува на преземање промотивни активности кон останатите балкански земји.

Овој концепт на развој и организација на туристичките простори треба да даде насоки и определби од стратегиска важност за туристичкиот развој и оптимално користење на просторните ресурси.

Појдовните цели за организација и уредување на туристичките простори се однесуваат на:

- валоризација на туристичката понуда од гледна точка на вклученост како на веќе опфатените и афирмираните, така и на новооткриените и потенцијалните ресурси;
- интензивирање на маркетиншките активности за афирмација на Охридско-преспанскиот регион како туристичка дестинација од меѓународен карактер;
- насочување на туристичката понуда кон туристичките емитивни сфери;
- утврдување и предвидување на туристичката потрошувачка како показател на туристичкиот развој;
- вклучување на природното и културното наследство во туристичката понуда на регионот;
- диференцијација на приоритетните просторни целини за туристички развој и определување на видови туризам кои треба да се развијат во зависност од просторните и функционалните карастеристики на регионот и
- оптималното користење на содржинските елементи за туристичка намена.

***Плански определби***

Развојот на туризмот во овој регион се темели на природните и антропогените фактори кои во локациска смисла овозмозуваат издржана диференциација на посебни видови туризам и соодветни активности.

Овој регион е туристички најатрактивен во Р. Македонија.

*Проекција на туристичкиот развој*

Сместувачките капацитети во првите пет години треба да го достигнат нивото од 1990 година. Тоа значи со годишен пораст од 3,5%, бројот на легла во 2020 год. ќе изнесува 80.000.

Стандардите и строгите критериуми во ЕУ ќе овозможат во структурата, учеството на хотелските капацитети до 2020 година да се зголеми по пат на комерцијализација на

најголем дел од детските, младинските и работничките одморалишта и изградба на нови хотелски капацитети и до крајот на планскиот период да достигне ниво од 20.000 легла, односно учество од 25% во вкупниот број предвидени легла во сите сместувачки капацитети.

Новите туристички локалитети и транзитни простори се основа за зголемување на бројот на легла во мотелското сместување. Нивното зголемување треба да биде во контекст на зголемувањето на бројот на хотелските сместувачки капацитети и да достигне околу 2.000 легла или 10% од хотелските.

Третманот на екотуристичките вредности во планските предвидувања подразбира проширување и изградба на нови кампинг капацитети со 20.000 легла што претставува учество од 25% во структурата на сместувачките капацитети.

Можностите за остварување дополнителни приходи и намалениот животен стандард на рецептивното население во планскиот период може да обезбеди зголемување на домашната понуда до 32.000 легла, односно учество од 40% во структурата на сместувачките капацитети во Регионот.

Останатите капацитети ќе учествуваат со 7,5% во вкупниот број.

За вклучување на сместувачките капацитети во светските системи, потребно е и внесување на стандарди на познати брендови.

Во поглед на посетеноста, зголемувањето на бруто домашниот производ за 5% годишно треба да овозможи стабилизација на домашниот туристички пазар. Тоа значи дека бројот на домашни туристи треба да достигне 300.000.

Стабилизацијата на политичките прилики во Р. Македонија и нејзиното опкружување, промотивните активности и примената на европските стандарди треба да овозможи странска посетеност од околу 200. 000 туристи.

Вкупниот број туристи треба да се проектира на 500.000 годишно.

Бројот на остварените ноќевања од страна на домашните туристи треба да достигне 2.200.000, а странските туристи треба да остварат околу 1.000.000 ноќевања односно вкупниот број на остварени ноќевања ќе изнесува 3.200.000.

Просечниот престој на вкупниот број туристи би изнесувал 6,6 дена, а странските туристи просечно би престојувале 5 дена.

Искористеноста на сместувачките капацитети би се зголемила на околу 41 ден или 11,3%.

Економските резултати треба да се гледаат во контекст на рентабилноста на користењето на сместувачките капацитети. Ако се земе предвид проектираното остварување на 1.000.000 ноќевања и просечна потрошувачка од 70 американски долари, туристичката потрошувачка ќе изнесува 70 милиони долари во регионот. Ако се прифати мултипликативниот ефект од развојот кој во туризмот има коефициент 3,48 значи дека од туристичката посетеност и престој треба да се остварат околу 27,8 милиони долари.

*Систематизација на просторните единици*

Во рамките на туристичката регионализација на Република Македонија, Охридско-преспанскиот регион е дефиниран како еден од 10-те туристички региони, кој е особено значаен поради тоа што има и меѓународен карактер. Комплексната туристичка понуда на регионот дава можности за развој на повеќе видови туризам: езерски, планински, градски, здравствен, екотуризам, ловен, риболовен, рурален, транзитен и многу други. Систематизацијата на туристичките просторни единици базирана на предложената регионализација во Просторниот план на Република Македонија, подетално разработена согласно со просторната распре-делба на туристичките зони и локалитети е презентирана во следниве табели:

**Табела 31. Туристички зони и локалитети**

| Зона Преспа | | |
|---|---|---|
| Локалитет | Значење | Вид туризам |
| Ресен | Меѓународно | Градски<br>Кул. насл. |
| Конско | Меѓународно | Езерски<br>Лов и риб. |
| Стење | Меѓународно | Езерски<br>Лов и риб. |
| Стење г.премин | Меѓународно | Транзитен |
| Отешево | Меѓународно | Езерски<br>Лов и риб. |
| Царина | Меѓународно | Езерски<br>Лов и риб. |

| | | |
|---|---|---|
| Сирхан | Меѓународно | Езерски<br>Лов и риб. |
| Езерани | Меѓународно | Екотуризам |
| Асамати | Меѓународно | Езерски<br>Лов и риб. |
| Зона Преспа II | | |
| Претор | Меѓународно | Езерски<br>Лов и риб. |
| Крани | Меѓународно | Езерски<br>Лов и риб. |
| Штрбово | Меѓународно | Рурален |
| Наколец | Меѓународно | Езерски<br>Лов и риб. |
| Долно Дупени | Меѓународно | Езерски<br>Лов и риб. |
| Брајчино<br>Рупа | Меѓународно | Рурален<br>Еко туризам |
| Љубојно | Меѓународно | Рурален |
| Маркова Нога | Потенцијелно | Транзитен |
| Сливница | Меѓународно | Кул. насл.<br>Верски |
| Курбиново | Меѓународно | Кул. насл.<br>Верски |
| Зона Дебрца | | |
| Локалитет | Значење | Вид туризам |
| Сини Вирој | Национално | екотуризам<br>риболов |
| Црвена Вода | Регионално | излетнички<br>културно<br>наследствен<br>ловен |
| Слатинско<br>Езеро<br>Слатино | Регионална | излетнички<br>културен<br>екотуризам<br>езерски<br>риболовен<br>рурален |
| Сатеска | Регионална | речен |
| Пештера<br>Јаорец | Национално | спелеолошки |
| Песочанска<br>река<br>Песочан | Потенцијал<br>Потенцијал | екотуризам<br>риболов<br>рурален |
| Горно<br>Средоречје | Потенцијал | културно<br>наследствен |
| Сите Свети<br>Лешани | Регионална | културно<br>наследствен |
| Св.Богородица<br>Врбјани | Регионална | културно<br>наследствен |
| Пресека | Потенцијал | транзитен |
| Зона Галичица | | |
| Локалитет | Значење | Вид туризам |
| Стара Галичица<br>Магаро | Меѓународно | Природно<br>Наследствен<br>Еко туризам<br>Ловен<br>Здравствен |
| Лако Сигној<br>Гола Бука<br>Еленов Врв | Меѓународно | Планински |

| | | |
|---|---|---|
| Томорос<br>Суво поле<br>Корита<br>Извор Корита | Меѓународно | Планински<br>екотуризам |
| Голем врв | Меѓународно | Планински |
| Самоска Дупка<br>Црна Пештера<br>Мечкина Дупка<br>Лескоечка<br>пештера | Меѓународно | Спелолошки |
| Симонческа<br>Локва<br>Извор Летница | Меѓународно | Екотуризам<br>Природно<br>наследствен |
| Успетие Св.<br>Богородица<br>Велестово | Меѓународно | Културно<br>наследствен |
| Петрино<br>Исток | Меѓународно | Екотуризам |
| Зона ДримскоГлобочишка | | |
| Локалитет | Значење | Вид туризам |
| Дабовјани | Потенцијал | природно<br>наследствен<br>риболовен |
| Таш<br>Маруништа<br>Пештера<br>Млечник | Регионална<br>Потенцијал | риболовен<br>езерски<br>спелеолошки |
| Лабунишки<br>Ливади | Потенцијал | езерски<br>риболов<br>лов |
| Луково | Регионално | риболов<br>културно<br>наследство |
| Нерези | Потенцијал | културно<br>наследство |
| Глобочица | Потенцијал | езерски<br>риболовен |
| Клисура Руњица | Регионална | природно<br>наследство |
| Зона Јабланица | | |
| Локалитет | Значење | Вид туризам |
| Вишни<br>Св.Спас | Национално<br>Национално | Планински<br>Ловен<br>Културно<br>наследствен |
| Горна Белица | Национално | Планински<br>Ловен |
| Стрижак | Потенцијал | Планински |
| Вевчани<br>Вајтос<br>Вевчански<br>извор<br>Јанков Камен<br>Вевчанско<br>езеро<br>Вевчанска река<br>Вевчански лозја<br>Пештера<br>Вевчански<br>извори | Национално | Културно<br>наследствен<br>Природно<br>наследствен<br>Езерски<br>Риболовен<br>Рурален<br>Манифестациски<br>Спелеолошки<br>Културно<br>наследствен |
| Подгорско | Потенцијал | Езерски |

| | | |
|---|---|---|
| езеро Подгорци | Национално | Културно наследствен Манифестациски |
| Лабунишки езера | Потенцијал | Езерски |
| Октиси | Национално | Културно наследствен |
| Лакавица | Потенцијал | Планински ловен |
| Јабланица | Регионално | Културно наследствен |
| Локов | Потенцијал | Ловен |
| Голема река | Потенцијал | Риболовен |
| Зона Струга | | |
| Локалитет | Значење | Вид туризам |
| Ќафа сан | Меѓународна | транзитен |
| Радожда Св.Архангел Михаил | Меѓународна Меѓународна | езерски риболовен културно наследствен рурален |
| Ливадишта | Меѓународна | езерски риболовен |
| Елен камен | Меѓународна | езерски риболовен |
| Калишта Манастир Калишта село | Меѓународна | езерски културно наследствен еко туризам рурален |
| Радолишта | Меѓународна | културно наследствен |
| Шум | Меѓународна | природно наследствен |
| Струга Град Уста на Дрим Св.Ѓорѓија Музеј плажа женска плажа машка Кеј Црн Дрим | Меѓународна | градски културно наследствен езерски риболовен речен |
| Црквени ливади Враништа | Потенцијал | културно наследствен |
| Делогожда | Потенцијал | културно наследствен |
| Стружанка плажа плажа Еуротел плажа Езерски лозја | Меѓународна | езерски риболовен ловен |

| Зона Охрид | | |
|---|---|---|
| Локалитет | Значење | Вид туризам |
| Аеродром | Меѓународно | Авиотуризам |
| Горенци | Меѓународно | Културно наследствен |
| Подмолје | Меѓународно | Езерски, риболовен Ловен екотуризам |
| Андон Дуков | Меѓународно | Езерски Риболовен Ловен |
| Костнозглобна | Меѓународно | Здравствен |
| Св. Еразмо | Меѓународно | Културно наследствен Верски |
| Градска Плажа | Меѓународно | Езерски Риболовен |
| Охрид, стар дел Градско шеталиште | Меѓународно | Градски Културно наследствен Верски Манифестациски |
| Студечишта и Билјанини извори | Меѓународно | Културно наследствен Еко туризам |
| Рача | Меѓународно | Езерски Риболовен |
| Парк | Меѓународно | Езерски Риболовен |
| Горица | Меѓународно | Езерски Риболовен |
| Св. Стефан | Меѓународно | Езерски Риболовен Културно наследствен Верски Здравствен |
| Гранит | Меѓународно | Езерски Риболовен |
| Коњско (Белви Метропол) | Меѓународно | Езерски Риболовен |
| Лагадин | Меѓународно | Езерски Риболовен |
| Елешец | Меѓународно | Езерски Риболовен Кампинг |
| Пештани | Меѓународно | Езерски Риболовен Рурален |
| Градиште | Меѓународно | Езерски Риболовен Кампинг |
| Трпејца | Меѓународно | Езерски Риболовен Рурален |
| Заум | Меѓународно | Културно наследствен Верски |
| Љубаништа | Меѓународно | Езерски Риболовен Кампинг Рурален |

| | | |
|---|---|---|
| Св. Наум | Меѓународно | Културно наследствен<br>Верски<br>Екотуризам<br>Езерски |
| Граничен премин Св. Наум | Меѓународно | Транзитен |
| Велгошти | Национално | Културно наследствен<br>Верски |
| Опеница | Регионално | Културно наследствен<br>Верски |
| Речица | Регионално | Културно наследствен<br>Верски |
| Косел Дувало | Национално | Природно наследствен<br>Едукативен |
| Лескоец Скребатно | Национално | Културно наследствен<br>Верски<br>Излетнички |

Како една од приоритетните дејности во Регионот, туризмот условува и процеси на спречување на емиграцијата и појава на ремиграција и имиграција. Така во функционална смисла можеме да диференцираме населби кои добиваат туристичка препознатливост.

Населбите Вевчани и Ташмаруништа се нови туристички локалитети во кои се спречува емиграцијата. За Ташмаруништа е карактеристично и дека прераснува во забележителна викенд населба со ремиграндски и имиграндски карактристики.

Од традиционални селски средини во нови населби за туризам се трансформираат населбите Вишни, Горна Белица, Брајчино, Љубојно, Велестово, Шипокно и Скребатно.

Нова населба со препознатливи туристички карактеристики е населбата Лагадин, додека населбите Рача и Коњско се туристички локалитети во рамките на урбаниот опфат на Охрид.

Нова населба со функционални карактеристики за одмор и престој е озобновената населба Глобочица која беше потопена со вештачкото езеро и потполно иселена.

*Проекција на рекреативните активности*

Рекреативните активности се значајни како содржина за престој на туристите и како квалитет на живеење на реципиентното население. Природните услови овозможуваат активности на копно, вода и воздух така што просторната димензија за одвивање на рекреацијата е доста широка.

Просторниот опфат на можностите за одвивање на рекреативни активности во Регионот може да се димензионира на 1.500 км$^2$.

Од рекреативните активности во Регионот се издвојуваат можностите за планинарење, прошетки, едукативно-рекреативни содржини, набљудувања на птици и животни, сончање, скијање, алпинизам и спелеолошки разгледувања, хербални активности, активности на село, алпско скијашко трчање, лов, сончање, учество во производство на традиционална храна, рекреативни рехабилитациони активности, селски активности, пловидбени рекреативни активности, спортски риболов, летање со хеликоптери, падобранство и параглајдерство.

Спортските објекти, спортските терени и објектите за рекреација се во функција на содржајност на туристичкиот престој, како посебна туристичка понуда и како можност за нивно користење од страна на населението кое постојано живее во овој регион. Овие капацитети треба да ја следат предвидената динамика на туристичката посетеност.

Обемот на спортски и рекреациски објекти и површини е определен според оптималното највисокото ниво на посетеност. Тоа произлегува и од веќе апсолвираната димензионираност на капацитетите за ваква намена како и од фактот дека претпоставените плански предвидувања не се во целост реализирани. Поместувањата се однесуваат на новите локалитети и можните функционални користења на просторот во оние во кои постои ваков капацитет. Овие проектирани вредности до 2020 год. се дадени во следнава табела.

**Табела 32. Спортски и рекреативни површини до 2020 год. по општини**

| Локалитет | Спортски терени во м$^2$ |
|---|---|
| Општина Охрид | 153 300 |

| | |
|---|---|
| Општина Ресен | 62 800 |
| Општина Струга | 92 400 |
| Општина Вевчани | 4 000 |
| ОпштинаДебрца | 2 000 |
| Вкупно | 314 500 |

*Туристичкиот развој и заштитата на животната средина*

Туристичкиот развој подразбира зачувување на животната средина затоа што не е можен туристички развој во средина во која се нарушени односите во екосистемите. Покрај Националниот парк, туристичката валоризација ги опфаќа, заштитените и предложените за заштита локалитети и објекти: два национални парка (Галичица и Пелистер), два строги природни резервати, 5 научно-истражувачки природни резервати, 2 посебни природни резервати, 4 одделни растителни и животински видови и 29 споменици на природата (Категоризацијата на објектите е според стариот Закон за заштита на природните реткости, бидејќи постапката за ревалоризација согласно со новиот Закон не е завршена).

Со оглед на тоа што поголем дел од туристичките локалитети просторно се сместени во крајбрежните појаси на езерата, активностите во нив треба да се усогласат со режимите и мерките за заштита кои се дефинирани за појасите од 300, 500 и 1000 метри оддалеченост од бреговата линија. Тие произлегуваат од определбите на националната, меѓународна регулатива, особено од препораките на УНЕСКО. Според тоа, уредувањето на овие простори треба да се базира на сеопфатно истражување и анализа и планските решенија со интегрирана стратешка оцена на влијанија, односно оцена на влијанија врз животната средина.

Туризмот мора да го заштитува просторот од другите некомплементарни активности со кои доаѓа во просторна колизија, но исто така и од самиот себе, за да го зачува основниот ресурс на кој го темели својот развој. Еден од најважните начини на контролирање на просторниот развој на туризмот е по пат на утврдување на носечкиот капацитет на туристичкиот простор.

Капацитет на средината или окружувањето (enviromental capacity) претставува максимален степен на користење на просторот во смисла на бројот на туристи, активности и објекти кои можат да бидат истовремено присутни, а туристите да не почувствуваат дека интензитетот на доживување опаѓа, ниту пак просторот да ја изгуби првобитната атрактивност во нивните очи.

Еколошкиот капацитет (ecological capacity) подразбира максимален степен на туристичко и рекреативно користење на просторот, а при тоа да не дојде до еколошка деградација.

Носечкиот капацитет на просторот е комбинација од капацитетот на окружувањето и еколошкиот капацитет и претставува максимален степен на искористување на еден простор од страна на туристите, а при тоа да не дојде до опаѓање на интензитетот на доживување на туристите, ниту до еколошка деградација на просторот.

Најчувствителен и едновремено најоптоварен простор во Регионот е крајбрежнјот, особено плажите.

Капацитетот на плажите претставува големина којашто битно не може да се проширува. Површината на плажите на Охридското Езеро изнесува 87,2 ха; на Преспанското Езеро 67,8 ха; на Слатинското 1 ха, додека на Глобочичкото Езеро нема уредени плажи, но можно е уредување на вакви простори со големина од 1 ха. Тоа значи дека вкупната големина на плажите во Регионот изнесува 156 ха, односно со Глобочичкото Езеро 157 ха. Земајќи го предвид нормативот од 600 капачи на еден хектар плажа ќе ги установиме вредностите на капацитетите на плажите. На плажите на брегот на Охридското Езеро капацитетот изнесува 52.320 капачи, на Преспанското Езеро 40.680 капачи, на Слатинското Езеро 600 капачи, на Глобочичкото Езеро 600 капачи или вкупен капацитет на плажите во Регионот од 94.200 капачи.

Капацитетите на сместувачките капацитети на крајбрежјата на Регионот треба да се проектираат во рамките на 65 000 легла, а имајќи ги предвид капацитетите на плажите и другите просторни содржини, вкупниот број на легла треба да изнесува 80 000.

Односот меѓу бројот на легла и големината на плажите како туристичка изграденост во општината Охрид изнесува 559,8, во општината Струга 358,4 и во општината Ресен 118 легла на хектар. Проектираната изграденост изнесува 901 легло на хектар во општината Охрид, 578,7 во општината Струга и 177 во општината Ресен.

**Табела 33. Туристичка изграденост во литоралот до 2020 год. по општини**

| Опзштина | Број на легла | Површина на плажи во хектари | Турист. Изграден легла/ха | Проектирани легла | Проек. изграденост легла/ха | Проек. разлика легла/ха |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Охрид | 29 113 | 52.0 | 559.8 | 46 830 | 901.0 | 341.2 |
| Струга | 12 616 | 35.2 | 358.4 | 20 370 | 578.7 | 220.3 |
| Ресен | 8 001 | 67.8 | 118.0 | 12 000 | 177.0 | 59.0 |
| Дебраца | | 1 | | 300 | 300 | |
| Вевчани | | | | 500 | | |
| Вкупно | 49 730 | 156.0 | 318.8 | 80 000 | 510 | 191.2 |

Дефинирањето на **туристичките капацитети на терените за зимски спортови** се базира на нивната денивелација. Имено вкупната денивелација на скијашките патеки на Галичица е определена на 2.650 м. Погоден комплекс е Суво Поле од врвот Томорос, а најповолни терени се во локалитетот Корита (1.500 м). Кон овој локалитет се протегаат патеки од котата 2.255 м. Од преслапот на 2.000 м се двојат две патеки, една кон Охридската котлина, друга кон Преспанската котлина. Тоа значи дека капацитетите на патеките овозможуваат активности на 2.650 скијаши.

На Јабланица денивелацијата на патеките се проценува на 2.944 м. Тоа е капацитет за ист број на скијачи. Локациите за трасирање патеки се Вишни и Горна Белица со подолга традиција и потенцијални патеки на Стрижак (2.233 м) и Лакавица.

Во Малесија постои можност за трасирање патека од врвот Голем Рид кон запад со вкупна денивелација од 1.000м.

Можностите за ловни активности се димензионирани на вкупно 20.174 ха во охридската, 35.980 ха во струшката, 12.500 ха во преспанската и 12.000 ха во малесиската зона. Бројот на легла треба да се димензионира со 100 легла на 25.000 ха ловна површина.

## 2.17. Заштита на животната средина

### *Појдовни основи*

*Квалитет на амбиентен воздух*

Во Охридско-преспанскиот регион нема поставено мерни места, бидејќи не постојат значајни загадувачи на воздухот. Отсуството на мониторинг станици и ограничениот обем на следени параметри, се причина за непостоење на база на сеопфатни и сигурни податоци за загадувачките супстанции и загадувачите и нивните концентрации во амбиентниот воздух. Во Република Македонија не постои национална методологија за извршување на процесот на мерењето, анализите и оценувањето, којашто е усогласена со потребните стандарди. Од тие причини не може да се зборува за оценување на состојбите со квалитетот на амбиентниот воздух за подрачјето на Охридско-преспанскиот регион.

Присуството на загадувачки супстанци во воздухот се должи на три вида на процеси: емисија, трансмисија и концентрација. Најголем удел во загадувањето имаат стационарните и мобилните извори на загадување. Како стационарни извори се јавуваат производството и трансформација на енергија, производство на топлина за индустриски потреби, како и затоплување на индивидуални домови и административни установи.

За загадувањето на воздухот од мобилни извори во Охридско-преспанскиот регион значајно е присуството на зголемен број возила во туристичката (летна) сезона.

Во сферата на управување со квалитет на воздух се јавуваат следниве проблеми:

- недоволно заокружена законска рамка на национално ниво;
- непостоење на локални прописи што треба да се донесат врз основа на Законот за амбиентен воздух;
- неадекватно планирање на управувањето со квалитетот на амбиентниот воздух на национално и локално ниво и
- недоволно интегрирање на управувањето со квалитетот на амбиентиот воздух во урбанистичкото планирање.

*Квалитет на водите*

Мониторингот на квалитетот на површинските води во сливот на Охридското Езеро е вршен во периодите 1995-1998, 2000-2001 и 2003-2004 година. Процесот на еутрофикација на Езерото кој може да ја промени вкупната рамнотежа и видовите на застапена флора и фауна е започнат како резултат на загадувањето од испуштањето на отпадни води директно во Езерото, како и од вливот на загадените притоки.

Мерењата кои се вршени со цел за испитување на квалитетот на водите на Преспанското Езеро датираат од крајот на осумдесеттите години. Се претпоставува дека овие резултати сé уште се релевантни и состојбата не е значително влошена, поради релативно малиот прираст на населението, намалувањето на индустриското производство и стагнација на инвестициите во комуналната инфраструктура.

Во сферата на управување со квалитетот на водите се јавуваат следниве проблеми:

- испуштање на отпадни води од индустријата без претходен третман;
- несоодветна покриеност со канализациони мрежи во руралните населби и
- несоодветен мониторинг на квалитетот на површинските и подземните води.

Кон овие проблеми се приклучува и проблемот со загадените притоки на Охридското Езеро, за чиешто решавање ќе биде потребно вклучување на повисоки инстанци и ангажирање на значајни финансиски средства.

*Индустриско загадување*

Во предметниот регион се лоцирани одредени индустриски загадувачи кои со своите процеси предизвикуваат кумулативно загадување на животната средина (загадување на воздухот, почвата, водите и создавање на отпад) и како такви подлежат на добивање на дозволи за усогласување со оператовни планови.

*Природа и биодиверзитет*

Биодиверзитетот е изложен на бројни директни и индиректни закани. Од директните најзначајните негативни ефекти за стабилноста на екосистемите и деградацијата на биодиверзитетот вклучуваат губење, модификација и фрагментација на живеалиштата и прекумерно искористување на биолошките ресурси (преку: лов, риболов, собирање лековити и ароматични растенија, полжави, желки, печурки, црпење вода итн.). Климатските промени претставуваат една од најголемите предизвици за опстанок на биодиверзитетот.

*Бучава*

Бучавата, која може да биде предизвикана од определен број различни извори, станува проблем особено во урбаните средини. На просторот на Охридско-преспанскиот регион, влијанието на бучавата е сé поизразито и врз биодиверзитетот, што особено се манифестира врз квалитетот на крајбрежните и заштитените простори, каде се сконцентрирани бројни активности во функција на туризмот кои продуцираат интензивна бучава. Проблемот на бучавата во државата добива малку внимание во раната фаза на планирање и се третира, главно, со општи насоки. Ваквата состојба не обезбедува соодветна база за вообличување на ефективни активности за намалување на бучавата и за заштита од бучава.

*Цврст отпад*

Во моментот работат две комунални депонии лоцирани во месноста Буково (депонирање на цврст отпад вршат комуналните претпријатија од Струга, Охрид и повремено Вевчани) и Алшеви кошари (депонира комуналното претпријатие од Ресен). На територијата на секоја општина во предметниот регион се забележани неуредени депонии каде се исфла домашен отпад, како и градежен шут. Во предметниот регион најзначајна комунална депонија што

предизвикува влијанија врз животната средина е охридската депонија Буково. Според методологијата за рангирање на степенот на опасност врз животната средина таа е рангирана со висок ризик. Депонијата што ја користи Ресен е рангирана како средно ризична.

Опасниот и неопасниот индустриски отпад вообичаено се депонира на сопствени локации во рамките на индустриските комплекси, заедно со останатиот отпад од процесите или на комуналните депонии заедно со останатиот отпад. Во овој регион има бројни здравствени установи кои генерираат значителни количини на медицински отпад. Од тие причини итноста за решавање на овој проблем е изразена, со оглед на загрозеноста на животната средина, здравјето на луѓето и развојот на туризмот.

Во сферата на управување со отпад се јавуваат следниве проблеми:

- несоодветна опременост за собирање на отпад;
- несоодветни техничко-санитарни услови за депонирање на отпадот на локациите за депонирање на комунален отпад;
- непостоење на определени уредени локации за депонирање на градежен шут кај одделни општини во предметниот регион (Струга, Ресен и Дебарца);
- несоодветно постапување со индустрискиот неопасен и опасен отпад и
- несоодветно постапување со медицинскиот отпад.

***Цели:***

- остварување на комплементарност на мерките имплементирани на ре-гионално ниво;
- основање на меѓуопштинска сора-ботка за постигнување на целите што го надминуваат локалниот интерес;
- зајакнување на стручната компетентност на локално ниво (по пат на трансфер на искуства и обука на клучниот кадар);
- планирање на годишните програми за управување со животната средина врз база на реални ресурси (човечки и финансиски) и
- определување на инструменти за флексибилно и наменско алоцирање на средства за проекти во животната средина.

Посебни цели за заштита на животната средина во проектниот регион:

- заокружување на законската рамка во сферата на заштитата на животната средина на национално ниво преку изработка на подзаконски акти и донесување на технички и друг вид на стандарди;
- изработка на локални прописи што треба да се донесат врз основа на Законот за амбиентен воздух;
- спроведување на законската обврска за планирање на управувањето со квалитетот на амбиентниот воздух на национално и локално ниво;
- интегрирање на управувањето со квалитетот на амбиентиот воздух во урбанистичкото планирање;
- намалување на емисиите од стационарните и извори;
- воведување на организиран мониторинг на квалитет на воздух, површин-ските и подземните води;
- подобрување на квалитетот на испуштени индустриски отпадни води;
- подобрување на собирањето и одведувањето на комуналните води во руралните населби;
- подобрување на стандардите на услугата за собирање на комунален отпад;
- спроведување на регионални решенија за депонирање на комунален отпад во согласност со стандардите на ЕУ;
- спроведување на организирано депонирање на градежен шут и
- подобрување на практиката за постапување со индустрискиот неопасен и опасен отпад и медицинскиот отпад, во согласност со претстојните нацио-нални прописи и стандардите на ЕУ.

***Плански определби***

*Управување со квалитет на воздухот*

Основна цел во секторот на управување со квалитетот на воздухот е намалување на емисиите на основните загадувачки супстанции од релевантните сектори. За да се следи успешноста во постигнувањето на оваа цел локалните власти треба да ги усвојат следниве индикатори кои ќе бидат предмет на постојан мониторинг, поддржан од државните институции: годишни емисии на основните загадувачки материи $SO_2$ (закиселување/зимски смог), NOx (летен смог/озон), VOC, $NH_3$, $O_3$, CO и честици, споредени со референтни вредности кои се дадени со подзаконските документи. Вкупните емисии треба да се намалуваат

секоја година во однос на референтната година.

Подобрувањето на квалитетот на амбиентниот воздух во многу нешта ќе зависи од состојбите во индустрискиот сектор, пред сé, од економскиот развој во транзиционите услови, како и од успешноста на спроведувањето на процесот на издавање на интегрирани еколошки дозволи за А и Б инсталациите.

Во табелата 35. се прикажани активностите што ќе треба да се спроведат на локално/регионално ниво во планскиот период, со цел за оптимално управување со квалитетот на воздухот.

**Табела 34. Потребни активности за оптимално управување со квалитетот на воздухот**

| |
|---|
| Зајакнување на капацитетите за подготвување и спроведување на законска регулатива, вклучувајќи подготвување на план за имплементација за секој поединечен пропис на локално ниво; |
| Воспоставување на листи на зони и агломерации на квалитет на воздух;<br>Подготвување на Програми за намалување на емисиите и подобрување на квалитетот на воздухот во Охридско-Преспанскиот регион; |
| Имплементирање на мерки за намалување на емисиите од страна на стационарните извори во согласност со националните максимални емисиони вредности за одделни атмосферски загадувачки супстанци (2001/81/ЕЗ);<br>Изготвување и имплементација на други прописи, согласно Планот за апроксимација; |
| Спроведување на Националниот план за имплементација за намалување на емисиите на POPs на локално ниво; |
| Понатамошна имплементација на Основниот план за отстранување на оловниот бензин на локално ниво;<br>Имплементација на нови стандарди за квалитет на горивата на локално ниво;<br>Издавање сертификати и акредитација на лабораториите во регионот и вршење инспекција заради обезбедување на квалитет на горивата; |
| Имплементација на Стратегијата за системи за мониторинг и управување со податоци на локално ниво;<br>Воспоставување на локални мрежи за мониторинг на воздухот;<br>Спроведување на методологијата CORINAIR за инвентаризација на загадувањето на воздухот и известување на локално ниво;<br>Зајакнување на капацитетот на мрежата за мониторинг на локално ниво, со цел поддржување на калибрациона лабораторија и одржување на централниот софтвер за верификација на податоци. |

*Управување со квалитетот на водите*

Интегрираното управување со водите треба да биде засновано на принципите на одржлив развој, преку воведување на практика на управување со речен слив. Во Охридско-преспанскиот регион овој принцип треба да биде сфатен пошироко, односно најмалата просторна единица за воспоставување на организирано управување со водите треба да бидат сливните подрачја на езерата. Како предуслов за ова е донесувањето на Законот за води и определување на институционална структура за управување со овие две сливни подрачја, како и дефинирањето на улогата на локалните власти и нивните надлежности. Основа за управувањето со квалитетот на водите во Охридско-преспанскиот регион ќе биде Стратегијата за управување со квалитетот на водите што се планира да биде изготвена. Нареден чекор ќе биде изработка на одделни планови за управување на сливните подрачја на езерата. Во планскиот период ќе се продолжи со активностите за заштита на двете езера, кои се поддржуваат од страна на интернационални донатори.

Доопремувањето на подрачјето со комунална инфраструктура ќе биде предуслов за натамошно надградување и/или реконструкција на постојните пречистителни станици, со цел за усогласување на нивната работа со стандардите на Директивата за комунални отпадни води.

Во табелата 36 се наведени планските мерки за подобрување на управувањето со квалитетот на водите кои произлегуваат од националните политики.

**Табела 35. Плански мерки за подобрување на управувањето со квалитетот на води**

| |
|---|
| Зајакнување на капацитетите за подготвување и имплементација на планови за управување со речен слив на локално ниво; |
| Спроведување на стратегија (што треба да биде донесена во наредниот период) за ратификација на |

| |
|---|
| Хелсиншката конвенција на УН/ЕЦЕ за заштита и користење на прекугранични водотеци и меѓународни езера; |
| Спроведување на Национална стратегија за води (што треба да биде донесена во наредниот период);<br>Имплементација на Законот за води и подготвување на подзаконски акти според барањата на ЕУ;<br>Воспоставување на тела за управување со подрачјата на сливовите на двете езера; |
| Подобрување на мрежата за мониторинг на водите на локално ниво;<br>Подобрување на мониторингот на подземните води;<br>Учество на индустрискиот сектор во изготвувањето на Катастар на загадувачи и Регистар на загадувачки материи; |
| Модернизација и изградба на канализациони системи во урбани и рурални подрачја;<br>Изградба и реконструкција на пречистителни станици за поголемите индустриски капацитети;<br>Санација на мрежата за водоснабдување и доведување во оптимална состојба на системите за наводнување; |
| Зајакнување и реорганизирање на системот за ефективна наплата на надоместоците за вода и вградување на реалните трошоци за управување со отпадните води |

*Управување со квалитетот на почвите*

Генерална цел во овој сектор е подобрување на состојбата со почвата во насока на нејзино одржливо користење преку намалување на ерозијата, контаминацијата и другите видови на деградација на почвите.

Имајќи предвид дека не постои систем за управување со квалитетот на почвата, пред се не постои утврден систем на индикатори кои би се следеле преку соодветен мониторинг, во оваа област претстои голем обем на мерки кои треба да се преземат, пред сé, на национално, а потоа и на локално ниво.

Во табелата 37 се наведени некои мерки кои треба да се реализираат во планскиот период, но голем дел од нив се поврзани со напредокот што во оваа област ќе се постигне на национално ниво.

**Табела 36. Мерки за управување со квалитетот на почвите**

| |
|---|
| Имплементација на програма за заштита на почвите на локално ниво (оваа програма треба претходно да се изработи на национално ниво);<br>Воведување на мерки за соодветно управување со шумското и обработливото земјиште (добри земјоделски практики) во области со високи ризици од ерозија изработка на насоки за добри практики според искуството од демонстрационен проект; |
| Санација на ерозивните жаришта. Имплементација на различни демонстрациони проекти (од различни проблеми поврзани со ерозијата и подготвување на насоки и модел проект за решавање); |
| Воспоставување на сеопфатен мониторинг и информативен систем на почвите;<br>Проценка/идентификација на контаминираните жаришта и подготовка на План за санација за конкретни поголеми контаминирани локалитети и негова имплементација во вид на демонстрационен проект;<br>Воспоставување на база на податоци и подготвување на Основна педолошка карта;<br>Проект за пресметување и нанесување на карта на критичните наноси на почвите |

*Управување со цврст отпад*

Во Националниот план за управување со цврст отпад се поставени стратешки цели (базирани врз идентификуваните проблеми) поставени според следнава структура:

- развој на политика и законодавство;
- организациони / институционални промени;
- изградба на човечки ресурси и капацитети;
- постројки за депонирање на отпад;
- селектирање, складирање, собирање и транспортни системи;
- финансирање и инструменти за покривање на трошоци;
- подигање на свеста на носители и комуникација;
- расположливост на податоци и процедури за известување;
- избегнување на создавање на отпад;
- враќање на отпадот во производните циклуси и системи за рециклажа и
- постројки за преработка на отпадот.

Во Охридско-преспанскиот регион прашањата од областа на управување со отпадот треба да се решаваат на повеќе начини, и тоа:

- подобрување на ефикасноста на постојните претпријатија кои вршат услуга во делот на постапувањето со отпадот;
- проширување на услугата во руралните подрачја;

- примена на принципот на блискост (локацијата за трансфер и/или санитарно депонирање треба да биде доволно блиску до најголемите центри во кои се генерира отпадот, како Охрид и Струга и делумно Ресен);
- затворање на постојните мали диви депонии создадени од населението и примена на санкции за несоодветно депонирање;
- основање на меѓуопштинска соработка со цел за воспоставување на регионални интегрирани системи за постапување со отпадот;
- подобрување на наплатата на надоместоците од страна на граѓаните;
- примена на принципот Загадувачот плаќа (корисниците на услугата да платат надоместок потребен за покривање на трошоците кои ги прави давателот на услугата) и
- во табелата 38 се предвидени планските мерки што произлегуваат од националните политики.

**Табела 37. Мерки за управување со цврст отпад**

| |
|---|
| Изготвување на подзаконски акти на локално ниво;<br>Имплементација на Националниот план за управување со цврст отпад;<br>Подготвување на локални планови и програми за управување со отпад; |
| Воспоставување на мониторинг и спроведување, вклучувајќи проекти за самомониторинг, дозволи за управување со отпадот и инспекција на правни и физички лица кои поседуваат дозвола;<br>Назначување на лица одговорни во општината за известување на резултатите од спроведувањето на локалните планови до Министерството за животна средина; |
| Имплементација на надоместок/данок за депонирање (согласно наодите од физибилити студијата што треба да се реализира во 2006 година);<br>Спроведување на пилот шема за собирање стари гуми ; |
| Изработка на главни проекти за затворање/ревитализација на депониите Буково, Алшеви Кошари, Вишни и Ќафасан. |

Транзицијата од тековната пракса кон примена на европските принципи во доменот на постапување со цврстиот отпад наметнува интензивна соработка меѓу Министер-ството за животна средина и просторно планирање и општините. Потребно е да се дефинираат условите според кои ќе се отпочне со процесот на затворање на постојните неуредени депонии, односно да се звземе став дали ќе се почитуваат одредбите утврдени со Националната стратегија за управување со цврстиот отпад (и Националниот план) и кои мерки ќе бидат на располагање доколку овие одредби не се почитуваат. Од особено значење е неопходноста од затворање/рекултивација на напуштените региони на охридската депонија, поради потенцијалната опасност од загадување на површинските води во непосредна близина. Поради непостоење на алтернативно решение комплетно затворање на депонијата не е можно до реализација на регионалната санитарна депонија.

За регионот е изработена Физибилити студија со која не се препорачува лоцирање на санитарна депонија на територијата на басенот на Охридското и Преспанското Езеро. Поради сензитивноста на подрачјето (Национален парк Галичица и Пелистер, езера кои се заштитени со закон, културно-историски споменици и други традиционални вредности кои погодуваат за развивање на повеќе видови туризам). Отсуството на поддршка од страна на општините за спроведување на овој проект, предизвика прекин на финансирањето од страната на донаторот. Активности за решавање на проблемите во врска со депонирањето на отпадот, кои беа иницирани не резултираа со значајни резултати, поради недостаток на искуството на општините во оваа област и неподготвеноста за преземање на ризици што произлегуваат од примената на нови технологии на постапување со отпадот.

Согласно со Стратегијата и Акциониот план е утврден лимитот од 150.000 жители за формирање на еден регион за управување со цврстиот отпад. Општините во Охридско-преспанскиот регион можат да претставуваат еден единствен регион, меѓутоа останува проблемот со сензитивноста на подрачјето за лоцирање на санитарна депонија. Доколку би се применувал друг метод на отстранување на отпадот (инсенерација и слично), трошоците на системот ќе бидат неколку пати повисоки, во однос на транспортните трошоци за изнесување на комуналниот отпад надвор од регионот до предвидеата локација за санитарна депонија близу Тополчани.

*Природа и биодиверзитет*

**Табела 38. Мерки за заштита на природата и биодиверзитетот**

| |
|---|
| Зајакнување на институционалните и човечките капацитети за насочување на аспектите на природата и биодиверзитетот во различните сектори и за понатамошна имплементација на стратегиите;<br>Зајакнување и примена на капацитетите за имплементација на законската регулатива и стандардите за заштита на природата;<br>Подготвување на Црвена листа и Црвена книга;<br>Развивање на национална програма за мониторинг на компонентите на биодиверзитетот и индикатори на биодиверзитетот;<br>Изработка на Национална стратегија за заштита на природата;<br>Ревалоризација на заштитени подрачја;<br>Зајакнување на капацитетите и подготвување на насоки за подготвување и имплементација на плановите за управување со заштитените области, со акцент на финансиските механизми за заштита на природата Пилот проект за XXX подрачје;.<br>Подготвување на документација и анализа за воспоставување на НАТУРА 2000;<br>Воспоставување на национална еколошка мрежа. |

***Управување со бучава***

**Табела 39. Мерки за управување со бучавата**

| |
|---|
| Институционално зајакнување и градење на капацитети на државниот орган надлежен за бучавата;<br>Подготвување и усвојување на Закон за заштита од бучавата и релевантните подзаконски акти;<br>Подготвување на прелиминарна листа на значајни извори на бучава (дифузни и линиски извори, точкести извори);<br>Имплементација на демонстрациони/пилот проекти и подготвување на насоки за различни технички решенија;<br>Изработка на програма за мерење и следење на нивоата на бучава и подобрување на системот за мониторинг на бучавата и информативен систем;<br>Акредитации на лабoратории за мерење на ниво на бучава. |

*Управување со индустриското загадување*

Согласно со принципите на спречувањето и контролата на загадувањата ќе се применуваат најдобрите расположливи технологии со цел да се ограничи загадувањето врз сите медиуми. Ова се однесува и на постапувањето со отпад, како и на понесувањето на одговорноста за рекултивација на кое било земјиште кое престанува да се користи за какви било цели.

За различни индустриски гранки/ сектори постапката за добивање на дозволи ќе биде различна. На пример, постапките ќе се разликуваат за следниве индустрии кои се застапени во регионот:

- металопреработувачка индустрија,
- живинарски и свињарски фарми,
- прехранбена и млечна индустрија,
- депонии и
-останато.

**Табела 40. Мерки за управување со индустриското загадување**

| |
|---|
| Зајакнување на капацитетот за воведување и целосна интеграција на системи за управување со животната средина;<br>Воспоставување на институционална рамка за спроведување на IPPC и зајакнување на кадровските капацитети во администрацијата и во деловниот сектор;<br>Обука за планови за приспособување за IPPC;<br>Подготвување на програма за рехабилитација на поголемите индустриски жаришта; |
| Да се подготви Национална стратегија за почисто производство. Зајакнување на капацитетите за примена;<br>Развивање на индикатори за одржлив развој, за посебни индустриски сектори;<br>Понатамошно развивање на шема на стимулативни мерки за спроведување на плановите за приспособување на инсталациите, набавка на почисти технологии и експертиза за загадувањето;<br>Поддршка на компаниите за добивање на сертификати преку имплементација на ИСО 14001 и EMAS. |

## 2.18. Природно наследство

***Појдовни основи***

Заштитата на природата се остварува со утврдување на компонентите на биолошката и пределската разновидност и нивната загрозеност, создавање на услови и преземање на мерки за заштита на природата со цел за зачувување и рационално управување со одредените компоненти, како и одржливо и рационално користење на природното наследство. Заштитата се остварува и со планирање и уредување на просторот и вградување на условите и мерките за заштита на природното наследство во одделни стопански дејности, како и следење и подготвување на извештаи за состојбата на природата, известување на јавноста за состојбата на природата, како и овозможување на учество на јавноста во донесувањето на одлуките за заштита на природата

Но ваквите основи за заштита на природното наследство досега не се доволно почитувани. Поради тоа е потребна итна ревалоризација на веќе регистрираните заштитени подрачја и валоризација на евидентираните простори со посебни природни вредности кои се предложени за заштита, со воведување на соодветни режими на заштита.

Во современото планирање присутна е тенденција за одржливо користење, што е и препорака во Агендата 21. Имено Конференцијата за заштита на животната средина и развој на ООН (UNCED) одржана во Рио де Жанеиро, во јуни 1992 година е пресвртница која, јасно покажа дека за животната средина, економијата и општествениот развој веќе не може да се размислува како за самостојни категории. Државите имаат право над своите биолошки ресурси, но во исто време се одговорни за зачувување на биолошката разновидност и за користење на биолошките ресурси на одржлив начин.

Природните услови во Република Македонија овозможуваат таа да се вброи во ретките земји во Европа со богато прирорно наследство.

Охридско-преспанскиот регион, изобилува со богато природно наследство кое се должи на природните услови (геолошка градба, релјефна структура, клима, хидрографија, педолошки состав).

Со Законот за заштита на природата ("Сл. весник на РМ" бр. 67/2004, 14/2006 и 84/2007) во кој се прифатени меѓународните категории, во рок од три години од денот на започнување на примената, треба надлежниот орган за вршење на стручни работи за заштита на природата да изврши ревалоризација на заштитените подрачја, заштитени пред денот на започнувањето на примена на Законот за заштита на природата и да изготви нови акти за прогласување во согласност со одредбите на Законот за заштита на природата. Ревалоризацијата е отпочната, но не и завршена. Исто така, согласно со истиот Закон, субјектите надлежни за вршење на активностите на управување и заштита, заради остварување на заштитата на заштитените подрачја, донесуваат планови за управување и годишни програми за заштита.

Системот на заштитени подрачја се воспоставува заради заштита на биолошката разновидност во рамките на природните живеалишта, процесите кои се случуваат во природата, како и абиотичките карактеристики на пределската разновидност. Со прогласувањето на подрачјето за заштитено, се стекнува со статус на природно наследство. Системот на заштитени подрачја, претставува дел од меѓународните мрежи на заштитени подрачја, во согласност со меѓународните договори ратификувани од Република Македонија.

Во табелата се презентирани категоризациите на заштитените подрачја кои ги одредува Законот за заштита на природата (прифатени се меѓународните категории):

**Табела 41: Категоризација на заштитените подрачја според новиот Закон**

| | категоризација на заштитено подрачје | ознака |
|---|---|---|
| 1. | Строг природен резерват | СПР |
| 2. | Национален парк | НП |
| 3. | Споменик на природата | СП |
| 4. | Парк на природата | ПП |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | Заштитен предел | ЗП |
| 6. | Повеќенаменско подрачје | |

За избраните и категоризираните подрачја и објекти во заштитни групи изработени се рамковни предлози на режими на заштита. Режимот за заштитените подрачја или објекти претставува список или опис на сите дозволени, условно можни и недозволени зафати, кои можат посредно или непосредно да влијаат на состојбата на заштитеното подрачје или објект.

За заштитените подрачја со Законот за заштита на природата се предвидени четири степени на режим на заштита, кои се градирани во однос на строгоста на заштитните потфати:

- зона за строга заштита,
- зона за активно управување,
- зона за одржливо користење и
- заштитен појас.

Заради утврдување и користење на просторот за категориите заштитени подрачја по потреба се донесува Просторен план, а за категорија Национален парк обврзно се донесува Просторен план.

На просторот на Охридско-преспанскиот регион се регистрирани 19 објекти кои се заштитени.

**Табела 42: Заштитени објекти** *

НП национален парк,
СПР строг природен резерват,
НИПР научно истажувачки природни резервати,
ПППК предел со посебни природни карактеристики,
КП карактеристични пејсажи,
ППР посебни природни резервати,
ОРЖВ одделни растителни и животински видови и
СП споменици на природата.

| | Група | Име на објектот | Општина | Состојба на заштита |
|---|---|---|---|---|
| 1 | НП | Галичица | Охрид, Ресен | заштитен |
| 2 | НП | Пелистер | Битола, Ресен | заштитен |
| 3 | СПР | Езерани | Ресен | заштитен |
| 4 | ОРЖВ | Калојзана | Ресен | заштитен |
| 5 | ОРЖВ | Непртка (планина Баба) | Ресен | заштитен |
| 6 | ОРЖВ | Рупа | Ресен | заштитен |
| 7 | ОРЖВ | Дреначка Река | Струга | заштитен |
| 8 | СП | Преспанско Езеро | Ресен | заштитен |
| 9 | СП | Македонски Даб (с. Трпејца) | Охрид | заштитен |
| 10 | СП | Охридско Езеро | Охрид, Струга | заштитен |
| 11 | СП | Чемпресови стебла | Охрид | заштитен |
| 12 | СП | Алепски бор | Охрид | заштитен |
| 13 | СП | Платанови стебла (+чинар Охрид) | Охрид | заштитен |
| 14 | СП | Група чемпресови стебла | Охрид | заштитен |
| 15 | СП | Чемпресови стебла | Охрид | заштитен |
| 16 | СП | Дувало с. Косел | Охрид | заштитен |
| 17 | СП | Платан (с. Калишта) | Струга | заштитен |
| 18 | СП | Пештера Млечник | Струга | заштитен |
| 19 | СП | Вевчански Извори | Вевчани | заштитен |

* Категоризацијата на објектите е според стариот Закон за заштита на природни реткости ("Сл. весник на СРМ" бр. 41/73), бидејќи постапката на ревалоризација е во тек.

***Критериуми, цели и насоки за заштита на природното наследство***

При конципирањето и спроведувањето на заштитата на природните вредности се тргнува од следниве посебни критериуми:

- национално, европско и светско значење на природните добра,
- загрозеност на природното добро и
- можност за вклучување на заштитата на природата преку заштитата на биолошката и пределската разновидност и заштитата на при-родното наследство, во националните и меѓународните програми и активности на заштитата на природата.

Со Законот за заштита на природата ("Сл. весник на РМ" бр. 67/2004, 14/2006 и 84/2007) во членот 4 се определени целите на заштита на природата преку заштита на биолош-ката и пределска разновидност и заштита на природното наследство, во заштитени подрачја и надвор од заштитени подрачја, и тоа:

- утврдување и следење на состојбата на природата;
- зачувување и обновување на постој-ната биолошка и пределска разно-видност во состојба на природна рамнотежа;
- установување на мрежа на заштитени подрачја поради трајна заштита на својствата врз основа на кои го стекнале статусот на природно наследство;
- обезбедување на одржливо корис-тење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- спречување на штетните активнос-ти на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата и
- обезбедување на правото на граѓаните на здрава животна средина.

Заштитата на природата треба да се насочи кон:

- зачувување и заштита на исклучителното и неповторливо природно наследство од значење за научните, културно-образовните, воспитните, рекреативните и други цели;
- зачувување, заштита и унапредување на сите карактеристични претставници на одделните екосистеми и изразити биогеографски подрачја, особено претставници на одделните типови и предели;
- меѓу природните добра со слични природни вредности, предност да се даде на заштитата и унапредувањето на оние добра кои се користат со поголем интензитет (покрај населените места, сообраќајните коридори, туристичките центри др.);
- унапредување и адекватно корис-тење на поголемите природни целини, за зачувувањето на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- целосна заштита на флората и фауната преку заштита на поголе-мите просторни единици и преку насочено користење на природните потенцијали во согласност со еколошките услови;
- зачувување на генетскиот и екосистемскиот биодиверзитет врз основа на проучување на генофон-дот, инвентаризација и формирање на база на податоци и категоризација на елементите и компонентите на биодиверзитетот;
- обезбедување на заштита на природните вредности на просторот околу создадените културно-историски вредности заради нивна интегри-рана заштита;
- воспоставувње на мрежа на заштитени подрачја и методи за одржлливо користење;
- формирање на информативен систем за заштита на природата, пратен со соодветен мониторинг и создавање банка на податоци за заштитени добра и
- изработка на просторни планови за заштитените подрачја, а обврзно за национални паркови.

***Плански определби***

- Заштитата на природата подразбира активности, мерки и режими за зачувување, унапредување и корис-тење на природното наследство на сите нивоа. Тргнувајќи од концептот за траен развој базиран на заштитата на необновливите и рационално користење на обновливите ресурси се оценува дека заштитата на природата претставува средство за остварување на специфичните програми за развој.

Со планските определби до 2020 год. е предвидена заштита на простор со особени природни вредности со површина од околу 728,37 км$^2$ или 31% од вкупната површина

на регионот кој е предмет на разработка (2.318,59 км$^2$.)

Според сегашниот степен на истраженост и стручните и научните сознанија, во Охридско-преспанскиот регион, покрај постојните 19 со Републички акт, односно решение заштитени објекти, предвидени (предложени) се и 25 нови простори кои според своите карактеристики и природни вредности треба да се стават под соодветен режим на заштита

**Табела 43. Заштитени и предложени објекти за заштита до 2020 год.***

НП национален парк,
СПР строг природен резерват,
НИПР научно истажувачки природни резервати,
ПППК предел со посебни природни карактеристики,
КП карактеристични пејсажи,
ППР посебни природни резервати,
ОРЖВ одделни растителни и животински видови,
СП споменици на природата

| | Група | Име на објектот | Општина | површина ха | Состојба на заштита |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | НП | Галичица | Охрид, Ресен | 24 931 | заштитен |
| 2 | НП | Пелистер (дел) | Битола, Ресен | 859,2 | заштитен |
| 3 | СПР | Езерани | Ресен | 2080 | заштитен |
| 4 | СПР | Белчишко блато | Дебарца | 400 | предлог |
| 5 | НИПР | Голем Котел (пл. Галичица) | Ресен | 50 | предлог |
| 6 | НИПР | Кула (мала Галичица) | Ресен | 400 | предлог |
| 7 | НИПР | Остров Голем Град | Ресен | 28 | предлог |
| 8 | НИПР | Осој(меѓу Трпејца и Љбаништа) | Охрид | 70 | предлог |
| 9 | НИПР | Песочанска Река | Дебарца | 115 | предлог |
| 10 | ППР | Студенчишта (Билјанини извори) | Охрид | | предлог |
| 11 | ППР | Луково | Струга | 50 | предлог |
| 12 | ОРЖВ | Калојзана | Ресен | 5 | заштитен |
| 13 | ОРЖВ | Непртка (пл. Баба) | Ресен | 8,7 | заштитен |
| 14 | ОРЖВ | Рупа | Ресен | 7,6 | заштитен |
| 15 | ОРЖВ | Дреначка Река | Струга | 2 | заштитен |
| 16 | СП | Леска (с.Лескоец) | Ресен | | предлог |
| 17 | СП | Лесковечка Пештера (пл. Галичица) | Ресен | | предлог |
| 18 | СП | Преспанско Езеро | Ресен | 18920 | заштитен |
| 19 | СП | Македонски Даб (с. Трпејца) | Охрид | | заштитен |
| 20 | СП | Острово (св. Наум) | Охрид | 34,2 | предлог |
| 21 | СП | Охридско Езеро | Охрид, Струга | 24808 | заштитен |
| 22 | СП | Пештера Самолска Дупка (пл. Галичица) | Охрид | | предлог |
| 23 | СП | Чемпресови стебла | Охрид | | заштитен |
| 24 | СП | Алепски бор | Охрид | | заштитен |
| 25 | СП | Платанови стебла (+чинар Охрид) | Охрид | | заштитен |
| 26 | СП | Група чемпресови стебла | Охрид | | заштитен |
| 27 | СП | Чемпресови стебла | Охрид | | заштитен |
| 28 | СП | Дувало с. Косел | Охрид | | заштитен |
| 29 | СП | Платан (с. Бицево) | Струга | | предлог |
| 30 | СП | Платан (с. Калишта) | Струга | | заштитен |
| 31 | СП | Костен | Струга | | предлог |
| 32 | СП | Алипашица | Струга | | предлог |
| 33 | СП | Дабово стебло (с. Мислодежда) | Струга | | предлог |
| 34 | СП | Пештера Млечник | Струга | | заштитен |
| 35 | СП | Дабово стебло (с. Присовјани) | Струга | | предлог |
| 36 | СП | Дабови стебла (с. Мороишта) | Струга | | предлог |

* Категоризацијата на објектите е според стариот Закон за заштита на природни реткости (“Сл. весник на СРМ“ бр. 41/73), бидејќи постапката на ревалоризација е во тек.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 37 | СП | Добовјани | Струга | | предлог |
| 38 | СП | Платан | Струга | | предлог |
| 39 | СП | Вевчански Извори | Вевчани | | заштитен |
| 40 | СП | Вевчанско езеро | Вевчани | 28,1 | предлог |
| 41 | СП | Ела (Вевчани) | Вевчани | | предлог |
| 42 | СП | Платан (Вевчани) | Вевчани | | предлог |
| 43 | СП | Подгоречко Езеро | Вевчани | 39,99 | предлог |
| 44 | СП | Пештера Јаорец | Дебарца | | предлог |
| | | ВКУПНО: | | 72836,79 | |

Од утврдените простори и објекти предложени за заштита, посебна предност се дава на Националниот парк Галичица кој територијално се простира на општините: Ресен и Охрид, потоа на спомениците на природата Охридското Езеро и Преспанското Езеро, како и на природниот резерват Езерани.

Спомениците на природата се најбројна група. Во Регионот постојат 29 споменици на природата, од кои 12 се заштитени.

## 2.19. Културно-историско наследство

***Појдовни основи***

Охридско-преспанското подрачје изобилува со исклучително богати слоеви од културно наследство, напластени од најдалечното минато, праисториски населби, споменици од античкиот и византискиот период, бројни цркви и манастири од средновековието, богатство на локални традиции, обичаи, архитектура и уметнички дела.

Огромна концентрација на наследени вредности од различни историски епохи во голема мера е врзана за градот Охрид, а неговото милениумско опстојување, од времето на почетоците на човековата цивилизација, претставува своевиден феномен на овие простори.

Според податоците од надлежните институции за заштита на културното наследство (НУ Завод и Музеј Охрид и НУ Завод и Музеј Битола), односно според Националниот регистар за културно наследство и Заштитната евиденција за добрата за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство, на територијата на сите пет општини на Охридско-преспанскиот регион постојат 1.120 недвижни културни добра (заштитени и незаштитени), од кои 507 археолошки локалитети, 281 објект од градска и старороградска архитектура, 173 цркви и манастири, 86 споменици на историјата, 31 објект од исламската архитектура, 5 споменички целини, 34 рурални споменички целини, стопански и други видови објекти.

Најголем број недвижни културни добра се на просторот на општина Охрид 320, од кои 137 заштитени (со заштитен статус на културно наследство), општина Струга 219 од кои 66 заштитени, општина Дебарца 145 од кои 23 заштитени, општина Вевчани 5 незаштитени недвижни културни добра и општина Ресен со 11 заштитени и 420 незаштитени недвижни културни добра од кои во најголем дел археолошки локалитети и сакрални објекти.

Развојот на градовите во современи услови на неконтролирана и агресивна урбанизација се одразил врз старата градска архитектура, која во голем дел е заменета со нови станбени згради, со што трајно е нарушен континуитетот на градбата, единството и хармонијата на просторот.

Дел од недвижното културно наследство се наоѓа во руралните населби и ридско-планинските подрачја. Високовред-ното природно опкружување со Охридското и Преспанското Еезеро и близината на Националниот Парк Галичица и Пелистер им ја дава посебната вредност на недвижното рурално наследство и традиционалните рурални агломерации кои се целосно или делумно напуштени.

На просторот на Охридско-преспанскиот регион вкупниот број на досега заштитени недвижни добра, односно добра со заштитен статус на културно наследство изнесува 237, од кои најголем број се објекти од старорградска архитектура 133.

Видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменички целини и културни предели.

Општината Охрид има две заштитени подрачја:

Заштитени споменички целини со својата контактна зона со утврдени граници:

1) Охридско природно и културно-историско подрачје (УНЕСКО) и
2) Стариот дел на градот.

Општината Ресен има една заштитена рурална споменичка целина:

*1)* Рурална споменичка целина во село *Коњско.*

На подрачјето на општина Охрид припаѓаат и заштитените археолошки локалитети: *Козлук, Видобишта, Долно Трново, Базилика Студенчишта.*

Заштитените недвижни културни добра се поединечни споменици во кои спаѓаат објекти од профана, сакрална, стопанска, меморијална архитектура, археолошки локалитети.

*Маркантни примероци на недвижно културно наследство на просторот на Охридско-преспанскиот регион*

*Сакрални објекти:*

*Охрид:* црквите Св. Софија, Св. Јован Богослов Канео, Св. Пантелејмон, Св. Богородица Перивлепта, Св. Константин и Елена, Успение на Св. Богородица (с. Велестово), Манастирот Св. Наум, Пештанската црква Св. Еразмо, Св. Богородица Захумска; *Струга:* црквите Св. Ѓорѓи, Успение Богородичино (с. Калишта), Св. Архангел Михаил (с. Радожда); *Ресен* Св. Петар (Голем Град), Св. Ѓорѓи (с. Курбиново), Св. Илија (с. Грнчари), Св. Петка (с. Брајчино), Сливнички манастир (с. Сливница);

*Старроградска архитектура:*

*Охрид:* Куќа на *Робевци* (Музеј на град Охрид), Куќа на Христо Узунов, Куќа на *Уранија* (Етнолошки музеј и Галерија на современата уметност), *Галерија* на икони и голем број објекти од профана архитектура; Ресен објект *Сарај;*

*Исламска архитектура*

*Охрид:* Теќе Зејнел Абедин Паша, Турбе на *Синан Челеби* кај *Имарет и Ајдар Пашина џамија*; *Струга:* Теќе *Халвет* и турски амам *Мустафа Челеби.*

*Археолошки локалитети*

*Охрид:* арх.локалитет Плаошник, Антички Театар, Охридско Кале (Горни Сарај), Охридска крепост Самоилова тврдина, Ранохристијанска базилика Студенчишта, арх.лок. Кулиште, арх.лок. Хермелеја, гробница Видовишта, арх. лок. Козлук; *Струга* арх. лок. Вајтос Градиште (с. Октиси), арх. лок. Св. Илија, арх. лок. Св. Никола-ранохристијанска базилика (с. Октиси); *Дебарца* арх. локалитет Требенишко кале и Требенишка некропола (с. Требеништа), Римски терми (с. Оровник) арх. лок. Зла Страна ( с. Горно Средоречје); *Ресен* Ружин Гроб (с. Асамати);

*Споменици и споменични обележја*

*Охрид* - Гроб на Григор Прличев, Дрво Кочеџик, Куќа на Христо Узунов;

*Дебарца* - Основно училиште (с. Слатино), Спомен-плоча и училиште (с. Црвена Вода), Спомен-плоча (с. Сливово); *Ресен* - Куќа во која се родил М. Богоевски;

Незаштитените недвижни добра кои поседуваат елементи според кои треба да бидат валоризирани се споменички целини, поединечни споменици, археолошки локалитети.

Вкупниот број на незаштитени недвижни добра на просторот на Охридско-преспанскиот регион изнесува 883, од кои најголем број припаѓа на археолошките локалитети (477).

***Цели***

Заради заштита, зачувување и ставање во активна функција на развојот на недвижното културно наследство, од просторно плански аспект се поставуваат следниве развојни цели:

- заштита и зачувување на културното наследство во изворна состојба и создавање на поволни услови за негов опстанок како суштинска цел;
- усогласување на јавниот интерес за заштита на културното наследство и негово активно вклучување во современите текови на животот како фактор на одржлив општествен развој;
- третман на недвижното културно наследство во просторните и урбанистичките планови од секој вид и ниво, со цел да се обезбедат плански услови за негова заштита, остварување на неговата културна функција, просторна интеграција и активно користење, односно созда-вање услови за сопствена репродук-ција на материјалните ресурси за поинтензивен економски развој;

- задолжително утврдување на плански мерки за заштита и насоки за определување на режим на заштита на недвижните културни добра, врз основа на заштитно-конзерваторски основи според видот на планот за кој се наменети, одобрени и заверени од Управата за заштита на културното наследство;

- изработка на нови и ревизија на постојните просторни и урбанистички планови за предметното подрачје, како и изработка на други планови, програми и техничка документација, заради усогласување на аспектот на заштита на недвижното културно наследство и

- создавање економски, техничко-технолошки, еколошки и просторно-функционални предуслови за усогла-сено функционирање на сите инфра-структурни и други системи, притоа водејќи сметка да не дојде до загрозу-вање на културното наследство.

***Плански определби***

Планирањето на заштитата на недвижното културно наследство е фундаментален принцип во планирањето и уредувањето на просторот, преку афирмација на неговите градежни, обликовни и естетски вредности и негово активно вклучување во современите текови на животот како фактор на одржлив општествен развој.

Заштитата на недвижното културно наследство нормативно се регулира со повеќе закони, од кои базични се: Законот за култура, Законот за заштита на културното наследство, подзаконските акти и закони за ратификација на Меѓународни конвенции, преку кои македонскиот правен систем се усогласува со европскиот и се воспоставуваат системски правила на однесување во областа на заштитата.

Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 51/2005 и 137/2007) пропишува обврска во сите просторни и урбанистички планови задолжително утврдување на плански мерки за заштита на недвижните културни добра, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Вградување на соодветен режим на заштита на недвижното културно наследство во просторите и урбанистички планови се врши според заштитно-конзерваторските основи, согласно со Законот за заштита на културно наследство ("Сл. весник на РМ" бр. 20/2004 и 115/2007), а ги изработуваат надлежни институции во согласност со одредбите од Правилникот за содржината и методологијата за изработка на заштитно-конзерваторските основи за културното наследство ("Сл. Весник на Република Македонија" бр. 111/2005).

Заштитно-конзерваторската основа е документационата основа за третманот на недвижното културно наследство во просторните и урбанистичките планови.

Со Законот за заштита на културното наследство се утврдуваат видови, категории, начините на ставање под заштита и други инструменти за заштита на културното наследство, режим на заштита и користењето на културното наследство.

Во границите на Регионот, на просторот на сите пет општини, постојат објекти кои не се запишани во Националниот регистар на културно наследство, а кои поседуваат елементи според кои треба да бидат валоризирани и категоризирани.

Категоризација е определување на степенот на значење на културното наследство во јавен интерес, во функција на пропишување соодветен режим на заштита, утврдување на приоритетите во заштитата, разграничување на надлежностите и примена на ратификуваните меѓународни договори.

Категории на културно наследство се:

- културно наследство од особено значење, кое може да биде од исклучително значење и од големо значење и

- значајно културно наследство дел од културното наследство кое не спаѓа во категоријата културно наследство од особено значење, како трајна вредност претставува значајно културно наследство.

Посебни категории на заштитени добра се:

- добра под привремена заштита
- резервирана археолошка зона
- културно наследство во опасност

**Табела 44. Заштитени недвижни добра по извршената валоризација и ревалоризација**

| ЗАШТИТЕНИ недвижни добра под режим на заштита | општини |
|---|---|

| Вид / групи | | Охрид | Дебарца | Вевчани | Струга | Ресен | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Споменички целини | | 2 | | | 1 | 2 | 5 |
| рурални споменички целини | | | | | | 16 | 16 |
| Поединечни споменици | | | | | | | |
| 1. | Цркви и манастири | 36 | 8 | | | 84 | 128 |
| 2. | Споменици од историјата | 26 | 9 | | | 13 | 48 |
| 3. | Градска (профана) и рурална архитектура | 81 | | | 53 | 47<br>3 | 181<br>3 |
| 4. | Исламска архитектура | 12 | | | | 12 | 24 |
| 5. | Археолошки локалитети | 114 | 129 | 5 | 126 | 118 | 492 |
| Вкупно заштитени | | 271 | 146 | 5 | 180 | 295 | 897 |

-Списокот на недвижните културни добра во Охридско-преспанскиот регион, со сите релевантни податоци валоризација, ревалоризација, категоризација, се табеларно и картографски презентирани како дел од заштитно-конзерваторските основи

Голем број археолошки локалитети кои претставуваат поврзана или топографски определена целина ќе добијат статус на посебна категорија на заштитени добра *резервирани археолошки зони.*

Режимот на заштита се обработува за добрата опфатени со валоризацијата, ревалоризација и категоризација и се определува според видот и категоријата, односно заштитниот статус на добрата во корелација со потребите и можностите на заедницата.

Режимот на заштита се определува за заштитеното подрачје во целина, без оглед на големината на самото добро и неговите контактни зони.

Режимот на заштита содржи зони на заштита и стандард на дозволени интервенции односно дејствија кои можат да се преземаат врз заштитените добра и во нивната блиска околина изразен како заштита од прв, втор и трет степен.

*Општи насоки за заштита на културно-историското наследство*

*Споменички целини и нивните контактни зони*

Режимот за заштита на спомeничките целини и нивните контактни зони подразбира обезбедување непосредна заштита на начин кој ќе ги зачува изворните, историските, урбанистичко-архитектонски уметнички и естетски вредности и ќе овозможи наменско оспособување на објектите за користење и внесување на нови содржини во согласност со современите потреби на стопанските, туристичките, културните и други дејности во Регионот.

Споменичките целини подлежат на комбиниран режим за заштита прв и втор степен, а нивните контактните зони заштита од трет степен.

*Резервирани археолошки зони*

Резервираните археолошки зони се територии со археолошки наоѓалишта кои упатуваат на постоење на поголем број локалитети, односно простори кои во праисторискиот период, антиката и средниот век биле интензивно населени.

Заштитата се однесува на археолошки наоѓалишта кои се утврдени со предметните заштитно-конзерваторски подлоги како и на недоистражени археолошки наоѓалишта кои се заштитени со одредбите на Законот за заштита на културното наследство.

Резервираните археолошки зони подлежат на режим за заштита од прв степен.

*Поединечни културни добра*

Заштитата на поединечните културни добра, кои се наоѓаат надвор од рамките на споменичките целини и резервираните ар-хеолошки зони, подразбира нивно зачу-вување и вклучување во просторниот развој на Регионот.

Со заштитата на поединечните културни добра опфатени се заштитени и незаш-титени културни добра од профана и сакрална архитектура, како и заштитени и незаштитени археолошки локалитети.

Поединечните објекти кои се наоѓаат надвор од заштитените споменички целини и резервираните археолошки зони подлежат на режим на заштита од прв и

втор степен, во зависност од својата категорија.

*Зони на заштита на Охридско-преспанскиот регион*

Охридско-преспанскиот регион е поделен на три зони на заштита:

- *зона на строга односно, посебна заштита* се определува за делот од Охридско-преспанскиот регион во кој припаѓаат дел од комплексите во старото градско јадро на Охрид, дел од споменичките целини од општина Ресен, поединечни објекти, археолошки локалитети или резервирани археолошки зони. Овие зони подлежат под прв степен на заштита,
- *зона на ограничена,к односно гарантирана заштита* се определува за делот од Охридско-преспанскиот регион во кој припаѓаат дел од комплексите од старите градски јадра на Охрид и Струга, споменичкитете целини на општина Ресен, контактните зони на споменичките целини и поединечни објекти и археолошки локалитети. Овие зони подлежат под втор степен на заштита, а контактните зони под трет степен на заштита и
- *зона без дејство на заштита* се определува за делот од Охридско-преспанскиот регион во кој не постојат заштитени добра ниту добра за кои се претпоставува дека поседуваат споменички својства.

Концептот на организација на просторната или урбаната агломерација, содржана во просторниот или урбанистичкиот план, од аспект на заштита на недвижното културно наследство треба да определи и утврди:

- зони за заштита на културни предели, споменични целини и поединечни споменици, со диференциран режим на заштита;
- контактни зони (критичен периметар) за поединечни споменици, со кои се утврдува односот меѓу старото и новото, со специфични услови за градба во одделни подзони;
- надминување на противречностите и конфликтите меѓу интересите на заштитата на културно-историските вредности во старите јадра и развојот на современите градски потреби, со нагласен респект кон историските вредности;
- усогласување на јавниот интерес за заштита на културното наследство и негово активно вклучување во современите текови на животот како фактор на одржлив општес-твен развој;
- вградување на режимот за заштита, значаен за просторното планирање, уредување и користење на просто-рот според соодветна заштитно-конзерваторска основа за културно наследство;
- ревитализација на најзначајните недвижни културни добра, со предлози за нивно наменско корис-тење и вклопување во просторната организација создавајќи амбиен-тални услови за нивна просторна валоризација;
- резервирани зони за идни архео-лошки истражувања и
- активна заштита на културно-историскиот контекст на најзначај-ните споменички целини и објекти, со соодветна промоција на просторната организација и уредув-ањето на контактниот, околниот споменичен простор.

Просторниот аспект на заштитата на недвижното културно наследство е дел од планскиот развоен концепт кој треба да обезбеди респектабилно управување со културните добра.

## 2.20. Намена и користење на просторот

***Појдовни основи***

Постојната структура, намена и користење на просторот е резултат на повеќе развојни процеси, при што, покрај природните, на начинот на користење на земјиштето влијаат и антропогените фактори. Глобалното искористување на просторот овозможува експлоатација на природните ресурси и развој, пред сé на примарните дејности, но едновремено нуди услови за одвивање на сите други активности.

Билансот на површините е изготвен врз основа на намената на земјиштето за продуктивни цели (земјоделство и шумарство) и непродуктивни цели (води и

водотеци, инфраструктура, населби, индустриески и комерцијални содржини, наоѓалишта на минерали и неплодни површини).

За анализата на намената и користењето на површините користени се податоците добиени од Европската агенција за животна средина (EEA), која во рамките на своите активности го има реализирано проектот Corine Land Cover ("Source: Corine land cover, Macedonia, Min. Urb. Planning, 2000, © European Communities, 19952005"). Corine land cover 2000 (CLC2000) претставува ажурирање на базата на податоци за референтната 2000 година, како дел од Програмата на европската комисија за координирани информации за животната средина (COoRdinate INformation on the Environment (Corine).

Во вкупната површина на Регионот речиси рамноправно учествуваат општините Охрид, Ресен, Струга и Дебарца, најмала е општината Вевчани, а општината Битола со мал дел од својата територија е опфатена со овој регионален план.

Примарниот сектор, којшто го сочинуваат земјоделството и шумарството, е главен корисник на таканареченото продуктивно земјиште. Од вкупната површина на Регионот 62,5% се зафатени со шуми и шумското земјиште, земјоделското земјиште учествува со 22,86%, следни по застапеност се ливадите со 8,21%, пасиштата со 2,46% и непродуктивното земјиште со 2,96%.

Сите податоци, презентирани врз основа на обработената сателитска снимка, треба да се земат со резервата која произлегува од начинот на обработка на податоците. Имено, поради обработката на површини не помали од 25 ха, дел од уситнетата структура на една класа се јавува како површина во друга, територијално блиска класа. Овој факт претставува индикатор за несоодветниот, индивидуален приод, особено во користењето на обработливото земјоделско земјиште. Токму поради тоа, иако овој крај е познат како овоштарски, застапеноста на овоштарниците е само 0,4%, а на лозјата 0,13%. Непродуктивното земјиште ги опфаќа водените површини, урбаните зони (населбите, површините за сообраќајни, спортски, индустриски и комерцијални дејности), голините. Во билансот на намена на површините не се прикажани сообраќајните површини (освен аеродромот), ниту помалите водотеци.

Графикон 12. Намена на површини




***Плански определби***

Билансот на продуктивните површини во планскиот период до 2020 година, не се разликува суштински од евидентираниот во 2000 година. Промената кај продуктивното земјиште треба да се однесува на поефикасно користењето на земјиштето и природните услови, заштита на педолошката основа од интензивна ерозија, подобрување на структурата на шумите и запирање на девастацијата на просторот. Најголеми промени има во класата непродуктивно земјиште кое се зголемува на сметка на сите класи на продуктивно земјиште, особено на земјоделското.

**Табела 45. Биланс на површините по категории и општини во 2020 год.**

| Површина во ха | ОПШТИНА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПП_КЛАСИ | **Битола** | **Дебарца** | **Охрид** | **Ресен** | **Струга** | **Вевчани** | **Вкупно** |
| Шуми и шумско земјиш | 839.45 | 29,651.99 | 22,836.10 | 35,165.64 | 29,258.65 | 1,165.73 | 118,917.56 |
| Ливади | 10.42 | 1,856.56 | 4,921.28 | 4,670.73 | 3,663.60 | 296.18 | 15,418.77 |
| Лозја | | | 14.18 | 34.00 | 132.37 | 56.17 | 236.72 |
| Непродуктивно земјиште | | 942.95 | 2,863.54 | 2,922.24 | 3,864.54 | 132.20 | 10,725.46 |
| Овоштарници | | 0.70 | 61.42 | 253.55 | 353.05 | | 668.72 |
| Пасишта | | 860.29 | 733.98 | 1,628.02 | 1,170.28 | 50.89 | 4,443.46 |
| Земјоделско земјиште | 1.82 | 8,902.95 | 7,604.13 | 11,180.76 | 10,543.11 | 602.95 | 38,835.72 |
| (без намена) | | | | | | 26.90 | 26.90 |
| **Вкупно** | **851.69** | **42,215.44** | **39,034.62** | **55,854.94** | **48,985.59** | **2,331.02** | **189,273.30** |

Графикон 13.




Со Планот до 2020 год. површините под непродуктивно земјиште речиси двојно се зголемуваат. Овој податок заслужува особено внимание, бидејќи е одраз, пред сé, на пренамената на земјиштето користено од примарниот сектор и негово трансформирање во урбано, односно градежно земјиште. Категоријата градежно земјиште ги опфаќа урбаните подрачја (неконтинуирана урбанистичка структура), површините наменети за изградба на индустриски или комерцијални единици и за спортски и рекреациони објекти. Податокот за урбанистичката структура изнесен како состојба, е произведен од графичката интерпретација на сателитската снимка и ги опфаќа покомпактните урбани целини. Урбанистичката структура во планот, од друга страна, ги искажува потребите или желбите на локалната самоуправа за планирано уредување на просторот на населбите. Во планските опфати, особено на руралните населби, се јавуваат и површини кои припаѓаат на категориите земјоделско земјиште, овоштарници и лозја, но тие во билансирањето на површините се припишуваат на категоријата непродуктивно земјиште, или поточно неконтинуирана урбанистичка структура. Имајќи ги предвид овие сознанија, при анализирање на барањата за нови зафаќања во просторот, потребно е да се води сметка за необновливоста на квалитетното земјиште како ресурс и активностите да се насочуваат во веќе зафатените, урбанизирани простори, или на простори каде нарушувањето на квалитетот на земјиштето ќе биде најмал.

**Табела 46. Споредбен биланс на површините по класи и општини за 20002020 г.**

| Површина во ха | | ОПШТИНА | | | | | | | Разлика 20002020 во % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Класи на намени | год. | Битола | Дебарца | Охрид | Ресен | Струга | Вевчани | Вкупно | |
| Шуми и шумско | 2000 | 839 | 28,568 | 22,887 | 35,345 | 29,469 | 1,201 | 118,309 | |
| земјиште | 2020 | 839 | 29,652 | 22,836 | 35,166 | 29,259 | 1,166 | 118,918 | 0.51 |
| Ливади | 2000 | 10 | 1,956 | 4,921 | 4,693 | 3,665 | 296 | 15,542 | |
| | 2020 | 10 | 1,857 | 4,921 | 4,671 | 3,664 | 296 | 15,419 | 0.79 |
| Лозја | 2000 | | | 14 | 34 | 143 | 56 | 247 | |
| | 2020 | | | 14 | 34 | 132 | 56 | 237 | 4.23 |
| Непродуктивно | 2000 | | 524 | 1,908 | 1,623 | 1,511 | 34 | 5,600 | |
| земјиште | 2020 | | 943 | 2,864 | 2,922 | 3,865 | 132 | 10,725 | 91.54 |
| Овоштарници | 2000 | | 1 | 83 | 255 | 420 | | 759 | |
| | 2020 | | 1 | 61 | 254 | 353 | | 669 | 11.89 |
| Пасишта | 2000 | | 939 | 735 | 1,661 | 1,258 | 62 | 4,656 | |
| | 2020 | | 860 | 734 | 1,628 | 1,170 | 51 | 4,443 | 4.56 |
| Земјоделско | 2000 | 2 | 10,227 | 8,479 | 12,170 | 11,728 | 653 | 43,259 | |
| земјиште | 2020 | 2 | 8,903 | 7,604 | 11,181 | 10,543 | 603 | 38,836 | 10.23 |
| (без намена) | 2000 | | | | 73 | 791 | 27 | 891 | |
| | 2020 | | | | | | 27 | 27 | 96.98 |
| Вкупно | 2000 | 852 | 42,215 | 39,027 | 55,855 | 48,984 | 2,330 | 189,263 | |
| | 2020 | 852 | 42,215 | 39,035 | 55,855 | 48,986 | 2,331 | 189,273 | 0.01 |

Минималното квантитативно зголемување на шумското земјиште, сепак ќе придонесе за квалитативни промени бидејќи пошумувањето е предвидено во горните сливови и е во функција на спречување на ерозијата која се одразува и на земјоделското земјиште, но и на квалитетот на водите, особено на Охридското Езеро.

Согледаното намалување на земјоделските и површините зафатени со овошни насади од 10, односно 12%, иако, како што објаснивме, не е потполно реално, е резултат на засилената урбанизација.

Површините без намена произлегуваат од начинот на техничката обработка на податоците и, графички, се совпаѓаат со пограничните области. Тие се прикажани единствено заради што поточен податок за површината на Регионот.

Иако во билансот на површините не учествуваат сообраќајниците, тие самите и нивните придружни објекти, како големи корисници на просторот, треба да се градат со оптимални профили и да се водат по траси кои ќе зафаќаат најмалку од квалитетното земјиште.

Уште една категорија корисници на просторот, за која се работат планови вон населените места, е потенцијален загрозувач на квалитетното земјиште. Организираното насочување на нивните активности во простори каде најмалку ќе се влијае на квалитетот на животната средина и оптимално ќе се задоволат инфраструктурните потреби треба да претставува приоритет на локалната самоуправа.

## 2.21. Воени разурнувања, природни и технолошки катастрофи

*Основни геостратегиски карактеристики*

Од геостратегиски аспект, територијата на Република Македонија има многу специфични и во повеќе елементи неповолни воено стратегиски карактеристики, заради релативно малата површина, опколена со територии на четири држави, изложена на дофат на современи борбени дејства речиси по целата своја длабина.

Од друга страна ограничениот простор, сложената, претежно планинска релјефна структура испресечена со клисурести речни долини, може во значајна мера да ја елиминира материјално -техничката супериорност на евентуалниот агресор.

Преку територијата на Република Македонија и покрај претежно ридско планинската геоморфолошка структура, поминуваат повеќе природни комуникациски коридори кои можат да претставуваат стратешки нападни правци за дејство на агресорот во евентуална војна.

Врз основа на процената и валоризацијата на повеќе фактори (природните, воените и урбаните фактори), кои имаат влијание врз загрозеноста на определен простор, на територијата на Република Македонија условно се определени подрачја со пет степени на загрозеност:

1) простори со максимален степен на загрозеност;
2) простори со висок степен на загрозеност;
3) простори загрозени од долготрајни борбени дејства;
4) индиректно загрозени простори и
5) простори погодни за слободни територии.

Според својата местоположба Охридско-преспанскиот регион спаѓа во директно загрозени подрачја и простори со погодни простори за слободни територии.

Истовремено овој простор, заради своите географски, морфолошки и геостратегиски карактеристики е природен одбранбен бастион, во кој е можна успешна организација на одбраната.

Согласно со Одлуката за определување на објектите и зоните од значење за одбраната ("Сл.весник на РМ" бр. 83/2003) и Одлуката за определување на зоните во кои се ограничува слободата на движењето, престојот или населувањето ("Сл.весник на РМ" бр. 83/2003), посебно е значајна зоната 7 која се однесува на делницата Битола-село Нижеполе - село Љубојно која зафаќа и дел од Охридско-преспанскиот регион.

Активностите за заштита на просторот на регионот од воени разурнувања имаат за цел, преку процена на загрозеноста на градовите, населените места и вкупната територија на регионот од воени разурнувања во една хипотетична, но сепак можна ограничена или поширока војна на овие простори, во просторните и урбанистички планови да предвидат плански мерки за уредување на територијата и заштита на населението.

***Цели***

Концептот за заштита од воени разурнувања се заснова на следниве цели:

- согледување на основните воено-географски и геостратегиски карактеристики на просторот на регионот, како можно војувалиште;
- согледување и евиденција на подрачјата, просторите и коридорите зафатени со постојните воени објекти, комплекси и инфраструктура и нивните заштитни зони;
- согледување на долгорочните воени потреби и барања за изградба на нови објекти, комплекси и инфраструктура, како и воените потреби во рамките на очекуваниот развој на стопанството, сообраќајот, енергетиката, користење на водите и други потреби;
- дефинирање на политиката на зашти-та на населението и материјалните добра, преку процена на загрозеноста од воени удари, определување на зоните и пунктовите со диференциран степен на загрозеност, дефинирање на крите-риумите за определување на зоните за евакуација и
- дефинирање на натамошната полити-ка на засолнување на населението и изградба на засолништа.

Основни цели за заштита од природни и техничко технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- вградување на мерките на кои се потпира организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во опреде-лувањето на намената на просторот и
- интегрирање на елементите на загрозеноста во рамките на комплексот на прашањата врзани со заштитата на животна средина.

***Плански определби:***

*Заштита од воени разурнувања*

Ризикот и опасностите од воени разурнувања, наметнуваат потреба од континуирано планирање на заштита и засолнување, како и заштита од природните

непогоди. Мерките за заштита и засолнување се во корелација со природните можности или со изградба на засолништа од различен тип, во зависност од опасностите кои се закануваат на населението од одредениот регион. Спецификите на секој регион ги одредуваат и мерките за негова заштита од воени разурнувања, природни и технолошки катастрофи. Следејќи го овој принцип се одредуваат потребите за доследно спроведување на овие насоки преку следење на постојната законска регулатива и нејзина примена во практиката.

*Заштита од силни земјотреси и намалување на сеизмичкиот ризик*

Во Република Македонија, најголемите градови, најголемиот број на населението, индустриските капацитети и најзначајните комуникации, како што се коридорите север југ и исток запад, се лоцирани во зоните со најголема сеизмичност (интензитет од 8 10 степен на МСК64).

Во таква создадена консталација на супра и инфраструктурата на просторот намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со примена на соодветни економски мерки за заштита на создадените вредности (градежна интервенција на носивата конструкција на постојните објекти), односно задолжителна примена на нормативно правната регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградба на нови објекти.

Од аспект на заштита на просторот, животната средина, населението и создадените вредности, неопходно е потребна комплетна ревизија на нормативните акти и дефинирање на современи критериуми за изградба во сеизмичките подрачја.

Во инвестициските проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природните катастрофи. Кост - бенефит анализа за досегашните инвестиции треба да се применува со цел да се дефинираат и плански вградат мерки за санација на постојната состојба.

Неопходно е перманентно ажурирање на плановите за заштита од елементарни непогоди, кои согласно со законските обврски постојат за целата територија на државата, поради присутниот сеизмички хазард како и изложеноста на други природни катастрофи.

За ова подрачје неопходно е да се изврши детална реонизација како основа за примена на заштитните мерки во процесот на просторното и урбанистичкото планирање за намалување на сеизмичкиот хазард.

*Заштита од техничко-технолошки катастрофи*

Мерките за заштита од техничко технолошки катастрофи ја интегрираат непосредната заштита на човекот и материјалните добра и нагласената еколошка димензија. Еколошката димензија на заштитните мерки тргнува од сознанието дека животната средина е ограничен ресурс, кој во одделни средини, а и во глобални рамки е доведен на границата на издржливоста.

Очекуваните нови техничко-технолошки катастрофи, посебно оние од големи размери ја зголемуваат опасноста од глобалната еколошка катастрофа.

Една од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од техничко-технолошки катастрофи е преку просторното и урбанистичкото планирање, кое опфаќа осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, каде што треба да создаде прифатлив однос спрема животната средина. Притоа основни методолошки постапки за планирање и уредување на просторот се следниве:

- оцена на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- оцена на оптеретеноста на просто-рот со технолошки системи со одре-ден ниво на ризик;
- анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при поја-вата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра и
- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз

основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка се очекува остварување на следниве основни цели за заштита од техничко -технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;

- вградување на мерките на кои се потпира организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко технолошки катастрофи во опреде-лувањето на намената на просторот и

- интегрирање на елементите на загрозеноста во рамките на комплексот на прашања врзани со заштитата на животната средина.

Мерките за заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и пошироката животна средина се класифицирани во три нивоа:

Прво ниво: мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи.

Второ ниво: мерки кои треба да го обезбедат ограничувањето на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти.

Трето ниво: мерки кои се преземаат за заштита на животната средина. Тие се преземаат за ограничување на ефектите од емисијата на опасни материи или последици од пожар и експлозии.

# 3. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА ОХРИДСКО-ПРЕСПАНСКИОТ РЕГИОН

## 3.1. Општи напомени

Тргнувајќи од фактот дека долгорочниот развоен процес се манифестира како перманентно нарушување на постојните рамнотежи и како тенденција кон постојани структурни промени на просторот, Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион има задача да ги дефинира насоките, мерките и условите за обезбедување хармоничен, рамномерен и одржлив просторен развој.

Просторниот план има задача да овозможи усогласување на интересите на различните корисници на просторот и да ја оформи рамката за дефинирање на програмата, планот и стратегијата на севкупниот развој на Регионот и општините во неговиот состав. Планските поставки треба да создадат основа за меѓусебно усогласување на развојните интереси на управувачките структури, до донесување на конечни одлуки за користењето на просторот. Структурата на Планот, сочинета од флексибилни концепти за организација на територијата на Регионот, покрај основните поставки за просторното уредување, овозможува изработка на предлози во форма на алтернативи, различни сценарија и модели кои треба да се разгледаат пред донесување на конечните одлуки за приоритетни цели и активности во неговата имплементација.

Планот содржи механизми за управување со просторот и животната средина, заради рационално и економично остварување на крајните цели на развојот. При тоа, дефинирањето на етапите и приоритетите, треба да биде конципирано во функција на остварување на крајните цели.

Изработката на програми, проекти и планови за развој, треба максимално да се потпира на принципите на одржлив развој, односно целите на заштита на животната средина. Во случај на неизбежни компромиси потребно е предвидување на мерки за ублажување на штетите и реституција на просторот во еколошки прифатлива состојба.

Поставките и решенијата на овој регионален план ќе се операционализираат преку изработка на планови од пониско ниво, односно генерални урбанистички планови за градовите, урбанистички планови за селата, урбанистички планови вон населени места и урбанистички проекти. Овие планови треба да бидат усогласени со поставките на Просторниот план на Република Македонија, како највисок просторно-плански документ, како и со оние на Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион, како негова разработка, особено во доменот на: користење и уредување на просторот, просторна разместеност на населението и стопанските активности, концепт на урбанизација и систем на населби, просторна разместеност на инфраструктурните системи, заштита на животната средина, природните вредности и културно-историското наследство.

Системот на просторното уредување треба да се прилагоди на вкупните социо-економски и политички промени, како и да обезбеди континуирано дејствување и подобрување на ефикасноста преку приоритетите:

- следење на состојбите и процесите во просторот, идентификација и укажување на проблемите;

- утврдување на механизми и инструменти за усогласување и координација на сите субјекти на просторниот развој;

- иницирање на изработка на мултидисциплинарни и научно-стручни анализи и студии за определени проблеми и подрачја;

- изработка на програми за економски развој на ниво на општини, со детални мерки и инструменти и

- изработка на програми за урбан развој на општините и изработка на урбанистичко-планска документација.

При поставувањето на оперативните цели и спроведувањето на мерки треба да се земат предвид следниве елементи: состојбата

на постојната документација, институционалниот капацитет, екипираноста на службите, нерамномерноста на просторниот развој, окружувањето и условеноста, компаративните предности за развој.

### 3.2. Одредби за спроведување на планот по области

#### *3.2.1. Стопански развој*

- Стопанските активности и нивната просторна разместеност во плановите и програмите на општините треба да бидат дефинирани врз основа на погодностите и можностите на даденото подрачје и усогласени со концептот на овој план;

- Просторната разместеност на стопанските капацитети треба да биде усогласена со концептот на стопанска поларизација на просторот на Регионот, како начин за постигнување на порамномерен развој и поурамнотежен систем на населби;

- Поради ориентацијата кон рамномерен развој и оптимално доближување на производните каппацитети до местото на живеење, треба да се овозможи општинските центри да бидат центри на развој, а лоцирањето на новите капацитети да не биде само во нивните гравитациони зони, туку дисперзирано и во руралните населби со потенцијали за развој;

- Стопанските претпријатија да дисперзираат свои погони во населбите на ридско-планинските и неразвиените подрачја, каде што е потребно да се влијае на задржувањето на постојното население;

- Постојните индустриски капацитети и други објекти кои се јавуваат како загадувачи треба да се обезбедат, организираат и уредат согласно со законската регулатива;

- Да се настојува да се оствари разместување и сместување на стопанските и другите активности и изградба на објекти за нив, почитувајќи ги во целост крите-риумите и барањата на заштата;

- На ниво на општина да се утврдат можностите за користење на постојните работни зони преку внатрешна трансформација, модерни-зација и подобро користење на просторот на постојните индустриски зони дефинирани со важечките урбанистички планови;

- Со развојните планови на општините да се предвиди развојот на туризмот врз основа на богатството, разноликоста, издашноста и еколошката сочуваност на природните ресурси присутни на подрачјата на општините односно руралните населени места;

- Изготвување на развојни планови на ниво на општините во Регионот, како подрачје со исклучително вредно културно наследство, со кои ќе се предвиди развој на културен туризам и

- Со посебни програми, со цел за активирање на руралниот простор и неговата автохтоност, потребно е да се поврзува туризмот и земјоделството преку производството на здрава храна. Ова поврзување ќе создаде специфична понуда преку која може да заживеат руралните подрачја и традиционалното наследство (градителско, етнолошко). Активирањето на традиционалните еле-менти на руралните средини во туристичката понуда е основа за развојот на руралниот туризам.

*Посебни мерки и активности*

- Со посебна студија треба да биде разработен методот, критериумите и условите за утврдување на големината на урбаниот опфат на стопанските комплекси кои се предвидуваат со новите урбанистички планови вон населени места;

- Критериумите за уредување на просторот со стопанска намена надвор од населените места треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина;

- Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици во помалите населби (недоволно развиени подрачја, ридско-планински и погранични) и

- Туристичките содржини треба да се планираат координирано и усогласено со насоките од Просторниот план во делот на дефинираните туристички локалитети.

### *3.2.2. Користење и заштита на природните ресурси*

*Земјоделско земјиште*

- Заштитата на висококвалитетното земјоделско земјиште и ограничување на трансформација на земјиштето од I до IV класа во неземјоделско земјиште и

- Посебен режим на земјоделско производство и ограничена и контро-лирана употреба на пестициди, херби-циди и др. со тенденција за нивна постепена елиминација (препорака од досието "Унеско").

*Шуми и шумско земјиште*

- Регулирање на пороите и водотеците и забрана за интродукција на неавтохтони видови флора и фауна во езерата (препорака од досието "Унеско");

- Пошумување на еродираните површини и деградираните шумски комплекси се цел за заштита на езерата, збогатување на вегетацискиот фонд и подобрување на микроклимата (препорака од досието "Унеско");

- Навремено изведување на одгледувачките и обновителните зафати со однапред одреден годишен изведбен план и програма;

- Пошумување на голините со автохтони видови дрвја, особено околу изворите на вода предвидени за каптирање;

- Пошумување на голините и земјоделските површини, покрај фреквентните патишта, стопанските комплекси, заради заштита од зголемениот степен на загаденост и

- Интензивирање на работите и осовременување на технологијата за произ-водство на расаден материјал во шумските расадници, нивна регионална специјализација и примена на најновите стручно-научни одгледувачки методи.

*Води и водостопанска инфраструктура*

- Оформување на заштитни зони околу сегашните и планираните изворници за водоснабдување (извори, подземни води и сливни подрачја на површинските води), со цел да се зачува квалитетот на водите;

- Зачувување на просторот предвиден за изградба на доводите за вода за водоснабдување и наводнување, со посебен акцент на регионалните и магистралните системи;

- Заштита на просторот предвиден за изградба на акумулации преку забрана на изградба на објекти и преземање на какви било активности со кои ќе дојде до деградирање на просторот;

- Заштита на сливните подрачја на постојните и предвидените акумулации со преземање на соодветни антиерозивни и регулациони мерки;

- Изградба на уреди за пречистување на отпадните води од населените места и од индустријата и

- Забрана на изградба на индустриски и други објекти кои продуцираат отпадни води во сливовите на површинските водотеци кои се предвидуваат за водоснабдување.

*Енергетските извори и енергетска инфраструктура*

- Намалување на техничките загуби на електрична енергија со инвестирање во обнова и подобрување на дистрибутивната мрежа;

- Заштита на планираните коридори за гасовод, нафтовод и електроводови од градба на населби и останата инфраструктура;

- Намалување на потрошувачката на електрична енергија со гасификација на домаќинствата;

- Подобрување на степенот на искористеност на енергетскиот систем и зголемување на неговата сигурност;

- Продолжување на работниот век на постојните капацитети со нивна ревитализација и модернизација;

- Штедење и рационално користење на електричната енергија, поголемо искористување на сончевата енергија и

- Зголемување на производство на електрична енергија со изградба на мали и мини хидроелектрани.

### *3.2.3. Население, населби и дејности*

*Демографски развој*

- Демографскиот пораст, просторната разместеност на населението, густината на населеност на просторот, миграционите движења и простор-ната разместеност на вработените и релацијата на оваа категорија со активно население, детерминирани со овој план, треба да бидат глобални рамки во третирањето на истите елементи во плановите и програмите на општините;

- Општините чии простори се демографски депресивни или стагнантни, во своите планови треба да вклучат адекватни мерки (инвестиции, поли-тика, стратегија), кои ќе обезбедат услови за соодветен популациски раст и

- Општините во чии населени места во досегашниот развој е присутна изразена демографска концентрациј во наредниот период, приоритет да дадат на квалитативните компоненти на развој во останатите населени места, со што ќе се намали нерамномерниот, механички прилив кон нив.

*Систем на населби и функционални единици*

- Обезбедување на децентрализиран, рамномерен просторен развој преку целосна реализација на планскиот концепт на системот на населените места;

- Усогласување на процесот на миграцијата со динамиката на стопанскиот развој, поддршка на процесот на супституција на трајните со дневни миграциони движења;

- Развој на градските населби во согласност со плански дефиниран концепт на систем на центри;

- Развој на руралните, ридско-планинските и пограничните простори, во услови на поефикасна комуникациска поврзаност и селективен стопански и функционален развој на руралните населби и

- Селективен пристап во развојот на стопанството во селските населби со потпирање на природните земјоделски потенцијали.

Во планирањето на развојот на градовите да се обрне внимание на:

- Унапредувањето и подобрувањето на постојниот материјален фонд (инфра и супраструктура);

- Порационално и поефикасно користење на градежното земјиште преку креирање на соодветна стимулативна финансиска и земјишна политика;

- Афирмација на компаративните погодности, идентитетот и посебностите на градските населби преку примена на соодветни планерски методи;

- Проширувањето на опфатот на градежното земјиште да се практикува за исклучителни потреби: сообраќајни и енергетски објекти и коридори, заштитни системи и комплекси, стопански и други објекти од државно значење;

- Стимулирање на изградбата во постојните граници на градското градежно земјиште по пат на примена на економски и еколошки мерки; унапредување на состојбата во приградските населби преку интегрално планирање на развојот на градот и околните населби, во доменот на сообраќајот, комуналната инфраструктура, јавните функции и стопанството и

- Запазување и обновување на идентитетот на градските населби и квалитативно подобрување на условите за живеење и работа преку оптимализација на густините во станбените и работните зони, рес-пектирање на постојната урбанистичко-архитектонска матрица, интерполирање на неопходни содржини кои не се во колизија со основните функции, екипирање со елементи на комуналната инфраструтура, зголемување на зелените површини и елиминирање на колизионите фактори.

Развојот на селските населби и уредувањето на селските подрачја, да се насочува кон:

- Обезбедување на услови за ефикасно сообраќајно поврзување, планско уредување и екипирање на селските населби со елементи на комунална инфраструктура и неопходни функци-онални содржини;

- Порационална организација на населбите врз основа на дефинирање на специфичните развојни потреби;

- Стимулирање на целта за задржување на населението во матичната средина преку афирмација на најбитните аспекти на живеењето и стопанисувањето, компаративните погодности за развој и неопходна социјална и економска сигурност и

- Запазување и афирмирање на културните и природните особености и вредности и квалитетот на животната средина.

*Домување*

- Проекција на станбениот фонд базирана на *стандардите 2025 м$^2$/жител*, 6885 м$^2$/стан (оптимална големина) и 100% опременост на станот со инсталации. За објектите за секундарно домување кои ќе се користат повремено или сезонски, стандардите ќе бидат пониски.

*Јавни функции*

- Определување на обврзувачки (минимален) обем и стандард на услуги, поединечно по видови служби за поттикнување на развојот во одделни приоритетни подрачја на регионот, во чие финансирање ќе учествува и државата;

- Изградба на систем за финансирање на јавните функции, заснован на критериумите: квалитет на понудените програми, нивна прилагоденост кон специфичностите на одделни подрачја на регионот и квалитет на остварените услуги;

- Изработка на програми за намалување на просторните диспропорции во развојот на јавните функции, со мерки за зголемување на достапноста на службите до населението во селските населби, неразвиените и ридско-планинските подрачја;

- Кадровска и финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа во реализирање на приоритетни програми од областа на јавните функции;

- Формирање на разни фондови за организација и функционирање на јавните функции;

- Воведување на мобилни здравствени служби за обезбедување здравствена заштита во помалите населени места, особено во ридско-планинските и пограничните и

- Организација и изградба на комплементарни установи во областа на образованието.

*Комунална опременост на населбите*

- Сите носители на развојот на Охридско-преспанскиот регион, своите планови и програми, меѓу кои генералните урбанистички планови и урбанистичките плановите за село, во однос на комуналната инфра и супраструктура, да ги усогласат со концептот на просторната организација на овој план и на тој начин да придонесат кон постигнување на оптимални ефекти во севкупниот развој на регионот, посебно во однос на водоснабдувањето, одведувањето на отпадните води и депонирањето на отпадот;

- Заедниците на две или повеќе општини, во плановите од пониско ниво треба да ги почитуваат поставките од заедничките интереси дефинирани со овој план, во однос на комуналната инфра и супраструктура, истакнувајќи ги предностите на заедништвото;

- Да се заштити просторот предвиден за изградба на објекти од комуналната инфра и супраструктура на ниво на регион, општина или села;

- Урбанистичките планови врз основа на просторно-физичките и економските можности и поставки на овој план, да го дефинираат комуналното опремување, особено на општинските центри, како основни носители на урбанизацијата;

- Целосна покриеност на населените места со водоводна мрежа и можност секој жител од овој регион да добие санитарно хигиенски исправна вода за пиење;

- Целосна покриеност на градското население како и поголем дел од селското, посебно од поголемите населени места, со системи за одведување на отпадните води;

- Доизградба и изградба на пречистителни станици со заокружена технолошка целина во сите поголеми населени места на Охридско-преспанскиот регион, со што ќе се обезбеди заштита на Охридското и Преспанското Езеро;

- Приклучување на сите села со слив кон Охридското Езеро, на примарниот колектор од Системот за заштита на Охридското Езеро и проширување на капацитетот на пречистителната станица;

- Целосна покриеност на градското и голем дел од селското население (посебно во поголемите селски населби) со систем за собирање, транспорт и депонирање на цврст комунален отпад и депонирање во санитарни депонии;

- Целосна покриеност на градското и селското население со систем за јавно осветлување;

- Максимална покриеност на населбите со пристапни асфалтни патишта и внатрешни асфалтни улични мрежи, посебно во поголемите населени места, во населените места и туристички локалитети во крајбрежните појаси на Охридското и Преспанското Езеро.

- Урбаната опрема во населените места не смее да му пречи на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штети или да го менува архитектонскиот изглед на објектите;

- Во сите населени места, задолжително е обезбедување на потребни паркинг места во рамките на градежните парцели;

- Да се преземат мерки за решавање на архитектонски бариери со изградба на рампи

и паркинг места за движење на инвалидизирани лица, во населените места;

- Уличната мрежа во урбаните единици да биде со ширини, профили и наклони и радиуси на кривини, кои одговараат на урбаниот простор, и е прилгодена на типови на улици кои истовремено ќе ги задоволуваат прописите за противпожарна заштита и нормативите за урбанистичко планирање и

- За противпожарна заштита во сите населени места да се предвидат хидранти кои ќе бидат изведени согласно со "Правилникот за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гаснење на пожар".

### *3.2.4. Сообраќајна инфраструктура*

- Изработка на планска документација и програми за реализација на главните сообраќајни правци неопходни за ефикасно поврзување на регионот со непосредното и поширокото меѓу-народно окружување;

- Дислоцирање на постојните и планирање за изградба на нови патни и железнички правци надвор од урбаниот опфат на населените места, туристичко-рекреативни и стопански комплекси и заштитени простори;

- Планирање на обиколни патни правци околу населените места со примена на најповолна варијанта од аспект на заштитата на животната средина и

- Изработка на стручни елаборати за примена на соодветни технички решенија на сообраќајната инфра-структура, кои ќе придонесат за ефикасна заштита на животната средина.

### *3.2.5. Комуникациска инфраструктура*

- Резервирање и заштита на просторот наменет за комуникациски водови и нивно поврзување во системите на непосредното и поширокото опкру-жување;

- Формирање на независна стручна институција за контрола на зрачењето од мобилните оператори, безжичната телефонија и интернет провајдерите и

- Модернизирање на процесот на поштенските услуги, подобрување на квалитетот и брзината на услугите во размена на пратките согласно со стандардите на Европската унија.

### *3.2.6. Заштита на животната средина*

- Законот за заштита на животната средина, одделните правилници и други подзаконски акти за секторите и областите на животната средина, сите меѓународни закони (европското законодавство за животна средина) и конвенции кои се донесени, или се во фаза на донесување, ќе бидат база за ефектуирање на мерките за заштита, спроведување на законот, санкционирањето, како и обезбедувањето на услови и финансирањето на инвес-тициони проекти на подрачјето на Просторниот план;

- Реализација на катастарот на загадувачи на воздухот и водите; категоризација на загадувачите во зависност од количествата и ефектите од емисиите, од тоа дали подлежат на систем на ИСКЗ, или друг вид на дозволи согласно со закон;

- Воспоставување на информатичка основа за сеопфатен емисионен и имисионен мониторинг, вклучувајќи и дополнителни мерни места во рамките на постојната мрежа, согласно со изготвени програми од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање и општините во проектниот регион;

- Контрола и спречување на загадувањето во индустријата и енергетиката;

- Подобрување на квалитетот на површинските води преку реализација на планови за управување со сливовите на Охридското и Преспанското Езеро;

- Спроведување на Стратегијата за чист развоен механизам (во насока на спроведување на Кјото протоколот) преку соодветни проекти иницирани на локално и одобрени на национално ниво;

- Заштита на изворищтата, бунарите и подземните води како потенцијал за водоснабдување со утврдување на зони за строг санитарен надзор, пошироки заштитни зони за санитарно ограничување, зони за хигиенско-епидемиолошко ограничување и зони за хигиенскоепидемиолошко следење и набљудување;

- Воспоставување на мерна мрежа и следење на квалитетот на почвата за карактеристични подрачја со реги-стрирана потенцијална загаденост согласно со утврдена програма;

- Утврдување на оптимални решенија за интегрирано регионално управување со цврст отпад преку изработка на планови и програми на локално и/или регионално ниво;

- Рекултивација на депониите за комунален цврст отпад во Охрид и Ресен и "дивите" депонии, особено на подрачјата со загрозени природни ресурси (површински и подземни води, обработливи површини) според претходно утврден план за управување со отпад;

- Заштита на шумите во подрачјата крај урбаните зони и туристичките центри;

- Воспоставување на систем на мерки за заштита во подрачјата со утврдена биоразновидност, пред сé во нацио-налните паркови, природните резервати и во подрачјата на опстанок на растителни и животински видови надвор од природните резервати;

- Побезбедна употреба на токсични хемикалии;

- Во системот на финансирање на мерките за заштита на животната средина да се применува принципот загадувачот (и потрошувачот) плаќа и

- Да се поттикне формирање на агенции што ќе покриваат одделни сегменти од средината (цврст отпад, водни ресурси, управување со земјиштето, шумите и слично), како фактори на организирано и профитабилно унапредување на средината, во рамки определени со закон.

### *3.2.7. Заштита на природното наследство*

*Општи параметри*

- За заштита на природата да се почитува Законот за заштита на природата како основен закон, законите и прописите што заштитата на природата ја регулираат во рамките на други правни области (Закон за просторно и урбанистичко планирање, Закон за шуми, Закон за води, Закон за ловство, Закон за минерални суровини, Закон за пасишта и др.), како и режимите на заштита утврдени во актите за прогласување на заштитените подрачја;

- Заедниците на две или повеќе општини, во плановите од пониско ниво треба да ги почитуваат поставките од заедничките интереси дефинирани со овој план, во однос на природното наследство и

- Во областа на заштитата на животната средина, урбанистичките планови треба да се усогласат со Просторниот план на Регионот на тој начин што врз основа на режимот на заштита предвиден со Просторниот план, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти за да се усогласат барањата кои ги поставува одржливиот стопански развој и современото сфаќање на заштитата.

*Посебни параметри*

- Да се изработи просторен план за Националниот парк Галичица;

- Да се изработи просторен план за Националниот парк Пелистер;

- Да се изработат планови за управување со заштитените подрачја;

- Да се изработат студии за состојбите со заштитените подрачја, врз база на што ќе се изврши ревалоризација на веќе заштитените подрачја и валоризација на предложените заштитени подрачја;

- Да се изработи црвена листа и црвена книга на флората и фауната на Охридско-преспанскиот регион;

- При изготвување на развојните стратешки, плански и програмски документи, кои би можеле да имаат значајни ефекти врз природата, да се изврши оцена на влијанијата на мерките и активностите предвидени со овие стратегии, програми и планови врз природата и

- Да се почитува определбата од "досието за упис на Охридското при-родно и културно-историското подрачје во УНЕСКО", за регулирана заштита на крајбрежните простори во длабочина од 300-1.000 метри во зависност од условите на релјефот и потецијалната опасност од деградација.

### *3.2.8. Заштита на културно-историското наследство*

- При утврдување на условите за планирање за изработка на планови од пониско ниво, во целост да се испочитуваат *Општите насоки за заштита на Охридско-преспанскиот регион* и *Посебните мерки за заштита на Охридско-преспанскиот регион*, зацртани во заштитно-конзерваторските основи, кои се составен дел на Планот и

- За планирање и уредување на просторот на спомeничките целини, задолжително да се донесе детален урбанистички план, поединечно за секоја споменичка целина во рамките на дефинираните граници.

### *3.2.9. Заштита од воени разурнувања, природни и технолошки катастрофи*

- При реализација на планските поставки и изработка на докумен-тација од пониско ниво, да се почитуваат одредбите на Законот за заштита и спасување ("Сл. весник на РМ" бр. 36/2004 и 49/2004) и Одлуката за утврдување на загрозени зони ("Сл. весник на РМ" бр. 105/2005) и

- Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

### 3.3. Насоки и елементи за изработка на урбанистички планови

***Урбанистички планови за населбите***

Урбанистичките планови на населбите кои ќе се изработуваат, треба да бидат усогласени со планските насоки на Просторниот план на Регионот, особено во однос на:

- намена на површините;

- основите на долгорочната политика на урбанизација;

- мрежата на големата инфраструктура и

- определбите за заштита на животната средина, природното и културното наследство.

Во однос на намената на површините, определбите на Просторниот план на Регионот се:

- при изработка на урбанистичките планови на населбите, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво во рамките на постојните урбани опфати, а надвор од овие рамки за исклучително оправдани цели и потреби, на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);

- изградбата на викенд зони, стопански зони, земјоделски и други објекти со специфични намени да се насочува кон подрачја кои со планови и програми на општините ќе бидат определени за тие цели и

- просторите во близина на пороите да се исклучуваат од зони за изградба на објекти и истите да се заштитуваат од можните излевања и наноси со предвидување на заштитни зелени површини.

Во однос на долгорочната политика на урбанизацијата, основните насоки на Просторниот план се однесуваат особено на:

- рационално користење на просторот за изградба на инфраструктурните мрежи и системи во единствени коридори дефинирани во плановите и програмите на општините;

- примена на принципите на насочена урбанизација со цел за изедначување на условите на живеење и работа на целата територија на регионот;

- избор и распоред на стопански активности согласно со природните услови, расположливата работна сила и постојните стопански капацитети;

- создавање можности за отворање нови работни места во населби и подрачја каде треба да се задржи постојното население и насочат миграциите;

- дистрибуција на капацитетите од јавните функции, согласно со потребите на населението заради намалување на разликите во опременоста со истите и

- усогласување на густините на населеност, изграденост и спратност, со принципите на хумано живеење и рационално искористување на просторот и урбаните содржини согласно со сите видови на заштита.

Во доменот на големите инфраструктурни системи, насоките кои ги дава Просторниот план на Регионот се однесуваат на примарната мрежа од значење за регионот и Републиката.

Со плановите и програмите на општините и населбите, инфраструктурната мрежа ќе се конципира согласно со постојната мрежа, со која ќе формира единствен систем. Ова се однесува на мрежата на регионални и локални патни правци, мрежата на локални гасоводи и далноводи од 110 KV и помали. Сите овие мрежи ќе се градат согласно со потребите на даденото подрачје и можностите на основната мрежа.

Особено се нагласува потребата од примена на зајакнат режим на заштита од секаква градба на коридорите наменети за изградба на меѓународни (Е), магистрални (М) и регионални патни правци и коридори за изградба на магистралните железнички линии. Исто така, во рамките на коридорите на магистралната и регионалната инфраструктура, потребно е дефинирање на заштитни зелени површини и обезбедување услови за безбедно вкрстување со секундарната инфраструктура.

Во областа на заштитата на животната средина, природното и културното наследство, урбанистичките планови треба да се усогласат со Просторниот план на Регионот на тој начин што врз основа на режимот на заштита предвиден со Просторниот план, ќе

се организира распоред на активности и изградба на објекти во согласност со барањата кои ги поставува одржливиот економски развој и современото сфаќање на заштитата.

***Урбанистички планови вон населени места***

Согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање, за урбанизирање на руралните простори за кои постојат иницијативи за изградба на објекти и комплекси со различни намени, се изработуваат урбанистички планови вон населно место. Новите ориентации во пазарното стопанство и сé поголемото учество на приватните иницијативи и инвестиции, како едно од главните обележја на економскиот развој во периодот на транзицијата, доведоа до сé поголема потреба од изработка на вакви планови, за потребите на реализација на локалните иницијативи и програми. Имајќи ја предвид ограниченоста на просторот како ресурс, вкупно, и висококвалитетното обработливо земјиште особено, се наметнува потребата од внимателно и рационално искористување на просторот надвор од постојните плански зафати, особено оној кој припаѓа на земјиште од повисоки бонитетни класи.

Урбанизирањето на нови површини, секогаш е поврзано со неопходноста од обезбедување на соодветна инфраструктура. Имајќи го предвид потребното ниво на инвестиции неопходни за обезбедување на потребната инфраструктура, се наметнува потребата од рационално планирање и програмирање на обемот, површината и видот на активности кои се предвидуваат со ваквите плански документи, наспроти економските ефекти и бенефити за инвеститорите и локалните заедници.

Во таа смисла, при изработка на Урбанистичките планови вон населено место, треба да се обезбеди:

- Усогласување со насоките на просторните планови (преку добивање на услови за планирање на просторот);
- Опфатеност и оправданост на планираните активности со локалните стратешки и други развојни планови и програми;
- Дефинирање на планските опфати врз основа на принципите за заштита на висококвалитетното земјоделско земјиште (I -IV класа);
- Зафаќања на плодно земјиште од повисока класа, исклучително врз основа на издржани економски анализи за предвидените намени и инвестиции и висока валоризација на истите од аспект на очекуваните економски ефекти;
- Стручни основи, упатства и согласности од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина;
- Заштита на површините под системи за наводнување и оние предвидени за наводнување со просторниот план од изградба на инфраструктурни и други објекти кои ќе го оневозможуваат користењето на земјоделското зем-јиште;
- Групирање на намените по видови (стопански, туристички, културни) и предвидување на максимално рационални просторни дисперзии на неопходните капацитети;
- Рационално и економично планирање на вкупната потребна инфраструктура;
- Планирањето на инфраструктурните коридори и објекти со приоритетно користење на постојните траси и помалку вредни простори и
- Вклучување на сите субјекти во процесот заради навремено информи-рање, анкетирање на потенцијалните инвеститори и здружување во парт-нерства заради рационално планирање на активностите во интерес на локалната заедница и потенцијалните инвеститори.

***Урбанистички проекти***

За градби кои се предвидуваат вон планските зафати на урбанистичките планови, а се од значење за Републиката, согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање, се изработува урбанистички проект. Во периодот од 2004 год. наваму (од донесување на Законот), ваквите ивестиции се јавуваат најчесто во форма на иницијативи за изградба на бензински пумпи и други придружни објекти на магистралните и регионални сообраќајници, технолошко-индустриски развојни зони, гранични премини и објекти и системи на енергетската, водостопанската и комуникациската инфраструктура. Имајќи предвид дека и за ваква категорија на намени, често како инвеститори се јавуваат правни и физички лица, при изработката на урбанистичките проекти е потребно:

- усогласување со стратешките интереси на државава (преку добивање на услови за планирање на просторот), како и со локалните интереси и планови за развој на општината на чија територија се предлага соод-ветната активност;

- издржана студија за потребата и економската оправданост од ваквите инвестиции;

- Студија за обемот и содржините на објектите кои се предвидуваат;

- Почитување на принципите за заштита на квалитетното земјоделско земјиште и

- Студија за процена на влијанијата на планираната активност врз животната средина.

### 3.4. Посебни мерки и активности

Мерки за остварување на рационално користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот во насока на вкупен развој, а особено во однос на:

- бесправната градба;

- стопанисувањето со шумите, земјо-делското земјиште, водите и друго и

- заштита на природното и создаденото богатство.

Изработка на стручни подлоги и донесување на соодветни прописи за подрачја од посебен регионален и национален интерес.

Во планирањето на уредувањето на населбите (особено на градските) и прилагодувањето на тие планови на новите потреби и иницијативи, треба да се утврдат просторни резерви на оформените струк-тури и оптимални можности на развој:

- да се утврдат граничните капацитети на постојната инфраструктура чија реализација бара големи вложувања, така што изградбата да се насочи кон подрачја кои веќе се и кои можат да бидат опремени со инфраструктура од соодветен капацитет;

- да се утврдат можностите за користење на работните зони преку внатрешна трансформација,

- модернизација и подобро користење на просторот и опремата, постапно да се дислоцираат загадувачките дејности од населбите;

- создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици во помалите населби;

- туристичките содржини треба да се планираат координирано и усогласено со насоките од Просторниот план и тоа задолжително надвор од подрачјата со зачувани природни вредности и заштитени делови на природата и

- ревитализација на историските целини со внесување на соодветни содржини и заштита на вредностите.

Насоки за просторен развој и уредување кои произлегуваат од досието "Унеско":

- регулиран и плански раст и развој на населбите во крајбрежниот езерски појас;

- изградба на туристички населби во крајбрежјето со ограничена туристичка понуда која не предизвикува деградација на природните вредности и

- уредување на крајбрежните простори врз основа на регулирана заштита во појас од 300 - 1.000 м од бреговата линија.

### 3.5. Институционално-организациона и научно-истражувачка поддршка за спроведување на планот

Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион се спроведува по пат на активно учество на локалната самоуправа и централната власт, кои низ насочување и координирање на иницијативите за инвестиции во Регионот обезбедуваат институционална и организациона поддршка за:

- изработка на стратешки документи од различни области на економскиот и просторниот развој и, особено, повеќегодишни програми за спрове-дување на ППРМ, со особен акцент на Регионот;

- донесување на годишни програми за изработка на просторни и урбанистички планови, ЛЕАПи, ЛА21 и други развојни и стратешки документи;

- изработка, донесување и спроведување на урбанистички планови за градските и селски населби, планови вон населено место, урбанистички проекти за објекти од државен интерес;

- издавање на услови за планирање на просторот за инвестициони објекти и активности од државен, локален и приватен интерес;

- развој на информативен систем за просторот на регионот и општините, кој ја подразбира и просторно-планската документација и

- координација и изработка на меѓународни проекти во доменот на планирањето и уредувањето на просторот и заштита на животната средина, од значење за регионот и државава.

Научно-истражувачката поддршка во спроведување на Планот ќе се обезбеди низ соработка со релевантни научни и стручни институции и поединци кои ќе се вклучат во:

- изработка на тематски програми, експертизи, извештаи и сл., согласно со барањата на државните и локалните органи и стопанските организации и

- научни и стручни истражувања од областа на организацијата и уредувањето на просторот со приоритет на:

- институционално-управувачките, информативно -управувачките и економските проблеми и регулативата во овие области и
- меѓународни искуства во планирање и уредување на просторот, користење на земјиште, развој на населби и заштита на животната средина, пред сé, во однос на методолошките, управувачките, економските, институционалните и информатичките аспекти.

Реализацијата на наведените активности, директно е условена од воспоставување на институционална, организациона и информативна мрежа за континуиран и систематски трансфер на информации од регионот, кои вклучуваат и научно-стручни истражувања од различни области.

### 3.6. Следење на реализацијата на Планот и оцена на остварувањата

Согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање и Законот за спроведување на Просторниот план на Р. Македонија, следењето на состојбите и промените во просторот на Охридско-преспанскиот регион и остварувањето на Просторниот план ќе се одвива согласно со методолошкиот пристап утврден со Годишниот извештај за спроведување на Просторниот план на државава. Имено, реализацијата на Просторниот план на Р. Македонија, кој претставува сеопфатен и интегрален стратешки документ за просторен развој на државава, се остварува со негова разработка преку просторните планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, како и со урбанистички планови и друга документација за планирање и уредување на просторот. Според тоа, и спроведувањето на овој Регионален план, кој претставува разработка на Просторниот план на Републиката, ќе биде следено со Годишниот извештај за спроведување на Просторниот план на Р. Македонија.

Следењето на реализацијата на Просторниот план го обезбедува Министерството надлежно за работите на просторното планирање, преку годишните извештаи за состојбите и промените во просторот, подготвени од изготвувачот на Просторниот план.

Годишниот извештај обезбедува увид во процесот на организација, уредување и управување со просторот согласно со Просторниот план на државата и согледување на реализацијата на сите плански насоки и определби утврдени со регионалните просторни планови со коишто се имплементира Просторниот план на Р. Македонија.

Врз основа на стручната оцена и согледување на реализацијата на определбите утврдени со Просторниот план ќе произлезат препораки за непосредно спроведување и имплементација на планските поставки преку изработка на програма за спроведување на Просторниот план за период од најмалку две години (член 3 од Закон за спроведување на Просторниот план на Р. Македонија). Со Програмата се одредуваат мерки и активности од значење за спроведување на Просторниот план, приоритетните активности, организационата структура и органите надлежни за спроведување на Просторниот план, содржината и

степенот на обработка на податоците и финансиските средства потребни за спроведување на предвидените активности.

*Услови за ефикасна реализација на Просторниот план*

Заради ефикасна реализација на Просторниот план важно е да се обезбеди:

- меѓуресорска координација и усогласување на интересите на различните субјекти и корисници на просторот;
- кадровска и организациона опременост на локалните единици за просторното уредување;
- утврдување на механизми за доследно спроведување на насоките на овој план при изработка на планска документација од пониско ниво низ соодветна законска регулатива;
- организација на информационен систем;
-нови, односно ажурирани картографски подлоги за урбанистички планови и
- систематизација на податоците за просторот по општини и просторни целини утврдени со Планот.

**3.7. Информационен систем за просторно планирање во Регионот**

За потребите од реализација на планскиот документ, како и заради просторното и урбанистичко планирање на други нивоа на управување, неопходно е да се пристапи кон систематска работа за воспоставување на единствен просторен информационен систем (ПИС) на регионот. ПИС е дел од целокупниот географски информационен систем на регионот со кој во основа се обработуваат и анализираат различни просторни податоци. Видот, прецизноста и анализите на просторните информации во рамките на ПИС се во функција на евидентирање на состојбите, процесите и односите во просторот и ефикасното спроведување на дефинираните плански решенија. Во развојот на ПИС треба да партиципираат повеќе субјекти:

- единиците на локалната самоуправа;
- институции за заштита на животната средина;
- институции за заштита на природното и културното наследство;
- инфраструктурните претпријатија;
-други органи на локално и државно ниво;
- претставници на приватниот сектор;
- невладини организации и
- струкови здруженија.

Концептот за имплементација на ПИС системот треба да поаѓа од реалноста и од потребите на локалните средини, како и од реалните процени на способноста, ресурсите и потенцијалите на сите субјекти кои ќе партиципираат во неговата изградба. Носечката улога ќе ја има локалната самоуправа преку својата администрација која ќе го воспостави системот, ќе ги утврди односите меѓу сите учесници во градењето на овој систем, ќе ја воспоставува соработката со другите локални самоуправи, надвор од регионот. Тој треба да ги дефинира следниве елементи:

- поврзување и интероперабилност меѓу различните субјекти кои ќе го сочинуваат ПИС системот што ќе овозможи размена на податоци креирани во поединечните институции и органи;
- пропишани стандарди за системот на дигитални записи, нивно управување и архивирање во просторна база на податоци;
- обем, квалитет и ажурност на потребните просторни податоци;
- развој на хардверот;
- безбедносни аспекти на физичката инфраструктура и на податоците;
- потреби од ПИС софтверски алатки и изработка на софтверски апликации;
- програма за едуцирање на корисниците на ПИС и за одржување на информатичката инфраструктура и
- буџетски средства за реализација на системот.

Изградениот модел на ПИС ќе обезбеди ефикасна координација и усогласувње на интересите во просторот и ќе овозможи:

- автономните и парцијалните бази на просторни податоци да се поврзат во единствена целина;
- редунданцата (повторувањето на голем број на исти податоци) да се сведе на толерантен минимум;
- трајно и систематско ажурирање на податоците и утврдување на начинот на пристап до истите;
- подготовка на планска и проектна документација за сите содржини коишто ќе се сместат во овој простор, а на коишто ќе

им претставува база на податоци и информации за одлучување за развојните планови, програми и проекти;

- воспоставување на мониторинг систем кој подразбира водење разни евиденции (статистики, регистри и катастри) за изградбата, искористувањето на капацитетите и сл., сé со цел да се овозможи успешно управување со просторот, односно следење на искористувањето на капацитетот на просторот и реализацијата на Просторниот план на регионот;

- современи и ефикасни електронски сервиси за граѓаните и правните субјекти, услуги коишто ќе бидат унифицирани, стандардизирани, неза-висни од софтверската платформа, достапни за сите и преку кои граѓаните ќе партипицираат во процесот на донесување одлуки на локално и национално ниво и

- изградба на регионална инфраструктура на просторни податоци во согласност со европските стандарди и INSPIRE иницијативата.

### 3.8. Препораки и принципи од меѓународни документи, проекти и програми

*Концепт на одржливиот развој*

Просторниот план, како стратешко-развоен документ, првенствено е ориентиран кон изнаоѓање на можности за решавање на најзначајните просторни проблеми кои настанале како последица на досегашните развојни процеси, како и кон одредување и реализација на долгорочни цели за организација и уредување на просторот и населбите, со што би се обезбедиле услови за идниот економски и просторен развој на регионот. Во таа смисла е дефинирана основната цел на просторниот план, која покажува дека заштитата на животната средина е дел од сите сегменти на планот. Освен тоа, особено се нагласува потребата од усогласување на користењето на просторот со можностите и ограничувањата на природните и создадени вредности, со потребите на социјалниот и економскиот развој, што е во основа концептот на одржливиот развој.

Концептот на одржлив развој е усвоен од страна на Европската унија 1990 год., а од Обединетите нации во 1992 год. Усвојувањето на овој концепт на глобално ниво е резултат на сознанието за големите промени во состојбите на животната средина што довеле до загаденост на воздухот, водите и земјиштето, деградација на другите екосистеми и потрошувачка на големи количества на природните ресурси. На Втората конференција на ООН за животната средина и развој, одржана 1992 год. во Рио де Жанеиро, усвоена е значајна декларација со која е институционализиран Концептот на одржливиот развој и дефинирани основните принципи на овој концепт.

Од конференцијата во Рио произлегоа две меѓународни спогодби, два документа со усвоени начела и програма за одржлив развој во светски размери:

- Рио декларација за животна средина и развој, со 27 начела кои ги дефинираат правата и обврските на државите во нивните настојувања да обезбедат развој и благосостојба на човекот;

- Агенда 21 обемна програма за работа во 21 век, консензуз на 179 држави. Тоа е план за глобално партнерство насочено кон урамнотежување на потребата за висококвалитетна животна средина и здрави економии за сите народи во светот и

- Извештај со усвоени начела кој опфаќа управување, зачувување и одржлив развој на сите видови шуми важни за економскиот развој.

Двете конвенции се потпишани од повеќето влади на земјите присутни во Рио:

- Рамковна конвенција за климатски промени, која има за цел да ги задржи гасовите кои предизвикуваат ефект на стаклена градина на ниво кое нема драстично да ја промени климата и

- Конвенција за биолошката разновидност, која бара од земјите усвојување на средства и начини за зачувување на разновидноста на живите организми.

На институционален и теориски план поимот одржлив развој е дефиниран како интегрален економски, технолошки, социјален и културен развој усогласен со потребите на заштитата и унапредувањето на животната средина кој им овозможува на сегашните и идните генерации задоволување на нивните потреби и подобрување на квалитетот на живеење. Суштината на

Концептот на одржлив развој ја сочинува интеракцијата на развојот и животната средина и меѓусебната условеност и комплементарност на развојната политика и политиката на заштита на животната средина кои ги почитуваат законитостите на еколошките системи.

Врз Коцептот на одржлив развој изградена е законодавна регулатива во доменот на заштита на животната средина која опфаќа:

- заштита на водата, земјиштето и воздухот;
- отстранување на отпадните материи и токсичните хемиски супстанци;
- заштита од радијација и
- заштита на природните богатства.

Концептот опфаќа и процена на влијанијата на јавните и приватните проекти врз животната средина и располагање со информациите за животната средина.

Остварувањето на одржливиот развој на национално ниво, зависи од структурните промени во меѓународните односи, во областа на користењето на енергијата, политиката на транспортот, користењето на природните ресурси, меѓународната трговија и други односи.

Идејата за одржливиот развој, како хумана и ветувачка, може да стане само илузија, доколку не се подложи со критичката анализа и доколку не најде рефлексија во државните документи и законодавството, т.е. доколку не се регулира цела низа на управувачки и други активности за нејзина реализација.

***Хабитат II***

Втората конференција на ООН за населбите, Хабитат II (Истанбул 1996), нагласено го истакна незапирливиот глобален процес на урбанизација.

Со усвојувањето на програмата Хабитат II (Хабитат агенда) земјите, меѓу другото се обврзуваат за воспоставување на одржливи населби. Под ова се подразбира унапредување на развојот на населбите и ефикасно користење на добрата зависно од можностите на екосистемите.

Целите на Хабитатот се следниве:

- поттикнување и унапредување на социјалниот интегритет на населбите;
- изнаоѓање и вклучување на неформалните потенцијали за обезбедување домување и комунални услуги за сиромашната популација;
- примена и унапредување на подобни примери на успешно користење и заштита на природните ресурси во населбите, а особено на водата, воздухот, енергијата и земјиштето, неопходни за здрава животна средина;
- унапредување на примери на организација на просторот која ги намалува потребите на транспортот, го прави ефикасен и усогласен со животната средина, а обезбедува поголема достапност до работните места, ресурсите и богатствата;
- зачувување на продуктивното земјиште во урбаните и руралните подрачја, како и заштита на чувствителните екосистеми од негативните влијанија на населбите;
- заштита и унапредување на историското и културното наследство, каде што е можно порационално домување и населби, како и обезбедување пејзажи и градска флора и фауна;
- обезбедување на успешен развој атрактивен за инвестирање, врабо-тување, а доходовен за населбите;
- ублажување на несаканите влијанија на структурните и економските промени (транзиција) врз населбите;
- ублажување на влијанијата на природните и антропогените катас-трофи врз населбите;
- урбаните населби треба да ја задржат својата продуктивност со истовремено подобрување на еколошките и социјалните фактори на квалитетот на живеење;
- стимулирање на развојот на населбите од средна големина;
- големите градови треба да донесат соодветни програми за одржлив развој за што од особено значење е партиципацијата на локалните заед-ници;
- насочување на сообраќајниот систем кон користење на еколошки прифатливи средства и
- стимулирање на развојот на еколошки одржливите градежни технологии.

За реализација на Хабитат агендата на национално ниво, потребно е:

- да се изготви, усвои и спроведува национален план на активности, кој ќе се занимава со проблеми на населбите, градски

и рурални, водејќи сметка за еколошките прашања, со целосно учество и поддршка на јавноста;

- развој на институциите на сите нивоа за следење на процесот на урбанизација и условите на домување и

- изработка на основни урбани показатели, со кои секоја земја ќе го утврди и следи квалитетот на живеењето во градовите, како база за насочување на развојот на населбите и домувањето.

Во функција на нагласување на социјалниот елемент во просторното и урбанистичко планирање и борбата против сиромаштијата, државите од Југоисточна Европа, меѓу кои и Република Македонија ја потпишаа Виенската декларација во врска со националната политика и програмите кои се однесуваат на бесправната градба. Целта на оваа декларација е да се овозможи разрешување на проблемот со дивоградбите на одржлив начин и да се спречи ваквата појава во иднина.

***Европски перспективи за просторен развој (ESDP) и европските регионални проекти во областа на планирање на просторниот развој***

ESDP е прв формален документ во областа на планирањето на просторниот развој во Унијата донесен со посебна резолуција во 1999 г. Овој документ претставува новост во таа смисла што во него одржливоста не се смета само како енвиронментално прифатлив економски пораст и развој, туку и како просторно урамнотежен развој. Освен тоа, во овој документ на еден нов начин се настојува на усогласување на одлуките од различни сектори според заедничка просторна матрица. На 12-та седница во Хановер, во 2000 год., донесени се Водечките принципи за развој на европскиот континент, кои не се правно обврзувачки, но во нив е нагласено значењето на територијалната димензија во остварување на човековите права и демократијата. Нивната цел се состои во дефинирање на мерки и политики на просторниот развој со чија помош луѓето во сите држави членки ќе остварат прифатлив животен стандард, што се смета како еден од битните предуслови за стабилизација на демократските процеси и структури во регионите и градовите во Европа, односно нивно активно учество во процесот на европската интеграција и демократизација.

Сепак, ESDP е документ, кој има намера да биде до одреден степен обединувачки и за политиките на Европската унија (политика на засилување на конкурентноста, заштита на животната средина, регионална политика, сообраќајна политика, политика во областа на истражувањата, технологијата и развојот и др.).

Во последната верзија ESDP претставува планско развоен документ од индикативен и интегративен вид значи еден општ "план/програм" на супранационално ниво. На тој начин, Унијата е прв голем светски регион кој дефинирал заедничка просторна визија за развој на својата територија, со што ESDP е промовирана како рамка на политиката и референтен документ во доменот на одржливиот просторен развој. Иако не е задолжителен, тој ги дефинира политичките опции и за донесување на одлуки на сите управувачки нивоа (од супранационално, односно европско преку национално и регионално до локално) што би водело кон одржлив и урамнотежен развој.

Остварување на ESDP е поддржано со паралелна статистичко-информатичка и истражувачка поддршка под името Европска мрежа на опсерватории на просторното планирање (ESPON. European Spatial Planning Observatory NetworkStudy Programme on Europen Spatial Planning), која е иницирана од Европската комисија и владите на држави членки на Европската унија 1998 г. и потоа реализирана во текот на следните две години на истражување. Оваа програма продолжува во периодот 2002-2006 г.

Во насока на операционализирање на европската политика на балансиран и одржлив просторен развој, од страна на Европската комисија во 1996 година покрената е иницијатива за зајакнување на економската и социјална кохезија на Европскиот континент, насловена како INTEREG, а реализиарна преку три програми:

- INTEREG III A програма за прекугранична соработка,
- INTEREG III B програма за транснационална соработка и
- INTEREG III C програма за меѓурегионална соработка.

INTEREG III B е програма за транснационална соработка којашто ги следи препораките на најреферннтниот документ за просторен развој на Европскиот континент ESDP и има за цел отстранување на националните граници, соработка меѓу националните, регионални и локални авторитети и постигнување на повисок степен на територијална интеграција. Таа е реализирана во рамките на два проектни циклуса и тоа во периодот од 1994-2000 и периодот 2000-2006. Програмата опфаќа 13 географски региони од европскиот континент. Република Македонија согласно со својата геогарфска поставеност му припадна на CADSES регионот заради што во вториот програмски период беше активно вклучена во имплементацијата на INTEREG III B CADSES програмата

INTEREG III B CADSES програмата претставува програма за транснационална соработка дизајнирана за обезбедување на одржлив просторен развој на територијата на CADSES регионот (Central, Adriatic Denube, South of East Spase), односно просторот на Централна и Југоисточна Европа, Јадранскиот и Подунавскиот простор. Кооперативниот простор на оваа програма опфака 18 партнерски држави, односно 9 држави членки на ЕУ, 2 држави пристапнички на ЕУ, 7 држави кои не се членки на ЕУ (Австрија, Германија, Италија, Грција, Словенија, Чешка, Словачка, Полска и Унгарија, Романија, Бугарија, Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Србија, Црна Гора, Македонија, Молдавија и Украина.)

При дефинирањето на регионалната политика на ЕУ за периодот 2007-2013 година од страна на Европската комисија, одлучено е програмата INTEREG III B CADSES да се подели на два дела Централноевропски простор Central European Space (CES) и Југоисточно-европски простор SouthEast Europen Space (SEES). За операционализирање на третата генерација на транснационалните програми (2007-2013), во тек е изработаката на програмските документи кои ќе треба да бидат одобрени од страна на Европската комисија до крајот на 2007 година.

Во овие програми дефинирани се неколку приоритети кои ги изразуваат целите на ESDP: просторната интеграција, сообраќајната достапност, социјалната кохезија, заштитата на природното и културното наследство и др., специфицирани во согласност со долгорочните цели на даденото подрачје.

Основните пропозиции на ESDP се изразени во форма на општите цели (1) и можната политика за нивната реализација (2), со што всушност се нагласува незадолжителниот карактер на пропозициите, односно правото на избор на земјите членки во однос на нивното прифаќање/неприфаќање. Секоја од трите основни општи цели разложена е на неколку составни целни пропозиции, при што се наведени и можните политики за нивната реализација:

- полицентричниот просторен развој и новите односи меѓу урбаните и руралните подрачја, како една од трите основни општи цели, разложен е на четири составни цели (потцели): 1) полицентричен и урамнотежен просторен развој во Европската унија, 2) динамични, атрактивни и конкурентни градови и урбанизирани региони, 3) индигени/автохтони, разновидни и продуктивни рурални подрачја и 4) партнерство меѓу урбаните и руралните подрачја. За нивни назначени потцели, наведени се преку 20 можни политики.

- втората основна општа цел "еднаквост во пристапот до инфраструктурата и знаењето", разложена е на четири составни цели: 1) интегриран пристап до подобрени сообраќајни врски и пристап до знаење, 2) полицентричен модел на развој како основа за подобра пристапност, 3) ефикасно и одржливо користење на инфраструктурата и 4) ширење на иновации и знаење. Покрај нив, наведени се петнаесет можни политики и

- третата основна општа цел "мудро управување со природното и културното наследство", разложена е на пет потцели: 1) природно и културно наследство како развоен ресурс, 2) чување и унапредување на културното наследство, 3) управување со водните ресурси како посебен предизвик на просторниот развој, 4) креативно управување со природните пејзажи и 5) креативно управување со културното наследство. За имплементација на овие потцели предложени се повеќе можни политики.

***Регионални проекти ESTIA и OSPE***

Во рамките на INTEREG III B CADSES програмата од страна на Институтот за урбан енвајормент и човечки ресурси (*Institute of Urban Environment & Human Resources U.E.H.R*), Универзитет Пантенон од Атина, Република Грција, беше иницирана проект за просторно планирање во Југоисточна Европа насловен како ESTIA SPOSE *(European Spase Teritorial Indicators and Actions fo the Spatial Planning Observatory in Southeast Europe)* Европски просторно територијални индикатори и акции за Просторно планска опсерваторија во Југоисточна Европа во времетраење од 3 години (2004-2006).

Проектот имаше за цел развивање на Акција за просторно планска опсерваторија во Југоисточна Европа базирана врз интегративниот систем на територијални индикатори кои се целосно компатибилни со пристапот на Европската перспектива за просторен развој ESDP и Европската мрежа за просторно планска опсерваторија ESPON.

Кооперативниот простор на проектот ESTIASPOSE се однесува на југоисточниот дел на CADSES просторот и опфака 14 проектни партнери од Грција, Италија, Австрија, Германија, Бугарија, Романија, Словенија, Унгарија, Албанија, Македонија, Србија, Црна Гора, Хрватска, Босна и Херцеговина.

Република Македонија како проектен партнер (ПП11) беше вклучена во проектот. Во рамките на проектот беше потребно да се изработат три тематски извештаи кои ќе претставуваат основа за изработка на синтезниот материјал - Генералната просторна структура на ESTIA SPOSE макрорегион. Во таа насока од страна на Агенцијата за планирање на просторот и Државниот завод за статистика, беше изработен Првиот тематски национален извештај (NATIONAL REPORT Data collection, Phisical –Spatial structure, State of Environment, Natural Heritage) и доставен до Водечкиот партнер "Институтот за урбан енвајормент и човечки ресурси" (ноември 2004).

ESTIA и OSPE се две најважни регионални проекти во областа на просторниот и урбанистичкиот развој и енвајронменталната политика на Балканот.

OSPE (Observatory of Spatial Planning and Environment in SouthEast Europe), т.е., Опсерваторијата за просторно планирање во Југоисточна Европа, е проект кој е комплементарен на првиот. Тој ги опфаќа истите земји, но во него повеќе се нагласени аспектите на информатичката поддршка на подготовките, донесувањето и спроведувањето на одлуки во областа на одржливиот развој и пратечките институционални и организациони аранжмани (т.е. регионална опсерваторија и мрежа на национални пунктови/фокални точки).

Четирите главни цели на овие два проекта се:

- Компаративен опис на главните карактеристики на трендовите и политиките на просторен развој во земјите учеснички;
- Истражување на барањата во однос на воспоставување на мрежата на научна, истражувачка и информатичка поддршка на просторниот развој;
- Идентификација на стратешките приоритети во работата на нацио-налните и регионалните агенции кои се надлежни за планирање на просторниот развој и
- Идентификација на главните елементи за формулирање на заедничката рамка за интеграција и координација на политиката на просторниот развој.

Тргнувајќи од назначените цели, во рамките на двата проекта завршена е работата на поголем број на комплексните делови, кои ги опфаќаат следниве главни документи:

- Перспективи на просторниот развој и планирање (главните трендови и административни системи);
- Пристапи и гледишта за просторната структура (мониторинг и евалуација на главните проблеми);
- Насоки за интегрирање на просторните приоритети и политики (дефинирање на политики и нивното спроведување);
- Структура на мрежата на регионналната *OSPE* опсерваторија и националните опсерватории во облас-та на просторот и животната средина;
- Директориум на агенции за просторното планирање;
- Проект и пробно користење на интернет серверот за потребите на проектот;

- Преглед/профил на националните системи на просторното планирање;

- Компендиум за просторните приоритети;

- Рамки за интеграција на просторната политика и

- Завршни документи на *ESTIA* и *OSPE,* кои содржат, меѓу другото, и програма за соработка во рамките на разни идни проекти кои збирно се означуваат како *ESTIA/OSPE-плус.*

**3.9. Други регионални иницијативи, програми и проекти**

Покрај копроектите *ESTIA/OSPE* за разгледување и дефинирање на идните правци на развојот на Република Македонија од битно значење се и големот број на други иницијативи, програми и проекти на регионалната интеграција во овој дел на светот. Помалку или повеќе, сите претставуваат одредени "реплики" и "деривативи" на разните обиди од европската интеграциска традиција, но и своевидни "експерименти", најпрвин заради прилагодување на пристапи и методи согласно со локалните услови. Овие иницијативи не се изворно просторно-енвајронментални (како што тоа се *ESTIA* і *OSPE),* туку содржат одделни елементи од оваа област (на пример, од сообраќај и телекомуникации, енергија, заштита на животната средина, регионална соработка и регионално планирање, просторно планирање, социјална кохезија, одржлив развој, странски инвестиции и сл.):

*Централноевропската иницијатива (CEI, Central European Initiative)* од 1989 г., денес опфаќа 17 членки (две од Унијата, седум членки на *CEFTA,* четири земји кои настанале од претходната Југославија и три земји од европскиот дел на бившиот СССР);

*Црноморска економска соработка* (*BSEC, Black Sea Economic Cooperation),* со 11 членки (5 балкански земји, 3 црноморски крајбрежни земји, членки на бившиот СССР и три кавкаски земји, исто така членки на бившиот СССР) од 1992г.;

Централноевропската зона на слободна трговија (CEFTA, Central European Free Trade Area), основана 1992г., која има 7 членки (од 1999г.);

Конференција за стабилноста, безбедноста и соработка на земјите од Југоисточна Европа (Conference on Stability, Security and Cooperation of South Eastern Europe) од 1996 г., подоцна наречена Процес на соработка во Југоисточна Европа (Southeast Europe Cooperation Procesc), претставува единствена автохтона иницијатива на самите балкански земји, т.е. продолжение на поранешната мултилатерална балканска соработка во периодот 1975-1991 г., со седум членки;

Процес од Роајомон од 1995 г., односно Процес на стабилноста и добрососедство во Југоисточната Европа (Proces of Stability and good Neighboutliness in SEE), чиј основач е Европската унија и во кој учествуваат повеќе десетици учесници од Унијата, други делови на Европа и SAD, како и најзначајните европски организации EU, Советот на Европа и OEBS;

*SECI (Southeast European Cooperative Initiative),* т.е. *Иницијатива за соработка во Југоисточна Европа* од 1996 г., покрената од страна на САД, со 12 членки од Балканот и од Централна Европа, со 5 земји кои даваат поддршка и поголем број меѓународни организации кои учествуваат во работата (Европската унија, Европската комисија, Светската банка, Европската банка за обнова и развој и Европската инвестициона банка), како и одделни регионални форуми;

*Пакт за стабилноста во Југоисточна Европа (Stability Pact for SEE)* (досега најамбициозна иницијатива во однос на сеопфатноста, политичкото ниво на кое е водена и ангажираноста на човечките, финансиските и други ресурси), кој е резултат на разни обиди за поттикнување на соработката на Балканот во периодот подолг од една деценија. Од 1999 г. е формално дел на OEBS и опфаќа повеќе десетици земји корисници на помош, а покрај тоа и голем број на меѓународни организации (UN, NATO, OECD, Совет на Европа итн.), меѓународни финансиски организации (WB, IMF, EIB, EBRD и др.) и регионални иницијативи;

*Јадранскојонската иницијатива (AII, AdriaticIonian Initiative)* од 2000 година, со 4 земји од претходната Југославија, Албанија и две членки на Европската унија;

Дунавска комисија (Danube Commision), инаку најстарата регионална меѓународна

организација во тој дел на Европа (со единаесет постојани членки од 1998) и со Европската унија во статус на набљудувач;

Работна заедница на подунавските региони (Working Community of Danubian Regions), чии 24 членки се држави региони /области од 11 земји и

Работна заедница "АлпеЈадран" (AlpeAdria Working Community), со 19 членки и набљудувачи, држави и региони (уште од 1978).

***Европски директиви, конвенции и други акти за заштита на животната средина***

Дел од иницијативите и активностите за приближувањето на Република Македонија кон Европската унија е и хармонизација на вкупната легислатива, а во тој контекст и онаа релевентна за одржливиот развој и заштита на животната средина, како интегрален дел на вкупните просторно плански ативности. Во таа смисла, особено се потенцираат:

- Рамковна директива на ЕУ за води;
- Директива на Советот на ЕУ(1992/1943) за зачувување на природните живеалишта и на дивата фауна и флора;
- Директива на Советот на ЕУ (1979 /409) за заштита на дивите птици;
- Директива на Советот на ЕУ (98/83/ЕС) за квалитет на водата наменет за употреба на луѓето;
- Директива на Советот на ЕУ (91/271/ЕЕС) за пречистување на урбаните отпадни води;
- Директива на Советот на ЕУ (76/160/ЕЕС), за квалитет на водите за капење;
- Директива на Советот на ЕУ (91/676/ЕЕС) за заштита на водите од загадување предизвикано од нитрати од земјоделски извори;
- Конвенција за биолошка разновидност;
- Конвенција за водни станишта со меѓународно значење (Рамсар);
- Конвенција за заштита на преселните видови диви животни (Бон);
- Конвенција за заштита на европскиот див свет и природните живеалишта (Берн);
- Европска конвенција за пределот (Фиренца);
- Конвенција за заштита на светското културно и природно наследство (UNESCO) во Париз 1972 год. и Конвенција за заштита на архитектонското наследство на Европа во Гранада 1985 год., кои ги има ратификувано и нашата држава, се меѓународни документи кои претставуваат рамка на конзерваторската политика и имаат задолжително правно дејство во заштитата на културното наследство.
- Конвенција за заштита на светското културно и природно наследство (UNESCO);
- Конвенција за меѓународна трговија со загрозени видови дива фауна и флора;
- Европска конвенција за заштита на вертебратните животни што се користат за експериментални цели и
- Картагенски протокол за биолошка безбедност кон Конвенцијата за биолошка разновидност.

***Меѓународен систем на заштита на културно-историското и природното наследство***

Меѓународниот систем на заштита на културното наследство се етаблира по донесувањето на Атинските повелби (1931 и 1933) со основањето на *UNESKO*, усвојувањето на Конвенцијата за заштита на културните добра во случај на вооружен судир (Хаг, 1954) и Конвенцијата за заштита на светското природно и културно наследство (Париз, 1972).

Во 1980 година, градот Охрид и Охридското Езеро се прогласени за *Светско културно и природно наследство* под покровителство на *UNESKO*.

Препораките кои се однесуваат на заштитата на одредени движни, недвижни и природни добра, се втората група на општи акти, усвоени од страна на Генералната конференција на *UNESKO*. Препораката за заштита на историски и традиционални целини и за нивната улога во современиот живот (Најроби, 1976), е акт кој се однесува само на заштитата на недвижните културни добра.

Системот на заштита на недвижното културно наследство ги вклучува Меѓународната повелба за конзервирање и реставрирање на спомениците и спомените целини (Венеција, 1964) и Повелбата за конзервирање на историски градови и урбани подрачја (Вашингтон,

1987), усвоена на Осмата генерална асамблеа на *IKOMOS*.

Во развојот на меѓународниот систем на заштита посебно место имаат т.н. европски (субрегионални) општи акти во кои се вбројуваат особено: Сплитската декларација од 1971, усвоена од Европскиот симпозиум на историски градови; Конвенцијата за заштита на археолошкото наследство (Лондон, 1969) и Декларацијата за заштита на европското архитектонско наследство (Амстердам, 1975), усвоени од Советот на Европа.

***Препораки од Генералната конференција на UNESKO Најроби 1976 год.***

Препораката за заштита на историските и традиционалните целини и за нивната улога во современиот живот, усвоена од Генералната конференција на *UNESKO* во Најроби од 1976 година, е единствена препорака во која исклучиво се третира недвижното културно наследство. Иако според видот спаѓа во меѓународните акти кои не подлежат на ратификација, нејзината важност е во сеопфатноста на согледување на проблематиката на недвижното културно наследство:

Историските и традиционалните целини се најнепосредни сведоштва за богатството и разновидноста на културното творештво на човештвото низ вековите и се израз на неговиот идентитет. Како составен дел на секојдневното опкружување на луѓето, даваат жива присутност на минатото кое ги обликувало и нивното интегрирање во животната рамка на современото општество претставува фундаментален елемент на урбаното планирање и просторното уредување.

Со тоа што се изложени на опасности од униформизација и обезличување што често се манифестира во нашето време, овие живи сведоштва од поранешните епохи се од витално значање за секој човек и за народите, кои во нив наоѓаат истовремено израз на својата култура и една од основите на својот идентитет.

Секаде по светот, разни рушења, вршени во име на експанзијата или модернизмот и во потполно незнаење за тоа што се уништува, и непромислена и неадекватна реконструкција му нанесуваат сериозна штета на ова историско наследство.

Откако констатирала дека во многу земји недостасува доволно ефикасно и еластично законодавство за архитектонското наследство и за неговата поврзаност со просторното уредување, Генералната конференција им препорачува на државите членки да ги применат овие одредби прифаќајќи ги во форма на национален закон или некоја друга форма, мерките со помош на кои принципите и нормите изнесени во оваа препорака би се примениле на територијата под нивна јурисдикција.

Меѓународната препорака за заштитата на историски традиционални целини ги опфаќа сите релевантни аспекти: усогласување на терминологија дефиниции; општи принципи, национална; регионална и локална политика; мерки за зачувување; законски и управни мерки; технички, економски и општи мерки; истражување, школување и информирање и меѓународна соработка;

Охридското подрачје и градот Охрид со неговите културно-историски атрибути и неговата природна околина во 1980 год. е запишан во *Списокот на Светското културно наследство на УНЕСКО*.

Од целокупноста на значајни културно-историски вредности се издвојуваат:

- 17 неолитски археолошки локалитети меѓу кои позначајни се лок. *Уста* на реката Дрим и *Црвени Ливади* кај с. Враниште;

- 16 локалитети од бронзено време, меѓу кои лок. *Речица* и *Црвени Ливади*;

- 36 локалитети од периодот на халштат и илирскиот, меѓу кои се *Три чељусти*, *Вртуљка* кај с. Горенци, како и лок. *Радолиште* кај Струга;

- 36 археолошки локалитети од илирскиот период, а меѓу нив, со извонредни наоѓалишта *Требениште, Вајтос, Св. Еразмо* и *Лихнид* Охрид;

- 42 локалитета од хелинистичко време, меѓу нив позначајни се *Римскиот театар, Св. Еразмо* и *Кале*;

- 17 ранохристијански базилики од античкиот и ранохристијанскиот период, меѓу кои особено "*Поликонхална базилика*" на лок. *Имарет*, тробродна базилика кај *Св. Еразмо* и

- 56 средновековни локалитети од кои *Радолиште, Св. Еразмо*, *Пренов Мост* и особено градот Охрид.

**Градот Охрид** и неговата непосредна околина:

- 36 цркви и манастири изградени од VII до XIX век, меѓу кои посебно значајни се:

- 23 објекти на сакрална архитектура од периодот на препород XIX век, меѓу кои *Св. Никола Геракомија, Св. Богородица Каменско* и *Св. Ѓорѓи* во Струга.

***Физибилити студија за заштита на Охридското Езеро***

Со поддршка на *WORLD BANK* во 1995 год. направена е Физибилити студија за заштита на Охридското Езеро, со цел да се изврши сеопфатна проценка на различни можни мерки за заштита. Аспектот на заштитата на културното наследство се третира интег-рално, на билатерално ниво за Македонија и Албанија, со евалуација на можните ризици на кои е изложено културното наследство, сеизмичките ризици, неодржување поради недостиг на финансиски средства.

Во однос на досега откриените и заштитени археолошки наоѓалишта на македонската страна на Езерото, утврдено е завидно високо ниво, наспроти малиот број на пријавени наоѓалишта на културното наследство во гравитационата зона на албанската страна, каде речиси не постои систематско истражување ниту заштита.

Повеќе од 90 наоѓалишта на културното наследство, дел од нив со непроценлива вредност, веќе се регистрирани на македонската страна од Охридското Езеро, за кои е направен список со можните ризици за наследството, како и детален попис со опис на вредноста на секое наоѓалиште.

Утврдено е дека постојната законска регулатива го овозможува правото на надлежната институција за заштита од Охрид, трајно да запре со натамошни градежни работи, да ги прекине градежните работи, ископување и внесување на наоди на карта, како и да ги прекине работите заради детална документација, ако локацијата на ископување е загрозена.

Одреден број од останатите културни споменици кои се наоѓаат на приватен имот се загрозени , особено Античкиот театар во центарот на Охрид.

Во Физибилити студијата за заштита на Охридското Езеро наведени се регистрирани наоѓалишта на културно наследство, кои претставуваат утврдени односно проценети историски наоѓалишта во околината на Езерото согласно со *UNESCO*.

***Стратешки акционен план за одржлив развој на Преспа Парк (САП)***

Една од основните цели на САП како основа за трилатералната соработка во склоп на прекуграничниот Преспа Парк, е зачувување на вредните природни и културни карактеристики на цела Преспа преку методи на управување и иницијативи за развој, кои го зголемуваат стандардот на живеење на неговите жители, а воедно промовираат мир и пријателство меѓу трите народи, односно водат кон економски и социјален просперитет и меѓусебно приближување.

Во таа смисла зачувувањето на културните вредности споменици, традиционални населби, традиционални активности и културни елементи кои го промовираат одржливиот менаџмент на природните ресурси е приоритетна цел.

Меѓународни инструменти во врска со заштитата и управувањето со Преспа Парк кои бараат минимум обврски и одговорност од нив, се неколку меѓународни Конвенции на кои се потписници трите земји.

Како инструмент во воспоставување на должноста да се спречи деградацијата на спомениците и да се обезеди поттик да се обноват и да се стават во нова употреба заштитените згради е *Конвенцијата за заштита на архитектонско наследство на Европа од 1985* (Грција и ПЈР Македонија се учеснички). Главна цел на *Конвенцијата* е да се засили и промовира политиката за зачувување и издигнување на наследството на Европа и да ја потврди потребата за европска солидарност во врска со зачувувањето на наследството со поттик-

нување на практична соработка меѓу учесничките.

Во таа смисла се промовираат заеднички активности за трите земји:

- Имплементација на периферната патна студија до степен кој ќе придонесе за популаризација на спомениците;

- Проектот Традиции во Преспа студија и план за зачувување на културните традиции, архитектура, рибарење, наводнување итн. Зачувување на традиционалната локална архитектура и други културни споменици;

- Попис и заштита на традиционалните градби и

- Комплетирање на археолошките ископувања и промовирање на византиските и мета византиските споменици.

Релевантните мерки мора, пред сé, да го осигураат зачувувањето и чувањето на спомениците, а дополнително нивно промовирање и начини на едукативно, општествено и туристичко искористување од нова гледна точка, т.е. во *единствена* историска, просторна и културна структура која се однесува кон околината како кон неделива целина.

## 4. ПРИОРИТЕТИ И ЕТАПИ ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА

| Бр. | Носител | Име на проектот | Цел на проектот | Период на реализација |
|---|---|---|---|---|
| *Природни карактеристики* | | | | |
| 1 | МЖСПП, УХМР | Истражување на климатските промени во регионот | Утврдување на влијанијата на промените на климатските фактори од аспект на просторниот развој | Краткорочно |
| 2 | МЖСПП, МЗШВ | Модел за пејзажно обликување на просторот | Интегрирање на просторниот модел на регионот во пејзажниот амбиент | Среднорочно |
| *Стопанство* | | | | |
| 3 | ЕЛС,МЛС,МЕ | Програми за економски развој на општините | Динамизирање на економскиот развој на општините | Краткорочно |
| 4 | МФ,ЕЛС,МЛС, МЕ | Среднорочни програми за развој на секторите и развој на општините и регионите | Постигнување поголема меѓузависност со општествено-економските проекции и остварување повисок степен на реализација на целите и задачите утврдени со просторните планови. | Среднорочно |
| 5 | ЕЛС,МЛС,МЕ | Проект за развој и разместеност на традиционални занаети во руралните средини на Охридско-преспанскиот регион | Поттикнување на локалниот економски развој | Краткорочно |
| 6 | ЕЛС,МЛС,МЕ, МЖСПП | Програмска основа за формирање на оперативно тело обезбедено со организациска и материјална поддршка за следење и идентификација на развојни правци на општините и Регионот во целина | Интегрално следење на сите активности поврзани со развојните планови, проекти и програми | Краткорочно |
| *Земјоделство* | | | | |
| 7 | МЕ, МЖСПП, ЕЛС | Елаборат и програма за еколошко производство | Промоција на еколошки (биотехнологии) во земјоделското производство, производство на здрава храна и заштита на животната средина | Краткорочно |
| 8 | ЕЛС, МЖСПП, МЗШВ | Проширување и интензивирање на активностите на лабораторија за почвени и агрохемиски анализи во Ресен за подрачјето на целиот Регион | Дестимулирање на примената на вештачки ѓубрива и пестициди и создавање услови за нивна супституција со т.н еколошки ѓубрива | Среднорочно |

| Бр. | Носител | Име на проектот | Цел на проектот | Период на реализација |
|---|---|---|---|---|
| *Експлоатација на минерални ресурси* | | | | |
| 9 | МЕ | Истражување на потенцијалите на минерални ресурси во регионот | Утврдување на потенцијалот и можностите за експлоатација | Среднорочно |
| 10 | МЕ | Геолошки истражувања на украсниот камен во Охридско-струшкиот басен | Утврдување на капацитетот на ресурсите и можностите за експлоатација | Среднорочно |
| *Шумарство* | | | | |
| 11 | МЗШВ, МЕ, МЖСПП | Стручнонаучна, политичка и јавна кампања за изменување и дополнување на законската регулатива во областа на природните ресурси (шуми, вода, минерални суровини, пасишта, ловство и др.) | Остварување и реализација на концептот за интегрално управување и користење на просторот во планинските региони | Краткорочно 2008/09 |
| 12 | Влада на РМ, МЗШВ, МЖСПП | Имплементација на Просторниот план на Р. Македонија и Стратегијата за одржлив развој на шумарството, во делот за пошумување | Проширување, збогатување и унапредување на шумскиот фонд | Долгорочно во период 2008 2020 |
| 13 | МЗШВ, ЈП_МШ | Воспоставување на информатички систем за маркетинг, следење на состојбите во шумите, планирањето, производството, пазарот, заштитата и друго | Транспарентност, пристап до информации и брз развој | Краткорочно 2009 |
| 14 | МЗШВ, МЖСПП, ЈП_МШ | Мелиорација на деградираните шуми и шикари со директна или индиректна конверзија | Унапредување на шумите | Долгорочно до 2025 |
| 15 | МЗШВ, ЈПМШ, МЖСПП | Форсирање на автохтоните, лисјарските, економските и видовите отпорни на болести и штетници | Подобрување на здравствениот состав на шумите | Долгорочно до 2025 |
| 16 | ЈПМШ, МЗШВ | Навремена реализација на планските активности во одгледувањето и заштитата на шумите (чистење, осветлување, прореди, фазни и завршни секови, противпожарни пруги и др.) | Одржлив развој и унапредување на шумите и шумските култури | Долгорочно |
| 17 | ЈПМШ | Зголемено инвестирање во проектирање и изведба на трајна и современа шумска патна инфраструктура | Развој на брза, современа и трајна патна инфраструктура | Среднорочно |
| 18 | ЈПМШ, Приватни компании | Инвестирање во современа техника и технологија (модернизација на процесите на отворање, одгледување, користење и заштита на шумите современа и повеќефункционална механизација) | Рационално и економско користење на дрвната маса | Краткорочно и долгорочно |
| 19 | ЈПМШ, МЗШВ | Воспоставување и развој на информативен систем и | Рационално и економско користење на | Краткорочно и долгорочно |

| Бр. | Носител | Име на проектот | Цел на проектот | Период на реализација |
|---|---|---|---|---|
| | | современа инфраструктура за маркетинг, планирање, проектирање, собирање, обработка, пакување и обезбедување на пазар за други шумски производи | други шумски производи | |
| 20 | ЈПМШ, ЕЛС, МЗШВ, МЖСПП | Создавање на институционална и економска клима за брз развој на ловството и инвестирање во заштитени подрачја резервати и други значајни фаунистички живеалишта | Збогатување на биодиверзитет и развој на ловство | Краткорочно и долгорочно |
| 21 | Влада на РМ, МЗШВ, МЖСПП, МЕ, ДЗГР | Воспоставување на законска и институционална рамка за интегрално управување со планинските екосистеми и рамки за одржлив режим на користење, рамнотежа и развој на природните ресурси (шуми вода минерални суровини дивч и др.) | Интегративно управување со природни ресурси во планински екосистеми | Краткорочно |
| 22 | МЗШВ, ЈПМШ, МЖСПП | Кампања за валоризација на општокорисните и социјалните функции на шумите | Подигање на јавната свест за улогата и значењето на шумите | Краткорочно |
| 23 | МЗШВ, ЈПМШ, ДЗГР | Инвентаризација и Катастар на шумите; | Добивање ажурна слика за шумскиот фонд | Краткорочно |
| 24 | ЈПМШ | Сертификација на високостеблените шуми | За стандардизирање и спроведување на политика на одржливи шумски екосистеми | Краткорочно |
| 25 | МЗШВ, ЈПМШ | Воспоставување и развој на центар и мрежа за мониторинг и заштитата на шумите од болести, штетници, шумски пожари и елементарни непогоди | Интегративна заштита на шуми | Краткорочно |
| 26 | Влада на РМ, МЗШВ, ЈПМШ, МЖСПП, МОН | Континуирана едукација на вработените во шумарството, државната администратиција, образовните и др. институции во сите нивоа | Следење и имплементација на современи трендови во шумарството | Краткорочно и долгорочно |
| *Водостопанство и водостопанска инфраструктура* | | | | |
| *Водоснабдување* | | | | |
| 27 | МЛС, МТВ | Проширување на капацитетот на Охридскиот водоснабдителен систем со зафаќање на нови количини вода 2х35 л/сек од бунарите Орман и 15 л/сек од Бејбунар | Подобрување на водоснабдувањето на градот Охрид и околните населни места | Краткорочен |
| 28 | МЛС, МЗШВ | Изградба на акумулацијата на Лева Река | Долгорочно решавање на проблемот за водоснабдување на градот Ресен и околните населени места | Краткорочен |
| 29 | ЕЛС | Изработка на студија за водоснабдување на населените | Согледување на реалната состојба со | Краткорочен |

| Бр. | Носител | Име на проектот | Цел на проектот | Период на реализација |
|---|---|---|---|---|
| | | места во Регионот | водоснабдувањето и можностите за водоснабдување на населените места | |
| 30 | МТВ, МЛС, ЕЛС | Изградба на водоснабдителни системи за населените места | Подобрување на стандардот на живеење | краткорочно |
| 31 | ЕЛС | Ревитализација и модернизација на системите за водоснабдување | Намалување на загубите на вода во водоснабдителниот системи и рационално користење на водата | Среднорочно |
| *Наводнување и одводнување* | | | | |
| 32 | МЗШВ, ЕЛС | Примена на законските мерки за наплата на водниот надомест и модернизација и рехабилитација на системите за наводнување | Успешно функционирање на системите и квалитетно наводнување | Краткорочно |
| 33 | МЗШВ | Преземање на активности за забрзување на спроведување на Законот за водни заедници | Забрзување на процесот на модернизација и рехабилитација на системите за наводнување | Краткорочен |
| 34 | МЗШВ, ЕЛС, водни заедници | Редовни хидролошки мерења на расположливата вода за наводнување со прогноза за наредните месеци од тековната година и изработка на годишни планови за наводнување на целата површина опфатена со системите | Подобрување на искористеноста на системите за наводнување и рационално користење на водата | Долгорочен |
| 35 | ЕЛС | Изработка на нови урбанистички планови за селата и градовите и ревидирање на постојните | Дефинирање на границите на урбаниот развој со што ќе се спречи узурпирање на обработливото земјиште со непланска градба и ќе се заштитат земјоделските површини | Краткорочен |
| 36 | МЗШВ | Преземање на активности за комасација на земјиштето или за групирање на сеидбената структура на земјоделските култури во рамките на наводнуваната делница | Подобрување на приносите и рационално користење на водата | Среднорочен |
| 37 | МЗШВ, ЕЛС | Преземање на активности за рехабилитација на постојните системи за одводнување во Преспанскиот регион | Заштита на земјоделските површини и материјалните добра од големи води | Краткорочен |
| 38 | МЗШВ, ЕЛС | Преземање на активности за одводнување на Струшко Поле во кои спаѓа регулација на р. Сатеска, р. Беличка, р. Радолишка и на уште 13 поројни текови во подрачјето | Заштита на земјоделските површини и материјалните добра од големи води | Краткорочен |
| *Заштита на водите* | | | | |
| 39 | ЕЛС, МЖСПП | Доизградба на колекторскиот систем за заштита на | Заштита на квалитетот на Охридското Езеро | Краткорочен |

| Бр. | Носител | Име на проектот | Цел на проектот | Период на реализација |
|---|---|---|---|---|
| | | Охридското Езеро, со паралелна изградба на канализационите мрежи во селата и нивно приклучување на колекторскиот систем | | |
| 40 | ЕЛС, МЖСПП | Изградба на канализациони мрежи со локални пречистителни станици за селата Трпејца, Љубаништа, Вишни, Мали Влај, Белчишта, Ботун, Велмеј, Злести, Лешани и Слатино | Заштита на квалитетот на површинските и подземните води | Краткорочен |
| 41 | ЕЛС, МЖСПП | Изработка на проектна документација за преиспитување на концепцијата за западен и источен колектор и заедничка пречистителна станица во Езерани или изградба на помали пречистителни станици со кои ќе се прифаќаат отпадните води од селата од општина Ресен | Заштита на квалитетот на површинските, подземните води и Преспанското Езеро | Краткорочен |
| *Заштита од големи води, ерозија и порои* | | | | |
| 42 | ЕЛС, МЖСПП, МЗШВ | Реализација на техничката документација за уредување на ерозивните површини и порои во сливот на р. Сатеска | Заштита на Охридското Езеро од загадување со наноси | Краткорочен |
| 43 | ЕЛС, МЖСПП, МЗШВ | Изградба на акумулациите "Песочани" на р. Песочанка и "Арабиново" или "Издеглавје" на р. Сатеска | Заштита на водите во Охридското Езеро и сливот на р.Сатеска | Краткорочен |
| 44 | ЕЛС, МЖСПП, МЗШВ | Уредување на коритата и реконструкција на градежните објекти на пороите во Преспанскиот регион | Заштита на водите во Преспанското Езеро и во сливот на Езерото | Краткорочен |
| 45 | Влада на РМ, МЗШВ, ЈП_МШ | Формирање одговорни тела во општините за заштита од ерозија и порои или инволвирање на проблематиката во секторот за управување со ризици од природни непогоди | Зајакнување на капацитетите за борба со ерозија и порои | Краткорочен |
| 46 | МЗШВ, ЈП_МШ | Воведување на мултифункционално управување со шумите (согласно со стратегијата за одржлив развој на шумарството во РМ) | Подобрување на општокорисните функции на шумите | Краткорочен |
| 47 | МЗШВ, МТВ, МЖСПП, МЕ, ЕЛС | Подготовка на планови за интегрално одржливо управување со сливните подрачја на водотеците/акумулациите | Одржливо управување со сливовите и намалување на ерозијата | Краткорочен |
| 48 | МЗШВ | Изработка на методологија за формирање на заштитни зони од ерозија околу акумулациите | Продолжување на векот на постојните и зачувување на простори за изградба на нови | Краткорочен |

| Бр. | Носител | Име на проектот | Цел на проектот | Период на реализација |
|---|---|---|---|---|
| | | | акумулации | |
| 49 | МЗШВ | Воведување на одржливи земјоделски практики преку едукација и анимирање на земјокорисниците и сопствениците | Зајакнување на капацитети за борба и намалување на ерозијата | Краткорочен |
| *Енергетска инфраструктура* | | | | |
| 50 | АД ЕСМЕВН Македонија | Замена на постојни трафоединици со поголеми | Подобрување на квалитет и сигурност на испорачана ел.енергија | Среднорочен |
| 51 | АД МЕПСО | Изградба на 400 KV вод кон Албанија и нова ТС 400 KV | Создавање услови за размена на ел.енергија со големи моќности во правец исток-запад | Долгорочен |
| 52 | МЕ | Изградба на мали и мини хидроелектрани | Зголемување на производство на ел.енергија | Среднорочен |
| *Сообраќајна инфраструктура* | | | | |
| 53 | Влада на РМ, МТВ, МЕ | Изградба на Паневропските коридори VIII и X и делот XD, односно нивните делници коишто минуваат низ нашата земја во сите сообраќајни гранки (патен, железнички, воздушен итн.) | Подигнување на вкупниот развој на регионот и степенот на негова интеграција со европските региони | Среднорочно |
| 54 | Влада на РМ, МТВ, Европска банка за обнова и развој | Реформа во областа на патиштата, како дел од Студијата за развивање на среднорочна стратегија за патната инфраструктура, која се подготвува со поддршка на Европската банка за обнова и развој | Дефинирање на стратешки мерки и активности за осовременување и подигнување на квалитетите и стандардите на патната мрежа | Краткорочно |
| 55 | Влада на РМ, МТВ | Изградба на патишта со по две сообраќајни ленти за секој правец за оние делници од Коридорот 8 чија изградба сé уште не е започната | Подготовка на патната инфраструктура за вклучување во ТЕМ мрежата | Среднорочно |
| 56 | Влада на РМ, МТВ | Изградба на инфраструктура на граничниот премин Ќафасан | Подобрување на прекуграничните врски и комуникации во функција на вкупниот економски развој на регионот | Среднорочно |
| *Комуникациска инфраструктура* | | | | |
| 57 | Македонски Телекомуникации | Зголемување на користење на широкопојасни услуги | Подобрување на перформансите на мрежата за пренос на повеќе податоци со поголема брзина | Краткорочен |
| 58 | Мобилни оператори | Изградба на нови базни станици | Зголемена покриеност на населението и територијата на РМ | Среднорочен |
| 59 | Македонска радиодифузија | Изградба на радиодифузни објекти | Целосна покриеност на територијата | Среднорочен |

| Бр. | Носител | Име на проектот | Цел на проектот | Период на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 60 | Македонска пошта | Изградба на нови поштенски единици | Подобра достапност до поштенската мрежа | Среднорочен |
| *Индустрија* | | | | |
| 61 | ЕЛС, МЕ | Физибилити студија за избор на локации за индустриски зони и површини за помали стопански комплекси | Рамномерност во развојот и разместеноста на индустриските дејности во Регионот | Краткорочно |
| *Туризам* | | | | |
| 62 | МЕ, ЕЛС, МЖСПП, | Стратегија за развој на туризмот во Регионот | Дефинирање на мерки, политики и инструменти за развој на туризмот, воспоставување баланс меѓу заштитата и користењето на туристичкиот простор | Краткорочно |
| 63 | МЖСПП, МЕ,ЕЛС | Студија за утврдување на капацитетот на просторот | Определување на оптималниот капацитет за туристичко оптоварување на просторот за рационално користење и заштита | Краткорочно |
| 64 | МЕ, ЕЛС, МЖСПП, МК,УЗКН | Физибилити студија за развој на руралниот туризам надвор од крајбрежниот појас | Валоризација на туристичките потенцијали на руралните подрачја надвор од крајбрежниот појас | Среднорочно |
| 65 | МЕ,ЕЛС, МЖСПП,МТВ | Урбанистичко планирање и уредување на туристичките населби | Поттикнување на развојот на туризмот | Среднорочно |
| 66 | МЕ, ЕЛС, МЖСПП | Програма за разработка на видовите рекреативни активности во Регионот | Развој на рекреативните активноти преку утврдување на потребен простор, објекти, работна сила, мерки за заштита, енергетски потреби и др. | Краткорочно |
| *Демографски развој* | | | | |
| 67 | МТСП, МЛС, ЕЛС | Програма на мерки за надминување на демографските бариери во демографски депресивните и високо концентрираните населени места во Регионот согласно со Стратегијата за демографски развој | Утврдување на демографските бариери и предлагање на мерки за активирање на локалното население во надминување на проблемите | Долгорочно |
| *Урбанизација* | | | | |
| 68 | МЖСПП, Ресорни министерства на Република Грција и Албанија | Трилатерален просторен план за Регионот | Дефинирање на плански насоки и решенија за користење, уредување и заштита на просторот врз основа на методолошки усогласен пристап на трилатерално ниво | Среднорочно |

| Бр. | Носител | Име на проектот | Цел на проектот | Период на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 69 | МЖСПП, ЕЛС | Изработка на стратешки планови за просторен развој на општините во Регионот | Дефинирање на плански насоки за развој на општините врз основа на поставките на просторниот план, а во согласност со локалните цели и интереси за развој | Среднорочно |
| 70 | ЕЛС | Изменување и дополнување на урбанистичките планови | Усогласување на постојната планска документација со Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 51/2005) и подзаконските акти | Краткорочно |
| 71 | ЕЛС | Изработка на нови урбанистички планови | Повисок степен на покриеност на територијата на Регионот со планска документација, како индикатор за степенот на урбанизација. Обезбедување на стратешки инструменти и насоки за планска организација и уредување на просторот, повисок степен на урбан развој и справување со појавата на нелегална градба | Среднорочно |
| 72 | МТВ, МЖСПП, МЛС, ЕЛС | Воспоставување на систем за мониторинг на урбаниот развој | Континуирано следење на степенот на урбан развој на општините и регионот, како основа за правилно креирање на развојот | Долгорочно |
| 73 | МЛС, МЖСПП, ЕЛС, МК,УЗКН | Стратегија за интегрален развој на руралните населби во Регионот | Порамномерен развој на регионот, сеопфатен и интегрален развој на руралните населби | Долгорочно |
| 74 | МТВ,ЕЛС | Дефинирање на механизми за доследно и обврзно спроведување на планските насоки од повисоко ниво низ соодветна законска регулатива | Создавање услови за почитување на хиерархијата во планирањето и елиминирање на можностите за игнорирање на планските насоки од повисоко ниво во ГУПовите и особено ДУПовите | Краткорочно |
| *Комунална опременост на населбите* | | | | |
| Одведување на отпадни води | | | | |

| Бр. | Носител | Име на проектот | Цел на проектот | Период на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 75 | ЕЛС | Технолошко комплетирање на пречистителната станица во Вевчани со биолошки и хемиски дел | Подобрување на квалитетот на водата за пиење | Краткорочно |
| 76 | ЕЛС, МЖСПП | Изградба на пречистителни станици во сите населени места, со заокружена технолошка целина | Заштита на животната средина | Долгорочно |
| Одведување на отпад | | | | |
| 77 | МЖСПП | Изградба на регионални депонии | Заштита на животната средина | Краткорочно |
| Осветлување на населбите | | | | |
| 78 | ЕЛС | Модернизација на инсталациите за улично осветлување и комплетно осветлување на населбите | Подобрување на квалитетот на живеењето | Долгорочно |
| *Сообраќај* | | | | |
| 79 | ЕЛС | Асфалтирање на постојните и изградба на нови современи улици во населбите | Подобрување на квалитетот на живеењето | Долгорочно |
| *Домување* | | | | |
| 80 | МТВ,ЕЛС | Стратегија за домување на Регионот | Дефинирање на мерки, политики и инструменти за развој на домувањето, воспоставување баланс меѓу потребите на резидентното и нерезидентно население | Среднорочно |
| 81 | МТВ | Анализа на проблемот со бесправната изградба | Добивање на инпути за дефинирање на критериуми за решавање на проблемите и превенција на појавата на бесправна градба на објекти | Краткорочно |
| 82 | МТСП, МФ, МТВ, ЕЛС | Основање на финансиски институции и инструменти за обезбедување на услови за решавање на станбеното прашање, особено на социјалните и ранливи категории на граѓани | Создавање на поволни и еднакви услови за сите граѓани за обезбедување со станови | Среднорочно |
| *Јавни функции* | | | | |
| 83 | МОН, ЕЛС | Изградба на нови средношколски објекти | Спроведување на обврската од Законот за задолжително средно образование | Краткорочно |
| 84 | АСМ, МОН | Изградба и реконструкција на спортски објекти | Проширување на мрежата на објекти и површини во рамките на градовите, населените места, станбените населби, установите за дневен престој и | Краткорочно |

| Бр. | Носител | Име на проектот | Цел на проектот | Период на реализација |
|---|---|---|---|---|
| | | | училиштата, согласно со оптималните стандарди од оваа област | |
| *Заштита на природното наследство, биолошка и пределска разновидност* | | | | |
| 85 | МЖСПП | Изработка на просторен план за Националниот парк Галичица | Заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство | Краткорочно |
| 86 | МЖСПП | Изработка на просторен план за Националниот парк Пелистер | Заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство со примена на новите методи и сознанија | Краткорочно |
| 87 | МЖСПП | Изработка на планови за управување со заштитените подрачја | Насочување и контрола на активностите кои се одвиват во заштитените подрачја | Краткорочно |
| 88 | МЖСПП | Ревалоризација на заштитени подрачја и донесување на акти за прогласување (ажурирање на постојните) | Заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство | Краткорочно |
| 89 | МЖСПП, МТВ | Изработка на Студија за геолошко и геоморфолошко наследство во Регионот | Идентификација и валоризација на локалитети со геолошки и геоморфолошки облици | Краткорочен |
| 90 | МЖСПП | Изработка на Црвена листа и Црвена книга на флората и фауната на Република Македонија | Заштита на биолошката разновидност | Краткорочно |
| 91 | МЖСПП, ЕЛС | Ревитализација на постојните природни реткости | Заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство | Долгорочно |
| 92 | МЖСПП, ЕЛС, НВО | Едукација и подигнување на јавната свест за значењето на природното наследство | Заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство | Долгорочно |
| 93 | МЖСПП | Формирање на мониторинг станици за биолошка разновидност и воспоставување на екомрежа на заштитените природни добра | Заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство | Краткорочно |
| 94 | МЖСПП | Формирање на информативен систем за заштита на природата | Мониторинг и создавање на банка на податоци за заштитените добра | Долгорочно |
| 95 | МЖСПП | Воспоставување на еколошка мрежа на подрачја од посебен | Утврдување на меѓународно значајни | Краткорочно |

| Бр. | Носител | Име на проектот | Цел на проектот | Период на реализација |
|---|---|---|---|---|
| | | интерес | еколошки подрачја во Регионот | |
| 96 | МЖСПП, МК | Изработка на Студија за пределски типови | Идентификација, валоризација и класификација на заштитени предели во Регионот | Краткорочно |
| 97 | МЖСПП | Дефинирање на зелена или еколошка мрежа во регионот | Утврдување на пределите на природно наследство, но и коридорите и другите видови на предели заради обезбедување долготрајно функционирање и рамнотежа на природна средина | Краткорочно |
| *Заштита на животната средина* | | | | |
| 98 | МЖСПП,ЕЛС | Зајакнување на капацитетот на мрежата за мониторинг на локално ниво | Поддржување на калибрационата лабораторија и одржување на централниот софтвер за верификација на податоци | 2008/2010 |
| 99 | МЖСПП, МЗШВ, ЕЛС | Зајакнување на капацитетот за подготовка и имплементација на планови за управување со речните сливови на локално ниво | Подобрување на интегралното управување со речните сливови | 2008/2010 |
| 100 | МЖСПП, МЗШВ, ЕЛС | Воспоставување на тела за управување со подрачјата на сливовите на двете езера | Институционализација на Законот за води | 2008/2009 |
| 101 | ЕЛС | Подготвување на локални планови и програми за управување со отпад | Спроведување на Законот за отпад и подобрување на тековната пракса | 2008/2009 |
| 102 | Индустриски сектор | Изградба и реконструкција на пречистителни станици за поголемите индустриски капацитети | Спречување и контрола на загадувањето | 2009-2014 |
| *Заштита на културно наследство* | | | | |
| 103 | Влада на РМ, МК, МЖСПП, УЗКН, НВО | Изработка и имплементација на Национална стратегија за интегрирана заштита и користење на културното наследство | Спроведување на Законот за заштита на културно наследство и усогласување со стратегиите за заштита и користење на заедничкото културно наследство во Европа | Долгорочно |

| Бр. | Носител | Име на проектот | Цел на проектот | Период на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 104 | МЖСПП, МК, УЗКН, НВО | Изработка и имплементација на Регионална стратегија за ревитализација на недвижното културно наследство | Создавање на трајни економски и други општествени услови за опстојување, оживување и функционално користење на високата вредност на недвижното културно наследство | Среднорочно |
| 105 | МЛС, МК, ЕЛС, УЗКН | Анимирање на сопствениците на објекти и други културни добра со архитектонски или амбиентални вредности, за перманентно одржување и заштита | Континуирано одржување и заштита на профаните објекти како дел од културното наследство | Долгорочно |
| 106 | МЛС, ЕЛС,НВО, МК,УЗКН | Зајакнување на инструменти за заштита од споменичката деликвенција | Спречување на распродажбата на културното наследство, односно на идентитетот. | Среднорочно |
| 107 | ЕЛС, МЛС, НВО, МК,УЗКН | Воспоставување на Информативен систем за културно наследство со база на релевантни податоци за културното наследство и неговата заштита | Достапност на брзи и точни информации за ефикасно поврзување со специјализирани и општи системи и мрежи на национално и меѓународно ниво | Краткорочно |
| 108 | ЕЛС, МЛС, МК, УЗКН | Спроведување акции за сензибилизација на јавноста за значењето на заштитата на културното наследство , особено едукација на младите | Заштита на наследството преку перманентна едукација на јавноста за значењето на наследството | Долгорочно |
| 109 | МЖСПП, МК, УЗКН | Создавање на механизми и системи на интегриран менаџмент на културното наследство како дел од регионалните програми за културно и природно наследство во земјите на ЈИЕ (Совет на Европа) | Динамизирање на развојот на интегрираната заштита на културното наследство на меѓународно ниво | Долгорочно |
| *Информационен систем за просторно планирање во Регионот* | | | | |
| 110 | ЕЛС | Формирање на информациони центри за просторот на ниво на општина | Создавање на регистри за базите на податоци со носители на одделни функции; воспоставување ефикасен сервис за правните и физички лица | Краткорочно |
| 111 | ДЗГР, ЕЛС | Ажурирањето на катастарот на земјиште (со носителите на правото на сопственост и правото на користење) | Формирањето на земјишни регистри (земјиште во слободен промет, откуп на земјиште врз основа итн) заради спроведување на политика на планиран развој и оптимално користење на земјиштето | Среднорочно |

| Бр. | Носител | Име на проектот | Цел на проектот | Период на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 112 | ЕЛС | Оформување, односно ажурирање на катастарот на подземни и надземни инфраструктурни системи и инсталации, формирањето на посебни катастри за подрачјата загрозени од непогоди | Изработка на планови за справување со сите видови хазарди, намалување на ризиците и воспоставување на режим за непречено одвивање на активностите на населението и институциите | Среднорочно |
| 113 | ЕЛС, приватни компании, здруженија | поттикнување на WEB сервиси | Web портал за расположливи услуги на субјектите во општината | Краткорочно |

МЖСПП Министерство за животна средина и просторно планирање;
МЕ Министерство за економија;
МЗШВ Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
МЛС Министерство за локална самоуправа;
МТС Министерство за труд и социјална политика;
МТВ Министерство за транспорт и врски;
МК Министерство за култура;
УЗКН Управа за заштита на културно-историскотото наследство;
УХМР Управа за хидрометеоролошки работи;
ЕЛС Единици на локална самоуправа;
ДЗГР Државен завод за геодетски работи;
ЈПМШ Јавно претпријатие "Македонски шуми";
АСМ Агенција за спорт и млади и
НВО Невладини организации.

## 5. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Составен дел на овој план се и соодветните графички прилози кои не се објавуваат, а се наоѓаат во Министерството за животна средина и просторно планирање.

За спроведување на Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

Овој просторен план влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-718/1
11 февруари 2010 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

---

### МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**397.**

Врз основа на член 17, став 1, алинеја 3 од Законот за хидрометеоролошка дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во согласност со министерот за здравство, министерот за транспорт и врски и министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ОСНОВИТЕ НА ПРОГНОСТИЧКИОТ СИСТЕМ И ПОСТАПКИТЕ ЗА ПРОГНОЗА НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ, ВОДИТЕ И ПОЧВАТА**

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат основите на прогностичкиот систем и постапките за прогноза на квалитетот на воздухот, водите и почвата.

Член 2

Основите на прогностичкиот систем се воспоставуваат врз база на модели за прогноза на квалитетот на воздухот, водите и почвата што имаат карактеристики утврдени со овој правилник.

Член 3

Системот за прогноза на квалитетот на воздухот, водите и почвата е поврзан во Географски информационен систем.

Член 4

Постапките за прогноза за квалитетот на воздухот, водите и почвата опфаќаат следење на квалитетот на воздухот, водите и почвата на:
- Определена област;
- Период на прогноза;
- Продукти на моделот (излезни податоци);
- Критични загадувачи (полутанти);
- Актуелни концентрации на загадувачите (полутантите);
- Известување; и
- Здравствени ефекти врз сензитивни групи според загадувачот (полутантот).

Член 5

Моделите за прогноза на квалитетот на воздухот ги опфаќаат следниве карактеристики:
- Име на моделот;
- Референци;
- Тип на модел;
- Препораки за регуларно користење;
- Типови на загадувачи (полутанти);
- Вертикална брзина на ветер;
- Третирање на депозиција (сува и влажна депозиција);
- Влезни податоци;
- Хемиски трансформации;
- Измивање на градби (згради) и фумигација;
- Врска помеѓу изворот и рецепторот;
- Однесување на перјаницата;
- Хоризонтални ветрови;
- Продукти на моделот (излезни податоци);
- Хоризонтална дисперзија; и
- Вертикална дисперзија.

Член 6

Типот на модели од член 5 алинеја 3 од овој правилник ги опфаќа следниве содржини:
- Дисперзиони модели;
- Фотохемиски кутија модели;
- Фотохемиски грид модели; и
- Систем за моделирање „една-атмосфера“ (мулти-загадувач, мулти-скала).

Член 7

Препораките за регуларно користење од член 5 алинеја 4 од овој правилник ги опфаќаат следниве елементи, и тоа за:

1. Линиски извори, урбана или рурална област, транспорт на загадувачки супстанции на далечини помали од 50 км, едноставни терени и време на осреднување од еден час до година;

2. Точкасти или површински извори, урбана област, рамни терени, транспорт на загадувачки материи на далечини помали од 50 км и 1-часовно до 24-часовно време на осреднување;

3. Комплексни индустриски извори, рурална или урбана област, рамни или заоблени терени, транспорт на загадувачки материи на далечини помали од 50 км, 1-часовно до 1-годишно време на осреднување;

4. Урбана област со постигнати значителни проблеми со озон, 1-часовно време на осреднување, тридимензионалн грид нумерички модел,;

5. Точкести извори, комплексни терени, рурални и урбани области, транспорт на загадувачки материи на далечини помали од 50 км, 1-часовно до 1-годишно време на осреднување; и

6. „Една-атмосфера“ модели, локално, регионално, национално, интернационално ниво, мобилни извори, индустриски извори, површински извори, озон, партикуларни честички, кисели дождови, токсини во воздухот, атмосферска депозиција, климатски промени.

Член 8

Типовите на загадувачи (полутанти) од член 5 алинеја 5 од овој правилник кои се користат за моделирање се:

1. Примарни загадувачи;

2. Примарни загадувачи и континуирано испуштање на штетни и опасни материи од стационарни извори;

3. Сува и влажна депозиција;

4. Токсини во воздухот; и

5. Озон, формации на азотни оксиди, јаглерод моноксид и емисии на испарливи органски материи.

Член 9

Влезните податоци од член 5 алинеја 8 од овој правилник кои се бараат за моделите се:

- Податоци за точкестиот извор;
- Податоци за линиските извори;
- Податоци за квалитет на воздухот;
- Метеоролошки податоци (пре-процесор програм);
- Податоци за теренот (пре-процесор програм); и
- Податоци за рецепторот (определена област).

Член 10

Комбинација од мерки и техники за моделирање може да се користи за оценување на квалитетот на амбиентниот воздух таму каде што нивоата во текот на еден репрезентативен период се под граничната вредност.

Член 11

Моделите за прогноза на квалитетот на води ги опфаќаат следниве карактеристики:

- Име на моделот;
- Референци;
- Тип на модел;
- Препораки за регуларно користење;
- Типови на загадувачи;
- Протек на вода и брзина на протечување;
- Структура на речното корито;
- Потребните елементи за подземни води;
- Барани влезни податоци;
- Хемиски и биолошки трансформации;
- Биолошки референтни услови;
- Врска помеѓу ефлуентот и реципиентот;
- Интер-релациски компоненти во водниот екосистем;
- Продукти на моделот (излезни податоци); и
- Климатски карактеристики.

Член 12

Типот на модели од член 11 алинеја 3 од овој правилник ги опфаќа следниве содржини:

1. Симулациони модели за водни екосистеми, симулација на различни загадувачки супстанции, како нутриенти и органски материи и нивните ефекти врз екосистемот, вклучително и риби, инвертебрате и водни растенија;

2. Модели за квалитет на вода, дизајнирани за проценка на влијанието врз животната средина од мешани зони кои резултираат од испуштања на отпадни води од повеќе точкести извори; и

3. Динамички модели за 1, 2 и 3-димензионални системи и различни типови на загадувачки супстанции и типови на загадувачи линкувани со хидродинамични модели и модели за транспорт на седимент.

Член 13

Моделите од член 11 алинеја 13 од овој правилник опфаќаат бројни интер-релациски компоненти во водниот екосистем:

1. Нутриенти и растворен кислород; органски и неоргански седимент; токсични органски материи; фитопланктон; перифитон и водна вегетација; планктонски и бентонски инвертебрати;

2. Биолошка потрошувачка на кислород, pH, хемиска потрошувачка на кислород, вкупни суспендирани материи, тешки метали; и

3. Азот, фосфор, растворен кислород, биолошка потрошувачка на кислород, тешки метали, жива, алги, перифитон, температура.

Член 14

Биолошките референтни услови од член 11 алинеја 11 од овој правилник специфични за типот засновани на моделирање, можат да бидат добиени со користење на модели за прогнозирање или на методи за ретроактивна анализа на брановите.

Во методите се користат историски, палеолошки и други достапни податоци и се обезбедува доволно ниво на сигурност во врска со вредностите за референтните услови за да се обезбеди дека вака добиените услови ќе бидат доследни и валидни за секој тип површинско водно тело.

Член 15

Техниките за моделирање можат да се користат како помош за да оценат колкава е веројатноста површинските водни тела во рамките на реонот на речниот слив да не успеат да ги исполнат целите за квалитет на животната средина.

Член 16

Моделите за прогноза на квалитетот на почва ги опфаќаат следниве карактеристики:

- Име на моделот;
- Референци;
- Тип на модел;

- Препораки за регуларно користење;
- Типови на загадувачи;
- Тип на почва;
- Текстура на почва;
- Густина на почва, хидраулични услови;
- Барани влезни податоци;
- Топографија;
- Хидролошки услови;
- Продукти на моделот (излезни податоци); и
- Климатски карактеристики.

Член 17

Типот на модели од член 16 алинеја 3 од овој правилник ги опфаќа следниве содржини:

- Модели за ерозија на почвата;
- Модели за погодност/соодветност на културите;
- Симулациони модели почва-вода-атмосфера-насади;
- Еко-токсиколошки модели;
- Модели за динамиката на азотот и јаглеродот во почвата;
- Модели за динамика на органските материи во почвата; и
- Модели за движењето и распадот на пестицидите во почвата.

Член 18

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.02-16536/2
1 декември 2009 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски**, с.р.

Бр.08-10359/2
29 декември 2009 година
Скопје
Министер за здравство,
**Бујар Османи**,с.р.

Бр.02-16536
27 јануари 2010 година
Скопје
Министер за транспорт
и врски,
**Миле Јанакиески**,с.р.

Бр.10-1487-2
4 февруари 2010 година
Скопје
Министер за животна средина
и просторно планирање,
**Неџати Јакупи**, с.р.

---

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**398.**

Врз основа на член 19, алинеја 7 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ” бр. 63/06, 36/07 и 106/08), член 28 од Законот за акцизите („Службен весник на РМ” бр. 32/01, 50/01, 52/01, 45/02, 98/02, 24/03, 96/04 и 38/05), член 28 и 29 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на РМ“ бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 8/01, 21/03 и 19/04), Законот за животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 15.02.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

Член 1

Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95 до 27,685
- ЕУРОСУПЕР БС – 98 до 29,012

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) до 26,554

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 26,205

г) Мазут ден/кг
- М-1 НС до 23,642

Член 2

Претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија) ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што:

А. Највисоките малопродажни цени (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) да изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95 до 64,00
- ЕУРОСУПЕР БС - 98 до 65,50

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) до 50,50

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 39,50

г) Мазут ден/кг
- М-1 НС до 29,420

Б. Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да ги формираат цените за одделни нафтени деривати во однос на највисоките цени од точката А на став 1 на овој член (1 ГРУПА НА ЦЕНИ), освен од потточката “г” и тоа: за 0,5 ден/лит пониски (2 ГРУПА НА ЦЕНИ), за 1,00 ден/лит пониски (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) и за 1,5 ден/лит пониски (4 ГРУПА НА ЦЕНИ), согласно следната табела и да изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | ( 2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | ( 3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | ( 4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит |
|---|---|---|---|
| ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 63,50 | 63,00 | 62,50 |
| ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 65,00 | 64,50 | 64,00 |
| ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 50,00 | 49,50 | 49,00 |
| Е Л -1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1 | 39,00 | 38,50 | 38,00 |

Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да вршат промет на секој дериват поодделно по една од цените утврдени за тој дериват во една од групите на цени определени согласно оваа одлука.

Цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен цената за мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цената на мазутот М-1 НС важи франко производител во земјата.

Во цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен во цената за мазутот М-1 НС, содржани се и трошоците за превоз од 0,50 ден/литар.

Во малопродажните цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот.

Член 3

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина кои согласно Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95 до 0,080
- ЕУРОСУПЕР БС - 98 до 0,080

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) до 0,030

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 0,040

г) Мазут ден/кг
- М-1 НС до 0,050

Член 4

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука содржан е надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати кои согласно Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон при увоз и/или производство на нафтени деривати и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95 до 0,890
- ЕУРОСУПЕР БС - 98 до 0,890

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) до 0,300

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 0,300

г) Мазут ден/кг
- М-1 НС до 0,740

Член 5

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95 до 21,883
- ЕУРОСУПЕР БС – 98 до 21,827

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) до 12,213

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 3,230

г) Мазут ден/кг
- М-1 НС до 0,100

Член 6

Во малопродажните цени утврдени согласно членот 2 од оваа одлука, трошоците на прометот на секој поодделен нафтен дериват од секоја ценовна група изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | Ед. мерка | (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) | ( 2 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (4 ГРУПА НА ЦЕНИ) |
|---|---|---|---|---|---|
| ЕУРОСУПЕР БС - 95 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕУРОСУПЕР БС - 98 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| Е Л 1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| МАЗУТ М-1 НС | ден/кг | 0,400 | 0,400 | 0,400 | 0,400 |

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 00,01 часот на 16.02.2010 година.

Бр. 02-346/1
15 февруари 2010 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

---

## ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

**399.**

Врз основа на член 44 од Законот за данокот на добивка – („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/93, 33/95, 43/95, 71/96, 5/97, 28/98, 11/2001, 2/2002, 44/2002, 51/2003, 120/2005, 139/2006, 160/2007 и 159/2008), Државниот завод за статистика го утврдува и објавува

### ДВИЖЕЊЕТО НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕСЕЦ ЈАНУАРИ 2010 ГОДИНА

Движењето на цените на мало во Република Македонија во периодот јануари – декември 2009 година и јануари 2010 година, во однос на просечните цени на мало во 2008 година изнесува -1,3%.

Директор,
м-р **Благица Новковска,** с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2010 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2010022